134. Кој сака награда на овој свет - та, кај Аллах е наградата на овој свет и на Ахирет. Аллах е Слушач и Гледач!

مَّن كَانَ يُرِيدُ ثَوَابَ ٱلدُّنْيَا فَعِندَ ٱللَّهِ ثَوَابُ ٱلدُّنْيَا وَٱلْـَٔاخِرَةِ ۗ وَكَانَ ٱللَّهُ سَمِيعًۢا بَصِيرًا ﴿١٣٤﴾

135. О верници, бидете постојани при правдината, сведочете заради Аллах, било да е тоа против вас или против родителите или против блиските, иако е богат или сиромав, зашто Аллах има предност над нив. Не следе-

۞ يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ كُونُوا۟ قَوَّٰمِينَ بِٱلْقِسْطِ شُهَدَآءَ لِلَّهِ وَلَوْ عَلَىٰٓ أَنفُسِكُمْ أَوِ ٱلْوَٰلِدَيْنِ وَٱلْأَقْرَبِينَ ۚ إِن يَكُنْ غَنِيًّا أَوْ فَقِيرًا فَٱللَّهُ أَوْلَىٰ بِهِمَا ۖ فَلَا تَتَّبِعُوا۟ ٱلْهَوَىٰٓ أَن تَعْدِلُوا۟ ۚ وَإِن تَلْوُۥٓا

те ја страста, па да бидете неправедни! А, ако ја заобиколувате или ако сте рамнодушни кон правдината, па, Аллах, навистина, е Известен за она што го работите!

أَوْ تُعْرِضُوا۟ فَإِنَّ ٱللَّهَ كَانَ بِمَا تَعْمَلُونَ خَبِيرًا ﴿١٣٥﴾

136. О верници, верувајте во Аллах, и во пејгамберот Негов и во Книгата која ја објави на пејгамберот Свој и во секоја книга која ја објави порано. Оној кој не верува во Аллах и во мелеките Негови и во книгите Негови, и во пејгамберите Негови и во Денот ахиретски веќе талнал по беспаќето далечно!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓا۟ ءَامِنُوا۟ بِٱللَّهِ وَرَسُولِهِۦ وَٱلْكِتَٰبِ ٱلَّذِى نَزَّلَ عَلَىٰ رَسُولِهِۦ وَٱلْكِتَٰبِ ٱلَّذِىٓ أَنزَلَ مِن قَبْلُ ۚ وَمَن يَكْفُرْ بِٱللَّهِ وَمَلَٰٓئِكَتِهِۦ وَكُتُبِهِۦ وَرُسُلِهِۦ وَٱلْيَوْمِ ٱلْءَاخِرِ فَقَدْ ضَلَّ ضَلَٰلًۢا بَعِيدًا ﴿١٣٦﴾

137. На оние кои веруваат а потоа не веруваат па потоа веруваат, па потоа не веруваат и потоа го зголемуваат неверувањето...Аллах никогаш не ќе им прости и не ќе ги упати по патот.

إِنَّ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ ثُمَّ كَفَرُوا۟ ثُمَّ ءَامَنُوا۟ ثُمَّ كَفَرُوا۟ ثُمَّ ٱزْدَادُوا۟ كُفْرًا لَّمْ يَكُنِ ٱللَّهُ لِيَغْفِرَ لَهُمْ وَلَا لِيَهْدِيَهُمْ سَبِيلًۢا ﴿١٣٧﴾

138. Извести ги дволичните дека, навистина, за нив има кàзна болна,

بَشِّرِ ٱلْمُنَٰفِقِينَ بِأَنَّ لَهُمْ عَذَابًا أَلِيمًا ﴿١٣٨﴾

139. оние кои, навистина, ги земаат за пријатели неверниците а не верниците. Кај нив ли ја посакуваат силата? Па, сета сила, навистина, на Аллах му припаѓа!

ٱلَّذِينَ يَتَّخِذُونَ ٱلْكَٰفِرِينَ أَوْلِيَآءَ مِن دُونِ ٱلْمُؤْمِنِينَ ۚ أَيَبْتَغُونَ عِندَهُمُ ٱلْعِزَّةَ فَإِنَّ ٱلْعِزَّةَ لِلَّهِ جَمِيعًا ﴿١٣٩﴾

140. За вас, во Книгата, е веќе објавено: Кога ќе слушнете како Аллаховите ајети некој од вас не

وَقَدْ نَزَّلَ عَلَيْكُمْ فِى ٱلْكِتَٰبِ أَنْ إِذَا سَمِعْتُمْ ءَايَٰتِ ٱللَّهِ يُكْفَرُ بِهَا وَيُسْتَهْزَأُ بِهَا فَلَا تَقْعُدُوا۟

ги признава и ги исмева...не седете со нив додека не навлезат во друг разговор инаку, навистина, ќе бидете слични на нив. Аллах, секако, во Џехеннемот ќе ги збере сите: и дволичните и неверниците.

مَعَهُمْ حَتَّىٰ يَخُوضُوا۟ فِى حَدِيثٍ غَيْرِهِۦٓ ۚ إِنَّكُمْ إِذًا مِّثْلُهُمْ ۗ إِنَّ ٱللَّهَ جَامِعُ ٱلْمُنَٰفِقِينَ وَٱلْكَٰفِرِينَ فِى جَهَنَّمَ جَمِيعًا ﴿١٤٠﴾

141. Оние кои остануваат во исчекување на вашиот поглед - ако ви дојде победата од страна на Аллах, зборуваат: "Не бевме ли со вас?" - а ако на неверниците им дојде дел од победата, зборуваат:"Немавме ли прилика да ве победиме? Нели ве заштитивме од верниците?" Па, Аллах ќе ви пресуди на Денот суден. И Аллах никогаш не ќе дозволи неверниците да изнајдат начин против верниците.

ٱلَّذِينَ يَتَرَبَّصُونَ بِكُمْ فَإِن كَانَ لَكُمْ فَتْحٌ مِّنَ ٱللَّهِ قَالُوٓا۟ أَلَمْ نَكُن مَّعَكُمْ وَإِن كَانَ لِلْكَٰفِرِينَ نَصِيبٌ قَالُوٓا۟ أَلَمْ نَسْتَحْوِذْ عَلَيْكُمْ وَنَمْنَعْكُم مِّنَ ٱلْمُؤْمِنِينَ ۚ فَٱللَّهُ يَحْكُمُ بَيْنَكُمْ يَوْمَ ٱلْقِيَٰمَةِ ۗ وَلَن يَجْعَلَ ٱللَّهُ لِلْكَٰفِرِينَ عَلَى ٱلْمُؤْمِنِينَ سَبِيلًا ﴿١٤١﴾

142. Дволичните, навистина, настојуваат да го измамат Аллаха, но Аллах нив ги мами. И кога се исправаат намаз да извршат се исправаат мрзливо само заради тоа да ги гледаат луѓето, а Аллаха само малку го споменуваат;

إِنَّ ٱلْمُنَٰفِقِينَ يُخَٰدِعُونَ ٱللَّهَ وَهُوَ خَٰدِعُهُمْ وَإِذَا قَامُوٓا۟ إِلَى ٱلصَّلَوٰةِ قَامُوا۟ كُسَالَىٰ يُرَآءُونَ ٱلنَّاسَ وَلَا يَذْكُرُونَ ٱللَّهَ إِلَّا قَلِيلًا ﴿١٤٢﴾

143. се двоумат во тоа: не се приклонуваат ни кон овие ни кон оние. За оној за кого Аллах ќе определи да биде во беспаќе...за него никогаш не ќе најдеш пат.

مُّذَبْذَبِينَ بَيْنَ ذَٰلِكَ لَآ إِلَىٰ هَٰٓؤُلَآءِ وَلَآ إِلَىٰ هَٰٓؤُلَآءِ ۚ وَمَن يُضْلِلِ ٱللَّهُ فَلَن تَجِدَ لَهُۥ سَبِيلًا ﴿١٤٣﴾

144. О верници, не земајте ги неверниците за пријатели, за да ги оставите верниците. Посакувате ли да донесете заради Аллах јасна власт против себе?

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ لَا تَتَّخِذُوا۟ ٱلْكَٰفِرِينَ أَوْلِيَآءَ مِن دُونِ ٱلْمُؤْمِنِينَ ۚ أَتُرِيدُونَ أَن تَجْعَلُوا۟ لِلَّهِ عَلَيْكُمْ سُلْطَٰنًا مُّبِينًا ﴿١٤٤﴾

145. Дволичните, навистина, ќе бидат во најдлабоката бездна на огнот. За нив не ќе најдеш поддржник;

إِنَّ ٱلْمُنَٰفِقِينَ فِى ٱلدَّرْكِ ٱلْأَسْفَلِ مِنَ ٱلنَّارِ
وَلَن تَجِدَ لَهُمْ نَصِيرًا ﴿١٤٥﴾

146. освен за оние кои ќе се покајат и ќе се поправат и кои ќе се држат за Аллах и кои ќе ја предадат чиста својата вера на Аллах. Па, таквите се со верниците. А Аллах на верниците ќе им даде награда голема!

إِلَّا ٱلَّذِينَ تَابُوا۟ وَأَصْلَحُوا۟ وَٱعْتَصَمُوا۟
بِٱللَّهِ وَأَخْلَصُوا۟ دِينَهُمْ لِلَّهِ فَأُو۟لَٰٓئِكَ مَعَ
ٱلْمُؤْمِنِينَ ۖ وَسَوْفَ يُؤْتِ ٱللَّهُ ٱلْمُؤْمِنِينَ
أَجْرًا عَظِيمًا ﴿١٤٦﴾

147 Аллах не работи на тоа да ве казни ако се заблагодарите и ако верувате. Аллах е Благодарен и Зналец!

مَّا يَفْعَلُ ٱللَّهُ بِعَذَابِكُمْ إِن شَكَرْتُمْ
وَءَامَنتُمْ ۚ وَكَانَ ٱللَّهُ شَاكِرًا عَلِيمًا ﴿١٤٧﴾

148. Аллах не сака да се зборува за зло на висок глас; може само оној кому му е нанесено зло. Аллах е Слушач и Зналец!

۞ لَّا يُحِبُّ ٱللَّهُ ٱلْجَهْرَ بِٱلسُّوٓءِ مِنَ ٱلْقَوْلِ إِلَّا
مَن ظُلِمَ ۚ وَكَانَ ٱللَّهُ سَمِيعًا عَلِيمًا ﴿١٤٨﴾

149. Ако го обелоденувате доброто или ако го криете или ако простувате за некое лошо дело - та, Аллах, навистина, е Помилувач и Кадар!

إِن تُبْدُوا۟ خَيْرًا أَوْ تُخْفُوهُ أَوْ تَعْفُوا۟ عَن سُوٓءٍ
فَإِنَّ ٱللَّهَ كَانَ عَفُوًّا قَدِيرًا ﴿١٤٩﴾

150. Оние кои, навистина, не веруваат во Аллах и во пејгамберите Негови, и кои сакаат да направат разлика во верувањето меѓу Аллах и пејгамберите Негови, и кои зборуваат:"Во нешто веруваме а во нешто не веруваме," - и кои сакаат меѓу тоа да прифатат некој пат -

إِنَّ ٱلَّذِينَ يَكْفُرُونَ بِٱللَّهِ وَرُسُلِهِۦ
وَيُرِيدُونَ أَن يُفَرِّقُوا۟ بَيْنَ ٱللَّهِ وَرُسُلِهِۦ
وَيَقُولُونَ نُؤْمِنُ بِبَعْضٍ وَنَكْفُرُ بِبَعْضٍ
وَيُرِيدُونَ أَن يَتَّخِذُوا۟ بَيْنَ ذَٰلِكَ سَبِيلًا ﴿١٥٠﴾

أُولَٰئِكَ هُمُ ٱلْكَٰفِرُونَ حَقًّا ۚ وَأَعْتَدْنَا لِلْكَٰفِرِينَ عَذَابًا مُّهِينًا ﴿١٥١﴾

151. да, онаквите, се вистински неверници. А за неверниците Ние подготвивме казна срамна.

وَٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ بِٱللَّهِ وَرُسُلِهِۦ وَلَمْ يُفَرِّقُوا۟ بَيْنَ أَحَدٍ مِّنْهُمْ أُولَٰٓئِكَ سَوْفَ يُؤْتِيهِمْ أُجُورَهُمْ ۗ وَكَانَ ٱللَّهُ غَفُورًا رَّحِيمًا ﴿١٥٢﴾

152. А оние кои веруваат во Аллах и во пејгамберите Негови, и кои не прават разлика меѓу нив, кој било од нив...Он ќе им ја даде наградата нивна. Аллах е Простувач и Сомилосен!

يَسْـَٔلُكَ أَهْلُ ٱلْكِتَٰبِ أَن تُنَزِّلَ عَلَيْهِمْ كِتَٰبًا مِّنَ ٱلسَّمَآءِ ۚ فَقَدْ سَأَلُوا۟ مُوسَىٰٓ أَكْبَرَ مِن ذَٰلِكَ فَقَالُوٓا۟ أَرِنَا ٱللَّهَ جَهْرَةً فَأَخَذَتْهُمُ ٱلصَّٰعِقَةُ بِظُلْمِهِمْ ۚ ثُمَّ ٱتَّخَذُوا۟ ٱلْعِجْلَ مِنۢ بَعْدِ مَا جَآءَتْهُمُ ٱلْبَيِّنَٰتُ فَعَفَوْنَا عَن ذَٰلِكَ ۚ وَءَاتَيْنَا مُوسَىٰ سُلْطَٰنًا مُّبِينًا ﴿١٥٣﴾

153. Следбениците на Книгата од тебе бараат да им спуштиш Книга од небо. А оние веќе од Муса бараа и повеќе од тоа. Па, зборуваа: "Покажи ни го Аллаха, очигледно ". И заради зулумот нивни молња ги шибна, и потоа прифатија теле. По јасноттиите кои веќе им дојдоа! И затоа Ние им простивме. И на Муса Ние јасен доказ му дадовме.

وَرَفَعْنَا فَوْقَهُمُ ٱلطُّورَ بِمِيثَٰقِهِمْ وَقُلْنَا لَهُمُ ٱدْخُلُوا۟ ٱلْبَابَ سُجَّدًا وَقُلْنَا لَهُمْ لَا تَعْدُوا۟ فِى ٱلسَّبْتِ وَأَخَذْنَا مِنْهُم مِّيثَٰقًا غَلِيظًا ﴿١٥٤﴾

154. И заради договорот нивни, над нив, Ние рид подигнавме, и им рековме: "Влезете низ вратата ничкум!" И им рековме: "Не правете престап за Сабота," - и од нив Ние цврсто го прифативме Договорот.

فَبِمَا نَقْضِهِم مِّيثَٰقَهُمْ وَكُفْرِهِم بِـَٔايَٰتِ ٱللَّهِ وَقَتْلِهِمُ ٱلْأَنۢبِيَآءَ بِغَيْرِ حَقٍّ وَقَوْلِهِمْ قُلُوبُنَا غُلْفٌ ۢ بَلْ طَبَعَ ٱللَّهُ عَلَيْهَا بِكُفْرِهِمْ فَلَا يُؤْمِنُونَ إِلَّا قَلِيلًا ﴿١٥٥﴾

155. Сето тоа дојде заради нивното кршење на договорот нивни, и неверувањето нивно во ајетите Аллахови и убивањето на пејгамберите бесправно, и зборувањето нивно: "Срцата наши се замрачени." Но не! Аллах нив ги запечати со неверувањето ни-

вно. Па, само малкумина верувваа,

156. и заради неверувањето нивно, зборувањето нивно и клеветите големи за Мерјем,

وَبِكُفْرِهِمْ وَقَوْلِهِمْ عَلَىٰ مَرْيَمَ بُهْتَٰنًا عَظِيمًا ﴿١٥٦﴾

157. и заради изјавата нивна: "Да, ние, навистина, го убивме Христа," Иса, синот на Мерјем, Аллаховиот пејгамбер. Не го убија и не го распнаа! Туку тоа им се причини. А оние кои, навистина, не се согласија во тоа, во сомневање се: ништо не знаеја за него, само се сомневаа... Не го убија сигурно,

وَقَوْلِهِمْ إِنَّا قَتَلْنَا ٱلْمَسِيحَ عِيسَى ٱبْنَ مَرْيَمَ رَسُولَ ٱللَّهِ ۖ وَمَا قَتَلُوهُ وَمَا صَلَبُوهُ وَلَٰكِن شُبِّهَ لَهُمْ ۚ وَإِنَّ ٱلَّذِينَ ٱخْتَلَفُوا۟ فِيهِ لَفِى شَكٍّ مِّنْهُ ۚ مَا لَهُم بِهِۦ مِنْ عِلْمٍ إِلَّا ٱتِّبَاعَ ٱلظَّنِّ ۚ وَمَا قَتَلُوهُ يَقِينًۢا ﴿١٥٧﴾

158. туку Аллах го дигна кон Себе. Аллах е Силен и Мудар!

بَل رَّفَعَهُ ٱللَّهُ إِلَيْهِ ۚ وَكَانَ ٱللَّهُ عَزِيزًا حَكِيمًا ﴿١٥٨﴾

159. И никој од Следбениците на Книгата нема сигурно да не поверува во тоа пред смртта своја; на Денот суден ќе биде сведок против нив.

وَإِن مِّنْ أَهْلِ ٱلْكِتَٰبِ إِلَّا لَيُؤْمِنَنَّ بِهِۦ قَبْلَ مَوْتِهِۦ ۖ وَيَوْمَ ٱلْقِيَٰمَةِ يَكُونُ عَلَيْهِمْ شَهِيدًا ﴿١٥٩﴾

160. И заради зулумот на оние Евреи и заради одвраќањето нивно од Аллаховиот пат на многумина...Ние им ги забранивме некои од добрата кои им беа дозволени;

فَبِظُلْمٍ مِّنَ ٱلَّذِينَ هَادُوا۟ حَرَّمْنَا عَلَيْهِمْ طَيِّبَٰتٍ أُحِلَّتْ لَهُمْ وَبِصَدِّهِمْ عَن سَبِيلِ ٱللَّهِ كَثِيرًا ﴿١٦٠﴾

161. земаа и лихва а веќе им беше забранета; и бесправно го трошеа имотот на луѓето. А за неверниците од нив Ние подготвивме казна болна.

وَأَخْذِهِمُ ٱلرِّبَوٰا۟ وَقَدْ نُهُوا۟ عَنْهُ وَأَكْلِهِمْ أَمْوَٰلَ ٱلنَّاسِ بِٱلْبَٰطِلِ ۚ وَأَعْتَدْنَا لِلْكَٰفِرِينَ مِنْهُمْ عَذَابًا أَلِيمًا ﴿١٦١﴾

162. Но, оние кои се нурнаа во знаење од нив, и верниците... ве-

لَّٰكِنِ ٱلرَّٰسِخُونَ فِى ٱلْعِلْمِ مِنْهُمْ وَٱلْمُؤْمِنُونَ

руваат во она што е објавено до тебе и во она што е објавено пред тебе... и оние кои извршуваат намаз, и кои даваат зекат, и кои веруваат во Аллах и во Денот суден. Ние ќе им дадеме награда голема!

يُؤْمِنُونَ بِمَآ أُنزِلَ إِلَيْكَ وَمَآ أُنزِلَ مِن قَبْلِكَ ۚ وَٱلْمُقِيمِينَ ٱلصَّلَوٰةَ ۚ وَٱلْمُؤْتُونَ ٱلزَّكَوٰةَ وَٱلْمُؤْمِنُونَ بِٱللَّهِ وَٱلْيَوْمِ ٱلْءَاخِرِ ۚ أُو۟لَٰٓئِكَ سَنُؤْتِيهِمْ أَجْرًا عَظِيمًا ﴿١٦٢﴾

163. Ние, навистина, ти објавивме онака како што му објавивме на Нух и на пејгамберите по него. Му објавивме и на Ибрахим, и на Исмаил, и на Исхак, и на Јакуб, и на внуците, и на Иса, и на Ејуб, и на Јунус, и на Харун; а на Сулејман и на Давуд Зебур им дадовме:

۞ إِنَّآ أَوْحَيْنَآ إِلَيْكَ كَمَآ أَوْحَيْنَآ إِلَىٰ نُوحٍ وَٱلنَّبِيِّـۧنَ مِنۢ بَعْدِهِۦ ۚ وَأَوْحَيْنَآ إِلَىٰٓ إِبْرَٰهِيمَ وَإِسْمَٰعِيلَ وَإِسْحَٰقَ وَيَعْقُوبَ وَٱلْأَسْبَاطِ وَعِيسَىٰ وَأَيُّوبَ وَيُونُسَ وَهَٰرُونَ وَسُلَيْمَٰنَ ۚ وَءَاتَيْنَا دَاوُۥدَ زَبُورًا ﴿١٦٣﴾

164. имаше пејгамбери за кои Ние веќе ти кажувавме порано и пејгамбери за кои не ти кажувавме. А Аллах со Муса зборуваше, сигурно -

وَرُسُلًا قَدْ قَصَصْنَٰهُمْ عَلَيْكَ مِن قَبْلُ وَرُسُلًا لَّمْ نَقْصُصْهُمْ عَلَيْكَ ۚ وَكَلَّمَ ٱللَّهُ مُوسَىٰ تَكْلِيمًا ﴿١٦٤﴾

165. пејгамбери, радосници и опоменувачи за да луѓето немаат по пејгамберите доказ пред Аллах. А Аллах е Силен и Мудар!

رُّسُلًا مُّبَشِّرِينَ وَمُنذِرِينَ لِئَلَّا يَكُونَ لِلنَّاسِ عَلَى ٱللَّهِ حُجَّةٌۢ بَعْدَ ٱلرُّسُلِ ۚ وَكَانَ ٱللَّهُ عَزِيزًا حَكِيمًا ﴿١٦٥﴾

166. Но, Аллах сведочи за она што ти е објавено; со Свое знаење го објави. А и мелеките сведочат. А Аллах е Доволен за Сведок.

لَّٰكِنِ ٱللَّهُ يَشْهَدُ بِمَآ أَنزَلَ إِلَيْكَ ۖ أَنزَلَهُۥ بِعِلْمِهِۦ ۖ وَٱلْمَلَٰٓئِكَةُ يَشْهَدُونَ ۚ وَكَفَىٰ بِٱللَّهِ شَهِيدًا ﴿١٦٦﴾

إِنَّ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ وَصَدُّوا۟ عَن سَبِيلِ ٱللَّهِ قَدْ ضَلُّوا۟ ضَلَٰلًۢا بَعِيدًا ﴿١٦٧﴾

167. Оние, навистина, кои не веруваа и кои одвраќаа од Аллаховиот пат веќе талнаа по беспаќето далечно.

إِنَّ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ وَظَلَمُوا۟ لَمْ يَكُنِ ٱللَّهُ لِيَغْفِرَ لَهُمْ وَلَا لِيَهْدِيَهُمْ طَرِيقًا ﴿١٦٨﴾

168. Оние, навистина, кои не веруваа и кои зулум правеа... ним Аллах не им прости и не им го покажа патот,

إِلَّا طَرِيقَ جَهَنَّمَ خَٰلِدِينَ فِيهَآ أَبَدًا ۚ وَكَانَ ذَٰلِكَ عَلَى ٱللَّهِ يَسِيرًا ﴿١٦٩﴾

169. освен патот џехеннемски; во него за навек ќе останат. А за Аллах тоа е едноставно.

يَٰٓأَيُّهَا ٱلنَّاسُ قَدْ جَآءَكُمُ ٱلرَّسُولُ بِٱلْحَقِّ مِن رَّبِّكُمْ فَـَٔامِنُوا۟ خَيْرًا لَّكُمْ ۚ وَإِن تَكْفُرُوا۟ فَإِنَّ لِلَّهِ مَا فِى ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ ۚ وَكَانَ ٱللَّهُ عَلِيمًا حَكِيمًا ﴿١٧٠﴾

170. О луѓе, веќе пејгамберот ви дојде со вистината. Од Господарот ваш. Верувањето...та, подобро е за вас. А ако не верувате... та, навистина, сè што е на небесата и на Земјата е - Аллахово! Аллах е Зналец и Мудар!

يَٰٓأَهْلَ ٱلْكِتَٰبِ لَا تَغْلُوا۟ فِى دِينِكُمْ وَلَا تَقُولُوا۟ عَلَى ٱللَّهِ إِلَّا ٱلْحَقَّ ۚ إِنَّمَا ٱلْمَسِيحُ عِيسَى ٱبْنُ مَرْيَمَ رَسُولُ ٱللَّهِ وَكَلِمَتُهُۥٓ أَلْقَىٰهَآ إِلَىٰ مَرْيَمَ وَرُوحٌ مِّنْهُ ۖ فَـَٔامِنُوا۟ بِٱللَّهِ وَرُسُلِهِۦ ۖ وَلَا تَقُولُوا۟ ثَلَٰثَةٌ ۚ ٱنتَهُوا۟ خَيْرًا لَّكُمْ ۚ إِنَّمَا ٱللَّهُ إِلَٰهٌ وَٰحِدٌ ۖ سُبْحَٰنَهُۥٓ أَن يَكُونَ لَهُۥ وَلَدٌ ۘ لَّهُۥ مَا فِى ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَمَا فِى ٱلْأَرْضِ ۗ وَكَفَىٰ بِٱللَّهِ وَكِيلًا ﴿١٧١﴾

171. О следбеници на Книгата, не претерувајте во верата ваша, и за Аллах само вистина зборувајте! Месих, Иса синот на Мерјем, е пејгамбер Аллахов, Зборот Негов, кој Он го фрли во Мерјем, Дух од Него. Е па, верувајте во Аллах и во пејгамберите Негови, и не зборувајте "тројца". Престанете, тоа е подобро за вас! Аллах, навистина, е еден Бог. Нека е славен Он! Зарем Он да има дете? Сè што е

на небесата и на Земјата е - Аллахово! А Аллах, секако, е Доволен Закрилник!

لَّن يَسْتَنكِفَ ٱلْمَسِيحُ أَن يَكُونَ عَبْدًا لِّلَّهِ وَلَا ٱلْمَلَٰٓئِكَةُ ٱلْمُقَرَّبُونَ ۚ وَمَن يَسْتَنكِفْ عَنْ عِبَادَتِهِۦ وَيَسْتَكْبِرْ فَسَيَحْشُرُهُمْ إِلَيْهِ جَمِيعًا ﴿١٧٢﴾

172. На Месих никогаш не ќе му биде мака да биде роб Аллахов а ниту на мелеките блиски. А на оној кому му е мака да прави ибадет на Аллах, кој се противи - та, набргу Аллах сите ќе ги збере кај Себе!

فَأَمَّا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ فَيُوَفِّيهِمْ أُجُورَهُمْ وَيَزِيدُهُم مِّن فَضْلِهِۦ ۖ وَأَمَّا ٱلَّذِينَ ٱسْتَنكَفُوا۟ وَٱسْتَكْبَرُوا۟ فَيُعَذِّبُهُمْ عَذَابًا أَلِيمًا وَلَا يَجِدُونَ لَهُم مِّن دُونِ ٱللَّهِ وَلِيًّا وَلَا نَصِيرًا ﴿١٧٣﴾

173. Што се однесува до оние кои веруваат и кои работат добри дела, тогаш, Ние ќе им ги врачиме наградите нивни, и ќе им се зголемат од добрината Негова. А оние, пак, кои презираат и кои се противат ќе се казнат со казна болна. Онаквите, освен Аллах, не ќе најдат ни заштитник ни поддржник!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلنَّاسُ قَدْ جَآءَكُم بُرْهَٰنٌ مِّن رَّبِّكُمْ وَأَنزَلْنَآ إِلَيْكُمْ نُورًا مُّبِينًا ﴿١٧٤﴾

174. О луѓе, доказ, секако, ви дојде. Од Господпдарот ваш. И светлина јасна Ние ви спуштивме.

فَأَمَّا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ بِٱللَّهِ وَٱعْتَصَمُوا۟ بِهِۦ فَسَيُدْخِلُهُمْ فِى رَحْمَةٍ مِّنْهُ وَفَضْلٍ وَيَهْدِيهِمْ إِلَيْهِ صِرَٰطًا مُّسْتَقِيمًا ﴿١٧٥﴾

175. А што се однесува до оние кои веруваат во Аллах и кои цврсто се држат за тоа... нив ќе ги воведе во милоста Своја, и во добрината Своја, и ќе ги упати, по патот вистински, кон Себе.

يَسْتَفْتُونَكَ قُلِ ٱللَّهُ يُفْتِيكُمْ فِى ٱلْكَلَٰلَةِ ۚ

176. Оние бараат од тебе решение. Кажи: "За умрениот кој не-

ма никого што ќе го наследи, Аллах ви дава решение: Ако некој умре кој нема дете а има сестра нејзе ѝ припаѓа половина од она што ќе го остави, а и тој ќе ја наследи неа, ако оваа нема дете. А ако се две ним им припаѓаат две третини од она што ќе го остави. А ако има браќа и сестри - тогаш на машкото му припаѓа еднаков дел од делот на двете женски. Аллах, за да не скршнете, ви објаснува. Аллах знае сè!

إِنِ ٱمْرُؤٌا۟ هَلَكَ لَيْسَ لَهُۥ وَلَدٌ وَلَهُۥٓ أُخْتٌ فَلَهَا
نِصْفُ مَا تَرَكَ ۚ وَهُوَ يَرِثُهَآ إِن لَّمْ يَكُن لَّهَا
وَلَدٌ ۚ فَإِن كَانَتَا ٱثْنَتَيْنِ فَلَهُمَا ٱلثُّلُثَانِ مِمَّا تَرَكَ ۚ
وَإِن كَانُوٓا۟ إِخْوَةً رِّجَالًا وَنِسَآءً فَلِلذَّكَرِ مِثْلُ
حَظِّ ٱلْأُنثَيَيْنِ ۗ يُبَيِّنُ ٱللَّهُ لَكُمْ أَن تَضِلُّوا۟ ۗ
وَٱللَّهُ بِكُلِّ شَىْءٍ عَلِيمٌۢ ﴿١٧٦﴾

ЕЛ-МАИДА (Софра) *V*

سُورَةُ المَائِدَة

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. О верници, исполнувајте ги обврските. Ви се дозволуваат домашните животни, освен она за кое ќе ви биде кажано. Не ви е дозволено да ловите додека сте во ихрами. Аллах, навистина, го определува она што го посакува!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓا۟ أَوْفُوا۟ بِٱلْعُقُودِ ۚ أُحِلَّتْ
لَكُم بَهِيمَةُ ٱلْأَنْعَٰمِ إِلَّا مَا يُتْلَىٰ عَلَيْكُمْ غَيْرَ مُحِلِّى
ٱلصَّيْدِ وَأَنتُمْ حُرُمٌ ۗ إِنَّ ٱللَّهَ يَحْكُمُ مَا يُرِيدُ ﴿١﴾

2. О верници, не осквернувајте ги прописите Аллахови, ни светиот месец, ни курбаните - оние со ѓердани украсени, ни упатените кон Храмот свет кои ја посакуваат од Господарот свој и добрината и задоволството. А кога,

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ لَا تُحِلُّوا۟ شَعَٰٓئِرَ ٱللَّهِ
وَلَا ٱلشَّهْرَ ٱلْحَرَامَ وَلَا ٱلْهَدْىَ وَلَا ٱلْقَلَٰٓئِدَ
وَلَآ ءَآمِّينَ ٱلْبَيْتَ ٱلْحَرَامَ يَبْتَغُونَ فَضْلًا مِّن رَّبِّهِمْ
وَرِضْوَٰنًا ۚ وَإِذَا حَلَلْتُمْ فَٱصْطَادُوا۟ ۚ وَلَا يَجْرِمَنَّكُمْ
شَنَـَٔانُ قَوْمٍ أَن صَدُّوكُمْ عَنِ ٱلْمَسْجِدِ

пак, ќе помине времето на вашиот хаџџ дозволено ви е да ловите. А омразата што ја имате кон некои луѓе кои ве одвраќаат од Месџидул-Харам никако нека не ве натера да нападнете еднинадруги; помагајте се и во доброчинство и во богобојазливост. И не помагајте се еднисодруги во грев и во непријателство! И плашете се од Аллах! Аллах, навистина, е Жесток Казнувач!

3. Забрането ви е: и мрша, и крв, и свинско месо, и она што е заклано во друго а не во името Аллахово, и она што е задавено и погодено, и она што е урнато, и со рог прободено, или од ѕвер начнато - освен ако го имате заклано пред да е усмртено, и она што е заклано на жртвеници, и да ја претскажувате иднината со фрлање стрели. Тоа ви е сè порок. Денес, неверниците, изгубија надеж во верата ваша; та, не плашете се од нив, туку од Мене плашете се! Денес ви ја надополнив верата ваша и го исполнив благодатот Мој кон вас, и задоволен сум Исламот да ви биде вера. Ако некој се најде во неволја, кога гладот мете, не сакајќи да падне во грев... па,

ٱلْحَرَامِ أَن تَعْتَدُوا۟ ۘ وَتَعَاوَنُوا۟ عَلَى ٱلْبِرِّ وَٱلتَّقْوَىٰ ۖ وَلَا تَعَاوَنُوا۟ عَلَى ٱلْإِثْمِ وَٱلْعُدْوَٰنِ ۚ وَٱتَّقُوا۟ ٱللَّهَ ۖ إِنَّ ٱللَّهَ شَدِيدُ ٱلْعِقَابِ ﴿٢﴾

حُرِّمَتْ عَلَيْكُمُ ٱلْمَيْتَةُ وَٱلدَّمُ وَلَحْمُ ٱلْخِنزِيرِ وَمَآ أُهِلَّ لِغَيْرِ ٱللَّهِ بِهِۦ وَٱلْمُنْخَنِقَةُ وَٱلْمَوْقُوذَةُ وَٱلْمُتَرَدِّيَةُ وَٱلنَّطِيحَةُ وَمَآ أَكَلَ ٱلسَّبُعُ إِلَّا مَا ذَكَّيْتُمْ وَمَا ذُبِحَ عَلَى ٱلنُّصُبِ وَأَن تَسْتَقْسِمُوا۟ بِٱلْأَزْلَٰمِ ۚ ذَٰلِكُمْ فِسْقٌ ۗ ٱلْيَوْمَ يَئِسَ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ مِن دِينِكُمْ فَلَا تَخْشَوْهُمْ وَٱخْشَوْنِ ۚ ٱلْيَوْمَ أَكْمَلْتُ لَكُمْ دِينَكُمْ وَأَتْمَمْتُ عَلَيْكُمْ نِعْمَتِى وَرَضِيتُ لَكُمُ ٱلْإِسْلَٰمَ دِينًا ۚ فَمَنِ ٱضْطُرَّ فِى مَخْمَصَةٍ غَيْرَ مُتَجَانِفٍ لِّإِثْمٍ ۙ فَإِنَّ ٱللَّهَ غَفُورٌ رَّحِيمٌ ﴿٣﴾

Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

4. Те прашуваат што им е дозволено, кажи: "Дозволени ви се добрата, и она што го запознавте: ловот на животните кои се за тоа поучени онака како што ве поучи Аллах. И јадете го она што оние ќе го фатат за вас, и при тоа, споменувајте го името Аллахово. Плашете се од Аллах. Аллах, навистина, е Брз Пресметувач!

يَسْـَٔلُونَكَ مَاذَآ أُحِلَّ لَهُمْ ۖ قُلْ أُحِلَّ لَكُمُ ٱلطَّيِّبَٰتُ ۙ
وَمَا عَلَّمْتُم مِّنَ ٱلْجَوَارِحِ مُكَلِّبِينَ تُعَلِّمُونَهُنَّ مِمَّا
عَلَّمَكُمُ ٱللَّهُ ۖ فَكُلُوا۟ مِمَّآ أَمْسَكْنَ عَلَيْكُمْ وَٱذْكُرُوا۟ ٱسْمَ
ٱللَّهِ عَلَيْهِ ۖ وَٱتَّقُوا۟ ٱللَّهَ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ سَرِيعُ ٱلْحِسَابِ ﴿٤﴾

5. Денес ви се дозволуваат добрата; дозволена ви е храната на оние на кои им е дадена Книгата, а и храната ваша е дозволена за нив. Дозволени ви се чесните жени вернички, и чесните жени вернички од оние на кои им е дадена Книгата пред вас кога ќе им ги дадете нивните венчани подароци за да се ожените а не блуд да правите со нив, и да не ги земате за љубовници. Оној кој не верува во верата, тогаш, му пропаѓа делото негово и на Ахирет ќе биде меѓу презрените!

ٱلْيَوْمَ أُحِلَّ لَكُمُ ٱلطَّيِّبَٰتُ ۖ وَطَعَامُ ٱلَّذِينَ أُوتُوا۟
ٱلْكِتَٰبَ حِلٌّ لَّكُمْ وَطَعَامُكُمْ حِلٌّ لَّهُمْ ۖ وَٱلْمُحْصَنَٰتُ
مِنَ ٱلْمُؤْمِنَٰتِ وَٱلْمُحْصَنَٰتُ مِنَ ٱلَّذِينَ أُوتُوا۟ ٱلْكِتَٰبَ
مِن قَبْلِكُمْ إِذَآ ءَاتَيْتُمُوهُنَّ أُجُورَهُنَّ مُحْصِنِينَ
غَيْرَ مُسَٰفِحِينَ وَلَا مُتَّخِذِىٓ أَخْدَانٍ ۗ وَمَن يَكْفُرْ
بِٱلْإِيمَٰنِ فَقَدْ حَبِطَ عَمَلُهُۥ وَهُوَ فِى
ٱلْءَاخِرَةِ مِنَ ٱلْخَٰسِرِينَ ﴿٥﴾

6. О верници, кога ќе се исправите намаз да извршите, измијте ги вашите лица и вашите раце до лактовите, а главите ваши доп-

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓا۟ إِذَا قُمْتُمْ إِلَى ٱلصَّلَوٰةِ
فَٱغْسِلُوا۟ وُجُوهَكُمْ وَأَيْدِيَكُمْ إِلَى ٱلْمَرَافِقِ
وَٱمْسَحُوا۟ بِرُءُوسِكُمْ وَأَرْجُلَكُمْ إِلَى

рете ги со влажна рака, а нозете ваши до зглобовите. А ако сте џунуби, тогаш, избањајте се. А ако сте болни или ако сте на пат или ако некој од вас изврши нужда, или ако се состанете со жените а при тоа не најдете вода, - тогаш рацете ваши допрете ги на чиста земја и со нив допрете ги лицата ваши и рацете ваши. Аллах не сака да ве остави во неприлика. Он сака да ве очисти и да го исполни благодатот Свој кон вас за да бидете благодарни!

ٱلْكَعْبَيْنِ ۚ وَإِن كُنتُمْ جُنُبًا فَٱطَّهَّرُوا۟ ۚ وَإِن كُنتُم
مَّرْضَىٰٓ أَوْ عَلَىٰ سَفَرٍ أَوْ جَآءَ أَحَدٌ مِّنكُم مِّنَ ٱلْغَآئِطِ
أَوْ لَٰمَسْتُمُ ٱلنِّسَآءَ فَلَمْ تَجِدُوا۟ مَآءً فَتَيَمَّمُوا۟
صَعِيدًا طَيِّبًا فَٱمْسَحُوا۟ بِوُجُوهِكُمْ
وَأَيْدِيكُم مِّنْهُ ۚ مَا يُرِيدُ ٱللَّهُ لِيَجْعَلَ
عَلَيْكُم مِّنْ حَرَجٍ وَلَٰكِن يُرِيدُ لِيُطَهِّرَكُمْ
وَلِيُتِمَّ نِعْمَتَهُۥ عَلَيْكُمْ لَعَلَّكُمْ
تَشْكُرُونَ ﴿٦﴾

7. И сеќавајте се на благодатот Аллахов кон вас и на договорот кој го склучивте со Него кога рековте:"Слушаме и послушни сме."Плашете се од Аллах! Аллах, навистина, го знае она што е во градите!

وَٱذْكُرُوا۟ نِعْمَةَ ٱللَّهِ عَلَيْكُمْ وَمِيثَٰقَهُ
ٱلَّذِى وَاثَقَكُم بِهِۦٓ إِذْ قُلْتُمْ سَمِعْنَا وَأَطَعْنَا ۖ
وَٱتَّقُوا۟ ٱللَّهَ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ عَلِيمٌۢ بِذَاتِ ٱلصُّدُورِ ﴿٧﴾

8. О верници, бидете истрајни во тоа и, заради Аллах, сведочете праведно. И омразата кон еден народ нека не ве натера да бидете неправедни. Бидете праведни. Праведноста е поблиску до богобојазливоста. Плашете се од Аллах. Аллах, навистина, е Известен за она што го работите!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ كُونُوا۟ قَوَّٰمِينَ لِلَّهِ
شُهَدَآءَ بِٱلْقِسْطِ ۖ وَلَا يَجْرِمَنَّكُمْ
شَنَـَٔانُ قَوْمٍ عَلَىٰٓ أَلَّا تَعْدِلُوا۟ ۚ ٱعْدِلُوا۟ هُوَ
أَقْرَبُ لِلتَّقْوَىٰ ۖ وَٱتَّقُوا۟ ٱللَّهَ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ خَبِيرٌۢ
بِمَا تَعْمَلُونَ ﴿٨﴾

9. На оние кои веруваат и кои прават добри дела Аллах им вети и прошка и награда голема,

وَعَدَ ٱللَّهُ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ
لَهُم مَّغْفِرَةٌ وَأَجْرٌ عَظِيمٌ ﴿٩﴾

10. а оние кои не веруваат и кои ги сметаат за лажни ајетите Наши оние се жители џехеннемски!

وَٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ وَكَذَّبُوا۟ بِـَٔايَٰتِنَآ أُو۟لَٰٓئِكَ
أَصْحَٰبُ ٱلْجَحِيمِ ﴿١٠﴾

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ ٱذۡكُرُواْ نِعۡمَتَ ٱللَّهِ عَلَيۡكُمۡ إِذۡ هَمَّ قَوۡمٌ أَن يَبۡسُطُوٓاْ إِلَيۡكُمۡ أَيۡدِيَهُمۡ فَكَفَّ أَيۡدِيَهُمۡ عَنكُمۡۖ وَٱتَّقُواْ ٱللَّهَۚ وَعَلَى ٱللَّهِ فَلۡيَتَوَكَّلِ ٱلۡمُؤۡمِنُونَ ﴿١١﴾

11. О верници, сеќавајте се на благодатот Аллахов кон вас кога една дружина сакаше да ги пружи нивните раце над вас па Он ги запре рацете нивни. Плашете се од Аллах! Та, врз Аллах нека се потпираат верниците!

۞ وَلَقَدۡ أَخَذَ ٱللَّهُ مِيثَٰقَ بَنِيٓ إِسۡرَٰٓءِيلَ وَبَعَثۡنَا مِنۡهُمُ ٱثۡنَيۡ عَشَرَ نَقِيبٗاۖ وَقَالَ ٱللَّهُ إِنِّي مَعَكُمۡۖ لَئِنۡ أَقَمۡتُمُ ٱلصَّلَوٰةَ وَءَاتَيۡتُمُ ٱلزَّكَوٰةَ وَءَامَنتُم بِرُسُلِي وَعَزَّرۡتُمُوهُمۡ وَأَقۡرَضۡتُمُ ٱللَّهَ قَرۡضًا حَسَنٗا لَّأُكَفِّرَنَّ عَنكُمۡ سَيِّـَٔاتِكُمۡ وَلَأُدۡخِلَنَّكُمۡ جَنَّٰتٖ تَجۡرِي مِن تَحۡتِهَا ٱلۡأَنۡهَٰرُۚ فَمَن كَفَرَ بَعۡدَ ذَٰلِكَ مِنكُمۡ فَقَدۡ ضَلَّ سَوَآءَ ٱلسَّبِيلِ ﴿١٢﴾

12. И Аллах веќе го прифати Договорот со синовите Израилови. И од нив испративме дванаесет старешини. И Аллах рече:"Јас сум со вас, навистина! И ако намаз извршувате, и ако зекат давате, и ако во пејгамберите Мои верувате и ако им помагате и ако на Аллах му дадете заем добар ќе ги отстранам од вас лошотиите ваши и ќе ве воведам во бавчите џеннетски низ кои реки течат." И кој од вас по тој договор не верува - скршнува по лошиот пат, секако!

فَبِمَا نَقۡضِهِم مِّيثَٰقَهُمۡ لَعَنَّٰهُمۡ وَجَعَلۡنَا قُلُوبَهُمۡ قَٰسِيَةٗۖ يُحَرِّفُونَ ٱلۡكَلِمَ عَن مَّوَاضِعِهِۦ وَنَسُواْ حَظّٗا مِّمَّا ذُكِّرُواْ بِهِۦۚ وَلَا تَزَالُ تَطَّلِعُ عَلَىٰ خَآئِنَةٖ مِّنۡهُمۡ إِلَّا قَلِيلٗا مِّنۡهُمۡۖ فَٱعۡفُ عَنۡهُمۡ وَٱصۡفَحۡۚ إِنَّ ٱللَّهَ يُحِبُّ ٱلۡمُحۡسِنِينَ ﴿١٣﴾

13. И бидејќи го прекршија договорот свој, ги проколнивме и ги затврднавме срцата нивни; зборовите на договорот од некои места ги преиначија и заборавија на еден голем дел од она со што беа опоменувани. И постојано, освен мал број од нив, ќе ги гледаш како го изневеруваат Договорот. Па, прости им и

оддалечи се од нив! Аллах, навистина ги љуби доброчинителите!

وَمِنَ ٱلَّذِينَ قَالُوٓاْ إِنَّا نَصَٰرَىٰٓ أَخَذْنَا
مِيثَٰقَهُمْ فَنَسُواْ حَظًّا مِّمَّا ذُكِّرُواْ بِهِۦ
فَأَغْرَيْنَا بَيْنَهُمُ ٱلْعَدَٰوَةَ وَٱلْبَغْضَآءَ إِلَىٰ يَوْمِ
ٱلْقِيَٰمَةِ ۚ وَسَوْفَ يُنَبِّئُهُمُ ٱللَّهُ
بِمَا كَانُواْ يَصْنَعُونَ ﴿١٤﴾

14. и од оние кои зборуваат: "Ние сме христијани." Ние го прифативме Договорот нивни. Па, оние заборавија на еден голем дел од она со што беа опоменувани. И меѓу нив Ние уфрливме и непријателство и омраза сè до Денот суден. Потоа ќе бидат известени од Аллах за она што го работеа.

يَٰٓأَهْلَ ٱلْكِتَٰبِ قَدْ جَآءَكُمْ
رَسُولُنَا يُبَيِّنُ لَكُمْ كَثِيرًا مِّمَّا
كُنتُمْ تُخْفُونَ مِنَ ٱلْكِتَٰبِ
وَيَعْفُواْ عَن كَثِيرٍ ۚ قَدْ جَآءَكُم
مِّنَ ٱللَّهِ نُورٌ وَكِتَٰبٌ مُّبِينٌ ﴿١٥﴾

15. О Следбеници на Книгата, ви дојде, секако, наш пејгамбер кој ви објаснува голем дел од Книгата - што бевте го криеле, а преку голем дел поминува. Ви дојде од Аллах Светлина и Книга јасна.

يَهْدِى بِهِ ٱللَّهُ مَنِ ٱتَّبَعَ رِضْوَٰنَهُۥ
سُبُلَ ٱلسَّلَٰمِ وَيُخْرِجُهُم مِّنَ
ٱلظُّلُمَٰتِ إِلَى ٱلنُّورِ بِإِذْنِهِۦ
وَيَهْدِيهِمْ إِلَىٰ صِرَٰطٍ مُّسْتَقِيمٍ ﴿١٦﴾

16. Со неа Аллах ги упатува кон патиштата спасувачки оние кои го следат задоволството Негово и ги изведува, со одобрението Свое, од темнина во светлина, и ги упатува по патот вистински.

لَقَدْ كَفَرَ ٱلَّذِينَ قَالُوٓاْ إِنَّ ٱللَّهَ هُوَ
ٱلْمَسِيحُ ٱبْنُ مَرْيَمَ ۚ قُلْ فَمَن يَمْلِكُ مِنَ
ٱللَّهِ شَيْـًٔا إِنْ أَرَادَ أَن يُهْلِكَ ٱلْمَسِيحَ
ٱبْنَ مَرْيَمَ وَأُمَّهُۥ وَمَن فِى ٱلْأَرْضِ
جَمِيعًا ۗ وَلِلَّهِ مُلْكُ ٱلسَّمَٰوَٰتِ
وَٱلْأَرْضِ وَمَا بَيْنَهُمَا ۚ يَخْلُقُ مَا يَشَآءُ ۚ وَٱللَّهُ

17. Не веруваат, секако, оние кои зборуваат: "Аллах, навистина, е Месих, синот на Мерјем" Кажи:"Кој може нешто да присвои од Аллах ако Он посака да го уништи Месих, синот на Мерјем и неговата Мајка и сè она

што е на Земјата?" Власта и на небесата и на Земјата и меѓу нив е - Аллахова! Он твори со посак Свој, и Аллах е Кадар за сè!

عَلَىٰ كُلِّ شَيْءٍ قَدِيرٌ ﴿١٧﴾

18. И Евреите и христијаните зборуваа:"Ние сме синови Аллахови и љубимци Негови." Кажи: "Зошто, тогаш, Аллах ве казнува за гревовите ваши?" Но не! Вие сте луѓе, од оние кои Он ги создаде. Аллах некого со посак Свој наградува, а некого, со посак Свој, казнува. Власта и на небесата и на Земјата е - Аллахова. Свратилиштето е - кон Него!

وَقَالَتِ ٱلْيَهُودُ وَٱلنَّصَٰرَىٰ نَحْنُ أَبْنَٰٓؤُا۟ ٱللَّهِ
وَأَحِبَّٰٓؤُهُۥ ۚ قُلْ فَلِمَ يُعَذِّبُكُم بِذُنُوبِكُم ۖ بَلْ أَنتُم
بَشَرٌ مِّمَّنْ خَلَقَ ۚ يَغْفِرُ لِمَن يَشَآءُ وَيُعَذِّبُ مَن
يَشَآءُ ۚ وَلِلَّهِ مُلْكُ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ
وَمَا بَيْنَهُمَا ۖ وَإِلَيْهِ ٱلْمَصِيرُ ﴿١٨﴾

19. О Следбеници на Книгата, ви дојде пејгамбер Наш да ви објасни, по прекинот на пејгамбери, за да не речете:"Не ни дојде ни: радосник ни опоменувач." А веќе ви дојде и радосник и опоменувач. А Аллах е Кадар за сè!

يَٰٓأَهْلَ ٱلْكِتَٰبِ قَدْ جَآءَكُمْ رَسُولُنَا يُبَيِّنُ لَكُمْ
عَلَىٰ فَتْرَةٍ مِّنَ ٱلرُّسُلِ أَن تَقُولُوا۟ مَا جَآءَنَا مِنۢ بَشِيرٍ
وَلَا نَذِيرٍ ۖ فَقَدْ جَآءَكُم بَشِيرٌ وَنَذِيرٌ ۗ وَٱللَّهُ
عَلَىٰ كُلِّ شَيْءٍ قَدِيرٌ ﴿١٩﴾

20. И кога Муса му рече на народот свој: "О народе мој, сетете се на Аллаховиот благодат кон вас кога Он, меѓу вас, испрати пејгамбери и кога ве определи за владетели, и кога вам ви го даде она што не му е дадено на ниеден народ."

وَإِذْ قَالَ مُوسَىٰ لِقَوْمِهِۦ يَٰقَوْمِ ٱذْكُرُوا۟ نِعْمَةَ
ٱللَّهِ عَلَيْكُمْ إِذْ جَعَلَ فِيكُمْ أَنۢبِيَآءَ وَجَعَلَكُم
مُّلُوكًا وَءَاتَىٰكُم مَّا لَمْ يُؤْتِ أَحَدًا مِّنَ ٱلْعَٰلَمِينَ ﴿٢٠﴾

21. О народе мој, влезете во Светата земја која Аллах ви ја одреди. Не повлекувајте се на-

يَٰقَوْمِ ٱدْخُلُوا۟ ٱلْأَرْضَ ٱلْمُقَدَّسَةَ ٱلَّتِى كَتَبَ ٱللَّهُ
لَكُمْ وَلَا تَرْتَدُّوا۟ عَلَىٰٓ أَدْبَٰرِكُمْ فَتَنقَلِبُوا۟ خَٰسِرِينَ ﴿٢١﴾

зад:"Па, ќе се вратите поразени."

قَالُوا۟ يَٰمُوسَىٰٓ إِنَّ فِيهَا قَوْمًا جَبَّارِينَ وَإِنَّا لَن نَّدْخُلَهَا حَتَّىٰ يَخْرُجُوا۟ مِنْهَا فَإِن يَخْرُجُوا۟ مِنْهَا فَإِنَّا دَٰخِلُونَ ﴿٢٢﴾

22. Рекоа:"О Муса, во неа се наоѓа еден народ насилнички. И Ние не ќе влеземе во неа сè додека не излезат од неа. Ако излезат од неа, тогаш, Ние ќе влеземе.

قَالَ رَجُلَانِ مِنَ ٱلَّذِينَ يَخَافُونَ أَنْعَمَ ٱللَّهُ عَلَيْهِمَا ٱدْخُلُوا۟ عَلَيْهِمُ ٱلْبَابَ فَإِذَا دَخَلْتُمُوهُ فَإِنَّكُمْ غَٰلِبُونَ ۚ وَعَلَى ٱللَّهِ فَتَوَكَّلُوٓا۟ إِن كُنتُم مُّؤْمِنِينَ ﴿٢٣﴾

23. Два човека од оние кои се плашеа, исполнети со задоволство Аллахово, рекоа:"Влезете им низ вратата. Ако влезете низ неа па, вие, навистина, победници сте! Потпирајте се, тогаш, врз Аллах ако сте верници!"

قَالُوا۟ يَٰمُوسَىٰٓ إِنَّا لَن نَّدْخُلَهَآ أَبَدًا مَّا دَامُوا۟ فِيهَا فَٱذْهَبْ أَنتَ وَرَبُّكَ فَقَٰتِلَآ إِنَّا هَٰهُنَا قَٰعِدُونَ ﴿٢٤﴾

24. Рекоа:"О Муса, Ние никогаш, навистина, не ќе влеземе во неа додека се оние таму. Влезете ти и Господарот твој, и борете се. Ние овде ќе отседнеме, навистина!

قَالَ رَبِّ إِنِّى لَآ أَمْلِكُ إِلَّا نَفْسِى وَأَخِى فَٱفْرُقْ بَيْنَنَا وَبَيْنَ ٱلْقَوْمِ ٱلْفَٰسِقِينَ ﴿٢٥﴾

25. Рече:"О Господаре, јас, навистина, владеам само со себе и со мојот брат. Направи, тогаш, разлика меѓу нас и народот расипан!"

قَالَ فَإِنَّهَا مُحَرَّمَةٌ عَلَيْهِمْ أَرْبَعِينَ سَنَةً ۛ يَتِيهُونَ فِى ٱلْأَرْضِ ۗ فَلَا تَأْسَ عَلَى ٱلْقَوْمِ ٱلْفَٰسِقِينَ ﴿٢٦﴾

26. А Аллах рече: "Е, таа земја им е забранета: четириесет години талкаат по земјата, па ти не грижи се за народот расипан!"

۞ وَٱتْلُ عَلَيْهِمْ نَبَأَ ٱبْنَىْ ءَادَمَ بِٱلْحَقِّ إِذْ قَرَّبَا

27. И кажувај им го кажувањето сосем вистинско за синовите

Адемови. Кога оние поднесоа жртва и, ете, од едниот беше примена, а од другиот не беше примена. Едниот рече: "Ќе те убијам" Рече: Аллах, навистина, ги прима од богобојазливите."

قُرْبَانًا فَتُقُبِّلَ مِنْ أَحَدِهِمَا وَلَمْ يُتَقَبَّلْ مِنَ ٱلْآخَرِ قَالَ لَأَقْتُلَنَّكَ ۖ قَالَ إِنَّمَا يَتَقَبَّلُ ٱللَّهُ مِنَ ٱلْمُتَّقِينَ ﴿٢٧﴾

28. Кога би ја пружил раката твоја да ме убиеш јас никогаш не би ја пружил ракава моја да те убијам. Да, јас се плашам од Аллах, Господарот на световите!"

لَئِنۢ بَسَطتَ إِلَيَّ يَدَكَ لِتَقْتُلَنِى مَآ أَنَا۠ بِبَاسِطٍ يَدِىَ إِلَيْكَ لِأَقْتُلَكَ ۖ إِنِّىٓ أَخَافُ ٱللَّهَ رَبَّ ٱلْعَٰلَمِينَ ﴿٢٨﴾

29. Јас, навистина, сакам да го понесеш и мојот грев и твојот грев и на тој начин да станеш меѓу жителите на огнот. Ете, тоа е награда за зулумќарите!

إِنِّىٓ أُرِيدُ أَن تَبُوٓأَ بِإِثْمِى وَإِثْمِكَ فَتَكُونَ مِنْ أَصْحَٰبِ ٱلنَّارِ ۚ وَذَٰلِكَ جَزَٰٓؤُا۟ ٱلظَّٰلِمِينَ ﴿٢٩﴾

30. И го поттикна, тогаш, страста да го убие брата си и - го уби. Па, стана еден од поразените!

فَطَوَّعَتْ لَهُۥ نَفْسُهُۥ قَتْلَ أَخِيهِ فَقَتَلَهُۥ فَأَصْبَحَ مِنَ ٱلْخَٰسِرِينَ ﴿٣٠﴾

31. Па, Аллах испрати еден гавран да копа по земјата за да му покаже како да го покрие голото тело на брата си. И рече: "Тешко мене! Зарем сум немоќен, како овој гавран, да го покријам телото на брат ми?" И, тогаш, се покаја.

فَبَعَثَ ٱللَّهُ غُرَابًا يَبْحَثُ فِى ٱلْأَرْضِ لِيُرِيَهُۥ كَيْفَ يُوَٰرِى سَوْءَةَ أَخِيهِ ۚ قَالَ يَٰوَيْلَتَىٰٓ أَعَجَزْتُ أَنْ أَكُونَ مِثْلَ هَٰذَا ٱلْغُرَابِ فَأُوَٰرِىَ سَوْءَةَ أَخِى ۖ فَأَصْبَحَ مِنَ ٱلنَّٰدِمِينَ ﴿٣١﴾

32. И заради тоа Ние им пропишавме на синовите Израилови дека, секако, оној кој ќе убие еден човек, кој не убил никого и кој не прави безредие по земјата...како да ги убил сите луѓе, а оној кој ќе спаси еден човек...како да ги спасил сите луѓе. Пејгамберите Наши им доаѓаа

مِنْ أَجْلِ ذَٰلِكَ ۛ كَتَبْنَا عَلَىٰ بَنِىٓ إِسْرَٰٓءِيلَ أَنَّهُۥ مَن قَتَلَ نَفْسًۢا بِغَيْرِ نَفْسٍ أَوْ فَسَادٍ فِى ٱلْأَرْضِ فَكَأَنَّمَا قَتَلَ ٱلنَّاسَ جَمِيعًا ۚ وَمَنْ أَحْيَاهَا فَكَأَنَّمَآ أَحْيَا ٱلنَّاسَ جَمِيعًا ۚ وَلَقَدْ جَآءَتْهُمْ رُسُلُنَا بِٱلْبَيِّنَٰتِ ثُمَّ إِنَّ كَثِيرًا مِّنْهُم بَعْدَ ذَٰلِكَ فِى ٱلْأَرْضِ لَمُسْرِفُونَ ﴿٣٢﴾

со јаснотии, и голем број од нив, по тоа, на земјата со испадите претеруваа.

إِنَّمَا جَزَٰٓؤُاْ ٱلَّذِينَ يُحَارِبُونَ ٱللَّهَ وَرَسُولَهُۥ وَيَسۡعَوۡنَ فِي ٱلۡأَرۡضِ فَسَادًا أَن يُقَتَّلُوٓاْ أَوۡ يُصَلَّبُوٓاْ أَوۡ تُقَطَّعَ أَيۡدِيهِمۡ وَأَرۡجُلُهُم مِّنۡ خِلَٰفٍ أَوۡ يُنفَوۡاْ مِنَ ٱلۡأَرۡضِۚ ذَٰلِكَ لَهُمۡ خِزۡيٞ فِي ٱلدُّنۡيَاۖ وَلَهُمۡ فِي ٱلۡأٓخِرَةِ عَذَابٌ عَظِيمٌ ٣٣

33. Казната за оние кои војуваат против Аллах и против пејгамберот Негов и кои настојуваат на земјата да прават безредие е: да се убијат или да се распнат или да им се исечат и рацете нивни и нозете нивни накрсно или да се истераат од земјата. Ете, тоа е казната нивна на овој свет. А за нив на Ахирет има казна голема,

إِلَّا ٱلَّذِينَ تَابُواْ مِن قَبۡلِ أَن تَقۡدِرُواْ عَلَيۡهِمۡۖ فَٱعۡلَمُوٓاْ أَنَّ ٱللَّهَ غَفُورٞ رَّحِيمٞ ٣٤

34. освен оние кои се покајаа пред да паднат под ваша моќ. Па, знајте дека Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ ٱتَّقُواْ ٱللَّهَ وَٱبۡتَغُوٓاْ إِلَيۡهِ ٱلۡوَسِيلَةَ وَجَٰهِدُواْ فِي سَبِيلِهِۦ لَعَلَّكُمۡ تُفۡلِحُونَ ٣٥

35. О верници, плашете се од Аллах и барајте начин на кој ќе Му пристапите, и борете се на Неговиот пат за да бидете спасени!

إِنَّ ٱلَّذِينَ كَفَرُواْ لَوۡ أَنَّ لَهُم مَّا فِي ٱلۡأَرۡضِ جَمِيعٗا وَمِثۡلَهُۥ مَعَهُۥ لِيَفۡتَدُواْ بِهِۦ مِنۡ عَذَابِ يَوۡمِ ٱلۡقِيَٰمَةِ مَا تُقُبِّلَ مِنۡهُمۡۖ وَلَهُمۡ عَذَابٌ أَلِيمٞ ٣٦

36. Кога сето она што е на земјава би било на оние кои не веруваат, па дури и повеќе од тоа, не би им било примено за откуп на казната на Денот суден. За нив има казна болна.

يُرِيدُونَ أَن يَخۡرُجُواْ مِنَ ٱلنَّارِ وَمَا هُم بِخَٰرِجِينَ مِنۡهَاۖ وَلَهُمۡ عَذَابٞ مُّقِيمٞ ٣٧

37. Ќе посакаат да излезат од огнот, а нема да излезат од него. За нив има казна постојана.

وَٱلسَّارِقُ وَٱلسَّارِقَةُ فَٱقۡطَعُوٓاْ أَيۡدِيَهُمَا جَزَآءَۢ

38. А на крадецот и крадливката, исечете им ги рацете нивни како

казна за она што го спечалија; тоа од Аллах нека им биде надоместок. Аллах е Силен и Мудар!

بِمَا كَسَبَا نَكَٰلًا مِّنَ ٱللَّهِ ۗ وَٱللَّهُ عَزِيزٌ حَكِيمٌ ﴿٣٨﴾

39. Па, оној кој ќе се покае по својот зулум или кој ќе се поправи - па Аллах, навистина, ќе му прости. Аллах е Простувач и Сомилосен!

فَمَن تَابَ مِنۢ بَعْدِ ظُلْمِهِۦ وَأَصْلَحَ فَإِنَّ ٱللَّهَ يَتُوبُ عَلَيْهِ ۗ إِنَّ ٱللَّهَ غَفُورٌ رَّحِيمٌ ﴿٣٩﴾

40. Не знаеш ли дека власта и на небесата и на Земјата е - Аллахова! Аллах некого казнува со посак Свој, а некому со посак Свој Аллах му простува. Аллах е Кадар за сè!

أَلَمْ تَعْلَمْ أَنَّ ٱللَّهَ لَهُۥ مُلْكُ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ ۖ يُعَذِّبُ مَن يَشَآءُ وَيَغْفِرُ لِمَن يَشَآءُ ۗ وَٱللَّهُ عَلَىٰ كُلِّ شَىْءٍ قَدِيرٌ ﴿٤٠﴾

41. О пејгамберу, нека не те загрижува делото на оние кои брзаа во неверувањето, оние кои со устите свои зборуваат: "Ние веруваме "- а не веруваат срцата нивни. И Евреите кои само лаги слушаат и кои од други слушаат а, кои, всушност, не ти доаѓаа; на некои места зборовите ги преиначуваат, зборувајќи: "Ако ви е ова дадено, тогаш, прифатете го, а ако не ви е дадено, тогаш, не прифаќајте го!" На оној што ќе го остави Аллах во неговата сплетка ти никогаш не ќе можеш било што да му осигураш од Аллах. Срцата на онаквите Аллах не сака да ги очисти. За

۞ يَٰٓأَيُّهَا ٱلرَّسُولُ لَا يَحْزُنكَ ٱلَّذِينَ يُسَٰرِعُونَ فِى ٱلْكُفْرِ مِنَ ٱلَّذِينَ قَالُوٓا۟ ءَامَنَّا بِأَفْوَٰهِهِمْ وَلَمْ تُؤْمِن قُلُوبُهُمْ ۛ وَمِنَ ٱلَّذِينَ هَادُوا۟ ۛ سَمَّٰعُونَ لِلْكَذِبِ سَمَّٰعُونَ لِقَوْمٍ ءَاخَرِينَ لَمْ يَأْتُوكَ ۖ يُحَرِّفُونَ ٱلْكَلِمَ مِنۢ بَعْدِ مَوَاضِعِهِۦ ۖ يَقُولُونَ إِنْ أُوتِيتُمْ هَٰذَا فَخُذُوهُ وَإِن لَّمْ تُؤْتَوْهُ فَٱحْذَرُوا۟ ۚ وَمَن يُرِدِ ٱللَّهُ فِتْنَتَهُۥ فَلَن تَمْلِكَ لَهُۥ مِنَ ٱللَّهِ شَيْـًٔا ۚ أُو۟لَٰٓئِكَ ٱلَّذِينَ لَمْ يُرِدِ ٱللَّهُ أَن يُطَهِّرَ قُلُوبَهُمْ ۚ لَهُمْ فِى ٱلدُّنْيَا خِزْىٌ ۖ وَلَهُمْ فِى ٱلْءَاخِرَةِ عَذَابٌ عَظِيمٌ ﴿٤١﴾

нив на овој свет има надоместок, а на Ахирет има казна голема.

42. Слушаат само лаги многу и кои ненаситнички јадат забранета храна. Па, ако ти дојдат пресуди им или занемари ги. А ако, пак, ги занемариш, тогаш, никогаш во ништо не ќе ти наштетат, а ако им пресудуваш, тогаш, суди меѓу нив праведно. Аллах, навистина, ги љуби праведните!

سَمَّٰعُونَ لِلْكَذِبِ أَكَّٰلُونَ لِلسُّحْتِ ۚ
فَإِن جَآءُوكَ فَٱحْكُم بَيْنَهُمْ أَوْ أَعْرِضْ عَنْهُمْ ۖ
وَإِن تُعْرِضْ عَنْهُمْ فَلَن يَضُرُّوكَ شَيْـًٔا ۖ
وَإِنْ حَكَمْتَ فَٱحْكُم بَيْنَهُم بِٱلْقِسْطِ ۖ
إِنَّ ٱللَّهَ يُحِبُّ ٱلْمُقْسِطِينَ ﴿٤٢﴾

43. И како можат од тебе да бараат да им пресудиш - а кај нив е Теврат во кого се наоѓа пресудата Аллахова - а потоа ги вртат своите плеќи...та, навистина, се неверници!

وَكَيْفَ يُحَكِّمُونَكَ وَعِندَهُمُ ٱلتَّوْرَىٰةُ فِيهَا حُكْمُ
ٱللَّهِ ثُمَّ يَتَوَلَّوْنَ مِنۢ بَعْدِ ذَٰلِكَ ۚ
وَمَآ أُو۟لَٰٓئِكَ بِٱلْمُؤْمِنِينَ ﴿٤٣﴾

44. Ние, навистина, објавивме Теврат. Во Него има Патоказ и светлина. Пејгамберите според него им судеа на Евреите кои беа послушни. И рабините и побожните луѓе од кои се бараше да ја чуваат Книгата Аллахова, и за која беа сведоци. Па, не плаши се од луѓето, туку плаши се од Мене. И, тогаш, не продавај ги ајетите Мои за нешто што малку вреди. А оние кои не судат според она што го објави Аллах - та, неверници се!

إِنَّآ أَنزَلْنَا ٱلتَّوْرَىٰةَ فِيهَا هُدًى وَنُورٌ ۚ يَحْكُمُ بِهَا
ٱلنَّبِيُّونَ ٱلَّذِينَ أَسْلَمُوا۟ لِلَّذِينَ هَادُوا۟
وَٱلرَّبَّٰنِيُّونَ وَٱلْأَحْبَارُ بِمَا ٱسْتُحْفِظُوا۟
مِن كِتَٰبِ ٱللَّهِ وَكَانُوا۟ عَلَيْهِ شُهَدَآءَ ۚ فَلَا
تَخْشَوُا۟ ٱلنَّاسَ وَٱخْشَوْنِ وَلَا تَشْتَرُوا۟
بِـَٔايَٰتِى ثَمَنًا قَلِيلًا ۚ وَمَن لَّمْ يَحْكُم بِمَآ أَنزَلَ ٱللَّهُ
فَأُو۟لَٰٓئِكَ هُمُ ٱلْكَٰفِرُونَ ﴿٤٤﴾

45. Ние им пропишавме: живот за живот, уво за уво, око за око, заб за заб а за рана - одмазда. А на оној кој ќе се откаже од одмаздата тоа ќе му биде откуп

وَكَتَبْنَا عَلَيْهِمْ فِيهَآ أَنَّ ٱلنَّفْسَ بِٱلنَّفْسِ
وَٱلْعَيْنَ بِٱلْعَيْنِ وَٱلْأَنفَ بِٱلْأَنفِ
وَٱلْأُذُنَ بِٱلْأُذُنِ وَٱلسِّنَّ بِٱلسِّنِّ وَٱلْجُرُوحَ

за гревовите. Оние кои не судат според она што го објави Аллах - та, зулумќари се!

فَصَاصٌ ۚ فَمَن تَصَدَّقَ بِهِۦ فَهُوَ كَفَّارَةٌ لَّهُۥ ۚ وَمَن لَّمْ يَحْكُم بِمَآ أَنزَلَ ٱللَّهُ فَأُو۟لَٰٓئِكَ هُمُ ٱلظَّٰلِمُونَ ﴿٤٥﴾

46. По трагите нивни го испративме Иса, синот на Мерјем, Потврда за она што беше меѓу нив од Теврат, и му објавивме Инџил. Во него има Патоказ и Светлина, и Потврда за она што беше меѓу нив од Теврат, Патоказ и Ука за богобојазливите!

وَقَفَّيْنَا عَلَىٰٓ ءَاثَٰرِهِم بِعِيسَى ٱبْنِ مَرْيَمَ مُصَدِّقًا لِّمَا بَيْنَ يَدَيْهِ مِنَ ٱلتَّوْرَىٰةِ ۖ وَءَاتَيْنَٰهُ ٱلْإِنجِيلَ فِيهِ هُدًى وَنُورٌ ۖ وَمُصَدِّقًا لِّمَا بَيْنَ يَدَيْهِ مِنَ ٱلتَّوْرَىٰةِ وَهُدًى وَمَوْعِظَةً لِّلْمُتَّقِينَ ﴿٤٦﴾

47. И следбениците на Инџил нека судат според она што го објави Аллах во него. Оние кои не судат според она што го објави Аллах - та, расипани се!

وَلْيَحْكُمْ أَهْلُ ٱلْإِنجِيلِ بِمَآ أَنزَلَ ٱللَّهُ فِيهِ ۚ وَمَن لَّمْ يَحْكُم بِمَآ أَنزَلَ ٱللَّهُ فَأُو۟لَٰٓئِكَ هُمُ ٱلْفَٰسِقُونَ ﴿٤٧﴾

48. И Ние тебе, секако, ти објавивме Книга со вистина, Потврда за Книгата што му се објави и нејзин заштитник. Па, суди меѓу нив според она што го објави Аллах во неа. Па, не следи ги страстите нивни, и не оддалечувај се од вистината која ти дојде. И за сите вас Ние пропишавме закон и пат. Аллах да сакаше ќе ве направеше еден народ. Но, не! Аллах сака да ве испроба за она што Он ви го даде. Еднисодруги, тогаш, предначете во добри дела зашто враќањето на сите вас води до Аллах и Он ќе ве извести за делениците ваши!

وَأَنزَلْنَآ إِلَيْكَ ٱلْكِتَٰبَ بِٱلْحَقِّ مُصَدِّقًا لِّمَا بَيْنَ يَدَيْهِ مِنَ ٱلْكِتَٰبِ وَمُهَيْمِنًا عَلَيْهِ ۖ فَٱحْكُم بَيْنَهُم بِمَآ أَنزَلَ ٱللَّهُ ۖ وَلَا تَتَّبِعْ أَهْوَآءَهُمْ عَمَّا جَآءَكَ مِنَ ٱلْحَقِّ ۚ لِكُلٍّ جَعَلْنَا مِنكُمْ شِرْعَةً وَمِنْهَاجًا ۚ وَلَوْ شَآءَ ٱللَّهُ لَجَعَلَكُمْ أُمَّةً وَٰحِدَةً وَلَٰكِن لِّيَبْلُوَكُمْ فِى مَآ ءَاتَىٰكُمْ ۖ فَٱسْتَبِقُوا۟ ٱلْخَيْرَٰتِ ۚ إِلَى ٱللَّهِ مَرْجِعُكُمْ جَمِيعًا فَيُنَبِّئُكُم بِمَا كُنتُمْ فِيهِ تَخْتَلِفُونَ ﴿٤٨﴾

49.И суди меѓу луѓето според она што го објави Аллах. Не следи ги страстите нивни, и чувај се да не ти направат сплетка во дел од она што го објави Аллах. А ако ги свртат плеќите - та, знај дека Аллах сака да ги снајде несреќа заради некои од гревовите нивни. Мнозинството од луѓето, навистина, се расипани!

وَأَنِ ٱحْكُم بَّيْنَهُم بِمَآ أَنزَلَ ٱللَّهُ وَلَا تَتَّبِعْ أَهْوَآءَهُمْ وَٱحْذَرْهُمْ أَن يَفْتِنُوكَ عَنۢ بَعْضِ مَآ أَنزَلَ ٱللَّهُ إِلَيْكَ ۖ فَإِن تَوَلَّوْا۟ فَٱعْلَمْ أَنَّمَا يُرِيدُ ٱللَّهُ أَن يُصِيبَهُم بِبَعْضِ ذُنُوبِهِمْ ۗ وَإِنَّ كَثِيرًا مِّنَ ٱلنَّاسِ لَفَٰسِقُونَ ﴿٤٩﴾

50. Судењето ли од џахилијјетот оние го бараат? А кој суди подобро од Аллах за луѓето кои се во верувањето уверени?

أَفَحُكْمَ ٱلْجَٰهِلِيَّةِ يَبْغُونَ ۚ وَمَنْ أَحْسَنُ مِنَ ٱللَّهِ حُكْمًا لِّقَوْمٍ يُوقِنُونَ ﴿٥٠﴾

51. О верници, не земајте ги Евреите и христијаните за заштитници. Оние се еднинадруги заштитници. А оние кои ќе ги земат за заштитници од вас - од нив се, навистина! Аллах, секако, не го упатува народот зулумќарски!

۞ يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ لَا تَتَّخِذُوا۟ ٱلْيَهُودَ وَٱلنَّصَٰرَىٰٓ أَوْلِيَآءَ ۘ بَعْضُهُمْ أَوْلِيَآءُ بَعْضٍ ۚ وَمَن يَتَوَلَّهُم مِّنكُمْ فَإِنَّهُۥ مِنْهُمْ ۗ إِنَّ ٱللَّهَ لَا يَهْدِى ٱلْقَوْمَ ٱلظَّٰلِمِينَ ﴿٥١﴾

52. Па, ги гледаш, оние кои во срцата свои имаат болештина, како се натпреварuваат во тоа. Зборуваат:"Се плашиме да не ни се сврти несреќа некаква!" А Аллах ќе донесе победа или ќе даде од Себе некаква наредба па ќе осамнат, каејќи се за она што го криеја во душите свои.

فَتَرَى ٱلَّذِينَ فِى قُلُوبِهِم مَّرَضٌ يُسَٰرِعُونَ فِيهِمْ يَقُولُونَ نَخْشَىٰٓ أَن تُصِيبَنَا دَآئِرَةٌ ۚ فَعَسَى ٱللَّهُ أَن يَأْتِىَ بِٱلْفَتْحِ أَوْ أَمْرٍ مِّنْ عِندِهِۦ فَيُصْبِحُوا۟ عَلَىٰ مَآ أَسَرُّوا۟ فِىٓ أَنفُسِهِمْ نَٰدِمِينَ ﴿٥٢﴾

53. А верниците, пак, ќе речат: " Оние ли се кои се колнеа во Аллах со тешка заклетва своја дека

وَيَقُولُ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓا۟ أَهَٰٓؤُلَآءِ ٱلَّذِينَ أَقْسَمُوا۟ بِٱللَّهِ جَهْدَ أَيْمَٰنِهِمْ ۙ إِنَّهُمْ لَمَعَكُمْ ۚ حَبِطَتْ أَعْمَٰلُهُمْ

се, навистина, со вас. Делата нивни ќе пропаднат и, тогаш, ќе осамнат поразени!

فَأَصْبَحُوا۟ خَـٰسِرِينَ ﴿٥٣﴾

54. О верници, оној од вас кој ќе отстапи од верата своја - та, Аллах ќе донесе народ што Он го љуби, и што оние го љубат: кон верниците ќе бидат милостиви, а кон неверниците ќе бидат груби; се борат на Аллаховиот пат и нема да се плашат од каков било укор на укорувачите. Ете, тоа е добрината Аллахова која ја дава со посак Свој. Аллах е Неизмерен и Зналец!

يَـٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ مَن يَرْتَدَّ مِنكُمْ عَن دِينِهِۦ فَسَوْفَ يَأْتِى ٱللَّهُ بِقَوْمٍ يُحِبُّهُمْ وَيُحِبُّونَهُۥٓ أَذِلَّةٍ عَلَى ٱلْمُؤْمِنِينَ أَعِزَّةٍ عَلَى ٱلْكَـٰفِرِينَ يُجَـٰهِدُونَ فِى سَبِيلِ ٱللَّهِ وَلَا يَخَافُونَ لَوْمَةَ لَآئِمٍ ۚ ذَٰلِكَ فَضْلُ ٱللَّهِ يُؤْتِيهِ مَن يَشَآءُ ۚ وَٱللَّهُ وَٰسِعٌ عَلِيمٌ ﴿٥٤﴾

55. Заштитникот ваш, навистина, е Аллах и пејгамберот Негов и оние кои веруваат и кои намаз извршуваат и кои зекат даваат. Овие се, токму, поклониците!

إِنَّمَا وَلِيُّكُمُ ٱللَّهُ وَرَسُولُهُۥ وَٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ ٱلَّذِينَ يُقِيمُونَ ٱلصَّلَوٰةَ وَيُؤْتُونَ ٱلزَّكَوٰةَ وَهُمْ رَٰكِعُونَ ﴿٥٥﴾

56. Оној кој ќе ги земе за заштитници Аллаха и пејгамберот Негов и оние кои веруваат - та, Аллаховата дружина ќе победи!

وَمَن يَتَوَلَّ ٱللَّهَ وَرَسُولَهُۥ وَٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ فَإِنَّ حِزْبَ ٱللَّهِ هُمُ ٱلْغَـٰلِبُونَ ﴿٥٦﴾

57. О верници, не земајте ги за заштитници оние кои ја земаат верата ваша за игра, исмевање на оние на кои им беше дадена Книгата пред вас и на неверниците. Плашете се од Аллах ако сте верници!

يَـٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ لَا تَتَّخِذُوا۟ ٱلَّذِينَ ٱتَّخَذُوا۟ دِينَكُمْ هُزُوًا وَلَعِبًا مِّنَ ٱلَّذِينَ أُوتُوا۟ ٱلْكِتَـٰبَ مِن قَبْلِكُمْ وَٱلْكُفَّارَ أَوْلِيَآءَ ۚ وَٱتَّقُوا۟ ٱللَّهَ إِن كُنتُم مُّؤْمِنِينَ ﴿٥٧﴾

58. И кога повикувате кон намаз - тоа го земаат за игра и исмевање. Ова е заради тоа што се луѓе кои не сфаќаат!

وَإِذَا نَادَيْتُمْ إِلَى ٱلصَّلَوٰةِ ٱتَّخَذُوهَا هُزُوًا وَلَعِبًا ۚ ذَٰلِكَ بِأَنَّهُمْ قَوْمٌ لَّا يَعْقِلُونَ ﴿٥٨﴾

59. Кажи:"О следбеници на Книгата, зарем ќе ни приговарате затоа што веруваме во Аллах и во она што е објавено порано?" А мнозинството од вас се расипани!

قُلْ يَٰٓأَهْلَ ٱلْكِتَٰبِ هَلْ تَنقِمُونَ مِنَّآ إِلَّآ أَنْ ءَامَنَّا بِٱللَّهِ وَمَآ أُنزِلَ إِلَيْنَا وَمَآ أُنزِلَ مِن قَبْلُ وَأَنَّ أَكْثَرَكُمْ فَٰسِقُونَ ﴿٥٩﴾

60. Кажи:"Да ве известам ли за она што е полошо од тоа за што ќе се има казна кај Аллах? Оние врз кои ќе се исипа проклетството и лутината Аллахова, оние од кои направи мајмуни и свињи, и кои го обожаваат Шејтанот нив ги чека најлошо место, и скршнаа најдалеку по лошиот пат."

قُلْ هَلْ أُنَبِّئُكُم بِشَرٍّ مِّن ذَٰلِكَ مَثُوبَةً عِندَ ٱللَّهِ ۚ مَن لَّعَنَهُ ٱللَّهُ وَغَضِبَ عَلَيْهِ وَجَعَلَ مِنْهُمُ ٱلْقِرَدَةَ وَٱلْخَنَازِيرَ وَعَبَدَ ٱلطَّٰغُوتَ ۚ أُو۟لَٰٓئِكَ شَرٌّ مَّكَانًا وَأَضَلُّ عَن سَوَآءِ ٱلسَّبِيلِ ﴿٦٠﴾

61. А кога ќе ви дојдат, зборуваат: "Ние веруваме" - но оние влегуваат со неверство и излегуваат со неверство. А Аллах најдобро го знае она што го кријат!

وَإِذَا جَآءُوكُمْ قَالُوٓا۟ ءَامَنَّا وَقَد دَّخَلُوا۟ بِٱلْكُفْرِ وَهُمْ قَدْ خَرَجُوا۟ بِهِۦ ۚ وَٱللَّهُ أَعْلَمُ بِمَا كَانُوا۟ يَكْتُمُونَ ﴿٦١﴾

62. Ги гледаш многу од нив како се натпреваруваат и во грев и во непријателство и кои го јадат она што им е забрането. Е, само колку е лошо она што го правеа!

وَتَرَىٰ كَثِيرًا مِّنْهُمْ يُسَٰرِعُونَ فِى ٱلْإِثْمِ وَٱلْعُدْوَٰنِ وَأَكْلِهِمُ ٱلسُّحْتَ ۚ لَبِئْسَ مَا كَانُوا۟ يَعْمَلُونَ ﴿٦٢﴾

لَوْلَا يَنْهَىٰهُمُ ٱلرَّبَّٰنِيُّونَ وَٱلْأَحْبَارُ عَن قَوْلِهِمُ ٱلْإِثْمَ وَأَكْلِهِمُ ٱلسُّحْتَ ۚ لَبِئْسَ مَا كَانُوا۟ يَصْنَعُونَ ﴿٦٣﴾

63. Зошто рабините и побожните луѓе не ги одвраќаа од нивното зборување, грев и јадење од она што е забрането. Е, само колку е лошо она што го правеа!

وَقَالَتِ ٱلْيَهُودُ يَدُ ٱللَّهِ مَغْلُولَةٌ ۚ غُلَّتْ أَيْدِيهِمْ وَلُعِنُوا۟ بِمَا قَالُوا۟ ۘ بَلْ يَدَاهُ مَبْسُوطَتَانِ يُنفِقُ كَيْفَ يَشَآءُ ۚ وَلَيَزِيدَنَّ كَثِيرًا مِّنْهُم مَّآ أُنزِلَ إِلَيْكَ مِن رَّبِّكَ طُغْيَٰنًا وَكُفْرًا ۚ وَأَلْقَيْنَا بَيْنَهُمُ ٱلْعَدَٰوَةَ وَٱلْبَغْضَآءَ إِلَىٰ يَوْمِ ٱلْقِيَٰمَةِ ۚ كُلَّمَآ أَوْقَدُوا۟ نَارًا لِّلْحَرْبِ أَطْفَأَهَا ٱللَّهُ ۚ وَيَسْعَوْنَ فِى ٱلْأَرْضِ فَسَادًا ۚ وَٱللَّهُ لَا يُحِبُّ ٱلْمُفْسِدِينَ ﴿٦٤﴾

64. Евреите зборуваат: "Раката Аллахова е стисната!" Стиснати се рацете нивни и нека бидат проклети за она што го зборуваат. И двете раце Негови се отворени. Он снабдува како што сака. И она што ти се објавува од Господарот твој кај многумина од нив ќе го засили насилството и неверувањето. И меѓу нив Ние уфрливме непријателство и омраза до Денот суден. И секогаш кога ќе запалат оган за војна Аллах го гасне. На земјава настојуваат да прават безредие. А Аллах не ги љуби безредниците!

وَلَوْ أَنَّ أَهْلَ ٱلْكِتَٰبِ ءَامَنُوا۟ وَٱتَّقَوْا۟ لَكَفَّرْنَا عَنْهُمْ سَيِّـَٔاتِهِمْ وَلَأَدْخَلْنَٰهُمْ جَنَّٰتِ ٱلنَّعِيمِ ﴿٦٥﴾

65. А, ако Следбениците на Книгата веруваат и ако се плашат Ние ќе ги отстраниме од нив злите дела и ќе ги воведеме во бавчите џеннетски благословени!

وَلَوْ أَنَّهُمْ أَقَامُوا۟ ٱلتَّوْرَىٰةَ وَٱلْإِنجِيلَ وَمَآ أُنزِلَ إِلَيْهِم مِّن رَّبِّهِمْ لَأَكَلُوا۟ مِن فَوْقِهِمْ وَمِن تَحْتِ أَرْجُلِهِمْ ۚ مِّنْهُمْ أُمَّةٌ مُّقْتَصِدَةٌ ۖ وَكَثِيرٌ مِّنْهُمْ سَآءَ مَا يَعْمَلُونَ ﴿٦٦﴾

66. Да се придржуваа кон Теврат и Инџил и кон она што им е објавено од Господарот нивни сигурно би имале што да јадат од она што е над нив и од она што е под нив, навистина! Меѓу

нив има умерена заедница. Но, она што многу од нив го работат е лошо.

67. О пејгамберу, кажувај го она што ти е објавено од Господарот твој. Ако тоа не го направиш, не си го известил пораката Негово. Аллах те чува од луѓето. Аллах, навистина, не го упатува народот невернички!

۞ يَٰٓأَيُّهَا ٱلرَّسُولُ بَلِّغْ مَآ أُنزِلَ إِلَيْكَ مِن رَّبِّكَ ۖ وَإِن لَّمْ تَفْعَلْ فَمَا بَلَّغْتَ رِسَالَتَهُۥ ۚ وَٱللَّهُ يَعْصِمُكَ مِنَ ٱلنَّاسِ ۗ إِنَّ ٱللَّهَ لَا يَهْدِى ٱلْقَوْمَ ٱلْكَٰفِرِينَ ﴿٦٧﴾

68. Кажи:"О следбеници на Книгата, вие не сте ништо додека не се придржувате кон Тевратот и кон Инџил и кон она што ви е објавено од Господарот ваш. Она што е објавено од Господарот твој ќе го засили сигурно, кај многу од нив, насилството и неверувањето, но, тогаш, не задавај си грижа за народот невернички!

قُلْ يَٰٓأَهْلَ ٱلْكِتَٰبِ لَسْتُمْ عَلَىٰ شَىْءٍ حَتَّىٰ تُقِيمُوا۟ ٱلتَّوْرَىٰةَ وَٱلْإِنجِيلَ وَمَآ أُنزِلَ إِلَيْكُم مِّن رَّبِّكُمْ ۗ وَلَيَزِيدَنَّ كَثِيرًا مِّنْهُم مَّآ أُنزِلَ إِلَيْكَ مِن رَّبِّكَ طُغْيَٰنًا وَكُفْرًا ۖ فَلَا تَأْسَ عَلَى ٱلْقَوْمِ ٱلْكَٰفِرِينَ ﴿٦٨﴾

69. Оние кои веруваа и кои станаа Евреи и Сабејци и христијани... кои веруваа во Аллах и во Денот суден и кои работеа добри дела - та, не ќе стравуваат и не ќе тагуваат!

57. И Он е оној кој го испраќа ветрот како радосница пред да дојде Милоста Негова: кога ќе ги понесе тешките облаци Ние ги управуваме кон мртвиот предел па со нив спуштаме вода, со чија помош, тогаш, вадиме плодови секакви. Ете, така Ние ги вадиме мртвите да се сеќавате!

وَٱلْبَلَدُ ٱلطَّيِّبُ يَخْرُجُ نَبَاتُهُۥ بِإِذْنِ رَبِّهِۦ ۖ وَٱلَّذِى

58. Убавиот предел ги вади плодовите свои со одобрението од

Господарот свој, а оној што е осквернет сосем малку дава плод. Ете, така Ние ги распоредуваме знамењата за луѓето кои се заблагодаруваат.

خَبُثَ لَا يَخْرُجُ إِلَّا نَكِدًا ۚ كَذَٰلِكَ نُصَرِّفُ
ٱلْآيَٰتِ لِقَوْمٍ يَشْكُرُونَ ﴿٥٨﴾

59. И Нуха, секако, Ние го испративме до народот негов и рече: "Народе мој, обожавајте го Аллаха. Вие друг бог освен Него немате. Јас за вас, навистина, се плашам од казната на Денот голем!"

لَقَدْ أَرْسَلْنَا نُوحًا إِلَىٰ قَوْمِهِۦ فَقَالَ يَٰقَوْمِ ٱعْبُدُوا۟
ٱللَّهَ مَا لَكُم مِّنْ إِلَٰهٍ غَيْرُهُۥٓ ۖ إِنِّىٓ أَخَافُ عَلَيْكُمْ
عَذَابَ يَوْمٍ عَظِيمٍ ﴿٥٩﴾

60. Големците од народот негов рекоа: "Да, ние сметаме дека си, навистина, во заблуда јасна!"

قَالَ ٱلْمَلَأُ مِن قَوْمِهِۦٓ إِنَّا لَنَرَىٰكَ فِى ضَلَٰلٍ
مُّبِينٍ ﴿٦٠﴾

61. Нух рече: "О народе мој, при мене нема заблуда; јас сум, навистина, пејгамбер од Господарот на световите!"

قَالَ يَٰقَوْمِ لَيْسَ بِى ضَلَٰلَةٌ وَلَٰكِنِّى رَسُولٌ
مِّن رَّبِّ ٱلْعَٰلَمِينَ ﴿٦١﴾

62. Ви ги известувам пратенијата од Господарот мој и ве советувам. Од Аллах го знам она што вие не го знаете!

أُبَلِّغُكُمْ رِسَٰلَٰتِ رَبِّى وَأَنصَحُ لَكُمْ
وَأَعْلَمُ مِنَ ٱللَّهِ مَا لَا تَعْلَمُونَ ﴿٦٢﴾

63. Или пак се чудите што ви дојде Спомен од Господарот ваш, преку еден човек од вас, за да ве опомене: да бидете богобојазливи... Он за да ви се смилува.

أَوَعَجِبْتُمْ أَن جَآءَكُمْ ذِكْرٌ مِّن رَّبِّكُمْ عَلَىٰ رَجُلٍ
مِّنكُمْ لِيُنذِرَكُمْ وَلِتَتَّقُوا۟ وَلَعَلَّكُمْ تُرْحَمُونَ ﴿٦٣﴾

64. Па, го сметаа за лажен. А него и оние кои беа со него Ние ги спасивме во бродот. А оние кои фрлаа лага врз знамењата

فَكَذَّبُوهُ فَأَنجَيْنَٰهُ وَٱلَّذِينَ مَعَهُۥ فِى ٱلْفُلْكِ وَأَغْرَقْنَا
ٱلَّذِينَ كَذَّبُوا۟ بِـَٔايَٰتِنَآ ۚ إِنَّهُمْ كَانُوا۟
قَوْمًا عَمِينَ ﴿٦٤﴾

Наши ги потопивме. Беа слепи луѓе, навистина!

65. А до Ад Ние го испративме Худа, братот нивни. Рече: "О народе мој, обожавајте го Аллаха. Вие друг бог освен Него немате. Зарем не сте богобојазливи?"

۞ وَإِلَىٰ عَادٍ أَخَاهُمْ هُودًا ۚ قَالَ يَٰقَوْمِ ٱعْبُدُوا۟ ٱللَّهَ مَا لَكُم مِّنْ إِلَٰهٍ غَيْرُهُۥٓ ۚ أَفَلَا تَتَّقُونَ ﴿٦٥﴾

66. Големците од народот негов, кои не веруваа, рекоа: "Ние, навистина, сме при мислење дека си безумник и држиме дека си меѓу лашковците!"

قَالَ ٱلْمَلَأُ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ مِن قَوْمِهِۦٓ إِنَّا لَنَرَىٰكَ فِى سَفَاهَةٍ وَإِنَّا لَنَظُنُّكَ مِنَ ٱلْكَٰذِبِينَ ﴿٦٦﴾

67. Рече: "О народе мој, при мене нема безумност; јас сум, навистина, пејгамбер од Господарот на световите!"

قَالَ يَٰقَوْمِ لَيْسَ بِى سَفَاهَةٌ وَلَٰكِنِّى رَسُولٌ مِّن رَّبِّ ٱلْعَٰلَمِينَ ﴿٦٧﴾

68. Ви ги известувам пратенијата од Господарот мој и доверлив советник сум ваш.

أُبَلِّغُكُمْ رِسَٰلَٰتِ رَبِّى وَأَنَا۠ لَكُمْ نَاصِحٌ أَمِينٌ ﴿٦٨﴾

69. Или се чудите што ви дојде Спомен од Господарот ваш, преку еден човек од вас, за да ве предупреди. Сетете се кога Он, по народот Нухов, ве определи за халифи, и кога го зголеми вашиот раст во творештвото. Па, сетете се на благодатите Аллахови за да се спасите!

أَوَعَجِبْتُمْ أَن جَآءَكُمْ ذِكْرٌ مِّن رَّبِّكُمْ عَلَىٰ رَجُلٍ مِّنكُمْ لِيُنذِرَكُمْ ۚ وَٱذْكُرُوٓا۟ إِذْ جَعَلَكُمْ خُلَفَآءَ مِنۢ بَعْدِ قَوْمِ نُوحٍ وَزَادَكُمْ فِى ٱلْخَلْقِ بَصْۜطَةً ۖ فَٱذْكُرُوٓا۟ ءَالَآءَ ٱللَّهِ لَعَلَّكُمْ تُفْلِحُونَ ﴿٦٩﴾

70. Рекоа: "Ни дојде ли за да го обожаваме Аллаха, само Него, а да го оставиме она што го обожаваа предците наши. Дај ни го она што ни го ветуваш ако си меѓу искрените!"

قَالُوٓا۟ أَجِئْتَنَا لِنَعْبُدَ ٱللَّهَ وَحْدَهُۥ وَنَذَرَ مَا كَانَ يَعْبُدُ ءَابَآؤُنَا ۖ فَأْتِنَا بِمَا تَعِدُنَآ إِن كُنتَ مِنَ ٱلصَّٰدِقِينَ ﴿٧٠﴾

71. Рече: "Паднаа врз вас, секако, од Господарот ваш и зло и гнев. Ќе расправате ли со мене за имињата со кои ги именувавте, вие и предците ваши, оние за кои Аллах не објави никаков доказ? Очекувајте, и јас, навистина, ќе очекувам со вас!"

قَالَ قَدْ وَقَعَ عَلَيْكُم مِّن رَّبِّكُمْ رِجْسٌ
وَغَضَبٌ ۖ أَتُجَٰدِلُونَنِي فِيٓ أَسْمَآءٍ
سَمَّيْتُمُوهَآ أَنتُمْ وَءَابَآؤُكُم مَّا نَزَّلَ ٱللَّهُ
بِهَا مِن سُلْطَٰنٍ ۚ فَٱنتَظِرُوٓا۟ إِنِّي مَعَكُم
مِّنَ ٱلْمُنتَظِرِينَ ﴿٧١﴾

72. Тогаш Ние ги спасивме него и оние со него со Милоста Наша. И целосно ги истребивме оние кои фрлаа лага врз ајетите Наши и кои не беа верници.

فَأَنجَيْنَٰهُ وَٱلَّذِينَ مَعَهُۥ بِرَحْمَةٍ مِّنَّا وَقَطَعْنَا
دَابِرَ ٱلَّذِينَ كَذَّبُوا۟ بِـَٔايَٰتِنَا ۖ وَمَا كَانُوا۟
مُؤْمِنِينَ ﴿٧٢﴾

73. И до Семуд Ние го испративме Салиха, братот нивни. Салих рече: "О народе мој, обожавајте го Аллаха; вие друг бог освен Него немате. Секако, ви дојде објаснување од Господарот ваш. Оваа камила е Аллахово знамение за вас. Оставете ја да пасе по земјата Аллахова и не правете ѝ никакво зло зашто ќе ве обземе казна болна."

وَإِلَىٰ ثَمُودَ أَخَاهُمْ صَٰلِحًا ۚ قَالَ يَٰقَوْمِ ٱعْبُدُوا۟
ٱللَّهَ مَا لَكُم مِّنْ إِلَٰهٍ غَيْرُهُۥ ۖ قَدْ جَآءَتْكُم
بَيِّنَةٌ مِّن رَّبِّكُمْ ۖ هَٰذِهِۦ نَاقَةُ ٱللَّهِ لَكُمْ
ءَايَةً ۖ فَذَرُوهَا تَأْكُلْ فِىٓ أَرْضِ ٱللَّهِ ۖ
وَلَا تَمَسُّوهَا بِسُوٓءٍ فَيَأْخُذَكُمْ عَذَابٌ أَلِيمٌ ﴿٧٣﴾

74. Сетете се кога Он, по Ад, ве определи за халифи, и кога ве насели на земјата низ чии рамнини подигавте дворови а во ридовите палати. Сетете се на благодатите Аллахови и не ширете по земјата безредие како што шират безредниците!

وَٱذْكُرُوٓا۟ إِذْ جَعَلَكُمْ خُلَفَآءَ مِنۢ بَعْدِ عَادٍ
وَبَوَّأَكُمْ فِى ٱلْأَرْضِ تَتَّخِذُونَ
مِن سُهُولِهَا قُصُورًا وَتَنْحِتُونَ ٱلْجِبَالَ بُيُوتًا ۖ
فَٱذْكُرُوٓا۟ ءَالَآءَ ٱللَّهِ وَلَا تَعْثَوْا۟ فِى ٱلْأَرْضِ
مُفْسِدِينَ ﴿٧٤﴾

75. А големците кои се дуваа од народот негов на оние кои веруваа од нив, што ги сметаа слаби, им рекоа: "Знаете ли дека, навистина, Салих е испратен од Господарот негов?" - Рекоа: "Ние, навистина, веруваме во она со што е испратен!"

قَالَ ٱلْمَلَأُ ٱلَّذِينَ ٱسْتَكْبَرُوا۟ مِن قَوْمِهِۦ لِلَّذِينَ ٱسْتُضْعِفُوا۟ لِمَنْ ءَامَنَ مِنْهُمْ أَتَعْلَمُونَ أَنَّ صَٰلِحًا مُّرْسَلٌ مِّن رَّبِّهِۦ ۚ قَالُوٓا۟ إِنَّا بِمَآ أُرْسِلَ بِهِۦ مُؤْمِنُونَ ﴿٧٥﴾

76. Оние кои се дуваа, рекоа: "Ние, навистина, не веруваме во она во што вие верувате!"

قَالَ ٱلَّذِينَ ٱسْتَكْبَرُوٓا۟ إِنَّا بِٱلَّذِىٓ ءَامَنتُم بِهِۦ كَٰفِرُونَ ﴿٧٦﴾

77. Па, ја заклаа онаа камила и се оддалечија од наредбата на Господарот свој, и рекоа: "О Салих, дај ни го она што ни го вети ако си меѓу пејгамберите!"

فَعَقَرُوا۟ ٱلنَّاقَةَ وَعَتَوْا۟ عَنْ أَمْرِ رَبِّهِمْ وَقَالُوا۟ يَٰصَٰلِحُ ٱئْتِنَا بِمَا تَعِدُنَآ إِن كُنتَ مِنَ ٱلْمُرْسَلِينَ ﴿٧٧﴾

78. И тогаш ги шибна земјотрес; останаа во домовите свои, скаменети!

فَأَخَذَتْهُمُ ٱلرَّجْفَةُ فَأَصْبَحُوا۟ فِى دَارِهِمْ جَٰثِمِينَ ﴿٧٨﴾

79. Па, Салих се сврте од нив и рече: "О народе мој, ви го известив само пратението од Господарот мој и ве посоветував. Но, ете, вие не ги сакате советувачите!"

فَتَوَلَّىٰ عَنْهُمْ وَقَالَ يَٰقَوْمِ لَقَدْ أَبْلَغْتُكُمْ رِسَالَةَ رَبِّى وَنَصَحْتُ لَكُمْ وَلَٰكِن لَّا تُحِبُّونَ ٱلنَّٰصِحِينَ ﴿٧٩﴾

80. И Лута Ние го испративме; кога рече: "О народе мој, зарем правите срамно дело кое никој пред вас на светов не го правеше?"

وَلُوطًا إِذْ قَالَ لِقَوْمِهِۦٓ أَتَأْتُونَ ٱلْفَٰحِشَةَ مَا سَبَقَكُم بِهَا مِنْ أَحَدٍ مِّنَ ٱلْعَٰلَمِينَ ﴿٨٠﴾

81. Да, вие место кон жените страстно приоѓате кон мажите. Ете и вие сте народ расипнички."

إِنَّكُمْ لَتَأْتُونَ ٱلرِّجَالَ شَهْوَةً مِّن دُونِ ٱلنِّسَآءِ ۚ بَلْ أَنتُمْ قَوْمٌ مُّسْرِفُونَ ﴿٨١﴾

82. Народот негов, одговарајќи, рече вака: "Истерајте ги од населбите ваши. Тоа се, навистина, луѓе кои постојано се снемуваат!"

وَمَا كَانَ جَوَابَ قَوْمِهِۦٓ إِلَّآ أَن قَالُوٓا۟ أَخْرِجُوهُم مِّن قَرْيَتِكُمْ ۖ إِنَّهُمْ أُنَاسٌ يَتَطَهَّرُونَ ﴿٨٢﴾

83. Па, Ние него и семејството негово, освен жена му, ги спасивме. И таа беше меѓу страдалниците.

فَأَنجَيْنَٰهُ وَأَهْلَهُۥٓ إِلَّا ٱمْرَأَتَهُۥ كَانَتْ مِنَ ٱلْغَٰبِرِينَ ﴿٨٣﴾

84. И врз нив падна голем дожд - та, погледни каква беше казната врз силниците!

وَأَمْطَرْنَا عَلَيْهِم مَّطَرًا ۖ فَٱنظُرْ كَيْفَ كَانَ عَٰقِبَةُ ٱلْمُجْرِمِينَ ﴿٨٤﴾

85. И до Медјен Ние го испративме Шуајба, братот нивни. Рече: "О народе мој, обожавајте го Аллаха; вие друг бог освен Него немате. Секако, ви дојде објаснување од Господарот ваш. Мерете и вагајте праведно и на луѓето не откинувајте им од стварите нивни; не сејте безредие по земјата, по веќе воспоставениот ред на неа. Ете, тоа е подобро за вас ако сте верници!

وَإِلَىٰ مَدْيَنَ أَخَاهُمْ شُعَيْبًا ۚ قَالَ يَٰقَوْمِ ٱعْبُدُوا۟ ٱللَّهَ مَا لَكُم مِّنْ إِلَٰهٍ غَيْرُهُۥ ۖ قَدْ جَآءَتْكُم بَيِّنَةٌ مِّن رَّبِّكُمْ ۖ فَأَوْفُوا۟ ٱلْكَيْلَ وَٱلْمِيزَانَ وَلَا تَبْخَسُوا۟ ٱلنَّاسَ أَشْيَآءَهُمْ وَلَا تُفْسِدُوا۟ فِى ٱلْأَرْضِ بَعْدَ إِصْلَٰحِهَا ۚ ذَٰلِكُمْ خَيْرٌ لَّكُمْ إِن كُنتُم مُّؤْمِنِينَ ﴿٨٥﴾

86. Не правете стапица на пат, загрозувајќи и од патот Аллахов, одвраќајќи ги оние кои веруваат во Него, а тежнејќи кон кривиот пат. Сетете се кога бевте малкумина, па Он ве размножи. Погледни каква беше казната за безредниците!

وَلَا تَقْعُدُوا۟ بِكُلِّ صِرَٰطٍ تُوعِدُونَ وَتَصُدُّونَ عَن سَبِيلِ ٱللَّهِ مَنْ ءَامَنَ بِهِۦ وَتَبْغُونَهَا عِوَجًا ۚ وَٱذْكُرُوٓا۟ إِذْ كُنتُمْ قَلِيلًا فَكَثَّرَكُمْ ۖ وَٱنظُرُوا۟ كَيْفَ كَانَ عَٰقِبَةُ ٱلْمُفْسِدِينَ ﴿٨٦﴾

87. Ако една дружина меѓу вас верува во она со што сум испратен, а друга не верува - та, стрпете се додека Аллах не пресуди меѓу нас. Он е меѓу судиите Најдобриот!

وَإِن كَانَ طَآئِفَةٌ مِّنكُمْ ءَامَنُوا۟ بِٱلَّذِىٓ أُرْسِلْتُ بِهِۦ وَطَآئِفَةٌ لَّمْ يُؤْمِنُوا۟ فَٱصْبِرُوا۟ حَتَّىٰ يَحْكُمَ ٱللَّهُ بَيْنَنَا ۚ وَهُوَ خَيْرُ ٱلْحَٰكِمِينَ ﴿٨٧﴾

88. Големците меѓу народот негов, кои се дуваа, рекоа: "О Шуајб, или ќе те истераме со оние кои веруваат од градов наш или пак, сигурно, ќе те вратиме во верата наша." Шуајб рече: "Зарем и покрај тоа што сме присилени на тоа!?"

۞ قَالَ ٱلْمَلَأُ ٱلَّذِينَ ٱسْتَكْبَرُوا۟ مِن قَوْمِهِۦ لَنُخْرِجَنَّكَ يَٰشُعَيْبُ وَٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ مَعَكَ مِن قَرْيَتِنَآ أَوْ لَتَعُودُنَّ فِى مِلَّتِنَا ۚ قَالَ أَوَلَوْ كُنَّا كَٰرِهِينَ ﴿٨٨﴾

89. Така, врз Аллах ние би фрлале лага ако се вратиме во верата ваша по Аллаховото избавување од неа. Нам не ни доликува да се вратиме кон таа вера зашто Аллах, Господарот наш, не го сака тоа. Господарот наш, со знаењето, ги опфаќа сите нешта. Врз Аллах се потпираме. Господаре наш, меѓу нас и народот наш, пресуди ни праведно зашто Ти си, меѓу судиите, Најдобриот!"

قَدِ ٱفْتَرَيْنَا عَلَى ٱللَّهِ كَذِبًا إِنْ عُدْنَا فِى مِلَّتِكُم بَعْدَ إِذْ نَجَّىٰنَا ٱللَّهُ مِنْهَا ۚ وَمَا يَكُونُ لَنَآ أَن نَّعُودَ فِيهَآ إِلَّآ أَن يَشَآءَ ٱللَّهُ رَبُّنَا ۚ وَسِعَ رَبُّنَا كُلَّ شَىْءٍ عِلْمًا ۗ عَلَى ٱللَّهِ تَوَكَّلْنَا ۚ رَبَّنَا ٱفْتَحْ بَيْنَنَا وَبَيْنَ قَوْمِنَا بِٱلْحَقِّ وَأَنتَ خَيْرُ ٱلْفَٰتِحِينَ ﴿٨٩﴾

90. Големците од народот негов, кои не веруваа, рекоа: "Ако го следите Шуајба, тогаш, навистина, ќе бидете меѓу поразените!"

وَقَالَ ٱلْمَلَأُ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ مِن قَوْمِهِۦ لَئِنِ ٱتَّبَعْتُمْ شُعَيْبًا إِنَّكُمْ إِذًا لَّخَٰسِرُونَ ﴿٩٠﴾

فَأَخَذَتْهُمُ ٱلرَّجْفَةُ فَأَصْبَحُوا۟ فِى دَارِهِمْ جَٰثِمِينَ ﴿٩١﴾

91. И тогаш ги шибна земјотрес, па останаа во домовите свои, скаменети!

ٱلَّذِينَ كَذَّبُوا۟ شُعَيْبًا كَأَن لَّمْ يَغْنَوْا۟ فِيهَا ۚ ٱلَّذِينَ كَذَّبُوا۟ شُعَيْبًا كَانُوا۟ هُمُ ٱلْخَٰسِرِينَ ﴿٩٢﴾

92. Оние кои го сметаа Шуајба за лашко - тоа не им вредеше ништо. Оние кои го сметаа Шуајба за лашко, токму, беа поразените.

فَتَوَلَّىٰ عَنْهُمْ وَقَالَ يَٰقَوْمِ لَقَدْ أَبْلَغْتُكُمْ رِسَٰلَٰتِ رَبِّى وَنَصَحْتُ لَكُمْ ۖ فَكَيْفَ ءَاسَىٰ عَلَىٰ قَوْمٍ كَٰفِرِينَ ﴿٩٣﴾

93. И тој тогаш ги заврти плеќите и рече: "О народе мој, ви ги доставив пратенијата од Господарот мој и ве посоветував. Тогаш, зошто да се жалостам заради народот неверници!?"

وَمَآ أَرْسَلْنَا فِى قَرْيَةٍ مِّن نَّبِىٍّ إِلَّآ أَخَذْنَآ أَهْلَهَا بِٱلْبَأْسَآءِ وَٱلضَّرَّآءِ لَعَلَّهُمْ يَضَّرَّعُونَ ﴿٩٤﴾

94. И во ниеден град Ние не испративме пејгамбер а жителите негови да не ги казневме со несреќа и штета за да бидат потчинети.

ثُمَّ بَدَّلْنَا مَكَانَ ٱلسَّيِّئَةِ ٱلْحَسَنَةَ حَتَّىٰ عَفَوا۟ وَّقَالُوا۟ قَدْ مَسَّ ءَابَآءَنَا ٱلضَّرَّآءُ وَٱلسَّرَّآءُ فَأَخَذْنَٰهُم بَغْتَةً وَهُمْ لَا يَشْعُرُونَ ﴿٩٥﴾

95. Потоа Ние несреќата ја заменивме со добро, додека се размножија и рекоа: "И нашите предци ги снаоѓаше штета и несреќа." И, тогаш, Ние ги казнивме одненадеж без да усетат.

وَلَوْ أَنَّ أَهْلَ ٱلْقُرَىٰٓ ءَامَنُوا۟ وَٱتَّقَوْا۟ لَفَتَحْنَا عَلَيْهِم بَرَكَٰتٍ مِّنَ ٱلسَّمَآءِ وَٱلْأَرْضِ وَلَٰكِن كَذَّبُوا۟ فَأَخَذْنَٰهُم بِمَا كَانُوا۟ يَكْسِبُونَ ﴿٩٦﴾

96. А жителите на градот да веруваа и да беа богобојазливи Ние ќе им отворевме бериќети и од небо и од земја, но лажеа, и за она што го спечалија, Ние ги казнивме.

97. Па, сигурни ли се жителите од градот дека нема да ги шибне несреќа од Нас додека се во домовите, спиејќи,

أَفَأَمِنَ أَهْلُ ٱلْقُرَىٰٓ أَن يَأْتِيَهُم بَأْسُنَا بَيَٰتًا وَهُمْ نَآئِمُونَ ﴿٩٧﴾

98. или, пак, сигурни ли се жителите на градот дека нема да ги шибне несреќа всреде ден, играјќи...

أَوَأَمِنَ أَهْلُ ٱلْقُرَىٰٓ أَن يَأْتِيَهُم بَأْسُنَا ضُحًى وَهُمْ يَلْعَبُونَ ﴿٩٨﴾

99. Па, сигурни ли се во казната Аллахова? Во казната Аллахова сигурни се луѓето поразени!

أَفَأَمِنُوا۟ مَكْرَ ٱللَّهِ ۚ فَلَا يَأْمَنُ مَكْرَ ٱللَّهِ إِلَّا ٱلْقَوْمُ ٱلْخَٰسِرُونَ ﴿٩٩﴾

100. Не ли се упатени кон тоа оние кои ја наследуваат земјата, по оние кои живееја на неа - дека, доколку сакаме, Ние ќе ги погодиме со несреќа заради гревовите нивни и дека ќе ги запечатиме срцата нивни, па, оние не слушаат.

أَوَلَمْ يَهْدِ لِلَّذِينَ يَرِثُونَ ٱلْأَرْضَ مِنۢ بَعْدِ أَهْلِهَآ أَن لَّوْ نَشَآءُ أَصَبْنَٰهُم بِذُنُوبِهِمْ ۚ وَنَطْبَعُ عَلَىٰ قُلُوبِهِمْ فَهُمْ لَا يَسْمَعُونَ ﴿١٠٠﴾

101. Ете, тоа се градови за чии случки Ние ти кажуваме. Ним им доаѓаа, секако, пејгамбери со јаснотии, но не веруваа во она што го сметаа за лажно од порано. Ете, така Аллах ги запечатува срцата на неверниците!

تِلْكَ ٱلْقُرَىٰ نَقُصُّ عَلَيْكَ مِنْ أَنۢبَآئِهَا ۚ وَلَقَدْ جَآءَتْهُمْ رُسُلُهُم بِٱلْبَيِّنَٰتِ فَمَا كَانُوا۟ لِيُؤْمِنُوا۟ بِمَا كَذَّبُوا۟ مِن قَبْلُ ۚ كَذَٰلِكَ يَطْبَعُ ٱللَّهُ عَلَىٰ قُلُوبِ ٱلْكَٰفِرِينَ ﴿١٠١﴾

102. И кај мнозинството од нив Ние не најдовме ништо од Договорот, а, сосем сигурно, видовме дека мнозинството од нив се расипани.

وَمَا وَجَدْنَا لِأَكْثَرِهِم مِّنْ عَهْدٍ ۖ وَإِن وَجَدْنَآ أَكْثَرَهُمْ لَفَٰسِقِينَ ﴿١٠٢﴾

103. И по нив, потоа, Ние го испративме Муса со знамења Наши, до фараонот и големците

ثُمَّ بَعَثْنَا مِنۢ بَعْدِهِم مُّوسَىٰ بِـَٔايَٰتِنَآ إِلَىٰ فِرْعَوْنَ وَمَلَإِيْهِۦ فَظَلَمُوا۟ بِهَا ۖ فَٱنظُرْ كَيْفَ كَانَ عَٰقِبَةُ

кои беа со него... па, зулум направија. Тогаш, погледни каква беше казната за безредниците!

ٱلْمُفْسِدِينَ ﴿١٠٣﴾

104. И Муса рече: "О фараоне, јас сум, навистина, пејгамбер од Господарот на световите!"

وَقَالَ مُوسَىٰ يَٰفِرْعَوْنُ إِنِّى رَسُولٌ مِّن رَّبِّ ٱلْعَٰلَمِينَ ﴿١٠٤﴾

105. Извесно е дека јас за Аллах зборувам само вистина. Ви дојдов со објаснување од Господарот ваш. Па, испрати ги со мене синовите Израилови!

حَقِيقٌ عَلَىٰٓ أَن لَّآ أَقُولَ عَلَى ٱللَّهِ إِلَّا ٱلْحَقَّ ۚ قَدْ جِئْتُكُم بِبَيِّنَةٍ مِّن رَّبِّكُمْ فَأَرْسِلْ مَعِىَ بَنِىٓ إِسْرَٰٓءِيلَ ﴿١٠٥﴾

106. Рече:"Ако си дојден со знамение, тогаш, покажи го, ако си меѓу искрените!"

قَالَ إِن كُنتَ جِئْتَ بِـَٔايَةٍ فَأْتِ بِهَآ إِن كُنتَ مِنَ ٱلصَّٰدِقِينَ ﴿١٠٦﴾

107. И тогаш го фрли Муса својот стап и ете, очигледно, змија!

فَأَلْقَىٰ عَصَاهُ فَإِذَا هِىَ ثُعْبَانٌ مُّبِينٌ ﴿١٠٧﴾

108. И ја извади раката и таа, ете, за гледачите, стана бела.

وَنَزَعَ يَدَهُۥ فَإِذَا هِىَ بَيْضَآءُ لِلنَّٰظِرِينَ ﴿١٠٨﴾

109. Големците од народот фараонов, рекоа: "Овој, навистина, е волшебник зналец,

قَالَ ٱلْمَلَأُ مِن قَوْمِ فِرْعَوْنَ إِنَّ هَٰذَا لَسَٰحِرٌ عَلِيمٌ ﴿١٠٩﴾

110. и посакува да ве истера од земјата ваша, па, што наредувате?"

يُرِيدُ أَن يُخْرِجَكُم مِّنْ أَرْضِكُمْ ۖ فَمَاذَا تَأْمُرُونَ ﴿١١٠﴾

111. Рекоа: "Задржи ги и него и брат му, и испрати по градовите да се соберат;"

قَالُوٓا۟ أَرْجِهْ وَأَخَاهُ وَأَرْسِلْ فِى ٱلْمَدَآئِنِ حَٰشِرِينَ ﴿١١١﴾

112. ќе ти дојдат, сите од нив, со волшебник зналец.

يَأْتُوكَ بِكُلِّ سَحَّارٍ عَلِيمٍ ﴿١١٢﴾

113. И му дојдоа волшебниците на фараонот, и рекоа: "Ќе има ли за нас, навистина, награда ако испаднеме победници!"

وَجَآءَ ٱلسَّحَرَةُ فِرْعَوْنَ قَالُوٓا۟ إِنَّ لَنَا لَأَجْرًا إِن كُنَّا نَحْنُ ٱلْغَٰلِبِينَ ﴿١١٣﴾

قَالَ نَعَمْ وَإِنَّكُمْ لَمِنَ ٱلْمُقَرَّبِينَ ﴿١١٤﴾

114. Рече: "Да, вие сте меѓу блиските, секако!"

قَالُوا۟ يَٰمُوسَىٰٓ إِمَّآ أَن تُلْقِىَ وَإِمَّآ أَن نَّكُونَ نَحْنُ ٱلْمُلْقِينَ ﴿١١٥﴾

115. Рекоа:"О Муса, или ти да фрлиш или пак ние да фрлиме?"

قَالَ أَلْقُوا۟ ۖ فَلَمَّآ أَلْقَوْا۟ سَحَرُوٓا۟ أَعْيُنَ ٱلنَّاسِ وَٱسْتَرْهَبُوهُمْ وَجَآءُو بِسِحْرٍ عَظِيمٍ ﴿١١٦﴾

116. Рече: "Фрлете вие!" И бидејќи фрлија очите на луѓето им маѓепсаа, се исплашија; изведоа волшебништво големо.

وَأَوْحَيْنَآ إِلَىٰ مُوسَىٰٓ أَنْ أَلْقِ عَصَاكَ ۖ فَإِذَا هِىَ تَلْقَفُ مَا يَأْفِكُونَ ﴿١١٧﴾

117. И на Муса Ние му вдахнавме: "Фрли го стапот!" И стапот негов, ете, го проголта сè она што го изведоа.

فَوَقَعَ ٱلْحَقُّ وَبَطَلَ مَا كَانُوا۟ يَعْمَلُونَ ﴿١١٨﴾

118. Па, ете се случи вистината и бидна ништожно она што го работеа.

فَغُلِبُوا۟ هُنَالِكَ وَٱنقَلَبُوا۟ صَٰغِرِينَ ﴿١١٩﴾

119. И тогаш тие беа победени и станаа мали.

وَأُلْقِىَ ٱلسَّحَرَةُ سَٰجِدِينَ ﴿١٢٠﴾

120. И волшебниците се фрлија со лицата нивни на земја,

قَالُوٓا۟ ءَامَنَّا بِرَبِّ ٱلْعَٰلَمِينَ ﴿١٢١﴾

121. и рекоа: "Ние веруваме во Господарот на световите!

رَبِّ مُوسَىٰ وَهَٰرُونَ ﴿١٢٢﴾

122. Господарот на Муса и на Харун!"

قَالَ فِرْعَوْنُ ءَامَنتُم بِهِۦ قَبْلَ أَنْ ءَاذَنَ لَكُمْ ۖ إِنَّ هَٰذَا لَمَكْرٌ مَّكَرْتُمُوهُ فِى ٱلْمَدِينَةِ لِتُخْرِجُوا۟ مِنْهَآ أَهْلَهَا ۖ فَسَوْفَ تَعْلَمُونَ ﴿١٢٣﴾

123. И фараонот им рече: "Ќе поверувате ли во тоа пред да ви дозволам? Тоа е едно клопко, навистина, со кое ги сплеткавте во градот за да ги истерате од него жителите негови. Ѐ па, ќе узнаете!

لَأُقَطِّعَنَّ أَيْدِيَكُمْ وَأَرْجُلَكُم مِّنْ خِلَٰفٍ ثُمَّ لَأُصَلِّبَنَّكُمْ أَجْمَعِينَ ﴿١٢٤﴾

124. Ќе ви ги испосечам рацете ваши, сосем сигурно, и нозете ваши, вкрстени одзади а потоа сите ќе ве распнам."

125. Оние рекоа: "Ние, навистина, се управуваме кон Господарот наш!

قَالُوٓاْ إِنَّآ إِلَىٰ رَبِّنَا مُنقَلِبُونَ ﴿١٢٥﴾

126. Ти ни замеруваш заради тоа што поверувавме во знаменијата од Господарот наш кои, секако, ни дојдоа. Господаре наш, дај ни трпеливост и овозможи ни да умреме како Послушни."

وَمَا تَنقِمُ مِنَّآ إِلَّآ أَنْ ءَامَنَّا بِـَٔايَـٰتِ رَبِّنَا لَمَّا جَآءَتْنَا ۚ رَبَّنَآ أَفْرِغْ عَلَيْنَا صَبْرًا وَتَوَفَّنَا مُسْلِمِينَ ﴿١٢٦﴾

127. И големците меѓу народот фараонов, рекоа: "Ќе го оставите ли Муса и народот негов да сеат безредие на земјата, и да ве остави тебе и божествата твои?" Рече: "Ќе ги испотпеам синовите нивни, а ќе ги оставам во живот ќерките нивни зашто, навистина, нашата моќ е над нивната."

وَقَالَ ٱلْمَلَأُ مِن قَوْمِ فِرْعَوْنَ أَتَذَرُ مُوسَىٰ وَقَوْمَهُۥ لِيُفْسِدُوا۟ فِى ٱلْأَرْضِ وَيَذَرَكَ وَءَالِهَتَكَ ۚ قَالَ سَنُقَتِّلُ أَبْنَآءَهُمْ وَنَسْتَحْىِۦ نِسَآءَهُمْ ۖ وَإِنَّا فَوْقَهُمْ قَـٰهِرُونَ ﴿١٢٧﴾

128. И Муса му рече на народот свој: "Барајте помош од Аллах и бидете трпеливи. Земјата, навистина е - Аллахова! Со посак Свој, од робовите Негови, ја наследуваат: награда е за богобојазливите!"

قَالَ مُوسَىٰ لِقَوْمِهِ ٱسْتَعِينُوا۟ بِٱللَّهِ وَٱصْبِرُوٓا۟ ۖ إِنَّ ٱلْأَرْضَ لِلَّهِ يُورِثُهَا مَن يَشَآءُ مِنْ عِبَادِهِۦ ۖ وَٱلْعَـٰقِبَةُ لِلْمُتَّقِينَ ﴿١٢٨﴾

129. Оние рекоа: "Бевме прогонувани и пред да ни дојдеш и по доаѓањето твое." Он рече: "Господарот ваш, можеби, ќе го уништи непријателот ваш и ќе ве постави за халифи на земјата па тогаш ќе види како работите!"

قَالُوٓا۟ أُوذِينَا مِن قَبْلِ أَن تَأْتِيَنَا وَمِنۢ بَعْدِ مَا جِئْتَنَا ۚ قَالَ عَسَىٰ رَبُّكُمْ أَن يُهْلِكَ عَدُوَّكُمْ وَيَسْتَخْلِفَكُمْ فِى ٱلْأَرْضِ فَيَنظُرَ كَيْفَ تَعْمَلُونَ ﴿١٢٩﴾

130. И Ние семејството фараоново, секако, го казнувавме со години и му ги скратувавме плодовите за да се сеќаваат.

وَلَقَدْ أَخَذْنَآ ءَالَ فِرْعَوْنَ بِٱلسِّنِينَ وَنَقْصٍ مِّنَ ٱلثَّمَرَٰتِ لَعَلَّهُمْ يَذَّكَّرُونَ ﴿١٣٠﴾

131. Па, кога ќе им дојдеше добро, зборуваа: "Ова е за нас," а

فَإِذَا جَآءَتْهُمُ ٱلْحَسَنَةُ قَالُوا۟ لَنَا هَـٰذِهِۦ ۖ وَإِن تُصِبْهُمْ

ако им се случеше зло, даваа знак на Муса и на оние со него. Но, навистина, предзнаците нивни се кај Аллах. Меѓутоа, мнозинството од нив не знаат!

سَيِّئَةٌ يَطَّيَّرُوا۟ بِمُوسَىٰ وَمَن مَّعَهُۥٓ ۗ أَلَآ إِنَّمَا طَٰٓئِرُهُمْ عِندَ ٱللَّهِ وَلَٰكِنَّ أَكْثَرَهُمْ لَا يَعْلَمُونَ ﴿١٣١﴾

132. И оние рекоа: "И со колку било знамении да ни дојдеш за да не маѓепсаш ние нема да ти веруваме."

وَقَالُوا۟ مَهْمَا تَأْتِنَا بِهِۦ مِنْ ءَايَةٍ لِّتَسْحَرَنَا بِهَا فَمَا نَحْنُ لَكَ بِمُؤْمِنِينَ ﴿١٣٢﴾

133. И тогаш Ние им испративме и поплава и скакулци, и вошки, и жаби, и крв - знамении потенко изложувани. Па, се дуваа и беа народ силнички.

فَأَرْسَلْنَا عَلَيْهِمُ ٱلطُّوفَانَ وَٱلْجَرَادَ وَٱلْقُمَّلَ وَٱلضَّفَادِعَ وَٱلدَّمَ ءَايَٰتٍ مُّفَصَّلَٰتٍ فَٱسْتَكْبَرُوا۟ وَكَانُوا۟ قَوْمًا مُّجْرِمِينَ ﴿١٣٣﴾

134. А кога ќе им се случеше казна, зборуваа: "О Муса, повикај го за нас Господарот твој по воспоставениот договор со тебе. А доколку ја отстраниш од нас казната ќе ти веруваме, секако, и ќе ги испратиме со тебе синовите Израилови."

وَلَمَّا وَقَعَ عَلَيْهِمُ ٱلرِّجْزُ قَالُوا۟ يَٰمُوسَى ٱدْعُ لَنَا رَبَّكَ بِمَا عَهِدَ عِندَكَ ۖ لَئِن كَشَفْتَ عَنَّا ٱلرِّجْزَ لَنُؤْمِنَنَّ لَكَ وَلَنُرْسِلَنَّ مَعَكَ بَنِىٓ إِسْرَٰٓءِيلَ ﴿١٣٤﴾

135. И бидејќи Ние ја отстранивме казната од нив до рок до кој можат да издржат, - оние веднаш го раскинаа договорот.

فَلَمَّا كَشَفْنَا عَنْهُمُ ٱلرِّجْزَ إِلَىٰٓ أَجَلٍ هُم بَٰلِغُوهُ إِذَا هُمْ يَنكُثُونَ ﴿١٣٥﴾

136. Ние им се одмаздивме, тогаш, со тоа што в море ги потопивме зашто оние, навистина, ги сметаа за лажни знамењата Наши и ги занемаруваа.

فَٱنتَقَمْنَا مِنْهُمْ فَأَغْرَقْنَٰهُمْ فِى ٱلْيَمِّ بِأَنَّهُمْ كَذَّبُوا۟ بِـَٔايَٰتِنَا وَكَانُوا۟ عَنْهَا غَٰفِلِينَ ﴿١٣٦﴾

137. А на луѓето кои беа веќе истоштени Ние им ги оставивме во наследство источните и

وَأَوْرَثْنَا ٱلْقَوْمَ ٱلَّذِينَ كَانُوا۟ يُسْتَضْعَفُونَ مَشَٰرِقَ ٱلْأَرْضِ وَمَغَٰرِبَهَا ٱلَّتِى بَٰرَكْنَا فِيهَا

западните делови на земјата: ги благословивме. И се исполни убавиот збор на Господарот твој за децата Израилови, зашто беа трпеливи. И Ние го поравнивме со земја она што го градеше фараонот и народот негов, и она што го сидаа.

وَتَمَّتْ كَلِمَتُ رَبِّكَ ٱلْحُسْنَىٰ عَلَىٰ بَنِىٓ إِسْرَٰٓءِيلَ
بِمَا صَبَرُوا۟ ۖ وَدَمَّرْنَا مَا كَانَ يَصْنَعُ
فِرْعَوْنُ وَقَوْمُهُۥ وَمَا كَانُوا۟ يَعْرِشُونَ ﴿١٣٧﴾

138. А синовите Израилови Ние ги поминавме преку море. И така наидоа на луѓе оддадени на киповите нивни. Рекоа: "О Муса, направи ни божество како што е божеството нивно!" Рече: "Вие сте, навистина, луѓе незнаенковците!"

وَجَٰوَزْنَا بِبَنِىٓ إِسْرَٰٓءِيلَ ٱلْبَحْرَ فَأَتَوْا۟ عَلَىٰ قَوْمٍ
يَعْكُفُونَ عَلَىٰٓ أَصْنَامٍ لَّهُمْ ۚ قَالُوا۟ يَٰمُوسَى
ٱجْعَل لَّنَآ إِلَٰهًا كَمَا لَهُمْ ءَالِهَةٌ ۚ قَالَ إِنَّكُمْ قَوْمٌ
تَجْهَلُونَ ﴿١٣٨﴾

139. И ќе биде уништено она врз што се потпираат, навистина! И ќе биде ништожно она што го работеа, сигурно!

إِنَّ هَٰٓؤُلَآءِ مُتَبَّرٌ مَّا هُمْ فِيهِ وَبَٰطِلٌ مَّا كَانُوا۟
يَعْمَلُونَ ﴿١٣٩﴾

140. Рече: "Покрај Аллах ли барате друг бог? Он ве одликува над луѓето!"

قَالَ أَغَيْرَ ٱللَّهِ أَبْغِيكُمْ إِلَٰهًا وَهُوَ
فَضَّلَكُمْ عَلَى ٱلْعَٰلَمِينَ ﴿١٤٠﴾

141. И кога Ние ве избавивме од семејството фараоново кое постојано ви определуваше казна пакосна, убивајќи ги вашите синови, а, оставајќи ги во живот вашите ќерки... во тоа, ете, имавте, од Господарот ваш, бељa голема!

وَإِذْ أَنجَيْنَٰكُم مِّنْ ءَالِ فِرْعَوْنَ
يَسُومُونَكُمْ سُوٓءَ ٱلْعَذَابِ ۖ يُقَتِّلُونَ أَبْنَآءَكُمْ
وَيَسْتَحْيُونَ نِسَآءَكُمْ ۚ وَفِى ذَٰلِكُم
بَلَآءٌ مِّن رَّبِّكُمْ عَظِيمٌ ﴿١٤١﴾

142. И Ние му ветивме на Муса триесетноќна средба, и додадовме уште десет, па станаа

۞ وَوَٰعَدْنَا مُوسَىٰ ثَلَٰثِينَ لَيْلَةً وَأَتْمَمْنَٰهَا
بِعَشْرٍ فَتَمَّ مِيقَٰتُ رَبِّهِۦٓ أَرْبَعِينَ لَيْلَةً ۚ وَقَالَ

четириесет за да се исполни часот за средбата определен: со Господарот негов. И Муса му рече на братот Харун: "Биди мој наследник, за народот мој! Воспоставувај ред! И не следи го патот на безредниците!"

مُوسَىٰ لِأَخِيهِ هَٰرُونَ ٱخْلُفْنِى فِى قَوْمِى
وَأَصْلِحْ وَلَا تَتَّبِعْ سَبِيلَ ٱلْمُفْسِدِينَ ﴿١٤٢﴾

143. И бидејќи Муса дојде во часот Наш определен, во кој Господарот зборуваше со него, рече: "О Господаре мој, покажи ми се да Те видам!" Рече: "Никогаш нема да Ме видиш! Но, погледни го ридот. Ако остане тука каде што е - ќе Ме видиш. И бидејќи Господарот негов му се предочи на ридот и Он го здроби ридот а Муса се онесвести. И штом дојде при свест, рече: "Славен биди, покајувањето Тебе Ти го упатувам и јас сум прв меѓу верниците!"

وَلَمَّا جَآءَ مُوسَىٰ لِمِيقَٰتِنَا وَكَلَّمَهُۥ رَبُّهُۥ قَالَ رَبِّ
أَرِنِىٓ أَنظُرْ إِلَيْكَ ۚ قَالَ لَن تَرَىٰنِى وَلَٰكِنِ ٱنظُرْ
إِلَى ٱلْجَبَلِ فَإِنِ ٱسْتَقَرَّ مَكَانَهُۥ فَسَوْفَ تَرَىٰنِى ۚ
فَلَمَّا تَجَلَّىٰ رَبُّهُۥ لِلْجَبَلِ جَعَلَهُۥ دَكًّا وَخَرَّ
مُوسَىٰ صَعِقًا ۚ فَلَمَّآ أَفَاقَ قَالَ سُبْحَٰنَكَ
تُبْتُ إِلَيْكَ وَأَنَا۠ أَوَّلُ ٱلْمُؤْمِنِينَ ﴿١٤٣﴾

144. Аллах рече: "О Муса, Јас, навистина, те одликував над луѓето и со пратенијата Мои и со Зборот Мој. Па, прифати го она што ти го дадов и биди меѓу благодарните!

قَالَ يَٰمُوسَىٰٓ إِنِّى ٱصْطَفَيْتُكَ عَلَى ٱلنَّاسِ بِرِسَٰلَٰتِى
وَبِكَلَٰمِى فَخُذْ مَآ ءَاتَيْتُكَ وَكُن مِّنَ
ٱلشَّٰكِرِينَ ﴿١٤٤﴾

145. И Ние на плочите му напишавме ука за сè и потенко објаснување за сè. Прифати го, тогаш, со волја и наредувај му на народот твој, така што ќе ги прифати на најдобар начин; и ќе им го покажам Домот на расипаните.

وَكَتَبْنَا لَهُۥ فِى ٱلْأَلْوَاحِ مِن كُلِّ شَىْءٍ
مَّوْعِظَةً وَتَفْصِيلًا لِّكُلِّ شَىْءٍ فَخُذْهَا بِقُوَّةٍ
وَأْمُرْ قَوْمَكَ يَأْخُذُوا۟ بِأَحْسَنِهَا ۚ سَأُورِيكُمْ
دَارَ ٱلْفَٰسِقِينَ ﴿١٤٥﴾

سَأَصْرِفُ عَنْ ءَايَٰتِيَ ٱلَّذِينَ يَتَكَبَّرُونَ فِى ٱلْأَرْضِ بِغَيْرِ ٱلْحَقِّ وَإِن يَرَوْا۟ كُلَّ ءَايَةٍ لَّا يُؤْمِنُوا۟ بِهَا وَإِن يَرَوْا۟ سَبِيلَ ٱلرُّشْدِ لَا يَتَّخِذُوهُ سَبِيلًا وَإِن يَرَوْا۟ سَبِيلَ ٱلْغَىِّ يَتَّخِذُوهُ سَبِيلًا ۚ ذَٰلِكَ بِأَنَّهُمْ كَذَّبُوا۟ بِـَٔايَٰتِنَا وَكَانُوا۟ عَنْهَا غَٰفِلِينَ ﴿١٤٦﴾

146. Ќе ги одвратам од знамењата Мои оние кои бесправно се дуваат по земјата. И секое знамение да го видат во него не ќе веруваат. Ако го видат патот вистински не ќе го прифатат. А ако, пак, го видат патот лош го прифаќаат. Ете, тоа заради што ги сметаа за лажни знамењата Наши и што ги занемаруваа.

وَٱلَّذِينَ كَذَّبُوا۟ بِـَٔايَٰتِنَا وَلِقَآءِ ٱلْـَٔاخِرَةِ حَبِطَتْ أَعْمَٰلُهُمْ ۚ هَلْ يُجْزَوْنَ إِلَّا مَا كَانُوا۟ يَعْمَلُونَ ﴿١٤٧﴾

147. Оние кои ги сметаа за лажни знамењата Наши и Средбата на Денот ахиретски... ќе пропаднат делата нивни. Ќе бидат ли наградени поинаку отколку што работеа?

وَٱتَّخَذَ قَوْمُ مُوسَىٰ مِنۢ بَعْدِهِۦ مِنْ حُلِيِّهِمْ عِجْلًا جَسَدًا لَّهُۥ خُوَارٌ ۚ أَلَمْ يَرَوْا۟ أَنَّهُۥ لَا يُكَلِّمُهُمْ وَلَا يَهْدِيهِمْ سَبِيلًا ۘ ٱتَّخَذُوهُ وَكَانُوا۟ ظَٰلِمِينَ ﴿١٤٨﴾

148. И народот на Муса по него од накитот негов направи теле отелотворено кое рикаше. Не гледаат ли дека тоа, навистина, не им зборува и дека не ги упатува по Патот? Прифатија теле и беа неверници!

وَلَمَّا سُقِطَ فِىٓ أَيْدِيهِمْ وَرَأَوْا۟ أَنَّهُمْ قَدْ ضَلُّوا۟ قَالُوا۟ لَئِن لَّمْ يَرْحَمْنَا رَبُّنَا وَيَغْفِرْ لَنَا لَنَكُونَنَّ مِنَ ٱلْخَٰسِرِينَ ﴿١٤٩﴾

149. И бидејќи се покајаа и видоа дека скршнаа во заблуда, рекоа: "Да не ни се смилуваше Господарот наш и да не ни простеше ќе бевме меѓу поразените, секако!"

وَلَمَّا رَجَعَ مُوسَىٰٓ إِلَىٰ قَوْمِهِۦ غَضْبَٰنَ أَسِفًا قَالَ بِئْسَمَا خَلَفْتُمُونِى مِنۢ بَعْدِىٓ ۖ أَعَجِلْتُمْ أَمْرَ رَبِّكُمْ ۖ وَأَلْقَى ٱلْأَلْوَاحَ وَأَخَذَ بِرَأْسِ أَخِيهِ يَجُرُّهُۥٓ إِلَيْهِ ۚ قَالَ ٱبْنَ أُمَّ إِنَّ ٱلْقَوْمَ ٱسْتَضْعَفُونِى وَكَادُوا۟ يَقْتُلُونَنِى

150. И бидејќи Муса се врати кај народот свој, лут и ожалостен, рече: "Е, колку лошо ме наследивте во отсаството мое! Нели побрзавте со наредбата од Господарот ваш?" Ги расфрла

плочите и го фати за коса брата си, тегнејќи го кон себе. И му рече: "Сине од мајка ми, народот ме сметаше слаб и само што не ме убија. Не понижувај ме заедно со непријателите и не изедначувај ме со народот невернички!"

فَلَا تُشْمِتْ بِيَ ٱلْأَعْدَآءَ وَلَا تَجْعَلْنِي مَعَ ٱلْقَوْمِ ٱلظَّٰلِمِينَ ﴿١٥٠﴾

151. Муса рече: "Господаре мој, прости ни, мене и на брат ми и воведи нè во милоста Твоја. Ти си меѓу милостивите Најмилостивиот!"

قَالَ رَبِّ ٱغْفِرْ لِي وَلِأَخِي وَأَدْخِلْنَا فِي رَحْمَتِكَ ۖ وَأَنتَ أَرْحَمُ ٱلرَّٰحِمِينَ ﴿١٥١﴾

152. На оние кои го прифатија телето ќе ги стигне лутината од Господарот и понижување во животот на овој свет. Ете, така Ние ги казнуваме оние кои лаги измислуваат!

إِنَّ ٱلَّذِينَ ٱتَّخَذُوا۟ ٱلْعِجْلَ سَيَنَالُهُمْ غَضَبٌ مِّن رَّبِّهِمْ وَذِلَّةٌ فِي ٱلْحَيَوٰةِ ٱلدُّنْيَا ۚ وَكَذَٰلِكَ نَجْزِي ٱلْمُفْتَرِينَ ﴿١٥٢﴾

153. Оние кои работеа зли дела и кои потоа се покајаа и кои веруваа...Господарот твој, навистина, е Простувач и Сомилосен!

وَٱلَّذِينَ عَمِلُوا۟ ٱلسَّيِّـَٔاتِ ثُمَّ تَابُوا۟ مِنۢ بَعْدِهَا وَءَامَنُوٓا۟ إِنَّ رَبَّكَ مِنۢ بَعْدِهَا لَغَفُورٌ رَّحِيمٌ ﴿١٥٣﴾

154. И бидејќи лутината на Муса попушти ги зеде плочите на кои беа впишани и Патоказот и Милоста за оние кои, секако, се плашат од Господарот свој.

وَلَمَّا سَكَتَ عَن مُّوسَى ٱلْغَضَبُ أَخَذَ ٱلْأَلْوَاحَ ۖ وَفِي نُسْخَتِهَا هُدًى وَرَحْمَةٌ لِّلَّذِينَ هُمْ لِرَبِّهِمْ يَرْهَبُونَ ﴿١٥٤﴾

155. И Муса одбра од својот народ седумдесет луѓе за состанокот со Нас. И бидејќи ги шибна земјотрес, тој рече: "О Господаре мој, да посакаше ќе ги

وَٱخْتَارَ مُوسَىٰ قَوْمَهُۥ سَبْعِينَ رَجُلًا لِّمِيقَٰتِنَا ۖ فَلَمَّآ أَخَذَتْهُمُ ٱلرَّجْفَةُ قَالَ رَبِّ لَوْ شِئْتَ أَهْلَكْتَهُم مِّن قَبْلُ وَإِيَّىَّ ۖ أَتُهْلِكُنَا بِمَا فَعَلَ ٱلسُّفَهَآءُ مِنَّآ ۖ إِنْ هِىَ إِلَّا فِتْنَتُكَ تُضِلُّ بِهَا مَن تَشَآءُ وَتَهْدِي مَن تَشَآءُ

أَنتَ وَلِيُّنَا فَٱغْفِرْ لَنَا وَٱرْحَمْنَا ۖ وَأَنتَ خَيْرُ ٱلْغَٰفِرِينَ ﴿١٥٥﴾

уништеше од порано. И мене, исто така. Зарем ќе нè казниш за она што го направија од нас оние кои се безумници? Тоа, секако,е искушение од Тебе, со кое скршнуваш од патот вистински кого сакаш и упатуваш по патот вистински кого сакаш. Ти си наш Заштитник; прости ни и смилувај ни се! Меѓу простувачите Ти си Најдобриот!

وَٱكْتُبْ لَنَا فِى هَٰذِهِ ٱلدُّنْيَا حَسَنَةً وَفِى ٱلْءَاخِرَةِ إِنَّا هُدْنَآ إِلَيْكَ ۚ قَالَ عَذَابِىٓ أُصِيبُ بِهِۦ مَنْ أَشَآءُ ۖ وَرَحْمَتِى وَسِعَتْ كُلَّ شَىْءٍ ۚ فَسَأَكْتُبُهَا لِلَّذِينَ يَتَّقُونَ وَيُؤْتُونَ ٱلزَّكَوٰةَ وَٱلَّذِينَ هُم بِـَٔايَٰتِنَا يُؤْمِنُونَ ﴿١٥٦﴾

156. И впиши за нас на овој свет добро а добро и на Ахирет. Ние, секако, бевме упатени кон Тебе." А Он рече: "Казната Моја го снајдува оној кого Јас сакам, а милоста Моја ги опфаќа сите нешта. Тоа ќе им го впишам на оние кои се богобојазливи, и кои зеќат даваат и кои во ајетите Наши веруваат,

ٱلَّذِينَ يَتَّبِعُونَ ٱلرَّسُولَ ٱلنَّبِىَّ ٱلْأُمِّىَّ ٱلَّذِى يَجِدُونَهُۥ مَكْتُوبًا عِندَهُمْ فِى ٱلتَّوْرَىٰةِ وَٱلْإِنجِيلِ يَأْمُرُهُم بِٱلْمَعْرُوفِ وَيَنْهَىٰهُمْ عَنِ ٱلْمُنكَرِ وَيُحِلُّ لَهُمُ ٱلطَّيِّبَٰتِ وَيُحَرِّمُ عَلَيْهِمُ ٱلْخَبَٰٓئِثَ وَيَضَعُ عَنْهُمْ إِصْرَهُمْ وَٱلْأَغْلَٰلَ ٱلَّتِى كَانَتْ عَلَيْهِمْ ۚ فَٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ بِهِۦ وَعَزَّرُوهُ وَنَصَرُوهُ وَٱتَّبَعُوا۟ ٱلنُّورَ ٱلَّذِىٓ أُنزِلَ مَعَهُۥٓ ۙ أُو۟لَٰٓئِكَ هُمُ ٱلْمُفْلِحُونَ ﴿١٥٧﴾

157. оние кои го следат гласникот пејгамбер, кој не знае да пишува и да чита, кого го наоѓаат заведен кај нив - и во Тевpат и во Инџил - и кој им наредува добро и кој им забранува зло, и кој им ги дозволува добрите јадења, а им ги забранува нечистите, и кој ги ослободува од товарот свој и од прангите кои се врз нив; и оние кои му веруваат, и кои го поддржуваат, и кои го помагаат, и кои го следат него и објавената

му светлина... токму, спасените се!

قُلْ يَٰٓأَيُّهَا ٱلنَّاسُ إِنِّى رَسُولُ ٱللَّهِ إِلَيْكُمْ جَمِيعًا ٱلَّذِى لَهُۥ مُلْكُ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ ۖ لَآ إِلَٰهَ إِلَّا هُوَ يُحْىِۦ وَيُمِيتُ ۖ فَـَٔامِنُوا۟ بِٱللَّهِ وَرَسُولِهِ ٱلنَّبِىِّ ٱلْأُمِّىِّ ٱلَّذِى يُؤْمِنُ بِٱللَّهِ وَكَلِمَٰتِهِۦ وَٱتَّبِعُوهُ لَعَلَّكُمْ تَهْتَدُونَ ﴿١٥٨﴾

158. Кажи: "О луѓе, јас сум, навистина, пејгамбер ваш - за сите; власта и на небесата и на Земјата е - Аллахова! Нема друг бог освен Него. Он оживува и Он усмртува! Верувајте и во Аллах и во гласникот пејгамбер Негов, кој не знае ни да чита ни да пишува, кој верува и во Аллах и во Зборот Негов и - следете го за да бидете упатени!"

وَمِن قَوْمِ مُوسَىٰٓ أُمَّةٌ يَهْدُونَ بِٱلْحَقِّ وَبِهِۦ يَعْدِلُونَ ﴿١٥٩﴾

159. И меѓу народот на Муса имаше заедница која кон вистината упатуваше и со неа праведно постапуваше.

وَقَطَّعْنَٰهُمُ ٱثْنَتَىْ عَشْرَةَ أَسْبَاطًا أُمَمًا ۚ وَأَوْحَيْنَآ إِلَىٰ مُوسَىٰٓ إِذِ ٱسْتَسْقَىٰهُ قَوْمُهُۥٓ أَنِ ٱضْرِب بِّعَصَاكَ ٱلْحَجَرَ ۖ فَٱنۢبَجَسَتْ مِنْهُ ٱثْنَتَا عَشْرَةَ عَيْنًا ۖ قَدْ عَلِمَ كُلُّ أُنَاسٍ مَّشْرَبَهُمْ ۚ وَظَلَّلْنَا عَلَيْهِمُ ٱلْغَمَٰمَ وَأَنزَلْنَا عَلَيْهِمُ ٱلْمَنَّ وَٱلسَّلْوَىٰ ۖ كُلُوا۟ مِن طَيِّبَٰتِ مَا رَزَقْنَٰكُمْ ۚ وَمَا ظَلَمُونَا وَلَٰكِن كَانُوٓا۟ أَنفُسَهُمْ يَظْلِمُونَ ﴿١٦٠﴾

160. И Ние ги раздробивме во дванаесет племиња и дружини, и на Муса му вдахнавме кога народот негов побара од него да се напие вода: "Удри со стапот твој на карпата!" И тогаш од неа потекоа дванаесет извори. Секоја дружина го знаеше поилото свое. И Ние од облак врз нив сенки соборувавме и препелици и мани им испраќавме. Јадете од добрата со кои ве снабдевме. И нам зулум не ни направија туку самите себеси зулум си направија!

وَإِذْ قِيلَ لَهُمُ اسْكُنُوا هَٰذِهِ الْقَرْيَةَ وَكُلُوا مِنْهَا حَيْثُ شِئْتُمْ وَقُولُوا حِطَّةٌ وَادْخُلُوا الْبَابَ سُجَّدًا نَّغْفِرْ لَكُمْ خَطِيئَاتِكُمْ ۚ سَنَزِيدُ الْمُحْسِنِينَ ﴿١٦١﴾

161. И кога им беше речено: "Станувајте во оваа населба и јадете во неа од каде сакате, и кажете: "Прошка!" - и низ вратата влезете ничкум: ќе ви ги простам гревовите ваши, а на доброчинителите ќе им ги зголемиме делата!

فَبَدَّلَ الَّذِينَ ظَلَمُوا مِنْهُمْ قَوْلًا غَيْرَ الَّذِي قِيلَ لَهُمْ فَأَرْسَلْنَا عَلَيْهِمْ رِجْزًا مِّنَ السَّمَاءِ بِمَا كَانُوا يَظْلِمُونَ ﴿١٦٢﴾

162. Па, оние од нив кои направија зулум, го променија говорот: поинаку од она што им беше кажано и, бидејќи зулум правеа, од небо Ние казна им спуштивме.

وَسْئَلْهُمْ عَنِ الْقَرْيَةِ الَّتِي كَانَتْ حَاضِرَةَ الْبَحْرِ إِذْ يَعْدُونَ فِي السَّبْتِ إِذْ تَأْتِيهِمْ حِيتَانُهُمْ يَوْمَ سَبْتِهِمْ شُرَّعًا وَيَوْمَ لَا يَسْبِتُونَ ۙ لَا تَأْتِيهِمْ ۚ كَذَٰلِكَ نَبْلُوهُم بِمَا كَانُوا يَفْسُقُونَ ﴿١٦٣﴾

163. И прашај ги за населбата која беше сместена крај море, кога за сабота грешеа. Тој ден кога празнуваа им доаѓаа рибите нивни, очигледно, а тој ден кога не празнуваа, не им доѓаа. Ете, така Ние ги испробавме затоа што расипнички се однесуваа.

وَإِذْ قَالَتْ أُمَّةٌ مِّنْهُمْ لِمَ تَعِظُونَ قَوْمًا ۙ اللَّهُ مُهْلِكُهُمْ أَوْ مُعَذِّبُهُمْ عَذَابًا شَدِيدًا ۖ قَالُوا مَعْذِرَةً إِلَىٰ رَبِّكُمْ وَلَعَلَّهُمْ يَتَّقُونَ ﴿١٦٤﴾

164. И кога една заедница меѓу нив рече: "Зошто советувате народ кого ќе го уништи Аллах или кого ќе го казни со силна казна?" Рекоа: "За да имаме оправдување кај Господарот ваш и да бидат богобојазливи!"

فَلَمَّا نَسُوا مَا ذُكِّرُوا بِهِ أَنجَيْنَا الَّذِينَ يَنْهَوْنَ عَنِ السُّوءِ وَأَخَذْنَا الَّذِينَ ظَلَمُوا بِعَذَابٍ بَئِيسٍ بِمَا كَانُوا يَفْسُقُونَ ﴿١٦٥﴾

165. И бидејќи го заборавија она со што беа опоменувани оние кои забрануваа зло Ние ги избавивме, а ги казнивме оние кои зулум правеа со силна казна затоа што расипнички се однесуваа.

فَلَمَّا عَتَوْا عَن مَّا نُهُوا عَنْهُ قُلْنَا لَهُمْ كُونُوا قِرَدَةً خَٰسِـِٔينَ ﴿١٦٦﴾

166. И бидејќи не се потчинија на она што им беше забрането, Ние им рековме: "Бидете мајмуни презрени!"

وَإِذْ تَأَذَّنَ رَبُّكَ لَيَبْعَثَنَّ عَلَيْهِمْ إِلَىٰ يَوْمِ ٱلْقِيَٰمَةِ مَن يَسُومُهُمْ سُوٓءَ ٱلْعَذَابِ ۗ إِنَّ رَبَّكَ لَسَرِيعُ ٱلْعِقَابِ ۖ وَإِنَّهُۥ لَغَفُورٌ رَّحِيمٌ ﴿١٦٧﴾

167. И кога Господарот твој возгласи дека до Денот суден ќе им испрати, сосем сигурно, некого кој ќе ги мачи со казна најтешка. Господарот твој, навистина, е брз Казнувач и Он, секако, е Простувач и Сомилосен!

وَقَطَّعْنَٰهُمْ فِى ٱلْأَرْضِ أُمَمًا ۖ مِّنْهُمُ ٱلصَّٰلِحُونَ وَمِنْهُمْ دُونَ ذَٰلِكَ ۖ وَبَلَوْنَٰهُم بِٱلْحَسَنَٰتِ وَٱلسَّيِّـَٔاتِ لَعَلَّهُمْ يَرْجِعُونَ ﴿١٦٨﴾

168. И Ние нив ги раздробивме во заедници на земјата. Меѓу нив имаше и добри луѓе и лоши луѓе. Ги испробавме и со добри и со лоши работи за да се вратат!

فَخَلَفَ مِنۢ بَعْدِهِمْ خَلْفٌ وَرِثُوا ٱلْكِتَٰبَ يَأْخُذُونَ عَرَضَ هَٰذَا ٱلْأَدْنَىٰ وَيَقُولُونَ سَيُغْفَرُ لَنَا وَإِن يَأْتِهِمْ عَرَضٌ مِّثْلُهُۥ يَأْخُذُوهُ ۚ أَلَمْ يُؤْخَذْ عَلَيْهِم مِّيثَٰقُ ٱلْكِتَٰبِ أَن لَّا يَقُولُوا۟ عَلَى ٱللَّهِ إِلَّا ٱلْحَقَّ وَدَرَسُوا۟ مَا فِيهِ ۗ وَٱلدَّارُ ٱلْءَاخِرَةُ خَيْرٌ لِّلَّذِينَ يَتَّقُونَ ۗ أَفَلَا تَعْقِلُونَ ﴿١٦٩﴾

169. По нив, тогаш, се редеа поколенија кои ја наследија Книгата собирајќи ги безвредните работи на овој свет и говорејќи: "Ќе ни биде простено." И ако им дојдат нешта што се на нив слични ќе ги земаат. Не е ли прифатен од нив Договорот од Книгата, за Аллах да зборуваат само вистина и да го проучуваат она што е во неа? Куќата ахиретска е подобра за богобојазливите. Нема ли да се вразумите!?

وَٱلَّذِينَ يُمَسِّكُونَ بِٱلْكِتَٰبِ وَأَقَامُوا۟ ٱلصَّلَوٰةَ إِنَّا لَا نُضِيعُ أَجْرَ ٱلْمُصْلِحِينَ ﴿١٧٠﴾

170. Оние кои цврсто се придржуваат кон Книгата и кои намаз извршуваат... Ние, навистина, не ќе ја пренебрегнеме наградата на добрите!

وَإِذْ نَتَقْنَا ٱلْجَبَلَ فَوْقَهُمْ كَأَنَّهُۥ ظُلَّةٌ وَظَنُّوٓا۟ أَنَّهُۥ وَاقِعٌۢ بِهِمْ خُذُوا۟ مَآ ءَاتَيْنَٰكُم بِقُوَّةٍ وَٱذْكُرُوا۟ مَا فِيهِ لَعَلَّكُمْ تَتَّقُونَ ﴿١٧١﴾

171. И кога Ние над нив подигнавме планина како да е облак, и кога помислија дека ќе се сруши врз нив: "Прифатете го одлучно она што ви го дадовме и сетете се на она што е во него за да бидете богобојазливи!"

وَإِذْ أَخَذَ رَبُّكَ مِنۢ بَنِىٓ ءَادَمَ مِن ظُهُورِهِمْ ذُرِّيَّتَهُمْ وَأَشْهَدَهُمْ عَلَىٰٓ أَنفُسِهِمْ أَلَسْتُ بِرَبِّكُمْ ۖ قَالُوا۟ بَلَىٰ ۛ شَهِدْنَآ ۛ أَن تَقُولُوا۟ يَوْمَ ٱلْقِيَٰمَةِ إِنَّا كُنَّا عَنْ هَٰذَا غَٰفِلِينَ ﴿١٧٢﴾

172. И кога Господарот твој од синовите Адемови го изведе потомството нивно - од плеќите нивни - и кога побара од нив да посведочат против себе: "Нели сум јас Господарот ваш?" Рекоа: "Како да не, сведочиме!" - за да не речат на Денот суден: "Ние за ова, навистина, не бевме во тек!"

أَوْ تَقُولُوٓا۟ إِنَّمَآ أَشْرَكَ ءَابَآؤُنَا مِن قَبْلُ وَكُنَّا ذُرِّيَّةً مِّنۢ بَعْدِهِمْ ۖ أَفَتُهْلِكُنَا بِمَا فَعَلَ ٱلْمُبْطِلُونَ ﴿١٧٣﴾

173. Или да не речете: "Предците наши, пред нас, здруженик му припишуваа на Аллах, а ние сме само поколение нивно, навистина! Ќе не упропастиш ли за она што го работеа лашковците?

وَكَذَٰلِكَ نُفَصِّلُ ٱلْءَايَٰتِ وَلَعَلَّهُمْ يَرْجِعُونَ ﴿١٧٤﴾

174. И ете, така Ние потенко ги објаснуваме знаменијата за да се вратат.

وَٱتْلُ عَلَيْهِمْ نَبَأَ ٱلَّذِىٓ ءَاتَيْنَٰهُ ءَايَٰتِنَا فَٱنسَلَخَ مِنْهَا فَأَتْبَعَهُ ٱلشَّيْطَٰنُ فَكَانَ

175. И кажи им го споменот од оној што му ги дадовме знаменијата Наши па се повлече од

нив; и, го следеше Шејтанот и беше меѓу скршнатите!

مِنَ ٱلْغَاوِينَ ﴿١٧٥﴾

176. И да сакавме Ние со знамењата ќе го извишевме, но тој се прикова за земјата и ја следеше страста. Примерот негов е како пример на куче. Ако го истераш ќе го исплази јазикот, а ако го оставиш и тогаш ќе го исплази јазикот. Ете, таков е примерот на оние кои ги сметаа за лажни знамењата Наши. Кажувај ги кажувањата за да размислуваат.

وَلَوْ شِئْنَا لَرَفَعْنَٰهُ بِهَا وَلَٰكِنَّهُۥٓ أَخْلَدَ إِلَى ٱلْأَرْضِ وَٱتَّبَعَ هَوَىٰهُ ۚ فَمَثَلُهُۥ كَمَثَلِ ٱلْكَلْبِ إِن تَحْمِلْ عَلَيْهِ يَلْهَث أَوْ تَتْرُكْهُ يَلْهَث ۚ ذَّٰلِكَ مَثَلُ ٱلْقَوْمِ ٱلَّذِينَ كَذَّبُوا۟ بِـَٔايَٰتِنَا ۚ فَٱقْصُصِ ٱلْقَصَصَ لَعَلَّهُمْ يَتَفَكَّرُونَ ﴿١٧٦﴾

177. Е, само колку е лош примерот на оние кои ги сметаа за лажни знамењата Наши! Самите себеси зулум си направија.

سَآءَ مَثَلًا ٱلْقَوْمُ ٱلَّذِينَ كَذَّبُوا۟ بِـَٔايَٰتِنَا وَأَنفُسَهُمْ كَانُوا۟ يَظْلِمُونَ ﴿١٧٧﴾

178. Од Аллах упатениот е - упатен, а од Аллах во заблуда скршнатите...па, тие се, токму, поразените!

مَن يَهْدِ ٱللَّهُ فَهُوَ ٱلْمُهْتَدِى ۖ وَمَن يُضْلِلْ فَأُو۟لَٰٓئِكَ هُمُ ٱلْخَٰسِرُونَ ﴿١٧٨﴾

179. Ние создадовме и џинови многу и луѓе многу за Џехеннемот: имаат срца, но со нив не разбираат, имаат очи, но со нив не гледаат, имаат уши, но со нив не слушаат, - како добиток се, дури и уште полоши. Секако, рамнодушни се!

وَلَقَدْ ذَرَأْنَا لِجَهَنَّمَ كَثِيرًا مِّنَ ٱلْجِنِّ وَٱلْإِنسِ ۖ لَهُمْ قُلُوبٌ لَّا يَفْقَهُونَ بِهَا وَلَهُمْ أَعْيُنٌ لَّا يُبْصِرُونَ بِهَا وَلَهُمْ ءَاذَانٌ لَّا يَسْمَعُونَ بِهَا ۚ أُو۟لَٰٓئِكَ كَٱلْأَنْعَٰمِ بَلْ هُمْ أَضَلُّ ۚ أُو۟لَٰٓئِكَ هُمُ ٱلْغَٰفِلُونَ ﴿١٧٩﴾

180. Најубавите имиња се – Аллаховите! И со нив молете Му

وَلِلَّهِ ٱلْأَسْمَآءُ ٱلْحُسْنَىٰ فَٱدْعُوهُ بِهَا ۖ وَذَرُوا۟ ٱلَّذِينَ

се! Оставете ги оние што ги пренебрегнуваат имињата Негови. Ќе бидат казнети за она што го работеа.

يُلْحِدُونَ فِيٓ أَسْمَٰٓئِهِۦ ۚ سَيُجْزَوْنَ مَا كَانُوا۟ يَعْمَلُونَ ﴿١٨٠﴾

181. А меѓу оние кои Ние ги создадовме има дружина...кон вистината упатуваат и според неа праведно постапуваат.

وَمِمَّنْ خَلَقْنَآ أُمَّةٌ يَهْدُونَ بِٱلْحَقِّ وَبِهِۦ يَعْدِلُونَ ﴿١٨١﴾

182. На оние кои ги сметаа за лажни ајетите Наши постапно, од кај што не знаат, кон пропаст ќе ги туркаме.

وَٱلَّذِينَ كَذَّبُوا۟ بِـَٔايَٰتِنَا سَنَسْتَدْرِجُهُم مِّنْ حَيْثُ لَا يَعْلَمُونَ ﴿١٨٢﴾

183. И Јас ќе им определам рок. Итрината Моја е цврста, навистина!

وَأُمْلِى لَهُمْ ۚ إِنَّ كَيْدِى مَتِينٌ ﴿١٨٣﴾

184. Не размислуваат ли? Другарот нивни не е безумник. Он е само опоменувач јасен!

أَوَلَمْ يَتَفَكَّرُوا۟ ۗ مَا بِصَاحِبِهِم مِّن جِنَّةٍ ۚ إِنْ هُوَ إِلَّا نَذِيرٌ مُّبِينٌ ﴿١٨٤﴾

185. Не гледаш ли во Земјата и во небесата и во она што го има создадено Аллах дека можеби им се приближува крајот нивни? Тогаш во кој говор по него веруваат!?

أَوَلَمْ يَنظُرُوا۟ فِى مَلَكُوتِ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ وَمَا خَلَقَ ٱللَّهُ مِن شَىْءٍ وَأَنْ عَسَىٰٓ أَن يَكُونَ قَدِ ٱقْتَرَبَ أَجَلُهُمْ ۖ فَبِأَىِّ حَدِيثٍۭ بَعْدَهُۥ يُؤْمِنُونَ ﴿١٨٥﴾

186. Оној кого Аллах ќе го скршне во заблуда никој не може да го упати. И ги пушта да талкаат во неверието нивно.

مَن يُضْلِلِ ٱللَّهُ فَلَا هَادِىَ لَهُۥ ۚ وَيَذَرُهُمْ فِى طُغْيَٰنِهِمْ يَعْمَهُونَ ﴿١٨٦﴾

187. Те прашуваат за Часот: "Кога ќе се случи?" Кажи: "Знаењето за тоа, навистина, е кај

يَسْـَٔلُونَكَ عَنِ ٱلسَّاعَةِ أَيَّانَ مُرْسَىٰهَا ۖ قُلْ إِنَّمَا عِلْمُهَا عِندَ رَبِّى ۖ لَا يُجَلِّيهَا لِوَقْتِهَآ إِلَّا هُوَ ۚ ثَقُلَتْ فِى ٱلسَّمَٰوَٰتِ

Господарот мој. Само Он времето негово ќе го обелодени. Тежок ќе биде тој за Земјата и за небесата. Ќе ви дојде одненадеж." Те прашуваат за него како ти да го криеш знаењето за тоа. Кажи: "Знаењето за тоа, навистина, е кај Аллах, но мнозинството на луѓето не знаат."

وَٱلْأَرْضِ ۚ لَا تَأْتِيكُمْ إِلَّا بَغْتَةً ۗ يَسْـَٔلُونَكَ كَأَنَّكَ حَفِيٌّ عَنْهَا ۖ قُلْ إِنَّمَا عِلْمُهَا عِندَ ٱللَّهِ وَلَٰكِنَّ أَكْثَرَ ٱلنَّاسِ لَا يَعْلَمُونَ ﴿١٨٧﴾

188. Кажи: "Не сум моќен за себе ни да си наштетам ни да си користам, освен она што Аллах го сака. Кога би ја знаел тајната би ги зголемил добрата и не би ме нашло зло. Јас сум само радосник и опоменувач за луѓето кои веруваат."

قُل لَّآ أَمْلِكُ لِنَفْسِى نَفْعًا وَلَا ضَرًّا إِلَّا مَا شَآءَ ٱللَّهُ ۚ وَلَوْ كُنتُ أَعْلَمُ ٱلْغَيْبَ لَٱسْتَكْثَرْتُ مِنَ ٱلْخَيْرِ وَمَا مَسَّنِىَ ٱلسُّوٓءُ ۚ إِنْ أَنَا۠ إِلَّا نَذِيرٌ وَبَشِيرٌ لِّقَوْمٍ يُؤْمِنُونَ ﴿١٨٨﴾

189. Он е Оној кој ве создаде од еден човек и од него, исто така, создаде сопруга за да тој најде смирна во неа. Бидејќи ја прегрна понесе лесен товар, и го носеше, и бидејќи му олесни, Му се помолија на Аллах, Господарот нивни: "Ако ни дадеш добро ќе бидеме потомок меѓу благодарните, навистина!"

۞ هُوَ ٱلَّذِى خَلَقَكُم مِّن نَّفْسٍ وَٰحِدَةٍ وَجَعَلَ مِنْهَا زَوْجَهَا لِيَسْكُنَ إِلَيْهَا ۖ فَلَمَّا تَغَشَّىٰهَا حَمَلَتْ حَمْلًا خَفِيفًا فَمَرَّتْ بِهِۦ ۖ فَلَمَّآ أَثْقَلَت دَّعَوَا ٱللَّهَ رَبَّهُمَا لَئِنْ ءَاتَيْتَنَا صَٰلِحًا لَّنَكُونَنَّ مِنَ ٱلشَّٰكِرِينَ ﴿١٨٩﴾

190. И бидејќи им даде потомок добар му припишаа здруженици во она што им го даде. Та, Аллах е над она што Му го здружуваат!

فَلَمَّآ ءَاتَىٰهُمَا صَٰلِحًا جَعَلَا لَهُۥ شُرَكَآءَ فِيمَآ ءَاتَىٰهُمَا ۚ فَتَعَٰلَى ٱللَّهُ عَمَّا يُشْرِكُونَ ﴿١٩٠﴾

191. Го здружуваат ли она што ништо не создава - а тие се создадени,

أَيُشْرِكُونَ مَا لَا يَخْلُقُ شَيْـًٔا وَهُمْ يُخْلَقُونَ ﴿١٩١﴾

192. и кои не можат да им помогнат а ниту самите себеси да си помогнат?

وَلَا يَسْتَطِيعُونَ لَهُمْ نَصْرًا وَلَآ أَنفُسَهُمْ يَنصُرُونَ ﴿١٩٢﴾

193. А ако ги повикаш кон Патоказот не ќе те следат. За нив е сеедно дали ќе ги повикувате или, пак, ќе си молчете.

وَإِن تَدْعُوهُمْ إِلَى ٱلْهُدَىٰ لَا يَتَّبِعُوكُمْ ۚ سَوَآءٌ عَلَيْكُمْ أَدَعَوْتُمُوهُمْ أَمْ أَنتُمْ صَٰمِتُونَ ﴿١٩٣﴾

194. Оние кон кои молба упатувате, а не кон Аллах, се робови слични вам, навистина! Па, повикувајте ги и, ако сте искрени, ќе ви се osвијат ли?

إِنَّ ٱلَّذِينَ تَدْعُونَ مِن دُونِ ٱللَّهِ عِبَادٌ أَمْثَالُكُمْ ۖ فَٱدْعُوهُمْ فَلْيَسْتَجِيبُوا لَكُمْ إِن كُنتُمْ صَٰدِقِينَ ﴿١٩٤﴾

195. Имаат ли нозе со кои одат? Или раце со кои фаќаат? Или очи со кои гледаат? Или уши со кои слушаат? Кажи: "Повикајте ги здружениците ваши кои му ги здружувате на Аллах, и лукаво поставете се против мене, но немојте да не очекувате!

أَلَهُمْ أَرْجُلٌ يَمْشُونَ بِهَآ ۖ أَمْ لَهُمْ أَيْدٍ يَبْطِشُونَ بِهَآ ۖ أَمْ لَهُمْ أَعْيُنٌ يُبْصِرُونَ بِهَآ ۖ أَمْ لَهُمْ ءَاذَانٌ يَسْمَعُونَ بِهَا ۗ قُلِ ٱدْعُوا۟ شُرَكَآءَكُمْ ثُمَّ كِيدُونِ فَلَا تُنظِرُونِ ﴿١٩٥﴾

196. Заштитникот мој е - Аллах! Он објави Книга и Он ги штити добрите."

إِنَّ وَلِيِّىَ ٱللَّهُ ٱلَّذِى نَزَّلَ ٱلْكِتَٰبَ ۖ وَهُوَ يَتَوَلَّى ٱلصَّٰلِحِينَ ﴿١٩٦﴾

197. А оние кои упатуваат молба на друг а не на Аллах не ќе им помогнат а ниту себеси ќе си помогнат.

وَٱلَّذِينَ تَدْعُونَ مِن دُونِهِۦ لَا يَسْتَطِيعُونَ نَصْرَكُمْ وَلَآ أَنفُسَهُمْ يَنصُرُونَ ﴿١٩٧﴾

198. А ако ги повикаш кон Патоказот - не слушаат! Ги гледаш како те гледаат, но не гледаат!

وَإِن تَدْعُوهُمْ إِلَى ٱلْهُدَىٰ لَا يَسْمَعُوا۟ ۖ وَتَرَىٰهُمْ يَنظُرُونَ إِلَيْكَ وَهُمْ لَا يُبْصِرُونَ ﴿١٩٨﴾

199. Биди умерен! Наредувај добро и избегнувај ги незнаенковците!

خُذِ ٱلْعَفْوَ وَأْمُرْ بِٱلْعُرْفِ وَأَعْرِضْ عَنِ ٱلْجَٰهِلِينَ ﴿١٩٩﴾

200. И ако Шејтанот настојува да те насочи кон зло, тогаш, побарај прибежиште кај Аллах. Он, навистина, е Слушач и Зналец!

وَإِمَّا يَنزَغَنَّكَ مِنَ ٱلشَّيْطَٰنِ نَزْغٌ فَٱسْتَعِذْ بِٱللَّهِ ۚ إِنَّهُۥ سَمِيعٌ عَلِيمٌ ﴿٢٠٠﴾

201. Кога дружините шејтански ќе ги допрат, богобојазливите се сеќаваат на Аллах и тогаш гледаат вистински!

إِنَّ ٱلَّذِينَ ٱتَّقَوْا۟ إِذَا مَسَّهُمْ طَٰٓئِفٌ مِّنَ ٱلشَّيْطَٰنِ تَذَكَّرُوا۟ فَإِذَا هُم مُّبْصِرُونَ ﴿٢٠١﴾

202. Браќата нивни шејтански ги туркаат во заблуда. По тоа не доаѓаат при себе.

وَإِخْوَٰنُهُمْ يَمُدُّونَهُمْ فِى ٱلْغَىِّ ثُمَّ لَا يُقْصِرُونَ ﴿٢٠٢﴾

203. А ако не им донесеш ајет, зборуваат: "Зошто ти не го измислуваш?" Кажи: "Јас го следам само она што ми се објавува од Господарот мој. Ова се очигледности од Господарот ваш, и Патоказ и Милост за луѓето кои веруваат.

وَإِذَا لَمْ تَأْتِهِم بِـَٔايَةٍ قَالُوا۟ لَوْلَا ٱجْتَبَيْتَهَا ۚ قُلْ إِنَّمَآ أَتَّبِعُ مَا يُوحَىٰٓ إِلَىَّ مِن رَّبِّى ۚ هَٰذَا بَصَآئِرُ مِن رَّبِّكُمْ وَهُدًى وَرَحْمَةٌ لِّقَوْمٍ يُؤْمِنُونَ ﴿٢٠٣﴾

204. И кога Кур'анот ќе се чита гласно, слушајте го и не зборувајте за да ви се смилува!"

وَإِذَا قُرِئَ ٱلْقُرْءَانُ فَٱسْتَمِعُوا۟ لَهُۥ وَأَنصِتُوا۟ لَعَلَّكُمْ تُرْحَمُونَ ﴿٢٠٤﴾

205. И споменувај го Господарот твој во себе, со страхопочит и скришно, безгласно, и наутро и приквечерина, и не биди меѓу рамнодушните.

وَٱذْكُر رَّبَّكَ فِى نَفْسِكَ تَضَرُّعًا وَخِيفَةً وَدُونَ ٱلْجَهْرِ مِنَ ٱلْقَوْلِ بِٱلْغُدُوِّ وَٱلْـَٔاصَالِ وَلَا تَكُن مِّنَ ٱلْغَٰفِلِينَ ﴿٢٠٥﴾

206. Оние кои се во близината на Господарот твој, навистина, не се двоумат да прават ибадет, Го величаат и на сеџде Му паѓаат.

إِنَّ ٱلَّذِينَ عِندَ رَبِّكَ لَا يَسْتَكْبِرُونَ عَنْ عِبَادَتِهِۦ وَيُسَبِّحُونَهُۥ وَلَهُۥ يَسْجُدُونَ ۩ ﴿٢٠٦﴾

ЕЛ-ЕНФАЛ (Плен) VIII

سُورَةُ الأَنفَالِ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

1. Те прашуваат за пленот. Кажи: "Пленот е од Аллах и од пејгамберот. Па, плашете се од Аллах. Средете ги односите еднисодруги. Бидете послушни и на Аллах и на пејгамберот Негов ако сте верници!"

يَسْـَٔلُونَكَ عَنِ ٱلْأَنفَالِ ۖ قُلِ ٱلْأَنفَالُ لِلَّهِ وَٱلرَّسُولِ ۖ فَٱتَّقُوا۟ ٱللَّهَ وَأَصْلِحُوا۟ ذَاتَ بَيْنِكُمْ ۖ وَأَطِيعُوا۟ ٱللَّهَ وَرَسُولَهُۥٓ إِن كُنتُم مُّؤْمِنِينَ ﴿١﴾

2. Да, верници се оние кои, ако се спомене Аллах, треперат срцата нивни, а ако им се кажуваат ајетите Негови им се зголемува иманот и се потпираат врз Господарот свој,

إِنَّمَا ٱلْمُؤْمِنُونَ ٱلَّذِينَ إِذَا ذُكِرَ ٱللَّهُ وَجِلَتْ قُلُوبُهُمْ وَإِذَا تُلِيَتْ عَلَيْهِمْ ءَايَٰتُهُۥ زَادَتْهُمْ إِيمَٰنًا وَعَلَىٰ رَبِّهِمْ يَتَوَكَّلُونَ ﴿٢﴾

3. оние кои намаз извршуваат и кои од нафаката Наша делат.

ٱلَّذِينَ يُقِيمُونَ ٱلصَّلَوٰةَ وَمِمَّا رَزَقْنَٰهُمْ يُنفِقُونَ ﴿٣﴾

4. Верници се тие вистински. За нив има степени кај Господарот, и прошка и нафака благородна.

أُو۟لَٰٓئِكَ هُمُ ٱلْمُؤْمِنُونَ حَقًّا ۚ لَّهُمْ دَرَجَٰتٌ عِندَ رَبِّهِمْ وَمَغْفِرَةٌ وَرِزْقٌ كَرِيمٌ ﴿٤﴾

5. Како што те изведе Господарот твој од домот твој исправно. И една дружина меѓу верниците тоа го презираше!

كَمَآ أَخْرَجَكَ رَبُّكَ مِنۢ بَيْتِكَ بِٱلْحَقِّ وَإِنَّ فَرِيقًا مِّنَ ٱلْمُؤْمِنِينَ لَكَٰرِهُونَ ﴿٥﴾

6. Расправаа со тебе за Вистината по очигледноста нејзина - ете, како да се туркаат во смрт очигледна, а, токму, гледаат!

يُجَٰدِلُونَكَ فِى ٱلْحَقِّ بَعْدَمَا تَبَيَّنَ كَأَنَّمَا يُسَاقُونَ إِلَى ٱلْمَوْتِ وَهُمْ يَنظُرُونَ ﴿٦﴾

7. И кога Аллах ќе ви вети една од двете дружини дека е ваша вие, навистина, посакувате ненаоружената да биде ваша. Аллах посакува да се овистини вистината со зборовите Негови и да се пресечат корените на неверниците:

قَالُوا۟ يَٰٓأَبَانَآ إِنَّا ذَهَبْنَا نَسْتَبِقُ وَتَرَكْنَا يُوسُفَ عِندَ مَتَٰعِنَا فَأَكَلَهُ ٱلذِّئْبُ ۖ وَمَآ أَنتَ بِمُؤْمِنٍ لَّنَا وَلَوْ كُنَّا صَٰدِقِينَ ﴿١٧﴾

18. И ја донесоа кошулата негова со лажна крв. Рече: "Не, во душите ваши најдовте нешто што ве радува. Е, само колку е убава трпеливоста! Од Аллах барам помош за она што го опишувате!"

وَجَآءُو عَلَىٰ قَمِيصِهِۦ بِدَمٍ كَذِبٍ ۚ قَالَ بَلْ سَوَّلَتْ لَكُمْ أَنفُسُكُمْ أَمْرًا ۖ فَصَبْرٌ جَمِيلٌ ۖ وَٱللَّهُ ٱلْمُسْتَعَانُ عَلَىٰ مَا تَصِفُونَ ﴿١٨﴾

19. И дојде караван еден. Го испратија водоносецот по вода. Овој ја спушти кофата. Рече: "Каква радост; еве дете!" И го сокрија како стоката трговска. Аллах го знае она што го работат.

وَجَآءَتْ سَيَّارَةٌ فَأَرْسَلُوا۟ وَارِدَهُمْ فَأَدْلَىٰ دَلْوَهُۥ ۖ قَالَ يَٰبُشْرَىٰ هَٰذَا غُلَٰمٌ ۚ وَأَسَرُّوهُ بِضَٰعَةً ۚ وَٱللَّهُ عَلِيمٌۢ بِمَا يَعْمَلُونَ ﴿١٩﴾

20. И го продадоа за евтина цена: само за износ од неколку дирхеми. И со тоа беа задоволни.

وَشَرَوْهُ بِثَمَنٍۭ بَخْسٍ دَرَٰهِمَ مَعْدُودَةٍ
وَكَانُوا۟ فِيهِ مِنَ ٱلزَّٰهِدِينَ ﴿٢٠﴾

21. И оној што го купи, од Мисир, ѝ рече на жена му: "Направи го пријатен престојот негов; можеби ќе ни биде од корист или, пак, ќе го посиниме." И ете, така, Ние го сместивме Јусуфа во таа земја и го поучивме во толкувањето на соновите. Аллах е Победник со наредбата Своја, но мнозинството на луѓето не знаат!

وَقَالَ ٱلَّذِى ٱشْتَرَىٰهُ مِن مِّصْرَ لِٱمْرَأَتِهِۦٓ أَكْرِمِى
مَثْوَىٰهُ عَسَىٰٓ أَن يَنفَعَنَآ أَوْ نَتَّخِذَهُۥ وَلَدًا
وَكَذَٰلِكَ مَكَّنَّا لِيُوسُفَ فِى ٱلْأَرْضِ
وَلِنُعَلِّمَهُۥ مِن تَأْوِيلِ ٱلْأَحَادِيثِ ۚ وَٱللَّهُ غَالِبٌ
عَلَىٰٓ أَمْرِهِۦ وَلَٰكِنَّ أَكْثَرَ ٱلنَّاسِ
لَا يَعْلَمُونَ ﴿٢١﴾

22. И бидејќи порасна Ние му дадовме и мудрост и знаење. И ете, така ги наградуваме доброчинителите!

وَلَمَّا بَلَغَ أَشُدَّهُۥٓ ءَاتَيْنَٰهُ حُكْمًا وَعِلْمًا ۚ
وَكَذَٰلِكَ نَجْزِى ٱلْمُحْسِنِينَ ﴿٢٢﴾

23. И настојуваше да го привлече кон себе, онаа во чија куќа беше тој, и ги испозатвора вратите, и рече: "Приближи се!" Јусуф рече: "Аллах да ме сочува, газдата мој, навистина, престојот ми го направи убав. Да, зулумќарите нема да бидат спасени!"

وَرَٰوَدَتْهُ ٱلَّتِى هُوَ فِى بَيْتِهَا عَن نَّفْسِهِۦ وَغَلَّقَتِ
ٱلْأَبْوَٰبَ وَقَالَتْ هَيْتَ لَكَ ۚ قَالَ مَعَاذَ ٱللَّهِ ۖ
إِنَّهُۥ رَبِّىٓ أَحْسَنَ مَثْوَاىَ ۖ إِنَّهُۥ لَا يُفْلِحُ
ٱلظَّٰلِمُونَ ﴿٢٣﴾

24. И таа, секако, покажа желба за него. А тој да не го видеше доказот од Господарот свој ќе покажеше желба за неа. Ете, така Ние од него го отсранивме

وَلَقَدْ هَمَّتْ بِهِۦ ۖ وَهَمَّ بِهَا لَوْلَآ أَن رَّءَا بُرْهَٰنَ
رَبِّهِۦ ۚ كَذَٰلِكَ لِنَصْرِفَ عَنْهُ ٱلسُّوٓءَ
وَٱلْفَحْشَآءَ ۚ إِنَّهُۥ مِنْ عِبَادِنَا ٱلْمُخْلَصِينَ ﴿٢٤﴾

лошото и срамното дело. Он, навистина, е меѓу робовите Наши чисти.

وَٱسْتَبَقَا ٱلْبَابَ وَقَدَّتْ قَمِيصَهُۥ مِن دُبُرٍ وَأَلْفَيَا سَيِّدَهَا لَدَا ٱلْبَابِ ۚ قَالَتْ مَا جَزَآءُ مَنْ أَرَادَ بِأَهْلِكَ سُوٓءًا إِلَّآ أَن يُسْجَنَ أَوْ عَذَابٌ أَلِيمٌ ﴿٢٥﴾

25. И двајцата потрчаа кон вратата. И таа ја искина кошулата негова одзади. И го сретнаа мажот ѝ на вратата, и таа рече: "Каква е казната за оној кој сака да ја обесчести жената твоја, освен да се затвори или болно да се казни?"

قَالَ هِىَ رَٰوَدَتْنِى عَن نَّفْسِى ۚ وَشَهِدَ شَاهِدٌ مِّنْ أَهْلِهَآ إِن كَانَ قَمِيصُهُۥ قُدَّ مِن قُبُلٍ فَصَدَقَتْ وَهُوَ مِنَ ٱلْكَٰذِبِينَ ﴿٢٦﴾

26. Јусуф рече: "Таа сакаше да ме привлече кон неа." И еден сведок, тогаш, при семејството нејзино вака посведочи: "Ако кошулата негова е искината однапред, во право си, а Јусуф, тогаш, би лажел."

وَإِن كَانَ قَمِيصُهُۥ قُدَّ مِن دُبُرٍ فَكَذَبَتْ وَهُوَ مِنَ ٱلصَّٰدِقِينَ ﴿٢٧﴾

27. А ако кошулата негова е искината одзади, таа не е во право, а тој е искрен."

فَلَمَّا رَءَا قَمِيصَهُۥ قُدَّ مِن دُبُرٍ قَالَ إِنَّهُۥ مِن كَيْدِكُنَّ ۖ إِنَّ كَيْدَكُنَّ عَظِيمٌ ﴿٢٨﴾

28. И бидејќи ја виде кошулата негова искината одзади, рече: "Ова е една од вашите сплетки. А сплетките нивни се големи, навистина!"

يُوسُفُ أَعْرِضْ عَنْ هَٰذَا ۚ وَٱسْتَغْفِرِى لِذَنۢبِكِ ۖ إِنَّكِ كُنتِ مِنَ ٱلْخَٰطِـِٔينَ ﴿٢٩﴾

29. Јусуф, занемари го ова! А ти, жено, побарај прошка за твојот грев. Ти си, навистина, меѓу грешниците!"

۞ وَقَالَ نِسْوَةٌ فِى ٱلْمَدِينَةِ ٱمْرَأَتُ ٱلْعَزِيزِ تُرَٰوِدُ فَتَىٰهَا عَن نَّفْسِهِۦ ۖ قَدْ شَغَفَهَا حُبًّا ۖ إِنَّا لَنَرَىٰهَا فِى ضَلَٰلٍ مُّبِينٍ ﴿٣٠﴾

30. И жените по градот говореа: "Жената на величеството негово посака да го привлече кон себе своето момче. Многу се вљубила во него. Ние сметаме

дека таа е скршната во заблуда јасна, навистина!"

فَلَمَّا سَمِعَتْ بِمَكْرِهِنَّ أَرْسَلَتْ إِلَيْهِنَّ وَأَعْتَدَتْ لَهُنَّ مُتَّكَـًٔا وَءَاتَتْ كُلَّ وَٰحِدَةٍ مِّنْهُنَّ سِكِّينًا وَقَالَتِ ٱخْرُجْ عَلَيْهِنَّ ۖ فَلَمَّا رَأَيْنَهُۥٓ أَكْبَرْنَهُۥ وَقَطَّعْنَ أَيْدِيَهُنَّ وَقُلْنَ حَٰشَ لِلَّهِ مَا هَٰذَا بَشَرًا إِنْ هَٰذَآ إِلَّا مَلَكٌ كَرِيمٌ ﴿٣١﴾

31. И бидејќи слушна зборници, испрати човек по жените, и им подготви дивани. На секоја од нив ѝ даде нож, и рече: "Излези пред нив!" И бидејќи го видоа, се зачудија и ги испосекоа прстите, и рекоа: "Аллах да сочува, ова не е човек; ова е мелек благороден!"

قَالَتْ فَذَٰلِكُنَّ ٱلَّذِى لُمْتُنَّنِى فِيهِ ۖ وَلَقَدْ رَٰوَدتُّهُۥ عَن نَّفْسِهِۦ فَٱسْتَعْصَمَ ۖ وَلَئِن لَّمْ يَفْعَلْ مَآ ءَامُرُهُۥ لَيُسْجَنَنَّ وَلَيَكُونًا مِّنَ ٱلصَّٰغِرِينَ ﴿٣٢﴾

32. Таа рече: "Ете, тоа е она за што ме озборувавте. Посакав да го привлечам кон себеси па се воздржа. И ако не го направи она што му го наредувам, секако, ќе го фрлам в затвор и ќе биде меѓу понизените!"

قَالَ رَبِّ ٱلسِّجْنُ أَحَبُّ إِلَىَّ مِمَّا يَدْعُونَنِىٓ إِلَيْهِ ۖ وَإِلَّا تَصْرِفْ عَنِّى كَيْدَهُنَّ أَصْبُ إِلَيْهِنَّ وَأَكُن مِّنَ ٱلْجَٰهِلِينَ ﴿٣٣﴾

33. И тој рече: "Господаре мој, затворот ми е помил од она кон што оние ме повикуваат. Ако не ме сочуваш од сплетките нивни ќе ми се појави желба кон нив и ќе бидам, тогаш, меѓу незнајковците!"

فَٱسْتَجَابَ لَهُۥ رَبُّهُۥ فَصَرَفَ عَنْهُ كَيْدَهُنَّ ۚ إِنَّهُۥ هُوَ ٱلسَّمِيعُ ٱلْعَلِيمُ ﴿٣٤﴾

34. Па, му се osва Господарот негов, и го сочува од сплетката нивна. Он, навистина, е Слушач и Зналец!

ثُمَّ بَدَا لَهُم مِّنۢ بَعْدِ مَا رَأَوُا۟ ٱلْـَٔايَٰتِ لَيَسْجُنُنَّهُۥ حَتَّىٰ حِينٍ ﴿٣٥﴾

35. Потоа веднаш видоа знамениja, и им се причини дека најубаво е за едно време определено да го фрлат в затвор.

وَدَخَلَ مَعَهُ ٱلسِّجْنَ فَتَيَانِ ۖ قَالَ أَحَدُهُمَآ

36. Во затворот со него влегоа уште две момчиња. Едното рече:

“Јас сонував, навистина, дека цедам вино”, а другото, пак, рече: “Јас сонував, навистина, како носам над главава леб што го клукаа птиците.” Објасни ни го значењето нивно! Гледаме дека си, навистина, меѓу доброчинителите!”

إِنِّيٓ أَرَىٰنِيٓ أَعۡصِرُ خَمۡرٗاۖ وَقَالَ ٱلۡأٓخَرُ إِنِّيٓ أَرَىٰنِيٓ أَحۡمِلُ فَوۡقَ رَأۡسِي خُبۡزٗا تَأۡكُلُ ٱلطَّيۡرُ مِنۡهُۖ نَبِّئۡنَا بِتَأۡوِيلِهِۦٓۖ إِنَّا نَرَىٰكَ مِنَ ٱلۡمُحۡسِنِينَ ٣٦

37. Јусуф рече: “Не ќе ви дојде ниедна храна која ја јадете а да не ве известам за нејзиното значење пред да ви дојде. Тоа е она со што ме поучи Господарот мој. Да, јас ја оставив верата на народот кој не веруваше во Аллах и кој не го признаваше Ахирет!

قَالَ لَا يَأۡتِيكُمَا طَعَامٞ تُرۡزَقَانِهِۦٓ إِلَّا نَبَّأۡتُكُمَا بِتَأۡوِيلِهِۦ قَبۡلَ أَن يَأۡتِيَكُمَاۚ ذَٰلِكُمَا مِمَّا عَلَّمَنِي رَبِّيٓۚ إِنِّي تَرَكۡتُ مِلَّةَ قَوۡمٖ لَّا يُؤۡمِنُونَ بِٱللَّهِ وَهُم بِٱلۡأٓخِرَةِ هُمۡ كَٰفِرُونَ ٣٧

38. Ја следам верата на моите предци: Ибрахим, Исхак, Јакуб. Не ни доликува ништо да Му здружуваме на Аллах. Ете, тоа е од добрината Аллахова кон нас и кон луѓето, но мнозинството меѓу луѓето не се заблагодарува.

وَٱتَّبَعۡتُ مِلَّةَ ءَابَآءِيٓ إِبۡرَٰهِيمَ وَإِسۡحَٰقَ وَيَعۡقُوبَۚ مَا كَانَ لَنَآ أَن نُّشۡرِكَ بِٱللَّهِ مِن شَيۡءٖۚ ذَٰلِكَ مِن فَضۡلِ ٱللَّهِ عَلَيۡنَا وَعَلَى ٱلنَّاسِ وَلَٰكِنَّ أَكۡثَرَ ٱلنَّاسِ لَا يَشۡكُرُونَ ٣٨

39. О другари мои затворски, кој е подобар: расфрлени божества или еден Аллах, Моќен!

يَٰصَٰحِبَيِ ٱلسِّجۡنِ ءَأَرۡبَابٞ مُّتَفَرِّقُونَ خَيۡرٌ أَمِ ٱللَّهُ ٱلۡوَٰحِدُ ٱلۡقَهَّارُ ٣٩

40. Оние кои ги обожавате освен Аллах се само имиња кои им ги дадовте, вие и предците ваши; затоа Аллах не ви објави никаков доказ. Пресудата е само Аллахова. Ви нареди само Него

مَا تَعۡبُدُونَ مِن دُونِهِۦٓ إِلَّآ أَسۡمَآءٗ سَمَّيۡتُمُوهَآ أَنتُمۡ وَءَابَآؤُكُم مَّآ أَنزَلَ ٱللَّهُ بِهَا مِن سُلۡطَٰنٍۚ إِنِ ٱلۡحُكۡمُ إِلَّا لِلَّهِۚ أَمَرَ أَلَّا تَعۡبُدُوٓاْ إِلَّآ إِيَّاهُۚ ذَٰلِكَ ٱلدِّينُ ٱلۡقَيِّمُ وَلَٰكِنَّ أَكۡثَرَ ٱلنَّاسِ

да Го обожавате. Е, тоа е постојаната вера, но мнозинството меѓу луѓето не знаат!

لَا يَعْلَمُونَ ﴿٤٠﴾

41. О другари мои затворски, еден од вас Господарот ќе го напие со вино, а другиот ќе го распне и птиците ќе јадат од главата негова. Така е одредена судбината за која барате одговор."

يَٰصَٰحِبَيِ ٱلسِّجْنِ أَمَّآ أَحَدُكُمَا فَيَسْقِى رَبَّهُۥ خَمْرًا ۖ وَأَمَّا ٱلْءَاخَرُ فَيُصْلَبُ فَتَأْكُلُ ٱلطَّيْرُ مِن رَّأْسِهِۦ ۚ قُضِىَ ٱلْأَمْرُ ٱلَّذِى فِيهِ تَسْتَفْتِيَانِ ﴿٤١﴾

42. И Јусуф му рече на едниот за кого мислеше дека ќе биде спасен:"Спомени ме при господарот твој." Шејтанот, меѓутоа, направи да заборави да го спомене кај господарот свој и заради тоа остана в затвор уште неколку години.

وَقَالَ لِلَّذِى ظَنَّ أَنَّهُۥ نَاجٍ مِّنْهُمَا ٱذْكُرْنِى عِندَ رَبِّكَ فَأَنسَىٰهُ ٱلشَّيْطَٰنُ ذِكْرَ رَبِّهِۦ فَلَبِثَ فِى ٱلسِّجْنِ بِضْعَ سِنِينَ ﴿٤٢﴾

43. И владарот рече: "Јас сонував, навистина, седум крави дебели како ги јадат седум крави слаби и седум класја зрели и други седум суви. О големци, протолкувајте ми го сонот мој ако толкувате сонови!"

وَقَالَ ٱلْمَلِكُ إِنِّىٓ أَرَىٰ سَبْعَ بَقَرَٰتٍ سِمَانٍ يَأْكُلُهُنَّ سَبْعٌ عِجَافٌ وَسَبْعَ سُنۢبُلَٰتٍ خُضْرٍ وَأُخَرَ يَابِسَٰتٍ ۖ يَٰٓأَيُّهَا ٱلْمَلَأُ أَفْتُونِى فِى رُءْيَىَ إِن كُنتُمْ لِلرُّءْيَا تَعْبُرُونَ ﴿٤٣﴾

44. Рекоа:"Матни сонови! Ние не знаеме да ги објасниуваме соновите."

قَالُوٓا۟ أَضْغَٰثُ أَحْلَٰمٍ ۖ وَمَا نَحْنُ بِتَأْوِيلِ ٱلْأَحْلَٰمِ بِعَٰلِمِينَ ﴿٤٤﴾

45. И оној од двајцата, кој се спаси, кој се сети по дружењето со Јусуф, рече: "Јас ќе ви го изнесам значењето: само испратете ме!"

وَقَالَ ٱلَّذِى نَجَا مِنْهُمَا وَٱدَّكَرَ بَعْدَ أُمَّةٍ أَنَا۠ أُنَبِّئُكُم بِتَأْوِيلِهِۦ فَأَرْسِلُونِ ﴿٤٥﴾

46. "О Јусуф, о пријателу! Протолкувај ни што значат седум крави слаби да јадат седум крави дебели и седум класја зрели и други седум класја суви, за да се

يُوسُفُ أَيُّهَا ٱلصِّدِّيقُ أَفْتِنَا فِى سَبْعِ بَقَرَٰتٍ سِمَانٍ يَأْكُلُهُنَّ سَبْعٌ عِجَافٌ وَسَبْعِ سُنۢبُلَٰتٍ خُضْرٍ وَأُخَرَ يَابِسَٰتٍ لَّعَلِّىٓ أَرْجِعُ

вратам кај луѓето и за да знаат што е тоа."

إِلَى ٱلنَّاسِ لَعَلَّهُمْ يَعْلَمُونَ ﴿٤٦﴾

47. Рече:"Седум години ќе сеете без прекин. И она што ќе го пожнеете оставете го во класјето, освен малку со што ќе се храните.

قَالَ تَزْرَعُونَ سَبْعَ سِنِينَ دَأَبًا فَمَا حَصَدتُّمْ فَذَرُوهُ فِى سُنۢبُلِهِۦٓ إِلَّا قَلِيلًا مِّمَّا تَأْكُلُونَ ﴿٤٧﴾

48. Потоа ќе настапат седум тешки години во кои ќе го потрошат она што го збиравте за нив, освен малку од сè она со што ќе се храните.

ثُمَّ يَأْتِى مِنۢ بَعْدِ ذَٰلِكَ سَبْعٌ شِدَادٌ يَأْكُلْنَ مَا قَدَّمْتُمْ لَهُنَّ إِلَّا قَلِيلًا مِّمَّا تُحْصِنُونَ ﴿٤٨﴾

49. Потоа ќе дојдат години во кои на луѓето ќе им паѓа дожд и во тие години луѓето ќе цедат од плодовите."

ثُمَّ يَأْتِى مِنۢ بَعْدِ ذَٰلِكَ عَامٌ فِيهِ يُغَاثُ ٱلنَّاسُ وَفِيهِ يَعْصِرُونَ ﴿٤٩﴾

50. И владарот рече: "Доведете ми го!" И бидејќи пратеникот му дојде, рече: "Врати му се на господарот твој и прашај го што се случи со жените кои ги исposекоа рацете нивни. Господарот мој, навистина, ги знае сплетките нивни."

وَقَالَ ٱلْمَلِكُ ٱئْتُونِى بِهِۦ ۖ فَلَمَّا جَآءَهُ ٱلرَّسُولُ قَالَ ٱرْجِعْ إِلَىٰ رَبِّكَ فَسْـَٔلْهُ مَا بَالُ ٱلنِّسْوَةِ ٱلَّٰتِى قَطَّعْنَ أَيْدِيَهُنَّ ۚ إِنَّ رَبِّى بِكَيْدِهِنَّ عَلِيمٌ ﴿٥٠﴾

51. Владарот рече: "Што е, токму, со вас? Зошто сакавте да го привлечете Јусуфа кон вас?" Рекоа: "Аллах да чува, ние ништо лошо за него не знаеме." И жената на моќникот рече: "Вистината сега излезе на виделина. Јас посакував, токму, да го привлечам, но он, навистина, е меѓу искрените."

قَالَ مَا خَطْبُكُنَّ إِذْ رَٰوَدتُّنَّ يُوسُفَ عَن نَّفْسِهِۦ ۚ قُلْنَ حَٰشَ لِلَّهِ مَا عَلِمْنَا عَلَيْهِ مِن سُوٓءٍ ۚ قَالَتِ ٱمْرَأَتُ ٱلْعَزِيزِ ٱلْـَٰٔنَ حَصْحَصَ ٱلْحَقُّ أَنَا۠ رَٰوَدتُّهُۥ عَن نَّفْسِهِۦ وَإِنَّهُۥ لَمِنَ ٱلصَّٰدِقِينَ ﴿٥١﴾

52. И ете, нека знае дека, навистина, не го изневерив тајно. И Аллах, секако, не ја управува сплетката на изневерителите!

ذَٰلِكَ لِيَعْلَمَ أَنِّي لَمْ أَخُنْهُ بِالْغَيْبِ وَأَنَّ اللَّهَ لَا يَهْدِي كَيْدَ الْخَائِنِينَ ﴿٥٢﴾

53.Јас, меѓутоа, не се оправдувам. Душата, навистина, е наклонета кон злото, освен ако не ѝ се смилува Господарот мој. Господарот мој, навистина, е Простувач и Сомилосен!

۞ وَمَا أُبَرِّئُ نَفْسِي ۚ إِنَّ النَّفْسَ لَأَمَّارَةٌ بِالسُّوءِ إِلَّا مَا رَحِمَ رَبِّي ۚ إِنَّ رَبِّي غَفُورٌ رَّحِيمٌ ﴿٥٣﴾

54. И владарот рече: "Доведете го кај мене, ќе го изберам за свој придружник." И бидејќи разговараше со него, рече: "Ти денес кај нас имаш сигурно место."

وَقَالَ الْمَلِكُ ائْتُونِي بِهِ أَسْتَخْلِصْهُ لِنَفْسِي ۖ فَلَمَّا كَلَّمَهُ قَالَ إِنَّكَ الْيَوْمَ لَدَيْنَا مَكِينٌ أَمِينٌ ﴿٥٤﴾

55. Јусуф рече: "Одреди ме да ги чувам ризниците во земјава. Јас сум, навистина, познат чувар!"

قَالَ اجْعَلْنِي عَلَىٰ خَزَائِنِ الْأَرْضِ ۖ إِنِّي حَفِيظٌ عَلِيمٌ ﴿٥٥﴾

56. И ете, така Ние на Јусуф му дадовме посебно место на земјата. И се исели на неа таму каде што сакаше. Со милоста Наша Ние наградуваме кого сакаме, а наградата на доброчинителите не ја намалуваме.

وَكَذَٰلِكَ مَكَّنَّا لِيُوسُفَ فِي الْأَرْضِ يَتَبَوَّأُ مِنْهَا حَيْثُ يَشَاءُ ۚ نُصِيبُ بِرَحْمَتِنَا مَن نَّشَاءُ وَلَا نُضِيعُ أَجْرَ الْمُحْسِنِينَ ﴿٥٦﴾

57. А наградата на Ахирет е подобра за оние кои веруваа и кои беа богобојазливи.

وَلَأَجْرُ الْآخِرَةِ خَيْرٌ لِّلَّذِينَ آمَنُوا وَكَانُوا يَتَّقُونَ ﴿٥٧﴾

58. И дојдоа браќата на Јусуф и влегоа кај него. И тогаш тој ги препозна а тие него не го препознаа.

وَجَاءَ إِخْوَةُ يُوسُفَ فَدَخَلُوا عَلَيْهِ فَعَرَفَهُمْ وَهُمْ لَهُ مُنكِرُونَ ﴿٥٨﴾

59. И бидејќи ги снабди со делот нивни, рече: "Доведете го кај мене вашиот брат по бабо. Не гледате ли дека јас, навистина, мерам праведно и дека јас сум најдобар угостувач?

وَلَمَّا جَهَّزَهُم بِجَهَازِهِمْ قَالَ ائْتُونِي بِأَخٍ لَّكُم مِّنْ أَبِيكُمْ ۚ أَلَا تَرَوْنَ أَنِّي أُوفِي الْكَيْلَ وَأَنَا خَيْرُ الْمُنزِلِينَ ﴿٥٩﴾

60. Па, ако не го доведете нема да ви мерам и повеќе нема да ми се приближувате!"

فَإِن لَّمْ تَأْتُونِي بِهِ فَلَا كَيْلَ لَكُمْ عِندِي وَلَا تَقْرَبُونِ ﴿٦٠﴾

61. Рекоа: "Ќе настојуваме да го одвратиме од него бабо му; и, секако, тоа ќе го направиме!"

قَالُوا سَنُرَاوِدُ عَنْهُ أَبَاهُ وَإِنَّا لَفَاعِلُونَ ﴿٦١﴾

62. И Јусуф им рече на момчињата:"Погледнете ги нивните покуќнини во товарите нивни; можеби, кога ќе им се вратат на семејствата, ќе ги препознаат; можеби пак ќе се вратат."

وَقَالَ لِفِتْيَانِهِ اجْعَلُوا بِضَاعَتَهُمْ فِي رِحَالِهِمْ لَعَلَّهُمْ يَعْرِفُونَهَا إِذَا انقَلَبُوا إِلَىٰ أَهْلِهِمْ لَعَلَّهُمْ يَرْجِعُونَ ﴿٦٢﴾

63. И бидејќи се вратија кај бабо им, рекоа: "О бабо наш, ние нема да добиеме повеќе храна. Испрати го, тогаш, брат ни со нас. Со него сигурно ќе добиеме храна. И сигурно ќе го чуваме!"

فَلَمَّا رَجَعُوا إِلَىٰ أَبِيهِمْ قَالُوا يَا أَبَانَا مُنِعَ مِنَّا الْكَيْلُ فَأَرْسِلْ مَعَنَا أَخَانَا نَكْتَلْ وَإِنَّا لَهُ لَحَافِظُونَ ﴿٦٣﴾

64. Бабо им рече: "Да ви го доверам ли онака како што ви го доверив брат му порано? Па, Аллах е најдобриот чувар! И меѓу милостивите, токму, е Најмилостивиот!

قَالَ هَلْ آمَنُكُمْ عَلَيْهِ إِلَّا كَمَا أَمِنتُكُمْ عَلَىٰ أَخِيهِ مِن قَبْلُ ۖ فَاللَّهُ خَيْرٌ حَافِظًا ۖ وَهُوَ أَرْحَمُ الرَّاحِمِينَ ﴿٦٤﴾

65. И бидејќи го отворија товарот, видоа како покуќнините

وَلَمَّا فَتَحُوا مَتَاعَهُمْ وَجَدُوا بِضَاعَتَهُمْ رُدَّتْ

нивни се вратени, и рекоа: "О бабо наш, што ни треба повеќе? Овие наши покуќнини ни се вратија; ќе ги снабдиме семејствата наши, и ќе го чуваме брат ни, и ќе добиеме повеќе од еден камилски товар, - тоа е товар незначителен."

إِلَيْهِمْ قَالُوا۟ يَٰٓأَبَانَا مَا نَبْغِى ۖ هَٰذِهِۦ بِضَٰعَتُنَا رُدَّتْ إِلَيْنَا ۖ وَنَمِيرُ أَهْلَنَا وَنَحْفَظُ أَخَانَا وَنَزْدَادُ كَيْلَ بَعِيرٍ ۖ ذَٰلِكَ كَيْلٌ يَسِيرٌ ﴿٦٥﴾

66. Тој рече: "Нема да го испратам со вас, сигурно, додека не ми дадете заклетва, која ќе се поптира врз Аллах дека ќе ми го вратите, освен ако не настрадате. И бидејќи му дадоа заклетва, рече: "Аллах е Закрилник за она што го зборуваме!"

قَالَ لَنْ أُرْسِلَهُۥ مَعَكُمْ حَتَّىٰ تُؤْتُونِ مَوْثِقًا مِّنَ ٱللَّهِ لَتَأْتُنَّنِى بِهِۦٓ إِلَّآ أَن يُحَاطَ بِكُمْ ۖ فَلَمَّآ ءَاتَوْهُ مَوْثِقَهُمْ قَالَ ٱللَّهُ عَلَىٰ مَا نَقُولُ وَكِيلٌ ﴿٦٦﴾

67. И рече: "О синови мои, не влегувајте низ една порта, туку влегувајте низ различни порти. Јас немам никаков удел во она што ви го одредува Аллах. Пресудата, навистина, е - Аллахова! Врз Него се потпирам и врз Него се потпираат они кои, токму, се потпираат."

وَقَالَ يَٰبَنِىَّ لَا تَدْخُلُوا۟ مِنۢ بَابٍ وَٰحِدٍ وَٱدْخُلُوا۟ مِنْ أَبْوَٰبٍ مُّتَفَرِّقَةٍ ۖ وَمَآ أُغْنِى عَنكُم مِّنَ ٱللَّهِ مِن شَىْءٍ ۖ إِنِ ٱلْحُكْمُ إِلَّا لِلَّهِ ۖ عَلَيْهِ تَوَكَّلْتُ ۖ وَعَلَيْهِ فَلْيَتَوَكَّلِ ٱلْمُتَوَكِّلُونَ ﴿٦٧﴾

68. И бидејќи влегоа отаде од каде што им заповеда бабо им, ништо за нив не беше остварено од страна на Аллах, освен потребата во душата на Јакуб која ја оствари; Јакуб беше зналец бидејќи Ние го поучивме, навистина, но мнозинството на луѓето не знаат.

وَلَمَّا دَخَلُوا۟ مِنْ حَيْثُ أَمَرَهُمْ أَبُوهُم مَّا كَانَ يُغْنِى عَنْهُم مِّنَ ٱللَّهِ مِن شَىْءٍ إِلَّا حَاجَةً فِى نَفْسِ يَعْقُوبَ قَضَىٰهَا ۚ وَإِنَّهُۥ لَذُو عِلْمٍ لِّمَا عَلَّمْنَٰهُ وَلَٰكِنَّ أَكْثَرَ ٱلنَّاسِ لَا يَعْلَمُونَ ﴿٦٨﴾

69. И бидејќи влегоа кај Јусуф, го привлече Јусуф брат му кон себе, и рече: "Да, јас сум брат ти, и не жалости се за она што го направија!"

وَلَمَّا دَخَلُوا۟ عَلَىٰ يُوسُفَ ءَاوَىٰٓ إِلَيْهِ أَخَاهُ ۖ قَالَ إِنِّىٓ أَنَا۠ أَخُوكَ فَلَا تَبْتَـِٔسْ بِمَا كَانُوا۟ يَعْمَلُونَ ﴿٦٩﴾

70. И бидејќи ги снабди со она што требаше да ги снабди, стави еден сад за мерење во товарот од брат му. Потоа, еден возгласник возгласи: "О каравану, вие сте, навистина, крадци!"

فَلَمَّا جَهَّزَهُم بِجَهَازِهِمْ جَعَلَ ٱلسِّقَايَةَ فِى رَحْلِ أَخِيهِ ثُمَّ أَذَّنَ مُؤَذِّنٌ أَيَّتُهَا ٱلْعِيرُ إِنَّكُمْ لَسَـٰرِقُونَ ﴿٧٠﴾

71. И оние, враќајќи им се, рекоа: "Што барате?"

قَالُوا۟ وَأَقْبَلُوا۟ عَلَيْهِم مَّاذَا تَفْقِدُونَ ﴿٧١﴾

72. Рекоа: "Го бараме садот од владарот, а оној што ќе го донесе ќе добие товар камилски. За тоа јас ветувам."

قَالُوا۟ نَفْقِدُ صُوَاعَ ٱلْمَلِكِ وَلِمَن جَآءَ بِهِۦ حِمْلُ بَعِيرٍ وَأَنَا۠ بِهِۦ زَعِيمٌ ﴿٧٢﴾

73. Рекоа:"Се колнеме во Алах! Вие знаете дека не дојдовме да правиме безредие во земјава и, секако, не сме крадци!"

قَالُوا۟ تَٱللَّهِ لَقَدْ عَلِمْتُم مَّا جِئْنَا لِنُفْسِدَ فِى ٱلْأَرْضِ وَمَا كُنَّا سَـٰرِقِينَ ﴿٧٣﴾

74. Ги прашаа: "Каква ќе му биде казната ако лажете?"

قَالُوا۟ فَمَا جَزَٰٓؤُهُۥٓ إِن كُنتُمْ كَـٰذِبِينَ ﴿٧٤﴾

75. Одговорија: "Казната негова е кај оној во чиј товар ќе се најде - па, тоа е казната негова. Ете, така Ние ги казнуваме зулумќарите!"

قَالُوا۟ جَزَٰٓؤُهُۥ مَن وُجِدَ فِى رَحْلِهِۦ فَهُوَ جَزَٰٓؤُهُۥ ۚ كَذَٰلِكَ نَجْزِى ٱلظَّـٰلِمِينَ ﴿٧٥﴾

76. И тогаш Јусуф почна со вреќите нивни пред да почне со вреќата од брат му, и го извади садот од вреќата на брат му.

فَبَدَأَ بِأَوْعِيَتِهِمْ قَبْلَ وِعَآءِ أَخِيهِ ثُمَّ ٱسْتَخْرَجَهَا مِن وِعَآءِ أَخِيهِ ۚ كَذَٰلِكَ كِدْنَا لِيُوسُفَ ۖ مَا كَانَ لِيَأْخُذَ أَخَاهُ فِى دِينِ ٱلْمَلِكِ إِلَّآ أَن يَشَآءَ ٱللَّهُ ۚ

نَرْفَعُ دَرَجَٰتٍ مَّن نَّشَآءُ ۗ وَفَوْقَ كُلِّ ذِى عِلْمٍ عَلِيمٌ ﴿٧٦﴾

Ете, со таква итрина Ние го поучивме Јусуфа. Јусуф не можеше, според законот на владарот, да го земе брат му како роб, освен ако не сака Аллах. Кого сакаме Ние на степени го воздигнуваме. И над секое знаење има зналец!

قَالُوٓا۟ إِن يَسْرِقْ فَقَدْ سَرَقَ أَخٌ لَّهُۥ مِن قَبْلُ ۚ فَأَسَرَّهَا يُوسُفُ فِى نَفْسِهِۦ وَلَمْ يُبْدِهَا لَهُمْ ۚ قَالَ أَنتُمْ شَرٌّ مَّكَانًا ۖ وَٱللَّهُ أَعْلَمُ بِمَا تَصِفُونَ ﴿٧٧﴾

77. Тие рекоа: "Ако тој украде, украде и брат му пред него." И тоа Јусуф го премолчи во себеси, и не им го обелодени, велејќи си: "Вие сте во полоша состојба, а Аллах најдобро го знае она што вие го опишувате."

قَالُوا۟ يَٰٓأَيُّهَا ٱلْعَزِيزُ إِنَّ لَهُۥٓ أَبًا شَيْخًا كَبِيرًا فَخُذْ أَحَدَنَا مَكَانَهُۥٓ ۖ إِنَّا نَرَىٰكَ مِنَ ٱلْمُحْسِنِينَ ﴿٧٨﴾

78. Тие рекоа: "О величество, тој, навистина, има стар бабо, во години е, па земи еден од нас наместо него. Гледаме дека си меѓу доброчинителите!"

قَالَ مَعَاذَ ٱللَّهِ أَن نَّأْخُذَ إِلَّا مَن وَجَدْنَا مَتَٰعَنَا عِندَهُۥٓ ۙ إِنَّآ إِذًا لَّظَٰلِمُونَ ﴿٧٩﴾

79. Тој рече: "Аллах да сочува од тоа да земеме друг а не овој во чиј товар го најдовме садот. Тогаш, навистина, би биле зулумќари!"

فَلَمَّا ٱسْتَيْـَٔسُوا۟ مِنْهُ خَلَصُوا۟ نَجِيًّا ۖ قَالَ كَبِيرُهُمْ أَلَمْ تَعْلَمُوٓا۟ أَنَّ أَبَاكُمْ قَدْ أَخَذَ عَلَيْكُم مَّوْثِقًا مِّنَ ٱللَّهِ وَمِن قَبْلُ مَا فَرَّطتُمُونِى يُوسُفَ ۖ فَلَنْ أَبْرَحَ ٱلْأَرْضَ حَتَّىٰ يَأْذَنَ لِىٓ أَبِىٓ أَوْ يَحْكُمَ ٱللَّهُ لِى ۖ وَهُوَ خَيْرُ ٱلْحَٰكِمِينَ ﴿٨٠﴾

80. И бидејќи изгубија надеж во него, се одвоија насамо. Најстариот од нив рече: "Не знаете ли дека бабо од вас побара заклетва, да се заколнете во Аллах? И порано Јусуфа го упропастивте. Нема да ја напуштам земјава сè додека не ми дозволи бабо ми или, пак, додека не ми пресуди Аллах. А меѓу судиите Он е Најдобриот!

81. Вратете се кај бабо ви, па кажете: - О бабо наш, твојот син, навистина, украде. И го сведочиме само она што го знаеме и ние, навистина, не сме чувари на тајната.

ٱرْجِعُوٓا۟ إِلَىٰٓ أَبِيكُمْ فَقُولُوا۟ يَٰٓأَبَانَآ إِنَّ ٱبْنَكَ سَرَقَ وَمَا شَهِدْنَآ إِلَّا بِمَا عَلِمْنَا وَمَا كُنَّا لِلْغَيْبِ حَٰفِظِينَ ﴿٨١﴾

82. Прашај ја населбата во која отседнавме и караванот со кој дојдовме. Ние сме, навистина, искрени!"

وَسْـَٔلِ ٱلْقَرْيَةَ ٱلَّتِى كُنَّا فِيهَا وَٱلْعِيرَ ٱلَّتِىٓ أَقْبَلْنَا فِيهَا ۖ وَإِنَّا لَصَٰدِقُونَ ﴿٨٢﴾

83. Јакуб рече: "Не, во душите ваши произлезе нешто лошо. Па, трпеливоста е убава! Можеби Аллах сите ќе ми ги врати. Он, навистина, е Зналец и Мудар!"

قَالَ بَلْ سَوَّلَتْ لَكُمْ أَنفُسُكُمْ أَمْرًا ۖ فَصَبْرٌ جَمِيلٌ ۖ عَسَى ٱللَّهُ أَن يَأْتِيَنِى بِهِمْ جَمِيعًا ۚ إِنَّهُۥ هُوَ ٱلْعَلِيمُ ٱلْحَكِيمُ ﴿٨٣﴾

84. И ги сврте плеќите и рече: "О Јусуф, о таго моја!" И му побелеа очите од грижа. Но, сепак, се совлада.

وَتَوَلَّىٰ عَنْهُمْ وَقَالَ يَٰٓأَسَفَىٰ عَلَىٰ يُوسُفَ وَٱبْيَضَّتْ عَيْنَاهُ مِنَ ٱلْحُزْنِ فَهُوَ كَظِيمٌ ﴿٨٤﴾

85. Синовите му рекоа: "Се колнеме во Аллах! Ако не престанеш да се сеќаваш на Јусуф, или ќе се истоштиш или ќе се упропастиш."

قَالُوا۟ تَٱللَّهِ تَفْتَؤُا۟ تَذْكُرُ يُوسُفَ حَتَّىٰ تَكُونَ حَرَضًا أَوْ تَكُونَ مِنَ ٱلْهَٰلِكِينَ ﴿٨٥﴾

86. А тој рече: "И тагата моја и жалоста моја Му ги изнесувам на Аллах. И од Аллах го знам она што вие не го знаете.

قَالَ إِنَّمَآ أَشْكُوا۟ بَثِّى وَحُزْنِىٓ إِلَى ٱللَّهِ وَأَعْلَمُ مِنَ ٱللَّهِ مَا لَا تَعْلَمُونَ ﴿٨٦﴾

87. О синови мои, одете и распрашајте се за Јусуф и за брат му, па, не очајувајте во милоста Аллахова. Во милоста Аллахова очајуваат, навистина, само неверниците!"

يَٰبَنِىَّ ٱذْهَبُوا۟ فَتَحَسَّسُوا۟ مِن يُوسُفَ وَأَخِيهِ وَلَا تَا۟يْـَٔسُوا۟ مِن رَّوْحِ ٱللَّهِ ۖ إِنَّهُۥ لَا يَا۟يْـَٔسُ مِن رَّوْحِ ٱللَّهِ إِلَّا ٱلْقَوْمُ ٱلْكَٰفِرُونَ ﴿٨٧﴾

فَلَمَّا دَخَلُوا۟ عَلَيْهِ قَالُوا۟ يَٰٓأَيُّهَا ٱلْعَزِيزُ مَسَّنَا وَأَهْلَنَا ٱلضُّرُّ وَجِئْنَا بِبِضَٰعَةٍ مُّزْجَىٰةٍ فَأَوْفِ لَنَا ٱلْكَيْلَ وَتَصَدَّقْ عَلَيْنَآ ۖ إِنَّ ٱللَّهَ يَجْزِى ٱلْمُتَصَدِّقِينَ ﴿٨٨﴾

88. И бидејќи влегоа кај него, рекоа: "О величество, штета нè погоди, нас и семејствата наши, и ете, така, дојдовме со трговска стока отпадна. Па, дај ни полна мера и дај ни милосрдие. Аллах, навистина, ги наградува милосрдниците!"

قَالَ هَلْ عَلِمْتُم مَّا فَعَلْتُم بِيُوسُفَ وَأَخِيهِ إِذْ أَنتُمْ جَٰهِلُونَ ﴿٨٩﴾

89. Јусуф рече: "Па, го знаете ли она што го направивте со Јусуф и брат му, кога не знаевте?"

قَالُوٓا۟ أَءِنَّكَ لَأَنتَ يُوسُفُ ۖ قَالَ أَنَا۠ يُوسُفُ وَهَٰذَآ أَخِى ۖ قَدْ مَنَّ ٱللَّهُ عَلَيْنَآ ۖ إِنَّهُۥ مَن يَتَّقِ وَيَصْبِرْ فَإِنَّ ٱللَّهَ لَا يُضِيعُ أَجْرَ ٱلْمُحْسِنِينَ ﴿٩٠﴾

90. Тие рекоа: "Ти ли си Јусуф, навистина?" Јусуф рече: "Јас сум Јусуф, а ова е брат ми. Да, Аллах ни даде предност." Оној кој е богобојазлив и трпелив... па, Аллах, навистина, не ја намалува наградата на доброчинителите!"

قَالُوا۟ تَٱللَّهِ لَقَدْ ءَاثَرَكَ ٱللَّهُ عَلَيْنَا وَإِن كُنَّا لَخَٰطِـِٔينَ ﴿٩١﴾

91. Тие рекоа: "Се колнеме во Аллах дека, навистина, те одликува над нас и ние згрешивме, сигурно!"

قَالَ لَا تَثْرِيبَ عَلَيْكُمُ ٱلْيَوْمَ ۖ يَغْفِرُ ٱللَّهُ لَكُمْ ۖ وَهُوَ أَرْحَمُ ٱلرَّٰحِمِينَ ﴿٩٢﴾

92. Тој рече: "Денес нема прекор за вас. Аллах ви простува. А меѓу милостивите Он е Најмилостивиот!

ٱذْهَبُوا۟ بِقَمِيصِى هَٰذَا فَأَلْقُوهُ عَلَىٰ وَجْهِ أَبِى يَأْتِ بَصِيرًا وَأْتُونِى بِأَهْلِكُمْ أَجْمَعِينَ ﴿٩٣﴾

93. Земете ја оваа моја кошула и фрлете ја на лицето од бабо ми, и така, ќе му се врати видот, и донесете ми го сето семејство ваше."

94. И бидејќи караванот отпатува, бабо им рече: "Да, јас го чувствувам мирисот на Јусуф. И не кажувајте му дека јас обнеможев."

وَلَمَّا فَصَلَتِ ٱلْعِيرُ قَالَ أَبُوهُمْ إِنِّى لَأَجِدُ رِيحَ يُوسُفَ ۖ لَوْلَآ أَن تُفَنِّدُونِ ﴿٩٤﴾

95. Рекоа: "Се колнеме во Аллах! Ти си скршнат во заблуда поранешна."

قَالُوا۟ تَٱللَّهِ إِنَّكَ لَفِى ضَلَٰلِكَ ٱلْقَدِيمِ ﴿٩٥﴾

96. И бидејќи дојде радосникот, ја фрли кошулата на неговото лице, и тогаш ете, му се врати видот. Рече: "Нели ви кажав дека јас го знам од Аллах она што вие, секако, не го знаете!"

فَلَمَّآ أَن جَآءَ ٱلْبَشِيرُ أَلْقَىٰهُ عَلَىٰ وَجْهِهِۦ فَٱرْتَدَّ بَصِيرًا ۖ قَالَ أَلَمْ أَقُل لَّكُمْ إِنِّىٓ أَعْلَمُ مِنَ ٱللَّهِ مَا لَا تَعْلَمُونَ ﴿٩٦﴾

97. Рекоа: "О бабо наш, барај прошка за гревовите наши, ние, навистина, згрешивме!"

قَالُوا۟ يَٰٓأَبَانَا ٱسْتَغْفِرْ لَنَا ذُنُوبَنَآ إِنَّا كُنَّا خَٰطِـِٔينَ ﴿٩٧﴾

98. Рече: "Ќе побарам прошка за вас од Господарот мој. Он, навистина, е Простувач и Сомилосен!"

قَالَ سَوْفَ أَسْتَغْفِرُ لَكُمْ رَبِّىٓ ۖ إِنَّهُۥ هُوَ ٱلْغَفُورُ ٱلرَّحِيمُ ﴿٩٨﴾

99. И бидејќи влегоа кај Јусуф, ги привлече при себеси родителите свои, и рече: "Влезете во Мисир, ако Аллах сака, сигурни!"

فَلَمَّا دَخَلُوا۟ عَلَىٰ يُوسُفَ ءَاوَىٰٓ إِلَيْهِ أَبَوَيْهِ وَقَالَ ٱدْخُلُوا۟ مِصْرَ إِن شَآءَ ٱللَّهُ ءَامِنِينَ ﴿٩٩﴾

100. И ги постави родителите свои на престолот и сите кои беа тука му се поклонија. И тој рече: "О бабо мој, ова е толкувањето на мојот сон од порано. Аллах определи тој да се овистини. Да, Аллах ми направи добро со тоа што ме извлече од затворот и

وَرَفَعَ أَبَوَيْهِ عَلَى ٱلْعَرْشِ وَخَرُّوا۟ لَهُۥ سُجَّدًا ۖ وَقَالَ يَٰٓأَبَتِ هَٰذَا تَأْوِيلُ رُءْيَىَ مِن قَبْلُ قَدْ جَعَلَهَا رَبِّى حَقًّا ۖ وَقَدْ أَحْسَنَ بِىٓ إِذْ أَخْرَجَنِى مِنَ ٱلسِّجْنِ وَجَآءَ بِكُم مِّنَ ٱلْبَدْوِ مِنۢ بَعْدِ أَن نَّزَغَ ٱلشَّيْطَٰنُ بَيْنِى وَبَيْنَ إِخْوَتِىٓ ۚ إِنَّ رَبِّى لَطِيفٌ لِّمَا يَشَآءُ ۚ إِنَّهُۥ هُوَ ٱلْعَلِيمُ ٱلْحَكِيمُ ﴿١٠٠﴾

затоа што вас ве доведе од пустина. И тоа по вмешувањето на Шејтанот меѓу мене и меѓу браќата мои. Господарот мој, навистина, е Чувствителен кон оној кон кого Он сака. Он, навистина, е Зналец и Мудар!

۞ رَبِّ قَدْ ءَاتَيْتَنِي مِنَ ٱلْمُلْكِ وَعَلَّمْتَنِي
مِن تَأْوِيلِ ٱلْأَحَادِيثِ ۚ فَاطِرَ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ
أَنتَ وَلِيِّۦ فِى ٱلدُّنْيَا وَٱلْءَاخِرَةِ ۖ تَوَفَّنِى
مُسْلِمًا وَأَلْحِقْنِى بِٱلصَّٰلِحِينَ ﴿١٠١﴾

101. О Господаре мој, веќе ми даде власт и ме поучи во толкувањето на настаните, Творителу на небесата и на Земјата, Ти си мојот Заштитник и на овој свет и на Ахирет. Кога ќе определиш да умрам нека умрам како Послушен и соедини ме со добрите!"

ذَٰلِكَ مِنْ أَنۢبَآءِ ٱلْغَيْبِ نُوحِيهِ إِلَيْكَ ۖ وَمَا كُنتَ
لَدَيْهِمْ إِذْ أَجْمَعُوٓا۟ أَمْرَهُمْ وَهُمْ يَمْكُرُونَ ﴿١٠٢﴾

102. Ете, тоа се дел од кажувањата за тајната кои Ние ти ги објавуваме, и ти не беше кај нив кога заеднички се согласија за работата нивна - но, токму, беа сплеткари.

وَمَآ أَكْثَرُ ٱلنَّاسِ وَلَوْ حَرَصْتَ
بِمُؤْمِنِينَ ﴿١٠٣﴾

103. И колку да посакуваш, мнозинството меѓу луѓето не се верници!

وَمَا تَسْـَٔلُهُمْ عَلَيْهِ مِنْ أَجْرٍ ۚ
إِنْ هُوَ إِلَّا ذِكْرٌ لِّلْعَٰلَمِينَ ﴿١٠٤﴾

104. И ти не бараш од нив награда за тоа. Тоа е само Опомена за световите!

وَكَأَيِّن مِّنْ ءَايَةٍ فِى ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ
يَمُرُّونَ عَلَيْهَا وَهُمْ عَنْهَا مُعْرِضُونَ ﴿١٠٥﴾

105. И колку има знаменија на небесата и на Земјата? Поминуваат крај нив а тие, ете, се рамнодушни.

وَمَا يُؤْمِنُ أَكْثَرُهُم بِٱللَّهِ إِلَّا وَهُم مُّشْرِكُونَ ﴿١٠٦﴾

106. Мнозинството од нив не веруваат во Аллах: многубошци се, навистина!

أَفَأَمِنُوٓاْ أَن تَأۡتِيَهُمۡ غَٰشِيَةٞ مِّنۡ عَذَابِ ٱللَّهِ
أَوۡ تَأۡتِيَهُمُ ٱلسَّاعَةُ بَغۡتَةٗ وَهُمۡ لَا يَشۡعُرُونَ ﴿١٠٧﴾

107. Сигурни ли се дека нема да им дојде неволја од казната на Аллах или да не им дојде Часот одненадеж а да не усетат?

قُلۡ هَٰذِهِۦ سَبِيلِيٓ أَدۡعُوٓاْ إِلَى ٱللَّهِۚ عَلَىٰ بَصِيرَةٍ
أَنَا۠ وَمَنِ ٱتَّبَعَنِيۖ وَسُبۡحَٰنَ ٱللَّهِ
وَمَآ أَنَا۠ مِنَ ٱلۡمُشۡرِكِينَ ﴿١٠٨﴾

108. Кажи: "Ова е патот мој. Јас повикувам кон Аллах. При мене и при оној кој ме следи е јасен поглед. Нека е славен Аллах! Јас не сум меѓу многубошците!"

وَمَآ أَرۡسَلۡنَا مِن قَبۡلِكَ إِلَّا رِجَالٗا نُّوحِيٓ إِلَيۡهِم
مِّنۡ أَهۡلِ ٱلۡقُرَىٰٓۗ أَفَلَمۡ يَسِيرُواْ فِي ٱلۡأَرۡضِ
فَيَنظُرُواْ كَيۡفَ كَانَ عَٰقِبَةُ ٱلَّذِينَ مِن قَبۡلِهِمۡۗ
وَلَدَارُ ٱلۡأٓخِرَةِ خَيۡرٞ لِّلَّذِينَ ٱتَّقَواْۗ
أَفَلَا تَعۡقِلُونَ ﴿١٠٩﴾

109. И пред тебе Ние само луѓе испраќавме, меѓу жителите на населбите, и објава им објавувавме. Не патуваат ли по земјата па да видат каква беше казната на оние пред нив? Куќата ахиретска, секако, е подобра за оние кои се богобојазливи. Нема ли да се вразумите?

حَتَّىٰٓ إِذَا ٱسۡتَيۡـَٔسَ ٱلرُّسُلُ وَظَنُّوٓاْ أَنَّهُمۡ
قَدۡ كُذِبُواْ جَآءَهُمۡ نَصۡرُنَا فَنُجِّيَ مَن نَّشَآءُۖ
وَلَا يُرَدُّ بَأۡسُنَا عَنِ ٱلۡقَوۡمِ ٱلۡمُجۡرِمِينَ ﴿١١٠﴾

110. Кога пејгамберите очајуваа и мислеа дека ќе бидат прогласени за лашковци, токму, тогаш им доаѓаше помошта Наша и, тогаш, Ние избавувавме кого сакавме, а казната Наша не го избегнуваше народот насилнички!

لَقَدۡ كَانَ فِي قَصَصِهِمۡ عِبۡرَةٞ لِّأُوْلِي ٱلۡأَلۡبَٰبِۗ
مَا كَانَ حَدِيثٗا يُفۡتَرَىٰ وَلَٰكِن تَصۡدِيقَ
ٱلَّذِي بَيۡنَ يَدَيۡهِ وَتَفۡصِيلَ كُلِّ شَيۡءٖ
وَهُدٗى وَرَحۡمَةٗ لِّقَوۡمٖ يُؤۡمِنُونَ ﴿١١١﴾

111. Во кажувањата нивни има ибрет за даруваните со разбир. Тоа не е говор измислен, туку тоа е Потврда за она што беше пред него, и потенко објаснување за сите нешта, и Патоказ и Милост за народот вернички!

ЕР-РА'Д (Гром) XIII

سُورَةُ الرَّعْدِ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

1. Елиф, лам, ра! Ете Книга со ајети кои ти се објавуваат од Господарот твој, вистина; но, мнозинството на луѓето не веруваат!

الٓمٓرٰ ۚ تِلْكَ ءَايَٰتُ ٱلْكِتَٰبِ ۗ وَٱلَّذِىٓ أُنزِلَ إِلَيْكَ مِن رَّبِّكَ ٱلْحَقُّ وَلَٰكِنَّ أَكْثَرَ ٱلنَّاسِ لَا يُؤْمِنُونَ ﴿١﴾

2. Аллах е Оној кој ги подигна небесата, како што гледате, без столбови. Потоа се утврди на Аршот. И ги потчини и Сонцето и Месечината. Сè тече до рок определен. Он управува со наредбата и Он потенко ги објаснува ајетите за да се уверите во средбата со Господарот ваш.

ٱللَّهُ ٱلَّذِى رَفَعَ ٱلسَّمَٰوَٰتِ بِغَيْرِ عَمَدٍ تَرَوْنَهَا ۖ ثُمَّ ٱسْتَوَىٰ عَلَى ٱلْعَرْشِ ۖ وَسَخَّرَ ٱلشَّمْسَ وَٱلْقَمَرَ ۖ كُلٌّ يَجْرِى لِأَجَلٍ مُّسَمًّى ۚ يُدَبِّرُ ٱلْأَمْرَ يُفَصِّلُ ٱلْءَايَٰتِ لَعَلَّكُم بِلِقَآءِ رَبِّكُمْ تُوقِنُونَ ﴿٢﴾

3. И Он ја растегна земјата, и на неа постави и планини и реки. И Он од секој плод создаде пар. Он прави ноќта да го покрие денот. И ете, во тоа, навистина, знамениња за луѓето кои размислуваат!

وَهُوَ ٱلَّذِى مَدَّ ٱلْأَرْضَ وَجَعَلَ فِيهَا رَوَٰسِىَ وَأَنْهَٰرًا ۖ وَمِن كُلِّ ٱلثَّمَرَٰتِ جَعَلَ فِيهَا زَوْجَيْنِ ٱثْنَيْنِ ۖ يُغْشِى ٱلَّيْلَ ٱلنَّهَارَ ۚ إِنَّ فِى ذَٰلِكَ لَءَايَٰتٍ لِّقَوْمٍ يَتَفَكَّرُونَ ﴿٣﴾

4. И по земјата има предели кои се граничат, и бавчи со грозје, и ниви, и урми бујни и небујни. И впивајќи една иста вода. Во поглед на вкусот, Ние на едни им даваме предност над други. И ете, во тоа, навистина, знамениња за луѓето кои сфаќаат.

وَفِى ٱلْأَرْضِ قِطَعٌ مُّتَجَٰوِرَٰتٌ وَجَنَّٰتٌ مِّنْ أَعْنَٰبٍ وَزَرْعٌ وَنَخِيلٌ صِنْوَانٌ وَغَيْرُ صِنْوَانٍ يُسْقَىٰ بِمَآءٍ وَٰحِدٍ ۚ وَنُفَضِّلُ بَعْضَهَا عَلَىٰ بَعْضٍ فِى ٱلْأُكُلِ ۚ إِنَّ فِى ذَٰلِكَ لَءَايَٰتٍ لِّقَوْمٍ يَعْقِلُونَ ﴿٤﴾

5. А како се чудиш? Па, чудни се, всушност, зборовите нивни: "Ќе бидеме ли одново создадени кога ќе станеме земја?" Овие не веруваат во Господарот свој. На вратовите нивни ќе има синџири. Овие се жители на огнот и во него за навек ќе останат.

۞ وَإِن تَعْجَبْ فَعَجَبٌ قَوْلُهُمْ أَءِذَا كُنَّا تُرَٰبًا
أَءِنَّا لَفِى خَلْقٍ جَدِيدٍ أُو۟لَٰٓئِكَ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟
بِرَبِّهِمْ ۖ وَأُو۟لَٰٓئِكَ ٱلْأَغْلَٰلُ فِىٓ أَعْنَاقِهِمْ ۖ وَأُو۟لَٰٓئِكَ
أَصْحَٰبُ ٱلنَّارِ ۖ هُمْ فِيهَا خَٰلِدُونَ ﴿٥﴾

6. И оние од тебе бараат да им побрзаш со злото отколку со доброто. И пред нив имаше такви примери. Господарот твој, секако, е милосно наклонет кон луѓето во поглед на зулумот нивни. Господарот твој, навистина, е Силен Казнувач!

وَيَسْتَعْجِلُونَكَ بِٱلسَّيِّئَةِ قَبْلَ ٱلْحَسَنَةِ
وَقَدْ خَلَتْ مِن قَبْلِهِمُ ٱلْمَثُلَٰتُ ۗ وَإِنَّ رَبَّكَ
لَذُو مَغْفِرَةٍ لِّلنَّاسِ عَلَىٰ ظُلْمِهِمْ ۖ
وَإِنَّ رَبَّكَ لَشَدِيدُ ٱلْعِقَابِ ﴿٦﴾

7. Оние кои не веруваат, велат: "Зошто не му се објавува знамение од Господарот негов?" Ти си само опоменувач. Секој народ има упатувач!

وَيَقُولُ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ لَوْلَآ أُنزِلَ عَلَيْهِ ءَايَةٌ
مِّن رَّبِّهِۦٓ ۗ إِنَّمَآ أَنتَ مُنذِرٌ ۖ وَلِكُلِّ قَوْمٍ هَادٍ ﴿٧﴾

8. Аллах го знае она што го носи секоја жена, и она што утробите го впиваат во себе и она што го зголемуваат. За секоја работа кај Него има мера,

ٱللَّهُ يَعْلَمُ مَا تَحْمِلُ كُلُّ أُنثَىٰ وَمَا تَغِيضُ
ٱلْأَرْحَامُ وَمَا تَزْدَادُ ۖ وَكُلُّ شَىْءٍ
عِندَهُۥ بِمِقْدَارٍ ﴿٨﴾

9. Зналец на видливото и на невидливото. Преголем и Превишен!

عَٰلِمُ ٱلْغَيْبِ وَٱلشَّهَٰدَةِ ٱلْكَبِيرُ ٱلْمُتَعَالِ ﴿٩﴾

10. Меѓу вас еднакви се кај Него оној кој тајно зборува и оној кој тоа го разгласува, оној кој се крие ноќе и оној кој оди дење;

سَوَآءٌ مِّنكُم مَّنْ أَسَرَّ ٱلْقَوْلَ وَمَن جَهَرَ بِهِۦ
وَمَنْ هُوَ مُسْتَخْفٍۭ بِٱلَّيْلِ وَسَارِبٌۢ بِٱلنَّهَارِ ﴿١٠﴾

لَهُۥ مُعَقِّبَٰتٌ مِّنۢ بَيْنِ يَدَيْهِ وَمِنْ خَلْفِهِۦ يَحْفَظُونَهُۥ مِنْ أَمْرِ ٱللَّهِ ۗ إِنَّ ٱللَّهَ لَا يُغَيِّرُ مَا بِقَوْمٍ حَتَّىٰ يُغَيِّرُوا۟ مَا بِأَنفُسِهِمْ ۗ وَإِذَآ أَرَادَ ٱللَّهُ بِقَوْمٍ سُوٓءًا فَلَا مَرَدَّ لَهُۥ ۚ وَمَا لَهُم مِّن دُونِهِۦ مِن وَالٍ ﴿١١﴾

11. за секој од вас, пред него или зад него, има денонoќни мелеки кои бдеат врз него, по наредбата Аллахова. Аллах, навистина, нема да ја измени ситуацијата на еден народ сè додека тој народ не се измени самиот себеси. Ако Аллах сака да му нанесе зло на еден народ нема никој што може да му се спротистави. И за нив освен Аллах нема друг заштитник!

هُوَ ٱلَّذِى يُرِيكُمُ ٱلْبَرْقَ خَوْفًا وَطَمَعًا وَيُنشِئُ ٱلسَّحَابَ ٱلثِّقَالَ ﴿١٢﴾

12. Он ви ја покажува молњата да се уплашите или, пак, да се надевате, и Он создава облаци тешки.

وَيُسَبِّحُ ٱلرَّعْدُ بِحَمْدِهِۦ وَٱلْمَلَٰٓئِكَةُ مِنْ خِيفَتِهِۦ ۖ وَيُرْسِلُ ٱلصَّوَٰعِقَ فَيُصِيبُ بِهَا مَن يَشَآءُ وَهُمْ يُجَٰدِلُونَ فِى ٱللَّهِ وَهُوَ شَدِيدُ ٱلْمِحَالِ ﴿١٣﴾

13. И татнежот Го велича со благодарноста своја, а и мелеките, плашејќи се од Него; и Он испраќа громови и со нив го погаѓа оној кого Он сака, а оние, токму, расправаат за Аллах! А Аллах е Силен и Итар!

لَهُۥ دَعْوَةُ ٱلْحَقِّ ۖ وَٱلَّذِينَ يَدْعُونَ مِن دُونِهِۦ لَا يَسْتَجِيبُونَ لَهُم بِشَىْءٍ إِلَّا كَبَٰسِطِ كَفَّيْهِ إِلَى ٱلْمَآءِ لِيَبْلُغَ فَاهُ وَمَا هُوَ بِبَٰلِغِهِۦ ۚ وَمَا دُعَآءُ ٱلْكَٰفِرِينَ إِلَّا فِى ضَلَٰلٍ ﴿١٤﴾

14. Молбата вистинска е - Негова. Оние кои се молат на други, освен Нему, не ќе им се osвијат, за што било. Како оној е кој ќе ги подаде дланките свои кон водата за да ја дофати,а таа не стига до устата негова. Молбите на неверниците се залудни!

وَلِلَّهِ يَسْجُدُ مَن فِى ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ طَوْعًا وَكَرْهًا وَظِلَٰلُهُم بِٱلْغُدُوِّ وَٱلْءَاصَالِ ﴿١٥﴾

15. И на Аллах Му се поклонува сè она што е на небесата и на Земјата, доброволно или присилно. И сенките

нивни, исто така, претпладне или попладне.

قُلْ مَن رَّبُّ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ قُلِ ٱللَّهُ ۚ قُلْ أَفَٱتَّخَذْتُم مِّن دُونِهِۦٓ أَوْلِيَآءَ لَا يَمْلِكُونَ لِأَنفُسِهِمْ نَفْعًا وَلَا ضَرًّا ۚ قُلْ هَلْ يَسْتَوِى ٱلْأَعْمَىٰ وَٱلْبَصِيرُ أَمْ هَلْ تَسْتَوِى ٱلظُّلُمَٰتُ وَٱلنُّورُ ۗ أَمْ جَعَلُوا۟ لِلَّهِ شُرَكَآءَ خَلَقُوا۟ كَخَلْقِهِۦ فَتَشَٰبَهَ ٱلْخَلْقُ عَلَيْهِمْ ۚ قُلِ ٱللَّهُ خَٰلِقُ كُلِّ شَىْءٍ وَهُوَ ٱلْوَٰحِدُ ٱلْقَهَّٰرُ ﴿١٦﴾

16. Кажи: "Кој е Господар на небесата и на Земјата?" Кажи: "Аллах!" Кажи: "Па, ќе прифатете ли, освен Аллах, заштитници кои не можат за себеси да направат ни корист ни штета?" Кажи: "Еднакви ли се оној кој гледа и оној кој не гледа? Или: Еднакви ли се темнината и светлината? Или: Му припишуваат ли на Аллах здруженици кои создаваат како што Он создава, па создавањето им се чини слично?" Кажи: "Аллах е Творител на сè. Он е Единствен и Силен!"

أَنزَلَ مِنَ ٱلسَّمَآءِ مَآءً فَسَالَتْ أَوْدِيَةٌۢ بِقَدَرِهَا فَٱحْتَمَلَ ٱلسَّيْلُ زَبَدًا رَّابِيًا ۚ وَمِمَّا يُوقِدُونَ عَلَيْهِ فِى ٱلنَّارِ ٱبْتِغَآءَ حِلْيَةٍ أَوْ مَتَٰعٍ زَبَدٌ مِّثْلُهُۥ ۚ كَذَٰلِكَ يَضْرِبُ ٱللَّهُ ٱلْحَقَّ وَٱلْبَٰطِلَ ۚ فَأَمَّا ٱلزَّبَدُ فَيَذْهَبُ جُفَآءً ۖ وَأَمَّا مَا يَنفَعُ ٱلنَّاسَ فَيَمْكُثُ فِى ٱلْأَرْضِ ۚ كَذَٰلِكَ يَضْرِبُ ٱللَّهُ ٱلْأَمْثَالَ ﴿١٧﴾

17. Оној кој спушта вода од небо, и пороите потечуваат по мера на нивната моќ, и поројот ги фрла по краиштата отпадоците. И она што го топат во оган, сакајќи да направат накит или предмет, исто така, има отпадоци кои се на нив слични. Ете, така Аллах ви донесува пример на вистина и невистина: отпадокот се фрла, а она што им користи на луѓето, останува на земјата. Ете, така Аллах ви ги изнесува примерите,

لِلَّذِينَ ٱسْتَجَابُوا۟ لِرَبِّهِمُ ٱلْحُسْنَىٰ ۚ وَٱلَّذِينَ لَمْ يَسْتَجِيبُوا۟ لَهُۥ لَوْ أَنَّ لَهُم مَّا فِى ٱلْأَرْضِ جَمِيعًا وَمِثْلَهُۥ مَعَهُۥ لَٱفْتَدَوْا۟ بِهِۦٓ ۚ أُو۟لَٰٓئِكَ لَهُمْ سُوٓءُ ٱلْحِسَابِ وَمَأْوَىٰهُمْ جَهَنَّمُ ۖ وَبِئْسَ ٱلْمِهَادُ ﴿١٨﴾

18. за оние кои ќе Му се оsвијат на Господарот свој има награда, а за оние кои не ќе Му се оsвијат - и кога би го поседувале сè она што е на земјата, и уште толку, - не ќе ја откупат за нив

подготвената зла пресметка, и престојувалиштето нивно е - Цеxеннемот. Е, само колку е лоша таа постела!

19. Е, па, зарем оној кој знае дека она што ти е објавено од страна на Господарот твој, навистина, е како оној кој е слеп? Се сеќаваат само даруваните со разбир!

۞ أَفَمَن يَعْلَمُ أَنَّمَآ أُنزِلَ إِلَيْكَ مِن رَّبِّكَ ٱلْحَقُّ كَمَنْ هُوَ أَعْمَىٰٓ ۚ إِنَّمَا يَتَذَكَّرُ أُو۟لُوا۟ ٱلْأَلْبَٰبِ ﴿١٩﴾

20. Оние кои го одржуваат ветувањето кон Аллах и кои не го прекршуваат Договорот,

ٱلَّذِينَ يُوفُونَ بِعَهْدِ ٱللَّهِ وَلَا يَنقُضُونَ ٱلْمِيثَٰقَ ﴿٢٠﴾

21. оние кои не се одвојуваат од она што го нареди Аллах, кои се стамени, врз тоа; се плашат од Господарот свој и стравуваат од злата пресметка,

وَٱلَّذِينَ يَصِلُونَ مَآ أَمَرَ ٱللَّهُ بِهِۦٓ أَن يُوصَلَ وَيَخْشَوْنَ رَبَّهُمْ وَيَخَافُونَ سُوٓءَ ٱلْحِسَابِ ﴿٢١﴾

22. и кои се трпеливи: се стремат кон лицето на Господарот свој, намаз извршуваат и делат, било јавно било тајно, од 'рскот што Ние им го дадовме; го заменуваат лошото со добро... за нив има убав Дом:

وَٱلَّذِينَ صَبَرُا۟ ٱبْتِغَآءَ وَجْهِ رَبِّهِمْ وَأَقَامُوا۟ ٱلصَّلَوٰةَ وَأَنفَقُوا۟ مِمَّا رَزَقْنَٰهُمْ سِرًّا وَعَلَانِيَةً وَيَدْرَءُونَ بِٱلْحَسَنَةِ ٱلسَّيِّئَةَ أُو۟لَٰٓئِكَ لَهُمْ عُقْبَى ٱلدَّارِ ﴿٢٢﴾

23. бавчи еденски во кои ќе влезат со предците нивни, со оние кои беа добри, жените нивни и потомството нивно... И мелеките ќе им влегуваат од сите врати!

جَنَّٰتُ عَدْنٍ يَدْخُلُونَهَا وَمَن صَلَحَ مِنْ ءَابَآئِهِمْ وَأَزْوَٰجِهِمْ وَذُرِّيَّٰتِهِمْ ۖ وَٱلْمَلَٰٓئِكَةُ يَدْخُلُونَ عَلَيْهِم مِّن كُلِّ بَابٍ ﴿٢٣﴾

24. "Селамун алејкум! Зашто бевте трпеливи. Е, само колку е благословен овој Конечен дом!"

سَلَٰمٌ عَلَيْكُم بِمَا صَبَرْتُمْ ۚ فَنِعْمَ عُقْبَى ٱلدَّارِ ﴿٢٤﴾

25. А оние кои не се придржуваат кон ветувањето по договорот склучен со Аллах, и кои се одвојуваат од она што го нареди Аллах да се почитува, и кои не се врз тоа, и кои прават безредие по земјата... врз нив е проклетството и за нив има лоша Куќа!

وَٱلَّذِينَ يَنقُضُونَ عَهْدَ ٱللَّهِ مِنۢ بَعْدِ مِيثَٰقِهِۦ
وَيَقْطَعُونَ مَآ أَمَرَ ٱللَّهُ بِهِۦٓ أَن يُوصَلَ وَيُفْسِدُونَ
فِى ٱلْأَرْضِ أُو۟لَٰٓئِكَ لَهُمُ ٱللَّعْنَةُ وَلَهُمْ سُوٓءُ ٱلدَّارِ ﴿٢٥﴾

26. Аллах дава и одредува нафака кому сака, Он и скратува; и се радуваат за животот на овој свет. А што е, всушност, животот на овој свет во однос на Ахирет? Па, само минливо уживање!

ٱللَّهُ يَبْسُطُ ٱلرِّزْقَ لِمَن يَشَآءُ وَيَقْدِرُ ۚ وَفَرِحُوا۟ بِٱلْحَيَوٰةِ
ٱلدُّنْيَا ۚ وَمَا ٱلْحَيَوٰةُ ٱلدُّنْيَا فِى ٱلْءَاخِرَةِ إِلَّا مَتَٰعٌ ﴿٢٦﴾

27. Оние кои не веруваат, велат: "И зошто не му беше објавен еден ајет од Господарот негов?" Кажи: "Аллах, навистина, скршнува во заблуда кого сака и Он го упатува кон себе покајникот."

وَيَقُولُ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ لَوْلَآ أُنزِلَ عَلَيْهِ ءَايَةٌ مِّن رَّبِّهِۦ ۗ
قُلْ إِنَّ ٱللَّهَ يُضِلُّ مَن يَشَآءُ وَيَهْدِىٓ إِلَيْهِ
مَنْ أَنَابَ ﴿٢٧﴾

28. Оние кои веруваат, со споменувањето на Аллах, ги смируваат срцата свои. А срцата се смируваат, навистина, со споменувањето на Аллах!

ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَتَطْمَئِنُّ قُلُوبُهُم بِذِكْرِ ٱللَّهِ ۗ
أَلَا بِذِكْرِ ٱللَّهِ تَطْمَئِنُّ ٱلْقُلُوبُ ﴿٢٨﴾

29. Оние кои веруваат и кои работат добри дела... блазе си им! За нив има убаво прибежиште!

ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ طُوبَىٰ
لَهُمْ وَحُسْنُ مَـَٔابٍ ﴿٢٩﴾

30. И ете, така Ние те испративме во една заедница пред која беа и поминаа заедници многу за да им го кажуваш она

كَذَٰلِكَ أَرْسَلْنَٰكَ فِىٓ أُمَّةٍ قَدْ خَلَتْ مِن قَبْلِهَآ أُمَمٌ
لِّتَتْلُوَا۟ عَلَيْهِمُ ٱلَّذِىٓ أَوْحَيْنَآ إِلَيْكَ وَهُمْ يَكْفُرُونَ
بِٱلرَّحْمَٰنِ ۚ قُلْ هُوَ رَبِّى لَآ إِلَٰهَ إِلَّا هُوَ عَلَيْهِ تَوَكَّلْتُ

што тебе ти го објавивме зашто оние, токму, не веруваат во Милостивиот. Кажи: "Он е Господарот мој. Нема друг бог освен Него; врз Него се потпирам и од Него барам прошка."

وَإِلَيْهِ مَتَابِ ﴿٣٠﴾

31. И кога со Кур'анот брдата би можеле да се поместат, а земјата да се распарча, а мртвите да проговорат... не, наредбата за сè е - Аллахова, и зарем оние кои веруваат не знаат дека ако Аллах посакаше ќе ги упатеше сите луѓе! Но, оние кои не веруваа постојано ги снаоѓа, за она што го правеа, несреќа, ненадејно, или, пак, ќе се збидне во близина на нивните домови сè додека не дојде ветувањето Аллахово. Аллах, навистина, не го изневерува ветувањето!

وَلَوْ أَنَّ قُرْءَانًا سُيِّرَتْ بِهِ ٱلْجِبَالُ أَوْ قُطِّعَتْ بِهِ ٱلْأَرْضُ أَوْ كُلِّمَ بِهِ ٱلْمَوْتَىٰ ۗ بَل لِّلَّهِ ٱلْأَمْرُ جَمِيعًا ۗ أَفَلَمْ يَاْيْـَٔسِ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓا۟ أَن لَّوْ يَشَآءُ ٱللَّهُ لَهَدَى ٱلنَّاسَ جَمِيعًا ۗ وَلَا يَزَالُ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ تُصِيبُهُم بِمَا صَنَعُوا۟ قَارِعَةٌ أَوْ تَحُلُّ قَرِيبًا مِّن دَارِهِمْ حَتَّىٰ يَأْتِىَ وَعْدُ ٱللَّهِ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ لَا يُخْلِفُ ٱلْمِيعَادَ ﴿٣١﴾

32. И оние пред тебе, секако, им се исмеваа на пејгамберите... Та, Ние неверниците ги оставивме до едно време одредено а потоа ги засегнавме. Е, само каква беше таа казна!

وَلَقَدِ ٱسْتُهْزِئَ بِرُسُلٍ مِّن قَبْلِكَ فَأَمْلَيْتُ لِلَّذِينَ كَفَرُوا۟ ثُمَّ أَخَذْتُهُمْ ۖ فَكَيْفَ كَانَ عِقَابِ ﴿٣٢﴾

33. Зарем на Оној кој бдее врз секоја душа - во она што таа ќе го спечали, Аллах - оние здруженици Му здружуваат? Кажи: "Именувајте ги!" Или вие Го известувате дека има нешто на земјава што Он не го знае? Или, пак, тоа е ваше површно зборување? Не, на оние кои не

أَفَمَنْ هُوَ قَآئِمٌ عَلَىٰ كُلِّ نَفْسٍۭ بِمَا كَسَبَتْ ۗ وَجَعَلُوا۟ لِلَّهِ شُرَكَآءَ ۚ قُلْ سَمُّوهُمْ ۚ أَمْ تُنَبِّـُٔونَهُۥ بِمَا لَا يَعْلَمُ فِى ٱلْأَرْضِ أَم بِظَٰهِرٍ مِّنَ ٱلْقَوْلِ ۗ بَلْ زُيِّنَ لِلَّذِينَ كَفَرُوا۟ مَكْرُهُمْ وَصُدُّوا۟ عَنِ ٱلسَّبِيلِ ۗ وَمَن يُضْلِلِ ٱللَّهُ فَمَا لَهُۥ مِنْ هَادٍ ﴿٣٣﴾

веруваат им изгледаат убави сплетките нивни, и одвраќаат од патот. А оној кого Аллах ќе го скршне во заблуда... па, тој нема свој упатувач!

34. За нив има казна во животот на овој свет, а казната на Ахирет, секако, е потешка, и за нив, освен Аллах, нема покровител.

لَهُمْ عَذَابٌ فِي الْحَيَوٰةِ الدُّنْيَا ۖ وَلَعَذَابُ الْآخِرَةِ أَشَقُّ ۖ وَمَا لَهُم مِّنَ اللَّهِ مِن وَاقٍ ﴿٣٤﴾

35. Таков е Џеннетот кој е ветен за богобојазливите. Низ него течат реки, и плодовите негови се вечни и сенките негови се вечни. Ете, тоа е крајот на оние кои беа богобојазливи, а крајот на оние кои не веруваа е - огнот!

۞ مَّثَلُ الْجَنَّةِ الَّتِي وُعِدَ الْمُتَّقُونَ ۖ تَجْرِي مِن تَحْتِهَا الْأَنْهَارُ ۖ أُكُلُهَا دَائِمٌ وَظِلُّهَا ۚ تِلْكَ عُقْبَى الَّذِينَ اتَّقَوا ۖ وَّعُقْبَى الْكَافِرِينَ النَّارُ ﴿٣٥﴾

36. А оние на кои Ние им дадовме Книга се радуваат за она што ти е објавено. Меѓу дружините, меѓутоа, има луѓе кои еден дел од Книгата не го признаваат. Кажи: "Мене ми е наредено, навистина, само Аллаха да го обожавам и да не Му припишувам здруженик. Кон Него повикувам! И само кон Него е прибежиштето мое!"

وَالَّذِينَ آتَيْنَاهُمُ الْكِتَابَ يَفْرَحُونَ بِمَا أُنزِلَ إِلَيْكَ ۖ وَمِنَ الْأَحْزَابِ مَن يُنكِرُ بَعْضَهُ ۚ قُلْ إِنَّمَا أُمِرْتُ أَنْ أَعْبُدَ اللَّهَ وَلَا أُشْرِكَ بِهِ ۚ إِلَيْهِ أَدْعُو وَإِلَيْهِ مَآبِ ﴿٣٦﴾

37. И ете, така Ние го објавивме на арапски како мудрост. И ако ги следиш желбите нивни, по дојденото ти знаење, не ќе најдеш, освен Аллах, ни заштитник ни покровител!

وَكَذَٰلِكَ أَنزَلْنَاهُ حُكْمًا عَرَبِيًّا ۚ وَلَئِنِ اتَّبَعْتَ أَهْوَاءَهُم بَعْدَ مَا جَاءَكَ مِنَ الْعِلْمِ ۙ مَا لَكَ مِنَ اللَّهِ مِن وَلِيٍّ وَلَا وَاقٍ ﴿٣٧﴾

38. И пред тебе, секако, Ние испративме пејгамбери, и им одредивме жени и потомства. И не е на пејгамберот, да донесе знамение без одобрението Алахово. И секое време имаше Книга!

وَلَقَدْ أَرْسَلْنَا رُسُلًا مِّن قَبْلِكَ وَجَعَلْنَا لَهُمْ أَزْوَاجًا وَذُرِّيَّةً ۚ وَمَا كَانَ لِرَسُولٍ أَن يَأْتِيَ بِآيَةٍ إِلَّا بِإِذْنِ اللَّهِ ۗ لِكُلِّ أَجَلٍ كِتَابٌ ﴿٣٨﴾

39. Аллах укинува со посак Свој и утврдува, исто така. И кај Него е Мајката на Книгата.

يَمْحُو اللَّهُ مَا يَشَاءُ وَيُثْبِتُ ۖ وَعِندَهُ أُمُّ الْكِتَابِ ﴿٣٩﴾

40. Било да ти покажеме дел од она што Ние го подготвивме за нив било да те усмртиме твое е, навистина, само да известиш, а Наше е да пресметаме!

وَإِن مَّا نُرِيَنَّكَ بَعْضَ الَّذِي نَعِدُهُمْ أَوْ نَتَوَفَّيَنَّكَ فَإِنَّمَا عَلَيْكَ الْبَلَاغُ وَعَلَيْنَا الْحِسَابُ ﴿٤٠﴾

41. Не гледаат ли дека, навистина, Ние доведуваме до тоа да ја скратуваме земјата од нејзините страни? Аллах пресудува, и нема Изменувач на Неговата пресуда. Он е Брз Пресметувач!

أَوَلَمْ يَرَوْا أَنَّا نَأْتِي الْأَرْضَ نَنقُصُهَا مِنْ أَطْرَافِهَا ۚ وَاللَّهُ يَحْكُمُ لَا مُعَقِّبَ لِحُكْمِهِ ۚ وَهُوَ سَرِيعُ الْحِسَابِ ﴿٤١﴾

42. И оние пред нив, секако, правеа сплетки. Па, Аллах е Господар за сите сплетки! Он го знае она што го печали секоја душа, а неверниците ќе узнаат за Конечниот дом!

وَقَدْ مَكَرَ الَّذِينَ مِن قَبْلِهِمْ فَلِلَّهِ الْمَكْرُ جَمِيعًا ۖ يَعْلَمُ مَا تَكْسِبُ كُلُّ نَفْسٍ ۗ وَسَيَعْلَمُ الْكُفَّارُ لِمَنْ عُقْبَى الدَّارِ ﴿٤٢﴾

43. А оние кои не веруваат, велат: "Ти не си пејгамбер!" Кажи: "Меѓу мене и меѓу вас Аллах е доволен Сведок. И кај Него е, исто така, знаењето на Книгата!"

وَيَقُولُ الَّذِينَ كَفَرُوا لَسْتَ مُرْسَلًا ۚ قُلْ كَفَىٰ بِاللَّهِ شَهِيدًا بَيْنِي وَبَيْنَكُمْ وَمَنْ عِندَهُ عِلْمُ الْكِتَابِ ﴿٤٣﴾

*ИБРАХИМ (*Ибрахим) IV

سُورَةُ إِبْرَاهِيمَ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

1. Елиф, лам ра! Книга која Ние ти ја објавивме за да ги изведеш луѓето од темнини во светлина, со одобрението од Господарот нивни, кон Патот на Силниот и за благодарност Достојниот:

الر ۚ كِتَابٌ أَنزَلْنَاهُ إِلَيْكَ لِتُخْرِجَ النَّاسَ مِنَ الظُّلُمَاتِ إِلَى النُّورِ بِإِذْنِ رَبِّهِمْ إِلَىٰ صِرَاطِ الْعَزِيزِ الْحَمِيدِ ﴿١﴾

2. Аллах, чија сопственост е сè она што е на небесата и на Земјата. Тешко на неверниците од казната жестока!

اللَّهِ الَّذِي لَهُ مَا فِي السَّمَاوَاتِ وَمَا فِي الْأَرْضِ ۗ وَوَيْلٌ لِّلْكَافِرِينَ مِنْ عَذَابٍ شَدِيدٍ ﴿٢﴾

3. Оние кои повеќе го љубат животот на овој свет од животот на Ахирет, и кои одвраќаат од Аллаховиот пат, и кои настојуваат да го искриват... оние се скршнати во заблуда далечна!

الَّذِينَ يَسْتَحِبُّونَ الْحَيَاةَ الدُّنْيَا عَلَى الْآخِرَةِ وَيَصُدُّونَ عَن سَبِيلِ اللَّهِ وَيَبْغُونَهَا عِوَجًا ۚ أُولَٰئِكَ فِي ضَلَالٍ بَعِيدٍ ﴿٣﴾

4. И Ние испративме пејгамбер само на јазикот од народот негов за да им објасни. Па, Аллах скршнува во заблуда кого сака и Он упатува кого сака. Он е Силен и Мудар!

وَمَا أَرْسَلْنَا مِن رَّسُولٍ إِلَّا بِلِسَانِ قَوْمِهِ لِيُبَيِّنَ لَهُمْ ۖ فَيُضِلُّ اللَّهُ مَن يَشَاءُ وَيَهْدِي مَن يَشَاءُ ۚ وَهُوَ الْعَزِيزُ الْحَكِيمُ ﴿٤﴾

5. И Муса, секако, Ние го испративме со знаменијата Наши: "И изведи го народот свој од темнини во светлина. И опомени

وَلَقَدْ أَرْسَلْنَا مُوسَىٰ بِآيَاتِنَا أَنْ أَخْرِجْ قَوْمَكَ مِنَ الظُّلُمَاتِ إِلَى النُّورِ وَذَكِّرْهُم بِأَيَّامِ اللَّهِ ۚ إِنَّ

го со деновите Аллахови.” Во тоа, навистина, има знамениј за секој кој е трпелив и благодарен!

فِي ذَٰلِكَ لَآيَٰتٍ لِّكُلِّ صَبَّارٍ شَكُورٍ ﴿٥﴾

6. И кога Муса му рече на народот свој: “Сетете се на благодатот Аллахов кон вас кога Он ве избави од луѓето фараонови, кои ви задаваа најлоша казна, кои ги колеа синовите ваши а ги оставаа во живот ќерките ваши. Ете, имавте бела голема од Господарот ваш!”

وَإِذْ قَالَ مُوسَىٰ لِقَوْمِهِ ٱذْكُرُوا۟ نِعْمَةَ ٱللَّهِ عَلَيْكُمْ إِذْ أَنجَىٰكُم مِّنْ ءَالِ فِرْعَوْنَ يَسُومُونَكُمْ سُوٓءَ ٱلْعَذَابِ وَيُذَبِّحُونَ أَبْنَآءَكُمْ وَيَسْتَحْيُونَ نِسَآءَكُمْ ۚ وَفِي ذَٰلِكُم بَلَآءٌ مِّن رَّبِّكُمْ عَظِيمٌ ﴿٦﴾

7. И кога Господарот твој возгласи: “Да, ако сте благодарни ќе ви зголемам, а ако не сте благодарни... казната Моја е жестока, навистина!”

وَإِذْ تَأَذَّنَ رَبُّكُمْ لَئِن شَكَرْتُمْ لَأَزِيدَنَّكُمْ وَلَئِن كَفَرْتُمْ إِنَّ عَذَابِي لَشَدِيدٌ ﴿٧﴾

8. И Муса зборуваше: “Ако не верувате, и вие и сите оние на земјата... та, Аллах, навистина, е Богат и за благодарност Достоен!”

وَقَالَ مُوسَىٰٓ إِن تَكْفُرُوٓا۟ أَنتُمْ وَمَن فِي ٱلْأَرْضِ جَمِيعًا فَإِنَّ ٱللَّهَ لَغَنِيٌّ حَمِيدٌ ﴿٨﴾

8. И има луѓе кои расправаат за Аллах безнајно, без патоказ и без Книга светла:

وَمِنَ ٱلنَّاسِ مَن يُجَٰدِلُ فِي ٱللَّهِ بِغَيْرِ عِلْمٍ وَلَا هُدًى
وَلَا كِتَٰبٍ مُّنِيرٍ ﴿٨﴾

9. одат горделиво за да скршнат во заблуда од Аллаховиот пат. На овој свет ќе бидат понижени, а на идниот свет Ние ќе одредиме да ја вкусат казната огнена,

ثَانِيَ عِطْفِهِۦ لِيُضِلَّ عَن سَبِيلِ ٱللَّهِ ۖ لَهُۥ فِي ٱلدُّنْيَا
خِزْيٌ ۖ وَنُذِيقُهُۥ يَوْمَ ٱلْقِيَٰمَةِ عَذَابَ ٱلْحَرِيقِ ﴿٩﴾

10. и тоа заради она што го направија од порано рацете твои. Аллах, навистина, не е неправеден кон робовите!

ذَٰلِكَ بِمَا قَدَّمَتْ يَدَاكَ
وَأَنَّ ٱللَّهَ لَيْسَ بِظَلَّٰمٍ لِّلْعَبِيدِ ﴿١٠﴾

11. И има луѓе кои го обожаваат Аллаха, сомневајќи се; па, ако им се случи добро, се смируваат со тоа, а ако им се случи, пак, искушение некакво, се оддалечуваат: ќе го изгубат и овој свет и Ахирет. Ете, тоа, токму, е пораз очигледен!

وَمِنَ ٱلنَّاسِ مَن يَعْبُدُ ٱللَّهَ عَلَىٰ حَرْفٍ ۖ فَإِنْ أَصَابَهُۥ خَيْرٌ
ٱطْمَأَنَّ بِهِۦ ۖ وَإِنْ أَصَابَتْهُ فِتْنَةٌ ٱنقَلَبَ عَلَىٰ وَجْهِهِۦ ۚ
خَسِرَ ٱلدُّنْيَا وَٱلْءَاخِرَةَ ۚ ذَٰلِكَ هُوَ ٱلْخُسْرَانُ
ٱلْمُبِينُ ﴿١١﴾

12. Ги повикуваат покрај Аллах оние кои не можат ни да им нашеттат ни да им користат. Тоа, токму, е скршнување во заблуда далечна!

يَدْعُوا۟ مِن دُونِ ٱللَّهِ مَا لَا يَضُرُّهُۥ
وَمَا لَا يَنفَعُهُۥ ۚ ذَٰلِكَ هُوَ ٱلضَّلَٰلُ ٱلْبَعِيدُ ﴿١٢﴾

13. Го повикува оној чија штета е поблиску до користа негова. Е,

يَدْعُوا۟ لَمَن ضَرُّهُۥٓ أَقْرَبُ مِن نَّفْعِهِۦ ۖ لَبِئْسَ ٱلْمَوْلَىٰ

само колку лош заштитник е тој! Е, само колку лош поддржник е тој!

وَلَبِئْسَ ٱلْعَشِيرُ ﴿١٣﴾

14. Оние кои веруваат и кои работат добри дела... Ние, навистина, ќе ги воведеме во бавчите џеннетски низ кои реки течат. Аллах, навистина, работи што посакува!

إِنَّ ٱللَّهَ يُدْخِلُ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ جَنَّٰتٍ تَجْرِى مِن تَحْتِهَا ٱلْأَنْهَٰرُ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ يَفْعَلُ مَا يُرِيدُ ﴿١٤﴾

15. Оној кој мисли дека Аллах нема да му помогне и на овој свет и на Ахирет нека растегне јаже до небо, потоа нека го искине, и нека размисли дали искинатината ќе го отстрани она за што тој, токму, негодува.

مَن كَانَ يَظُنُّ أَن لَّن يَنصُرَهُ ٱللَّهُ فِى ٱلدُّنْيَا وَٱلْءَاخِرَةِ فَلْيَمْدُدْ بِسَبَبٍ إِلَى ٱلسَّمَآءِ ثُمَّ لْيَقْطَعْ فَلْيَنظُرْ هَلْ يُذْهِبَنَّ كَيْدُهُۥ مَا يَغِيظُ ﴿١٥﴾

16. И ете, така Ние му ги објавивме ајетите јасни и Аллах, навистина, упатува кого сака.

وَكَذَٰلِكَ أَنزَلْنَٰهُ ءَايَٰتٍۭ بَيِّنَٰتٍ وَأَنَّ ٱللَّهَ يَهْدِى مَن يُرِيدُ ﴿١٦﴾

17. Аллах, навистина, ќе ги издвои на Денот суден оние кои веруваа од оние кои беа Евреи, Сабејци, христијани и меџусии и оние кои беа многубошци!

إِنَّ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَٱلَّذِينَ هَادُوا۟ وَٱلصَّٰبِـُٔونَ وَٱلنَّصَٰرَىٰ وَٱلْمَجُوسَ وَٱلَّذِينَ أَشْرَكُوٓا۟ إِنَّ ٱللَّهَ يَفْصِلُ بَيْنَهُمْ يَوْمَ ٱلْقِيَٰمَةِ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ عَلَىٰ كُلِّ شَىْءٍ شَهِيدٌ ﴿١٧﴾

18. Не знаеш ли дека на Аллах, секако, на сеџде му паѓа сè она што е на небесата и на Земјата, и Сонцето и Месечината, и ѕвездите и планините, и стеблата и животните и, исто така, многу меѓу луѓето? А многу има кои ја заслужуваат казната. А оној кого Аллах ќе го понижи нема никој што ќе го удостои. Аллах, навистина, работи што сака!

أَلَمْ تَرَ أَنَّ ٱللَّهَ يَسْجُدُ لَهُۥ مَن فِى ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَمَن فِى ٱلْأَرْضِ وَٱلشَّمْسُ وَٱلْقَمَرُ وَٱلنُّجُومُ وَٱلْجِبَالُ وَٱلشَّجَرُ وَٱلدَّوَآبُّ وَكَثِيرٌ مِّنَ ٱلنَّاسِ ۖ وَكَثِيرٌ حَقَّ عَلَيْهِ ٱلْعَذَابُ ۗ وَمَن يُهِنِ ٱللَّهُ فَمَا لَهُۥ مِن مُّكْرِمٍ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ يَفْعَلُ مَا يَشَآءُ ۩ ﴿١٨﴾

19. И ете, два противника кои расправаат за Господарот свој. За оние кои не веруваат ќе им биде сошиена облека од оган, а над главите нивни ќе им се сипа зовриена вода:

۞ هَٰذَانِ خَصْمَانِ ٱخْتَصَمُوا۟ فِى رَبِّهِمْ ۖ فَٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ قُطِّعَتْ لَهُمْ ثِيَابٌ مِّن نَّارٍ يُصَبُّ مِن فَوْقِ رُءُوسِهِمُ ٱلْحَمِيمُ ﴿١٩﴾

20. од неа ќе се стопи она што е во стомаците нивни, и кожите, исто така;

يُصْهَرُ بِهِۦ مَا فِى بُطُونِهِمْ وَٱلْجُلُودُ ﴿٢٠﴾

21. над нив има топузи од железо:

وَلَهُم مَّقَٰمِعُ مِنْ حَدِيدٍ ﴿٢١﴾

22. секогаш кога ќе се впрегнат да излезат од таа спурнина неподнослива...:"Вратете се во неа и искусете ја казната огнена!"

كُلَّمَآ أَرَادُوٓا۟ أَن يَخْرُجُوا۟ مِنْهَا مِنْ غَمٍّ أُعِيدُوا۟ فِيهَا وَذُوقُوا۟ عَذَابَ ٱلْحَرِيقِ ﴿٢٢﴾

23. На оние кои веруваат и кои работат добри дела Он ќе ги воведе, навистина, во бавчите ценнетски низ кои реки течат: во нив ќе бидат украсени со нараквици од злато и бисери, а облеката нивна ќе им биде од свила.

إِنَّ ٱللَّهَ يُدْخِلُ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ جَنَّٰتٍ تَجْرِى مِن تَحْتِهَا ٱلْأَنْهَٰرُ يُحَلَّوْنَ فِيهَا مِنْ أَسَاوِرَ مِن ذَهَبٍ وَلُؤْلُؤًا ۖ وَلِبَاسُهُمْ فِيهَا حَرِيرٌ ﴿٢٣﴾

24. И беа упатени кон учтив говор и беа упатени кон патот на Оној кој е за благодарност Достоен!

وَهُدُوٓا۟ إِلَى ٱلطَّيِّبِ مِنَ ٱلْقَوْلِ وَهُدُوٓا۟ إِلَىٰ صِرَٰطِ ٱلْحَمِيدِ ﴿٢٤﴾

25. А оние кои не веруваат и кои, навистина, одвраќаат од Аллаховиот пат, и од Месџидул Харам кого Ние го одредивме, било за мештаните било за дојденците - кои, според тоа, во него посакуваат да осквернат и зулум да направат, Ние ќе

إِنَّ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ وَيَصُدُّونَ عَن سَبِيلِ ٱللَّهِ وَٱلْمَسْجِدِ ٱلْحَرَامِ ٱلَّذِى جَعَلْنَٰهُ لِلنَّاسِ سَوَآءً ٱلْعَٰكِفُ فِيهِ وَٱلْبَادِ ۚ وَمَن يُرِدْ فِيهِ بِإِلْحَادٍۭ بِظُلْمٍ نُّذِقْهُ مِنْ عَذَابٍ أَلِيمٍ ﴿٢٥﴾

одредиме да ја вкусат казната болна.

26. И кога на Ибрахим му го означивме местото за куќа: "Не здружувај Ми ништо и очисти ја куќава Моја за оние кои се вртат околу неа, кои стојат и кои на сеџде паѓаат."

وَإِذْ بَوَّأْنَا لِإِبْرَٰهِيمَ مَكَانَ ٱلْبَيْتِ أَن لَّا تُشْرِكْ بِى شَيْـًٔا وَطَهِّرْ بَيْتِىَ لِلطَّآئِفِينَ وَٱلْقَآئِمِينَ وَٱلرُّكَّعِ ٱلسُّجُودِ ﴿٢٦﴾

27. И возгласи го за луѓето хаџџот: ќе ти доаѓаат и пешки и на камили истоштени, ќе доаѓаат од сите страни далечни,

وَأَذِّن فِى ٱلنَّاسِ بِٱلْحَجِّ يَأْتُوكَ رِجَالًا وَعَلَىٰ كُلِّ ضَامِرٍ يَأْتِينَ مِن كُلِّ فَجٍّ عَمِيقٍ ﴿٢٧﴾

28. за да си прибават користи кои се нивни, и да го споменуваат името Аллахово во деновите познати при 'рскот нивни од животното од Него, за нив наменето. Јадете од него и поделете го на несреќниот бедник.

لِّيَشْهَدُوا۟ مَنَٰفِعَ لَهُمْ وَيَذْكُرُوا۟ ٱسْمَ ٱللَّهِ فِىٓ أَيَّامٍ مَّعْلُومَٰتٍ عَلَىٰ مَا رَزَقَهُم مِّنۢ بَهِيمَةِ ٱلْأَنْعَٰمِ ۖ فَكُلُوا۟ مِنْهَا وَأَطْعِمُوا۟ ٱلْبَآئِسَ ٱلْفَقِيرَ ﴿٢٨﴾

29. Нека ја отстранат потоа нечистотијата своја, и нека ги исполнат ветувањата свои, и нека прават таваф околу Куќата древна!

ثُمَّ لْيَقْضُوا۟ تَفَثَهُمْ وَلْيُوفُوا۟ نُذُورَهُمْ وَلْيَطَّوَّفُوا۟ بِٱلْبَيْتِ ٱلْعَتِيقِ ﴿٢٩﴾

30. Ете, оној кој ги велича светостите Аллахови... тој, кај Господарот свој, е подобар. И дозволени ви се животните, освен оние кои ви се споменати, и избегнувајте ја срамотијата на киповите и избегнувајте го разговорот безработен,

ذَٰلِكَ وَمَن يُعَظِّمْ حُرُمَٰتِ ٱللَّهِ فَهُوَ خَيْرٌ لَّهُۥ عِندَ رَبِّهِۦ ۗ وَأُحِلَّتْ لَكُمُ ٱلْأَنْعَٰمُ إِلَّا مَا يُتْلَىٰ عَلَيْكُمْ ۖ فَٱجْتَنِبُوا۟ ٱلرِّجْسَ مِنَ ٱلْأَوْثَٰنِ وَٱجْتَنِبُوا۟ قَوْلَ ٱلزُّورِ ﴿٣٠﴾

حُنَفَآءَ لِلَّهِ غَيْرَ مُشْرِكِينَ بِهِۦ ۚ وَمَن يُشْرِكْ بِٱللَّهِ فَكَأَنَّمَا خَرَّ مِنَ ٱلسَّمَآءِ فَتَخْطَفُهُ ٱلطَّيْرُ أَوْ تَهْوِى بِهِ ٱلرِّيحُ فِى مَكَانٍ سَحِيقٍ ﴿٣١﴾

31. искрено оддадени на Аллах, не здружувајќи Му ништо; оној кој Му припишува здруженик на Аллах е како оној кој ќе падне од небо, па птиците ќе го разграбат или, пак, ветрот ќе го однесе во некое место далечно.

ذَٰلِكَ وَمَن يُعَظِّمْ شَعَٰٓئِرَ ٱللَّهِ فَإِنَّهَا مِن تَقْوَى ٱلْقُلُوبِ ﴿٣٢﴾

32. Ете, оној кој ги велича прописите Аллахови... овие се, токму, последица на срцата побожни.

لَكُمْ فِيهَا مَنَٰفِعُ إِلَىٰٓ أَجَلٍ مُّسَمًّى ثُمَّ مَحِلُّهَآ إِلَى ٱلْبَيْتِ ٱلْعَتِيقِ ﴿٣٣﴾

33. Вие во нив имате користи до време одредено; потоа местото нивно е кај Куќата древна.

وَلِكُلِّ أُمَّةٍ جَعَلْنَا مَنسَكًا لِّيَذْكُرُوا۟ ٱسْمَ ٱللَّهِ عَلَىٰ مَا رَزَقَهُم مِّنۢ بَهِيمَةِ ٱلْأَنْعَٰمِ ۗ فَإِلَٰهُكُمْ إِلَٰهٌ وَٰحِدٌ فَلَهُۥٓ أَسْلِمُوا۟ ۗ وَبَشِّرِ ٱلْمُخْبِتِينَ ﴿٣٤﴾

34. И на секоја заедница Ние ѝ одредивме обред за да го споменуваат името Аллахово при ‘рскот нивни од животното од Него, за нив наменето. Па, вашиот Бог е еден Бог. И Нему, тогаш, оддадете Му се! И зарадувај ги понизните,

ٱلَّذِينَ إِذَا ذُكِرَ ٱللَّهُ وَجِلَتْ قُلُوبُهُمْ وَٱلصَّٰبِرِينَ عَلَىٰ مَآ أَصَابَهُمْ وَٱلْمُقِيمِى ٱلصَّلَوٰةِ وَمِمَّا رَزَقْنَٰهُمْ يُنفِقُونَ ﴿٣٥﴾

35. чии срца, кога ќе се спомене Аллах, ќе затреперат, кои се трпеливи за она што им се случува, кои намаз извршуваат и кои, од ‘рскот што Ние им го дадовме, делат.

وَٱلْبُدْنَ جَعَلْنَٰهَا لَكُم مِّن شَعَٰٓئِرِ ٱللَّهِ لَكُمْ فِيهَا خَيْرٌ ۖ فَٱذْكُرُوا۟ ٱسْمَ ٱللَّهِ عَلَيْهَا صَوَآفَّ ۖ فَإِذَا وَجَبَتْ جُنُوبُهَا فَكُلُوا۟ مِنْهَا وَأَطْعِمُوا۟ ٱلْقَانِعَ وَٱلْمُعْتَرَّ ۚ كَذَٰلِكَ سَخَّرْنَٰهَا لَكُمْ لَعَلَّكُمْ تَشْكُرُونَ ﴿٣٦﴾

36. Еден од обредите хаџиски се и камилите кои Аллах ви ги одреди. Во нив, за вас, има добро. Споменувајте го името Аллахово кога ќе бидат во редови поредани. А кога ќе паднат на земја, јадете од нив и нахранете го оној што е задоволен со тоа и оној кој пита.

Ете, Ние така ви ги потчинивме за да бидете благодарни!

لَن يَنَالَ ٱللَّهَ لُحُومُهَا وَلَا دِمَآؤُهَا وَلَٰكِن يَنَالُهُ ٱلتَّقْوَىٰ مِنكُمْ ۚ كَذَٰلِكَ سَخَّرَهَا لَكُمْ لِتُكَبِّرُوا۟ ٱللَّهَ عَلَىٰ مَا هَدَىٰكُمْ ۗ وَبَشِّرِ ٱلْمُحْسِنِينَ ﴿٣٧﴾

37. Ни месото нивно ни крвта нивна не ќе стигнат до Аллах, туку богобојазливоста ваша ќе стигне до Аллах. Ете, така ви ги потчини за да Го славите Аллаха заради тоа што ве упати, и зарадувај ги доброчинителите!

إِنَّ ٱللَّهَ يُدَٰفِعُ عَنِ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓا۟ ۗ إِنَّ ٱللَّهَ لَا يُحِبُّ كُلَّ خَوَّانٍ كَفُورٍ ﴿٣٨﴾

38. Да, Аллах ќе ги земе во заштита оние кои веруваат. Аллах, навистина, не сака никаков предавник и неблагодарен!

أُذِنَ لِلَّذِينَ يُقَٰتَلُونَ بِأَنَّهُمْ ظُلِمُوا۟ ۚ وَإِنَّ ٱللَّهَ عَلَىٰ نَصْرِهِمْ لَقَدِيرٌ ﴿٣٩﴾

39. Дадено им е секакво овластување на оние кои се убиваат, зашто врз нив зулум се прави. Аллах, навистина, е Кадар да им помогне;

ٱلَّذِينَ أُخْرِجُوا۟ مِن دِيَٰرِهِم بِغَيْرِ حَقٍّ إِلَّآ أَن يَقُولُوا۟ رَبُّنَا ٱللَّهُ ۗ وَلَوْلَا دَفْعُ ٱللَّهِ ٱلنَّاسَ بَعْضَهُم بِبَعْضٍ لَّهُدِّمَتْ صَوَٰمِعُ وَبِيَعٌ وَصَلَوَٰتٌ وَمَسَٰجِدُ يُذْكَرُ فِيهَا ٱسْمُ ٱللَّهِ كَثِيرًا ۗ وَلَيَنصُرَنَّ ٱللَّهُ مَن يَنصُرُهُۥٓ ۗ إِنَّ ٱللَّهَ لَقَوِىٌّ عَزِيزٌ ﴿٤٠﴾

40. оние кои се истеруваат од огништата нивни бесправно, затоа што зборуваа: "Господарот наш е Аллах." Кога Аллах не би ги спречувал луѓето еднисодруги ќе беа срушени манастирите, и црквите, и синагогите и џамиите во кои многу се споменува името Аллахово. И Аллах сигурно не ќе му помогне на оној кој не го помага Аллаха. Аллах, навистина, е Моќен и Силен!

ٱلَّذِينَ إِن مَّكَّنَّٰهُمْ فِى ٱلْأَرْضِ أَقَامُوا۟ ٱلصَّلَوٰةَ وَءَاتَوُا۟ ٱلزَّكَوٰةَ وَأَمَرُوا۟ بِٱلْمَعْرُوفِ وَنَهَوْا۟ عَنِ ٱلْمُنكَرِ ۗ وَلِلَّهِ عَٰقِبَةُ ٱلْأُمُورِ ﴿٤١﴾

41. Оние кои, ако им дадеме моќ на земјава, намаз извршуваат и зекат даваат, наредуваат добро и одвраќаат од зло. Но, крајот на сите нешта е кај Аллах!

42. А ако те сметаат за лашко па веќе ги сметаа за лашковци и оние пред нив, народот на Нух, Ад и Семуд,

وَإِن يُكَذِّبُوكَ فَقَدْ كَذَّبَتْ
قَبْلَهُمْ قَوْمُ نُوحٍ وَعَادٌ وَثَمُودُ ﴿٤٢﴾

43. народот на Ибрахим и народот на Лут,

وَقَوْمُ إِبْرَٰهِيمَ وَقَوْمُ لُوطٍ ﴿٤٣﴾

44. и жителите на Медјен. И Муса беше сметан за лашко. И им дадов рок на неверниците а потоа ги зграбив. Е, само каква беше казната Моја!

وَأَصْحَٰبُ مَدْيَنَ ۖ وَكُذِّبَ مُوسَىٰ فَأَمْلَيْتُ
لِلْكَٰفِرِينَ ثُمَّ أَخَذْتُهُمْ ۖ فَكَيْفَ
كَانَ نَكِيرِ ﴿٤٤﴾

45. И колку градови Ние уништивме, чии жители беа зулумќари...беа срамнети; ги снема. Има голем број напуштени бунари и градби високи!

فَكَأَيِّن مِّن قَرْيَةٍ أَهْلَكْنَٰهَا وَهِىَ ظَالِمَةٌ
فَهِىَ خَاوِيَةٌ عَلَىٰ عُرُوشِهَا
وَبِئْرٍ مُّعَطَّلَةٍ وَقَصْرٍ مَّشِيدٍ ﴿٤٥﴾

46. Па, не патуваат ли по земјата за срцата нивни да сфатат за тоа, и ушите нивни со кои ќе слушаат, но, очите, навистина, не се слепи, туку слепи се срцата во градите.

أَفَلَمْ يَسِيرُوا۟ فِى ٱلْأَرْضِ فَتَكُونَ لَهُمْ قُلُوبٌ يَعْقِلُونَ
بِهَآ أَوْ ءَاذَانٌ يَسْمَعُونَ بِهَا ۖ فَإِنَّهَا لَا تَعْمَى ٱلْأَبْصَٰرُ
وَلَٰكِن تَعْمَى ٱلْقُلُوبُ ٱلَّتِى فِى ٱلصُّدُورِ ﴿٤٦﴾

47. И бараат побрзо од тебе за казната, но Аллах не ќе го изневери ветувањето Свое. Еден ден кај Господарот твој е како илјада години кои вие ги броите.

وَيَسْتَعْجِلُونَكَ بِٱلْعَذَابِ وَلَن يُخْلِفَ ٱللَّهُ وَعْدَهُۥ ۚ
وَإِنَّ يَوْمًا عِندَ رَبِّكَ كَأَلْفِ سَنَةٍ
مِّمَّا تَعُدُّونَ ﴿٤٧﴾

48. И на колку градови Ние им го продолживме рокот, чии жители беа зулумќари, а потоа

وَكَأَيِّن مِّن قَرْيَةٍ أَمْلَيْتُ لَهَا وَهِىَ ظَالِمَةٌ
ثُمَّ أَخَذْتُهَا ۖ وَإِلَىَّ ٱلْمَصِيرُ ﴿٤٨﴾

Ние ги зграбивме. Свратилиштето е - кон Мене!

49. Кажи: "О луѓе, јас сум, навистина, ваш опоменувач јасен!"

قُلْ يَٰٓأَيُّهَا ٱلنَّاسُ إِنَّمَآ أَنَا۠ لَكُمْ نَذِيرٌ مُّبِينٌ ﴿٤٩﴾

50. Та, за оние кои веруваат и кои работат добри дела има прошка и ‘рск благороден.

فَٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ لَهُم مَّغْفِرَةٌ وَرِزْقٌ كَرِيمٌ ﴿٥٠﴾

51. Додека оние кои настојуваат да ги отфрлат ајетите Наши се немоќни; жители џехеннемски ќе станат.

وَٱلَّذِينَ سَعَوْ فِىٓ ءَايَٰتِنَا مُعَٰجِزِينَ أُو۟لَٰٓئِكَ أَصْحَٰبُ ٱلْجَحِيمِ ﴿٥١﴾

52. И пред тебе Ние не испративме ниеден пратеник и пејгамбер а Шејтанот да не му фрлеше нешто во она што, токму, го кажуваше. И Аллах секогаш го отстрануваше она што го фрлаше Шејтанот и потоа ги утврдуваше ајетите Свои. Аллах е Зналец и Мудар,

وَمَآ أَرْسَلْنَا مِن قَبْلِكَ مِن رَّسُولٍ وَلَا نَبِىٍّ إِلَّآ إِذَا تَمَنَّىٰٓ أَلْقَى ٱلشَّيْطَٰنُ فِىٓ أُمْنِيَّتِهِۦ فَيَنسَخُ ٱللَّهُ مَا يُلْقِى ٱلشَّيْطَٰنُ ثُمَّ يُحْكِمُ ٱللَّهُ ءَايَٰتِهِۦ وَٱللَّهُ عَلِيمٌ حَكِيمٌ ﴿٥٢﴾

53. за да го направи она што Шејтанот го уфрлува искушение за оние во чии срца има болештина и чии срца затврднаа. Зулумќарите, навистина, се во цепнатина далечна!

لِّيَجْعَلَ مَا يُلْقِى ٱلشَّيْطَٰنُ فِتْنَةً لِّلَّذِينَ فِى قُلُوبِهِم مَّرَضٌ وَٱلْقَاسِيَةِ قُلُوبُهُمْ ۗ وَإِنَّ ٱلظَّٰلِمِينَ لَفِى شِقَاقٍۭ بَعِيدٍ ﴿٥٣﴾

54. И да узнаат оние со даденото им знаење дека тоа, навистина, е вистина од Господарот твој, па да веруваат во неа

وَلِيَعْلَمَ ٱلَّذِينَ أُوتُوا۟ ٱلْعِلْمَ أَنَّهُ ٱلْحَقُّ مِن رَّبِّكَ فَيُؤْمِنُوا۟ بِهِۦ فَتُخْبِتَ لَهُۥ قُلُوبُهُمْ ۗ وَإِنَّ ٱللَّهَ لَهَادِ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓا۟ إِلَىٰ صِرَٰطٍ مُّسْتَقِيمٍ ﴿٥٤﴾

и да им се сплотат срцата нивни. Аллах ги упатува оние кои веруваат по патот вистински.

55. Оние кои не веруваат постојано се сомневаат во тоа сè додека не им дојде Часот последен, одненадеж, или, пак, додека не им дојде казната жестока на Денот.

وَلَا يَزَالُ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ فِى مِرْيَةٍ مِّنْهُ حَتَّىٰ تَأْتِيَهُمُ ٱلسَّاعَةُ بَغْتَةً أَوْ يَأْتِيَهُمْ عَذَابُ يَوْمٍ عَقِيمٍ ﴿٥٥﴾

56. Власта на Денот тој е само Аллахова и Он ќе им пресуди и на едните и на другите. Оние кои веруваат и кои работат добри дела ќе бидат во бавчите џеннетски благословени.

ٱلْمُلْكُ يَوْمَئِذٍ لِّلَّهِ يَحْكُمُ بَيْنَهُمْ ۚ فَٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ فِى جَنَّٰتِ ٱلنَّعِيمِ ﴿٥٦﴾

57. А оние кои не веруваат и кои ги сметаат за лажни ајетите Наши...за нив има казна понижувачка.

وَٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ وَكَذَّبُوا۟ بِـَٔايَٰتِنَا فَأُو۟لَٰٓئِكَ لَهُمْ عَذَابٌ مُّهِينٌ ﴿٥٧﴾

58. Оние кои се иселија на Аллаховиот пат, кои потоа беа убиени или кои умреа... Аллах сигурно ќе им даде ‘рск добар. Аллах, навистина, меѓу снабдувачите е Најдобриот!

وَٱلَّذِينَ هَاجَرُوا۟ فِى سَبِيلِ ٱللَّهِ ثُمَّ قُتِلُوٓا۟ أَوْ مَاتُوا۟ لَيَرْزُقَنَّهُمُ ٱللَّهُ رِزْقًا حَسَنًا ۚ وَإِنَّ ٱللَّهَ لَهُوَ خَيْرُ ٱلرَّٰزِقِينَ ﴿٥٨﴾

59. Ќе ги воведе, сигурно, во место со кое ќе бидат задоволни. Аллах, навистина, е Зналец и Благ!

لَيُدْخِلَنَّهُم مُّدْخَلًا يَرْضَوْنَهُۥ ۗ وَإِنَّ ٱللَّهَ لَعَلِيمٌ حَلِيمٌ ﴿٥٩﴾

60. Ете, на оној кој ќе возврати со иста мера за она што му е

۞ ذَٰلِكَ وَمَنْ عَاقَبَ بِمِثْلِ مَا عُوقِبَ بِهِۦ

направено, а потоа ќе му се наштети Аллах, сигурно, ќе го помогне. Аллах, навистина, е Помилувач и Простувач!

ثُمَّ بُغِيَ عَلَيْهِ لَيَنصُرَنَّهُ ٱللَّهُ ۗ إِنَّ ٱللَّهَ لَعَفُوٌّ غَفُورٌ ﴿٦٠﴾

61. Ете, така Аллах го менува денот во ноќта, а ноќта во ден. Аллах, навистина, е Слушач и Гледач!

ذَٰلِكَ بِأَنَّ ٱللَّهَ يُولِجُ ٱلَّيْلَ فِي ٱلنَّهَارِ وَيُولِجُ ٱلنَّهَارَ فِي ٱلَّيْلِ وَأَنَّ ٱللَّهَ سَمِيعٌۢ بَصِيرٌ ﴿٦١﴾

62. Ете, така Аллах, секако, е Вистина и дека она што го повикуваат, освен Него, е невистина. Аллах, навистина, е Вишен и Голем!

ذَٰلِكَ بِأَنَّ ٱللَّهَ هُوَ ٱلْحَقُّ وَأَنَّ مَا يَدْعُونَ مِن دُونِهِۦ هُوَ ٱلْبَٰطِلُ وَأَنَّ ٱللَّهَ هُوَ ٱلْعَلِيُّ ٱلْكَبِيرُ ﴿٦٢﴾

63. Не гледаш ли дека Аллах, секако, спушта вода од небо па земјата станува зелена? Аллах, навистина, е Сочувствителен и Известен!

أَلَمْ تَرَ أَنَّ ٱللَّهَ أَنزَلَ مِنَ ٱلسَّمَآءِ مَآءً فَتُصْبِحُ ٱلْأَرْضُ مُخْضَرَّةً ۗ إِنَّ ٱللَّهَ لَطِيفٌ خَبِيرٌ ﴿٦٣﴾

64. И сè што е на небесата и на Земјата е - Аллахово! Аллах, навистина, е Оној кој е Богат и за благодарност Достоен!

لَّهُۥ مَا فِي ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَمَا فِي ٱلْأَرْضِ ۚ وَإِنَّ ٱللَّهَ لَهُوَ ٱلْغَنِيُّ ٱلْحَمِيدُ ﴿٦٤﴾

65. Не гледаш ли дека Аллах сè вам ви потчини? И она што е на земјата, а чамецот плови по морето со наредбата Негова. И Он го држи небото да не падне на земјата, освен, секако, со одобрението Негово. Аллах, навистина, кон луѓето е Сочувствителен и Сомилосен!

أَلَمْ تَرَ أَنَّ ٱللَّهَ سَخَّرَ لَكُم مَّا فِي ٱلْأَرْضِ وَٱلْفُلْكَ تَجْرِي فِي ٱلْبَحْرِ بِأَمْرِهِۦ ۚ وَيُمْسِكُ ٱلسَّمَآءَ أَن تَقَعَ عَلَى ٱلْأَرْضِ إِلَّا بِإِذْنِهِۦٓ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ بِٱلنَّاسِ لَرَءُوفٌ رَّحِيمٌ ﴿٦٥﴾

66. Он е Оној кој ве оживува а потоа ве усмртува, а потоа пак

وَهُوَ ٱلَّذِيٓ أَحْيَاكُمْ ثُمَّ يُمِيتُكُمْ

ثُمَّ يُحْيِيكُمْ ۖ إِنَّ ٱلْإِنسَٰنَ لَكَفُورٌ ﴿٦٦﴾

ве оживува. Човекот, навистина, е наклонет кон неверството!

لِّكُلِّ أُمَّةٍ جَعَلْنَا مَنسَكًا هُمْ نَاسِكُوهُ ۖ فَلَا يُنَٰزِعُنَّكَ فِى ٱلْأَمْرِ ۘ وَٱدْعُ إِلَىٰ رَبِّكَ ۖ إِنَّكَ لَعَلَىٰ هُدًى مُّسْتَقِيمٍ ﴿٦٧﴾

67. За секоја заедница Ние одредивме обред чии жители го практикуваа. Па, не дозволувај никако да се расправа со тебе за наредбата. Повикувај го Господарот твој. Ти си, навистина, по патоказот вистински!

وَإِن جَٰدَلُوكَ فَقُلِ ٱللَّهُ أَعْلَمُ بِمَا تَعْمَلُونَ ﴿٦٨﴾

68. А ако расправаат за тебе, кажи: "Аллах најдобро го знае она што го работите!"

ٱللَّهُ يَحْكُمُ بَيْنَكُمْ يَوْمَ ٱلْقِيَٰمَةِ فِيمَا كُنتُمْ فِيهِ تَخْتَلِفُونَ ﴿٦٩﴾

69. Аллах ќе ви пресуди на Денот суден за она за што станавте деленици.

أَلَمْ تَعْلَمْ أَنَّ ٱللَّهَ يَعْلَمُ مَا فِى ٱلسَّمَآءِ وَٱلْأَرْضِ ۗ إِنَّ ذَٰلِكَ فِى كِتَٰبٍ ۚ إِنَّ ذَٰلِكَ عَلَى ٱللَّهِ يَسِيرٌ ﴿٧٠﴾

70. Не знаеш ли дека Аллах, навистина, го знае и она што е на небесата и она што е на Земјата; да, сè тоа е во Книгата. Тоа за Аллах, навистина, е лесно!

وَيَعْبُدُونَ مِن دُونِ ٱللَّهِ مَا لَمْ يُنَزِّلْ بِهِۦ سُلْطَٰنًا وَمَا لَيْسَ لَهُم بِهِۦ عِلْمٌ ۗ وَمَا لِلظَّٰلِمِينَ مِن نَّصِيرٍ ﴿٧١﴾

71. И оние го обожаваат она, освен Аллах, за што не е објавено овластување и за што тие, токму, ништо не знаат. За зулумќарите нема поддржник!

وَإِذَا تُتْلَىٰ عَلَيْهِمْ ءَايَٰتُنَا بَيِّنَٰتٍ تَعْرِفُ فِى وُجُوهِ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ ٱلْمُنكَرَ ۖ يَكَادُونَ يَسْطُونَ بِٱلَّذِينَ يَتْلُونَ عَلَيْهِمْ ءَايَٰتِنَا ۗ قُلْ أَفَأُنَبِّئُكُم بِشَرٍّ مِّن ذَٰلِكُمُ ۖ ٱلنَّارُ وَعَدَهَا

72. И кога им се кажуваат ајетите Наши јасни, ти приметуваш на лицата од оние кои не веруваат неодобрување некакво. Само што не ги фаќаат в гуша на оние кои им ги кажуваат

ајетите Наши. Кажи: "Да ве известам ли за злото на тоа? - Оган што им го вети Аллах на оние кои не веруваат. " Е, само колку е лош тоа свратилиште!

اللَّهُ الَّذِينَ كَفَرُوا ۖ وَبِئْسَ الْمَصِيرُ ﴿٧٢﴾

73. О луѓе, се изнесува пример па, слушнете го! Оние кои ги повикувате, освен Аллах, не можат, навистина, да создадат ни мушичка. Дури и да се соберат за тоа. Ако мушичката им зграби нешто не ќе можат ни да го извадат. Слаби се, навистина, барателот и бараното!

يَا أَيُّهَا النَّاسُ ضُرِبَ مَثَلٌ فَاسْتَمِعُوا لَهُ ۚ إِنَّ الَّذِينَ تَدْعُونَ مِن دُونِ اللَّهِ لَن يَخْلُقُوا ذُبَابًا وَلَوِ اجْتَمَعُوا لَهُ ۖ وَإِن يَسْلُبْهُمُ الذُّبَابُ شَيْئًا لَّا يَسْتَنقِذُوهُ مِنْهُ ۚ ضَعُفَ الطَّالِبُ وَالْمَطْلُوبُ ﴿٧٣﴾

74. И оние не можат да ја измерат вистинската мера Аллахова. Аллах, навистина, е Моќен и Силен!

مَا قَدَرُوا اللَّهَ حَقَّ قَدْرِهِ ۖ إِنَّ اللَّهَ لَقَوِيٌّ عَزِيزٌ ﴿٧٤﴾

75. Аллах избира меѓу мелеките и меѓу луѓето пејгамбери. Аллах, навистина, е Слушач и Гледач!

اللَّهُ يَصْطَفِي مِنَ الْمَلَائِكَةِ رُسُلًا وَمِنَ النَّاسِ ۚ إِنَّ اللَّهَ سَمِيعٌ بَصِيرٌ ﴿٧٥﴾

76. Го знае и она што е пред нив и она што е зад нив. Работите се враќаат кон Аллах!

يَعْلَمُ مَا بَيْنَ أَيْدِيهِمْ وَمَا خَلْفَهُمْ ۗ وَإِلَى اللَّهِ تُرْجَعُ الْأُمُورُ ﴿٧٦﴾

77. О верници, паѓајте на руку', а паѓајте и на сецде и обожавајте Го Господарот ваш; и правете добро... за да бидете спасени!

يَا أَيُّهَا الَّذِينَ آمَنُوا ارْكَعُوا وَاسْجُدُوا وَاعْبُدُوا رَبَّكُمْ وَافْعَلُوا الْخَيْرَ لَعَلَّكُمْ تُفْلِحُونَ ﴿٧٧﴾ ۩

78. И борете се на Аллаховиот пат со борба вистинска за Него. Он ве избра и во верата не ве

وَجَاهِدُوا فِي اللَّهِ حَقَّ جِهَادِهِ ۚ هُوَ اجْتَبَاكُمْ وَمَا جَعَلَ عَلَيْكُمْ فِي الدِّينِ مِنْ حَرَجٍ ۚ مِّلَّةَ أَبِيكُمْ

задолжи со нешто исклучително, во верата на вашиот бабо Ибрахим. Он ве именуваше од порано како муслимани, и во овој Кур ан, исто така, за пејгамберот да биде сведок против вас, а вие да бидете сведоци против луѓето. Па, намаз извршувајте и зекат давајте и држете се за него; Он е заштитникот ваш. Е, само колку добар Заштитник е Он! Е,само колку добар Поддржник е Он!

إِبْرَٰهِيمَ ۚ هُوَ سَمَّىٰكُمُ ٱلْمُسْلِمِينَ مِن قَبْلُ
وَفِى هَٰذَا لِيَكُونَ ٱلرَّسُولُ شَهِيدًا عَلَيْكُمْ
وَتَكُونُوا۟ شُهَدَآءَ عَلَى ٱلنَّاسِ ۚ فَأَقِيمُوا۟ ٱلصَّلَوٰةَ
وَءَاتُوا۟ ٱلزَّكَوٰةَ وَٱعْتَصِمُوا۟ بِٱللَّهِ ۖ هُوَ مَوْلَىٰكُمْ ۖ
فَنِعْمَ ٱلْمَوْلَىٰ وَنِعْمَ ٱلنَّصِيرُ ﴿٧٨﴾

ЕЛМУ'МИНУУН(Верници)XXIII

سُورَةُ المُؤمِنُون

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Успеаја, секако, верниците:

قَدْ أَفْلَحَ ٱلْمُؤْمِنُونَ ﴿١﴾

2. кои се во намазите нивни покајнички,

ٱلَّذِينَ هُمْ فِى صَلَاتِهِمْ خَٰشِعُونَ ﴿٢﴾

3. и кои се рамнодушни кон безработицата,

وَٱلَّذِينَ هُمْ عَنِ ٱللَّغْوِ مُعْرِضُونَ ﴿٣﴾

4. и кои зекат спроведуваат,

وَٱلَّذِينَ هُمْ لِلزَّكَوٰةِ فَٰعِلُونَ ﴿٤﴾

5. и кои ги чуваат срамните места свои,

وَٱلَّذِينَ هُمْ لِفُرُوجِهِمْ حَٰفِظُونَ ﴿٥﴾

6. освен со жените свои или со оние кои се во сопственост нивна... па, тие, навистина, се надвор од прекорот,

إِلَّا عَلَىٰٓ أَزْوَٰجِهِمْ أَوْ مَا مَلَكَتْ أَيْمَٰنُهُمْ
فَإِنَّهُمْ غَيْرُ مَلُومِينَ ﴿٦﴾

7. додека оние кои посакуваат преку тоа, токму, претеруваат;

فَمَنِ ٱبْتَغَىٰ وَرَآءَ ذَٰلِكَ فَأُو۟لَٰٓئِكَ هُمُ ٱلْعَادُونَ ﴿٧﴾

8. и кои, исто така, се грижат за аманетите свои и за договорот свој,

وَٱلَّذِينَ هُمْ لِأَمَٰنَٰتِهِمْ وَعَهْدِهِمْ رَٰعُونَ ﴿٨﴾

9. и оние кои внимаваат врз намазите свои:

وَٱلَّذِينَ هُمْ عَلَىٰ صَلَوَٰتِهِمْ يُحَافِظُونَ ﴿٩﴾

10. овие, токму, се наследниците,

أُو۟لَٰٓئِكَ هُمُ ٱلْوَٰرِثُونَ ﴿١٠﴾

11. кои го наследуваат Џеннетот и во него за навек ќе останат.

ٱلَّذِينَ يَرِثُونَ ٱلْفِرْدَوْسَ هُمْ فِيهَا خَٰلِدُونَ ﴿١١﴾

12. Ние човекот, навистина, го создадовме од глина одбрана,

وَلَقَدْ خَلَقْنَا ٱلْإِنسَٰنَ مِن سُلَٰلَةٍ مِّن طِينٍ ﴿١٢﴾

13. потоа како капка семе го ставивме на место сигурно.

ثُمَّ جَعَلْنَٰهُ نُطْفَةً فِى قَرَارٍ مَّكِينٍ ﴿١٣﴾

14. Потоа капката семе Ние ја создадовме засирена крв; од засирената крв создадовме парче месо; од парчето месо создадовме коски, а потоа коските со месо ги обвиткавме; потоа создадовме сосем друго суштество. Па, нека е вишен Аллах. Меѓу создателите Он е Најубавиот!

ثُمَّ خَلَقْنَا ٱلنُّطْفَةَ عَلَقَةً فَخَلَقْنَا ٱلْعَلَقَةَ مُضْغَةً فَخَلَقْنَا ٱلْمُضْغَةَ عِظَٰمًا فَكَسَوْنَا ٱلْعِظَٰمَ لَحْمًا ثُمَّ أَنشَأْنَٰهُ خَلْقًا ءَاخَرَ ۚ فَتَبَارَكَ ٱللَّهُ أَحْسَنُ ٱلْخَٰلِقِينَ ﴿١٤﴾

15. Потоа вие, секако, ќе умрете!

ثُمَّ إِنَّكُم بَعْدَ ذَٰلِكَ لَمَيِّتُونَ ﴿١٥﴾

16. Потоа на Денот суден ќе бидете оживеани, сигурно!

ثُمَّ إِنَّكُمْ يَوْمَ ٱلْقِيَٰمَةِ تُبْعَثُونَ ﴿١٦﴾

17. Над вас веќе Ние создадовме седум небеса и постојано врз суштеството бдееме.

وَلَقَدْ خَلَقْنَا فَوْقَكُمْ سَبْعَ طَرَآئِقَ وَمَا كُنَّا عَنِ ٱلْخَلْقِ غَٰفِلِينَ ﴿١٧﴾

18. И од небото Ние спуштаме вода со мера, па ја задржуваме во земјата и, секако, кадри сме да ја отстраниме.

وَأَنزَلْنَا مِنَ ٱلسَّمَآءِ مَآءًۢ بِقَدَرٍ فَأَسْكَنَّٰهُ فِى ٱلْأَرْضِ ۖ وَإِنَّا عَلَىٰ ذَهَابٍۭ بِهِۦ لَقَٰدِرُونَ ﴿١٨﴾

19. Па, со помош нејзина Ние ви вадиме бавчи со урми и грозје; во нив имате овошје многу и од него јадете.

فَأَنشَأْنَا لَكُم بِهِۦ جَنَّٰتٍ مِّن نَّخِيلٍ وَأَعْنَٰبٍ لَّكُمْ فِيهَا فَوَٰكِهُ كَثِيرَةٌ وَمِنْهَا تَأْكُلُونَ ﴿١٩﴾

20. И стебло кое расте на брдото Синај кое дава зејтин и зачин... и од него јадете.

وَشَجَرَةً تَخْرُجُ مِن طُورِ سَيْنَآءَ تَنۢبُتُ بِٱلدُّهْنِ وَصِبْغٍ لِّلْءَاكِلِينَ ﴿٢٠﴾

21. Во добитокот, навистина, ибрет имате! Ние ве напојуваме со она што е во стомаците нивни; во него вие имате користи големи и од него, токму, јадете.

وَإِنَّ لَكُمْ فِى ٱلْأَنْعَٰمِ لَعِبْرَةً ۖ نُّسْقِيكُم مِّمَّا فِى بُطُونِهَا وَلَكُمْ فِيهَا مَنَٰفِعُ كَثِيرَةٌ وَمِنْهَا تَأْكُلُونَ ﴿٢١﴾

22. На нив, како и на чамците, вие патувате.

وَعَلَيْهَا وَعَلَى ٱلْفُلْكِ تُحْمَلُونَ ﴿٢٢﴾

23. И Нуха, секако, Ние го испративме до народот негов, па рече: "О народе мој, обожавајте го Аллаха; друг бог освен него немате. Нема ли да бидете богобојазливи?"

وَلَقَدْ أَرْسَلْنَا نُوحًا إِلَىٰ قَوْمِهِۦ فَقَالَ يَٰقَوْمِ ٱعْبُدُوا۟ ٱللَّهَ مَا لَكُم مِّنْ إِلَٰهٍ غَيْرُهُۥٓ ۖ أَفَلَا تَتَّقُونَ ﴿٢٣﴾

24. Па големците кои не веруваа меѓу народот негов рекоа: "Овој е само човек вам сличен кој си посакува да стекне предност над вас. Кога Аллах би сакал би испратил мелек. За ова ние не слушнавме ништо од предците наши одамнешни.

فَقَالَ ٱلْمَلَؤُا۟ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ مِن قَوْمِهِۦ مَا هَٰذَآ إِلَّا بَشَرٌ مِّثْلُكُمْ يُرِيدُ أَن يَتَفَضَّلَ عَلَيْكُمْ ۚ وَلَوْ شَآءَ ٱللَّهُ لَأَنزَلَ مَلَٰٓئِكَةً ۖ مَّا سَمِعْنَا بِهَٰذَا فِىٓ ءَابَآئِنَا ٱلْأَوَّلِينَ ﴿٢٤﴾

إِنْ هُوَ إِلَّا رَجُلٌۢ بِهِۦ جِنَّةٌ فَتَرَبَّصُوا۟ بِهِۦ حَتَّىٰ حِينٍ ﴿٢٥﴾

25. Тој е само човек при кого има џинови: па, посматрајте го до време определено!"

قَالَ رَبِّ ٱنصُرْنِى بِمَا كَذَّبُونِ ﴿٢٦﴾

26. Нух рече:"Господаре мој, помогни ми, зашто ме сметаат за лашко!"

فَأَوْحَيْنَآ إِلَيْهِ أَنِ ٱصْنَعِ ٱلْفُلْكَ بِأَعْيُنِنَا وَوَحْيِنَا فَإِذَا جَآءَ أَمْرُنَا وَفَارَ ٱلتَّنُّورُ فَٱسْلُكْ فِيهَا مِن كُلٍّ زَوْجَيْنِ ٱثْنَيْنِ وَأَهْلَكَ إِلَّا مَن سَبَقَ عَلَيْهِ ٱلْقَوْلُ مِنْهُمْ ۖ وَلَا تُخَٰطِبْنِى فِى ٱلَّذِينَ ظَلَمُوٓا۟ ۖ إِنَّهُم مُّغْرَقُونَ ﴿٢٧﴾

27. Тогаш Ние му објавивме: "Прави брод пред очите Наши и според објавата Наша: кога ќе дојде наредбата Наша и кога печката ќе прсне, стави во бродот пар од сè, и семејството твое - освен оние кои беа против зборот порано - и не обраќај Ми се за оние кои направија зулум; тие се, секако, потопени!"

فَإِذَا ٱسْتَوَيْتَ أَنتَ وَمَن مَّعَكَ عَلَى ٱلْفُلْكِ فَقُلِ ٱلْحَمْدُ لِلَّهِ ٱلَّذِى نَجَّىٰنَا مِنَ ٱلْقَوْمِ ٱلظَّٰلِمِينَ ﴿٢٨﴾

28. И кога ќе седнеш во бродот, ти и оние со тебе, кажи: "Благодарение на Аллах кој ме избави од народот зулумќарски!"

وَقُل رَّبِّ أَنزِلْنِى مُنزَلًا مُّبَارَكًا وَأَنتَ خَيْرُ ٱلْمُنزِلِينَ ﴿٢٩﴾

29. И кажи: "Господаре мој, растовари нè на бериќетно место, зашто Ти си, меѓу поставувачите, Најдобриот!"

إِنَّ فِى ذَٰلِكَ لَءَايَٰتٍ وَإِن كُنَّا لَمُبْتَلِينَ ﴿٣٠﴾

30. Во тоа, навистина, има знамении и Ние, секако, ги ставивме во искушението.

ثُمَّ أَنشَأْنَا مِنۢ بَعْدِهِمْ قَرْنًا ءَاخَرِينَ ﴿٣١﴾

31. Потоа, по нив, Ние создадовме поколенија други,

فَأَرْسَلْنَا فِيهِمْ رَسُولًا مِّنْهُمْ أَنِ ٱعْبُدُوا۟ ٱللَّهَ مَا لَكُم مِّنْ إِلَٰهٍ غَيْرُهُۥٓ ۖ أَفَلَا تَتَّقُونَ ﴿٣٢﴾

32.меѓу кои испративме пејгамбер:"Обожавајте го Аллаха; друг бог освен Него немате. Нема ли да бидете богобојазливи?"

33. Големците меѓу оние кои не веруваа од народот негов, и кои ја сметаа за лажна средбата на оној свет, и на кои им овозможивме да уживаат на овој свет, зборуваа: "Овој е само човек, вам сличен; јаде од она од што и вие јадете и пие од она што и вие пиете."

وَقَالَ ٱلْمَلَأُ مِن قَوْمِهِ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ وَكَذَّبُوا۟ بِلِقَآءِ ٱلْـَٔاخِرَةِ وَأَتْرَفْنَٰهُمْ فِى ٱلْحَيَوٰةِ ٱلدُّنْيَا مَا هَٰذَآ إِلَّا بَشَرٌ مِّثْلُكُمْ يَأْكُلُ مِمَّا تَأْكُلُونَ مِنْهُ وَيَشْرَبُ مِمَّا تَشْرَبُونَ ﴿٣٣﴾

34. И ако бидете послушни на вам сличниот човек тогаш вие, навистина, ќе бидете изгубени.

وَلَئِنْ أَطَعْتُم بَشَرًا مِّثْلَكُمْ إِنَّكُمْ إِذًا لَّخَٰسِرُونَ ﴿٣٤﴾

35. Ви ветува ли дека вие, навистина, кога ќе умрете, кога земја и коски ќе станете, дека пак ќе се појавите?

أَيَعِدُكُمْ أَنَّكُمْ إِذَا مِتُّمْ وَكُنتُمْ تُرَابًا وَعِظَٰمًا أَنَّكُم مُّخْرَجُونَ ﴿٣٥﴾

36. Далеку, далеку е она што ви се ветува!

۞ هَيْهَاتَ هَيْهَاتَ لِمَا تُوعَدُونَ ﴿٣٦﴾

37. Животот на овој свет е единствен: живееме и умираме и нема да бидеме оживеани.

إِنْ هِىَ إِلَّا حَيَاتُنَا ٱلدُّنْيَا نَمُوتُ وَنَحْيَا وَمَا نَحْنُ بِمَبْعُوثِينَ ﴿٣٧﴾

38. Тој е само човек кој фрла лага врз Аллах и ние нему, секако, не му веруваме."

إِنْ هُوَ إِلَّا رَجُلٌ ٱفْتَرَىٰ عَلَى ٱللَّهِ كَذِبًا وَمَا نَحْنُ لَهُۥ بِمُؤْمِنِينَ ﴿٣٨﴾

39. Нух рече: "Господаре мој, помогни ми, зашто ме сметаат за лашко!"

قَالَ رَبِّ ٱنصُرْنِى بِمَا كَذَّبُونِ ﴿٣٩﴾

40. Аллах рече: "Да, за кратко време ќе станат покајници!"

قَالَ عَمَّا قَلِيلٍ لَّيُصْبِحُنَّ نَٰدِمِينَ ﴿٤٠﴾

41. И ги погоди страшен глас, праведно! Па, Ние ги направивме нанес. И далеку нека е народот зулумќарски!

فَأَخَذَتْهُمُ ٱلصَّيْحَةُ بِٱلْحَقِّ فَجَعَلْنَٰهُمْ غُثَآءً فَبُعْدًا لِّلْقَوْمِ ٱلظَّٰلِمِينَ ﴿٤١﴾

42. Потоа, по нив, Ние создадовме други поколенија.

ثُمَّ أَنشَأْنَا مِنۢ بَعْدِهِمْ قُرُونًا ءَاخَرِينَ ﴿٤٢﴾

43. Ниеден народ не може ни да го забрза ни да го задоцни рокот негов.

مَا تَسْبِقُ مِنْ أُمَّةٍ أَجَلَهَا وَمَا يَسْتَـْٔخِرُونَ ﴿٤٣﴾

44. Потоа Ние ги испраќавме пејгамберите Наши, еднизадруги. И секогаш кога ќе му дојдеше пејгамбер на еден народ... го сметаа за лажен; и така Ние еденсодруг ги заменуваме и само одредивме да бидат помен. И далеку нека е народот невернички!

ثُمَّ أَرْسَلْنَا رُسُلَنَا تَتْرَا ۖ كُلَّ مَا جَآءَ أُمَّةً رَّسُولُهَا كَذَّبُوهُ ۚ
فَأَتْبَعْنَا بَعْضَهُم بَعْضًا وَجَعَلْنَٰهُمْ
أَحَادِيثَ ۚ فَبُعْدًا لِّقَوْمٍ لَّا يُؤْمِنُونَ ﴿٤٤﴾

45. Потоа Ние го испративме Муса и брат му Харун со знамењата Наши и власта очигледна

ثُمَّ أَرْسَلْنَا مُوسَىٰ وَأَخَاهُ هَٰرُونَ بِـَٔايَٰتِنَا
وَسُلْطَٰنٍ مُّبِينٍ ﴿٤٥﴾

46. до фараонот и големците негови; па се надуја... станаа народ горделив.

إِلَىٰ فِرْعَوْنَ وَمَلَإِيْهِۦ
فَٱسْتَكْبَرُوا۟ وَكَانُوا۟ قَوْمًا عَالِينَ ﴿٤٦﴾

47. И рекоа: "Да им веруваме ли на два човека нам слични, а народот нивни нас нè обожаваше?"

فَقَالُوٓا۟ أَنُؤْمِنُ لِبَشَرَيْنِ مِثْلِنَا
وَقَوْمُهُمَا لَنَا عَٰبِدُونَ ﴿٤٧﴾

48. И ги сметаа за лажни и беа, токму, страдалници.

فَكَذَّبُوهُمَا فَكَانُوا۟ مِنَ ٱلْمُهْلَكِينَ ﴿٤٨﴾

49. И Ние на Муса, секако, му дадовме Книга за да се упатат по патот вистински.

وَلَقَدْ ءَاتَيْنَا مُوسَى ٱلْكِتَٰبَ لَعَلَّهُمْ يَهْتَدُونَ ﴿٤٩﴾

50. А синот на Мерјем и мајка му Ние ги одредивме знамение и ги засолнивме на едно ритче мирно, со поток.

وَجَعَلْنَا ٱبْنَ مَرْيَمَ وَأُمَّهُۥٓ ءَايَةً وَءَاوَيْنَٰهُمَآ
إِلَىٰ رَبْوَةٍ ذَاتِ قَرَارٍ وَمَعِينٍ ﴿٥٠﴾

51. О пејгамбери, јадете од добрата и работете добро. Јас го знам, навистина, она што го работите!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلرُّسُلُ كُلُوا۟ مِنَ ٱلطَّيِّبَٰتِ وَٱعْمَلُوا۟ صَٰلِحًا ۖ إِنِّى بِمَا تَعْمَلُونَ عَلِيمٌ ﴿٥١﴾

52. Оваа заедница, навистина, е ваша заедница единствена, а Јас сум Господарот ваш, па бидете богобојазливи!

وَإِنَّ هَٰذِهِۦٓ أُمَّتُكُمْ أُمَّةً وَٰحِدَةً وَأَنَا۠ رَبُّكُمْ فَٱتَّقُونِ ﴿٥٢﴾

53. И меѓу себе оние се поделија, во она што ги обединуваше, на деленици, и секоја странка го величаше она што е при неа.

فَتَقَطَّعُوٓا۟ أَمْرَهُم بَيْنَهُمْ زُبُرًا ۖ كُلُّ حِزْبٍۭ بِمَا لَدَيْهِمْ فَرِحُونَ ﴿٥٣﴾

54. И остави ги во беспаќето нивно до време одредено.

فَذَرْهُمْ فِى غَمْرَتِهِمْ حَتَّىٰ حِينٍ ﴿٥٤﴾

55. Сметаат ли тие дека во Нашето давање имот и синови, навистина;

أَيَحْسَبُونَ أَنَّمَا نُمِدُّهُم بِهِۦ مِن مَّالٍ وَبَنِينَ ﴿٥٥﴾

56. Ние да ги натераме побрзо кон добрини? Но не! Не усетуваат!

نُسَارِعُ لَهُمْ فِى ٱلْخَيْرَٰتِ ۚ بَل لَّا يَشْعُرُونَ ﴿٥٦﴾

57. Да, оние кои се плашат, стравувајќи од Господарот свој,

إِنَّ ٱلَّذِينَ هُم مِّنْ خَشْيَةِ رَبِّهِم مُّشْفِقُونَ ﴿٥٧﴾

58. и кои, токму, веруваат во знаменијата на Господарот свој,

وَٱلَّذِينَ هُم بِـَٔايَٰتِ رَبِّهِمْ يُؤْمِنُونَ ﴿٥٨﴾

59. и кои, токму, не Му здружуваат здруженик на Господарот свој,

وَٱلَّذِينَ هُم بِرَبِّهِمْ لَا يُشْرِكُونَ ﴿٥٩﴾

60. и кои даваат од даеното им, а срцата нивни се исполнети со трепет од тоа дека, навистина,

وَٱلَّذِينَ يُؤْتُونَ مَا ءَاتَوا۟ وَّقُلُوبُهُمْ وَجِلَةٌ أَنَّهُمْ إِلَىٰ رَبِّهِمْ رَٰجِعُونَ ﴿٦٠﴾

ќе Му се вратат на Господарот свој...

أُولَٰٓئِكَ يُسَٰرِعُونَ فِي ٱلْخَيْرَٰتِ وَهُمْ لَهَا سَٰبِقُونَ ﴿٦١﴾

61. онаквите, секако, брзаат кон добрини и во тоа, токму, им претходат на другите.

وَلَا نُكَلِّفُ نَفْسًا إِلَّا وُسْعَهَا ۖ وَلَدَيْنَا كِتَٰبٌ يَنطِقُ بِٱلْحَقِّ ۚ وَهُمْ لَا يُظْلَمُونَ ﴿٦٢﴾

62. И Ние никого не оптоваруваме над можноста негова. При нас е Книгата која зборува вистина. И ним не ќе им се наштети.

بَلْ قُلُوبُهُمْ فِي غَمْرَةٍ مِّنْ هَٰذَا وَلَهُمْ أَعْمَٰلٌ مِّن دُونِ ذَٰلِكَ هُمْ لَهَا عَٰمِلُونَ ﴿٦٣﴾

63. Но, не! Срцата нивни во врска со тоа се во беспаќе а, делата нивни што ги работат, се спротивни на тоа.

حَتَّىٰٓ إِذَآ أَخَذْنَا مُتْرَفِيهِم بِٱلْعَذَابِ إِذَا هُمْ يَجْـَٔرُونَ ﴿٦٤﴾

64. Додека ги опфативме од Наша страна со казна оние кои живееја раскошно... кога, ете, залелекаа:

لَا تَجْـَٔرُوا۟ ٱلْيَوْمَ ۖ إِنَّكُم مِّنَّا لَا تُنصَرُونَ ﴿٦٥﴾

65. "Не лелекајте денес! Не ќе ви се помогне од Мене, навистина!

قَدْ كَانَتْ ءَايَٰتِى تُتْلَىٰ عَلَيْكُمْ فَكُنتُمْ عَلَىٰٓ أَعْقَٰبِكُمْ تَنكِصُونَ ﴿٦٦﴾

66. Да, ајетите Мои вам ви се кажувани, а вие, ете, се враќате по стапалките ваши,

مُسْتَكْبِرِينَ بِهِۦ سَٰمِرًا تَهْجُرُونَ ﴿٦٧﴾

67. дувајќи се во Храмот, разговарајќи до полноќ непристојни зборови."

أَفَلَمْ يَدَّبَّرُوا۟ ٱلْقَوْلَ أَمْ جَآءَهُم مَّا لَمْ يَأْتِ ءَابَآءَهُمُ ٱلْأَوَّلِينَ ﴿٦٨﴾

68. Зошто не размислуваат за Говорот? Или, пак, им доаѓа нешто што не им беше дошло на предците нивни одамнешни?

69. Или, пак, не го познаваат пејгамберот свој!? Во него тие, токму, не веруваат.

أَمْ لَمْ يَعْرِفُوا۟ رَسُولَهُمْ فَهُمْ لَهُۥ مُنكِرُونَ ﴿٦٩﴾

70. Или, пак, им зборуваат за него: "При него има џинови!" Но, не! Пејгамберот им дојде со вистина, а, ете, мнозинството од нив не ја признаваат вистината.

أَمْ يَقُولُونَ بِهِۦ جِنَّةٌۢ ۚ بَلْ جَآءَهُم بِٱلْحَقِّ وَأَكْثَرُهُمْ لِلْحَقِّ كَٰرِهُونَ ﴿٧٠﴾

71. Кога Вистината би ги следела желбите нивни, сигурно би пропаднале и небесата и Земјата и она што е во нив. Напротив, Ние им ја дадовме опомената нивна а тие, токму, се рамнодушни кон опомената!

وَلَوِ ٱتَّبَعَ ٱلْحَقُّ أَهْوَآءَهُمْ لَفَسَدَتِ ٱلسَّمَٰوَٰتُ وَٱلْأَرْضُ وَمَن فِيهِنَّ ۚ بَلْ أَتَيْنَٰهُم بِذِكْرِهِمْ فَهُمْ عَن ذِكْرِهِم مُّعْرِضُونَ ﴿٧١﴾

72. Или, пак, од нив бараат придонес? Придонесот од Господарот твој е подобар. Он меѓу снабдувачите е Најдобриот!

أَمْ تَسْـَٔلُهُمْ خَرْجًا فَخَرَاجُ رَبِّكَ خَيْرٌ ۖ وَهُوَ خَيْرُ ٱلرَّٰزِقِينَ ﴿٧٢﴾

73. Ти нив, секако, ги повикуваш кон патот вистински!

وَإِنَّكَ لَتَدْعُوهُمْ إِلَىٰ صِرَٰطٍ مُّسْتَقِيمٍ ﴿٧٣﴾

74. А оние кои не веруваат во Ахирет скршнуваат, навистина, од патот вистински!

وَإِنَّ ٱلَّذِينَ لَا يُؤْمِنُونَ بِٱلْءَاخِرَةِ عَنِ ٱلصِّرَٰطِ لَنَٰكِبُونَ ﴿٧٤﴾

75. И Ние да им се смилувавме и да им ја отстраневме штетата од нив пак ќе лутаа, навистина, во пакоста своја.

۞ وَلَوْ رَحِمْنَٰهُمْ وَكَشَفْنَا مَا بِهِم مِّن ضُرٍّ لَّلَجُّوا۟ فِى طُغْيَٰنِهِمْ يَعْمَهُونَ ﴿٧٥﴾

76. Да, ги обземаше казната Наша, а тие, ете, не Му се потчинуваа на Господарот свој, а ниту Го молеа понизно.

وَلَقَدْ أَخَذْنَٰهُم بِٱلْعَذَابِ فَمَا ٱسْتَكَانُوا۟ لِرَبِّهِمْ وَمَا يَتَضَرَّعُونَ ﴿٧٦﴾

حَتَّىٰٓ إِذَا فَتَحْنَا عَلَيْهِم بَابًا ذَا عَذَابٍ شَدِيدٍ إِذَا هُمْ فِيهِ مُبْلِسُونَ ﴿٧٧﴾

77. И дури кога Ние им ја отворивме вратата на казната вжештена... тие, тогаш, ете, станаа безнадежници.

وَهُوَ ٱلَّذِىٓ أَنشَأَ لَكُمُ ٱلسَّمْعَ وَٱلْأَبْصَٰرَ وَٱلْأَفْـِٔدَةَ ۖ قَلِيلًا مَّا تَشْكُرُونَ ﴿٧٨﴾

78. И Он ви создаде и слух, и вид, и срце. Е, само колку малку заблагодарувате!

وَهُوَ ٱلَّذِى ذَرَأَكُمْ فِى ٱلْأَرْضِ وَإِلَيْهِ تُحْشَرُونَ ﴿٧٩﴾

79. И Он ве растури по земјата и кај Него ќе се зберете!

وَهُوَ ٱلَّذِى يُحْىِۦ وَيُمِيتُ وَلَهُ ٱخْتِلَٰفُ ٱلَّيْلِ وَٱلنَّهَارِ ۚ أَفَلَا تَعْقِلُونَ ﴿٨٠﴾

80. И Он оживува и Он усмртува. Сменувањето на ноќта и денот е обврска Негова. Нема ли да се вразумите?

بَلْ قَالُوا۟ مِثْلَ مَا قَالَ ٱلْأَوَّلُونَ ﴿٨١﴾

81. Но, не! Зборуваат нешто слично на она што го зборуваа одамнешните.

قَالُوٓا۟ أَءِذَا مِتْنَا وَكُنَّا تُرَابًا وَعِظَٰمًا أَءِنَّا لَمَبْعُوثُونَ ﴿٨٢﴾

82. Зборуваат: "И зарем кога ќе умреме и кога земја и коски ќе станеме ќе бидеме ли, навистина, оживеани?

لَقَدْ وُعِدْنَا نَحْنُ وَءَابَآؤُنَا هَٰذَا مِن قَبْلُ إِنْ هَٰذَآ إِلَّآ أَسَٰطِيرُ ٱلْأَوَّلِينَ ﴿٨٣﴾

83. И порано веќе тоа ни беше ветено, нам и на предците наши; ова се само измислици на народите одамнешни."

قُل لِّمَنِ ٱلْأَرْضُ وَمَن فِيهَآ إِن كُنتُمْ تَعْلَمُونَ ﴿٨٤﴾

84. Кажи: "Па, чија е тогаш земјата и она што е на неа ако знаете?"

سَيَقُولُونَ لِلَّهِ ۚ قُلْ أَفَلَا تَذَكَّرُونَ ﴿٨٥﴾

85. Ќе речат: "Аллахова е!" Кажи: "Е па, нема ли да се сеќавате?"

قُلْ مَن رَّبُّ ٱلسَّمَٰوَٰتِ ٱلسَّبْعِ وَرَبُّ ٱلْعَرْشِ ٱلْعَظِيمِ ﴿٨٦﴾

86.Кажи: "Кој е Господарот на седумте небеса и Господарот на Аршот голем?"

87. Ќе речат: "Аллах!" Кажи: "Е па, нема ли да бидете богобојазливи?"

سَيَقُولُونَ لِلَّهِ ۚ قُلْ أَفَلَا تَتَّقُونَ ﴿٨٧﴾

88. Кажи: "Кој е Оној во чија рака е власта над секоја ствар? Кој штити и од Кого не може да се заштити. Е, само да знаете!"

قُلْ مَنْ بِيَدِهِ مَلَكُوتُ كُلِّ شَيْءٍ وَهُوَ يُجِيرُ وَلَا يُجَارُ عَلَيْهِ إِنْ كُنْتُمْ تَعْلَمُونَ ﴿٨٨﴾

89. Ќе речат: "Аллахова е!" Кажи: "Па како, тогаш, се восхитувате?"

سَيَقُولُونَ لِلَّهِ ۚ قُلْ فَأَنَّىٰ تُسْحَرُونَ ﴿٨٩﴾

90. Но, не! Ние им ја донесовме вистината а тие се, навистина, лашковци!

بَلْ أَتَيْنَاهُمْ بِالْحَقِّ وَإِنَّهُمْ لَكَاذِبُونَ ﴿٩٠﴾

91. Аллах не си присвои дете и покрај Него нема друг бог. Тогаш, секој бог би го земал, секако, она што би го создал, и еднисодруги ќе се натпреварувааа. Возвишен е Аллах над она со што го опишуваат!

مَا اتَّخَذَ اللَّهُ مِنْ وَلَدٍ وَمَا كَانَ مَعَهُ مِنْ إِلَٰهٍ ۚ إِذًا لَذَهَبَ كُلُّ إِلَٰهٍ بِمَا خَلَقَ وَلَعَلَا بَعْضُهُمْ عَلَىٰ بَعْضٍ ۚ سُبْحَانَ اللَّهِ عَمَّا يَصِفُونَ ﴿٩١﴾

92. Зналец на невидливото и видливото... па, возвишен е Он над она што Му го здружуваат!

عَالِمِ الْغَيْبِ وَالشَّهَادَةِ فَتَعَالَىٰ عَمَّا يُشْرِكُونَ ﴿٩٢﴾

93. Кажи: "Господаре мој, ако посакуваш да ми го покажеш она со што им се ветува,

قُلْ رَبِّ إِمَّا تُرِيَنِّي مَا يُوعَدُونَ ﴿٩٣﴾

94. тогаш, Господаре мој, не ставај ме меѓу народот зулумќарски! "

رَبِّ فَلَا تَجْعَلْنِي فِي الْقَوْمِ الظَّالِمِينَ ﴿٩٤﴾

95. Ние сме моќни, секако, да ти го покажеме она што им се ветува.

وَإِنَّا عَلَىٰ أَنْ نُرِيَكَ مَا نَعِدُهُمْ لَقَادِرُونَ ﴿٩٥﴾

96. На злото возвратете со најдобро! Ние најдобро го знаеме она што го опишуваат!

ٱدۡفَعۡ بِٱلَّتِي هِيَ أَحۡسَنُ ٱلسَّيِّئَةَۚ نَحۡنُ أَعۡلَمُ بِمَا يَصِفُونَ ﴿٩٦﴾

97. И кажи: "Господаре мој, Тебе ти се приклонувам од привлечностите на шејтаните!

وَقُل رَّبِّ أَعُوذُ بِكَ مِنۡ هَمَزَٰتِ ٱلشَّيَٰطِينِ ﴿٩٧﴾

98. И Тебе ти се приклонувам, Господаре, од нивното присуство пред мене!"

وَأَعُوذُ بِكَ رَبِّ أَن يَحۡضُرُونِ ﴿٩٨﴾

99. И дури некому од нив кога ќе му дојде смртта, тој вели: "Господаре мој, врати ме;

حَتَّىٰٓ إِذَا جَآءَ أَحَدَهُمُ ٱلۡمَوۡتُ قَالَ رَبِّ ٱرۡجِعُونِ ﴿٩٩﴾

100. ќе работам добро во она што го оставив." А, не! Тоа се само зборови кои ги зборува. А зад нив, меѓутоа, има Берзах до Денот во кој ќе бидат оживеани!

لَعَلِّيٓ أَعۡمَلُ صَٰلِحٗا فِيمَا تَرَكۡتُۚ كَلَّآۚ إِنَّهَا كَلِمَةٌ هُوَ قَآئِلُهَاۖ وَمِن وَرَآئِهِم بَرۡزَخٌ إِلَىٰ يَوۡمِ يُبۡعَثُونَ ﴿١٠٠﴾

101. И кога ќе се дувне во Сурлата... роднински врски еднисодруги веќе нема да има на Денот тој и не ќе се прашуваат за ништо.

فَإِذَا نُفِخَ فِي ٱلصُّورِ فَلَآ أَنسَابَ بَيۡنَهُمۡ يَوۡمَئِذٖ وَلَا يَتَسَآءَلُونَ ﴿١٠١﴾

102. Оние чии ваги ќе натежнат... оние, токму, се спасените!

فَمَن ثَقُلَتۡ مَوَٰزِينُهُۥ فَأُوْلَٰٓئِكَ هُمُ ٱلۡمُفۡلِحُونَ ﴿١٠٢﴾

103. А оние, пак, чии ваги нема да натежнат со добро... оние, токму, се упропастија самите себеси; во Џеханнемот за навек ќе останат!

وَمَنۡ خَفَّتۡ مَوَٰزِينُهُۥ فَأُوْلَٰٓئِكَ ٱلَّذِينَ خَسِرُوٓاْ أَنفُسَهُمۡ فِي جَهَنَّمَ خَٰلِدُونَ ﴿١٠٣﴾

104. Пламен ќе ги спржи по лицата нивни и во Џеханнемот ќе бидат обезличени:

تَلۡفَحُ وُجُوهَهُمُ ٱلنَّارُ وَهُمۡ فِيهَا كَٰلِحُونَ ﴿١٠٤﴾

105. "Нели ви се кажувани ајетите Мои, а вие нив за лажни ги сметавте?"

أَلَمْ تَكُنْ ءَايَٰتِى تُتْلَىٰ عَلَيْكُمْ
فَكُنتُم بِهَا تُكَذِّبُونَ ﴿١٠٥﴾

106. Ќе речат: "Господаре наш, надвладеа со нас несреќата наша и останавме народ во заблуда скршнат!

قَالُوا۟ رَبَّنَا غَلَبَتْ عَلَيْنَا شِقْوَتُنَا
وَكُنَّا قَوْمًا ضَآلِّينَ ﴿١٠٦﴾

107. Господаре наш, извади нè од него, зашто, ако иста грешка направиме... та, тогаш сме, навистина, зулумќари!"

رَبَّنَآ أَخْرِجْنَا مِنْهَا فَإِنْ عُدْنَا فَإِنَّا ظَٰلِمُونَ ﴿١٠٧﴾

108. Аллах ќе рече: "Останете во него и не зборувајте Ми повеќе!"

قَالَ ٱخْسَـُٔوا۟ فِيهَا وَلَا تُكَلِّمُونِ ﴿١٠٨﴾

109. Меѓу робовите Мои има една дружина која, навистина, зборува: "Господаре наш, ние веруваме, прости ни и смилуј ни се зашто Ти си меѓу милостивите Најдобриот!"

إِنَّهُۥ كَانَ فَرِيقٌ مِّنْ عِبَادِى يَقُولُونَ رَبَّنَآ
ءَامَنَّا فَٱغْفِرْ لَنَا وَٱرْحَمْنَا وَأَنتَ خَيْرُ ٱلرَّٰحِمِينَ ﴿١٠٩﴾

110. Па, вие толку многу ги изигрувавте, така што заборававте на опомената Моја додека ги исмевавте.

فَٱتَّخَذْتُمُوهُمْ سِخْرِيًّا حَتَّىٰٓ أَنسَوْكُمْ ذِكْرِى
وَكُنتُم مِّنْهُمْ تَضْحَكُونَ ﴿١١٠﴾

111. Да, Јас денес ги наградив, затоа што беа трпеливи. Денес се, токму, победници!

إِنِّى جَزَيْتُهُمُ ٱلْيَوْمَ بِمَا صَبَرُوٓا۟ أَنَّهُمْ
هُمُ ٱلْفَآئِزُونَ ﴿١١١﴾

112. И ќе рече: "Колку години останавте на земјата?"

قَٰلَ كَمْ لَبِثْتُمْ فِى ٱلْأَرْضِ عَدَدَ سِنِينَ ﴿١١٢﴾

113. Ќе речат: "Останавме само еден ден или еден дел од еден ден. Па, прашај ги бројачите!"

قَالُوا۟ لَبِثْنَا يَوْمًا أَوْ بَعْضَ يَوْمٍ فَسْـَٔلِ ٱلْعَآدِّينَ ﴿١١٣﴾

114. Ќе рече: "Останавте само малку. Е, само кога би знаеле!

فَٰلَ إِن لَّبِثْتُمْ إِلَّا قَلِيلًا لَّوْ أَنَّكُمْ كُنتُمْ تَعْلَمُونَ ﴿١١٤﴾

115. И мислевте ли, навистина, дека Ние ве создадовме залудно и дека, ете, Нам нема да Ни се вратите?"

أَفَحَسِبْتُمْ أَنَّمَا خَلَقْنَٰكُمْ عَبَثًا وَأَنَّكُمْ إِلَيْنَا لَا تُرْجَعُونَ ﴿١١٥﴾

116. Та, Аллах е Вишен! Владар вистински! Нема друг бог освен Него! Господарот на Аршот благороден!

فَتَعَٰلَى ٱللَّهُ ٱلْمَلِكُ ٱلْحَقُّ ۖ لَآ إِلَٰهَ إِلَّا هُوَ ۖ رَبُّ ٱلْعَرْشِ ٱلْكَرِيمِ ﴿١١٦﴾

117. И оној кој се повикува на друг бог освен Аллах нема доказ за тоа. Та, пресметката негова е кај Господарот негов. Неверниците, навистина, нема да успеат!

وَمَن يَدْعُ مَعَ ٱللَّهِ إِلَٰهًا ءَاخَرَ لَا بُرْهَٰنَ لَهُۥ بِهِۦ فَإِنَّمَا حِسَابُهُۥ عِندَ رَبِّهِۦٓ ۚ إِنَّهُۥ لَا يُفْلِحُ ٱلْكَٰفِرُونَ ﴿١١٧﴾

118. И кажи: "Господаре мој, прости и смилуј се! Ти си меѓу милостивите Најдобриот!" милостивите Најдобриот!"

وَقُل رَّبِّ ٱغْفِرْ وَٱرْحَمْ وَأَنتَ خَيْرُ ٱلرَّٰحِمِينَ ﴿١١٨﴾

ЕН-НУУР(Светлина) XXIII

سُورَةُ النُّورِ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Сура што Ние ја објавуваме и обврзувачка што ја одредуваме, и во која ајети јасни објавуваме за да се сеќавате!

سُورَةٌ أَنزَلْنَٰهَا وَفَرَضْنَٰهَا وَأَنزَلْنَا فِيهَآ ءَايَٰتٍۭ بَيِّنَٰتٍ لَّعَلَّكُمْ تَذَكَّرُونَ ﴿١﴾

2. На блудницата и блудникот, одделно, удрете им по сто корбачи. Во верата Аллахова, доколку верувате и во Аллах и

ٱلزَّانِيَةُ وَٱلزَّانِى فَٱجْلِدُوا۟ كُلَّ وَٰحِدٍ مِّنْهُمَا مِاْئَةَ جَلْدَةٍ ۖ وَلَا تَأْخُذْكُم بِهِمَا رَأْفَةٌ فِى دِينِ ٱللَّهِ إِن كُنتُمْ تُؤْمِنُونَ بِٱللَّهِ وَٱلْيَوْمِ ٱلْءَاخِرِ ۖ وَلْيَشْهَدْ عَذَابَهُمَا طَآئِفَةٌ

во Денот суден, нека не ве обзеде при казната никакво сожалување. А при казната врз нив нека биде присутна една дружина верници!

مِنَ ٱلْمُؤْمِنِينَ ﴿٢﴾

3. Блудникот нека венча само блудница или многубошка, а блудницата нека ја венча само блудникот или многубожецот! Ете, тоа за верниците, секако, е забрането!

ٱلزَّانِي لَا يَنكِحُ إِلَّا زَانِيَةً أَوْ مُشْرِكَةً وَٱلزَّانِيَةُ لَا يَنكِحُهَآ إِلَّا زَانٍ أَوْ مُشْرِكٌ ۚ وَحُرِّمَ ذَٰلِكَ عَلَى ٱلْمُؤْمِنِينَ ﴿٣﴾

4. А оние кои ќе фрлаат лага врз чесните жени, а за тоа нема да донесат четири сведоци, удрете им осумдесет корбачи и сведочењето нивно никогаш повеќе не примајте го. Тие се, токму, расипани!

وَٱلَّذِينَ يَرْمُونَ ٱلْمُحْصَنَٰتِ ثُمَّ لَمْ يَأْتُوا۟ بِأَرْبَعَةِ شُهَدَآءَ فَٱجْلِدُوهُمْ ثَمَٰنِينَ جَلْدَةً وَلَا تَقْبَلُوا۟ لَهُمْ شَهَٰدَةً أَبَدًا ۚ وَأُو۟لَٰٓئِكَ هُمُ ٱلْفَٰسِقُونَ ﴿٤﴾

5. Освен оние кои ќе се покајат по тоа и кои ќе се поправат. Та, Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

إِلَّا ٱلَّذِينَ تَابُوا۟ مِنۢ بَعْدِ ذَٰلِكَ وَأَصْلَحُوا۟ فَإِنَّ ٱللَّهَ غَفُورٌ رَّحِيمٌ ﴿٥﴾

6. А на оние кои ќе фрлаат лага врз жените свои, кои немаат сведоци освен самите тие, сведочењето на еден од нив е да се заколне четирипати во Аллах дека тој, навистина, е меѓу искрените!

وَٱلَّذِينَ يَرْمُونَ أَزْوَٰجَهُمْ وَلَمْ يَكُن لَّهُمْ شُهَدَآءُ إِلَّآ أَنفُسُهُمْ فَشَهَٰدَةُ أَحَدِهِمْ أَرْبَعُ شَهَٰدَٰتٍۭ بِٱللَّهِ ۙ إِنَّهُۥ لَمِنَ ٱلصَّٰدِقِينَ ﴿٦﴾

7. А петтиот пат нека се заколне со тоа дека проклет-

وَٱلْخَٰمِسَةُ أَنَّ لَعْنَتَ ٱللَّهِ عَلَيْهِ إِن كَانَ

ството Аллахово нека биде врз него, ако е меѓу лашковците!

مِنَ ٱلْكَٰذِبِينَ ﴿٧﴾

8. Казната од неа ќе биде отстранета ако таа се заколне четирипати во Аллах дека тој, навистина, е меѓу лашковците!

وَيَدْرَؤُا۟ عَنْهَا ٱلْعَذَابَ أَن تَشْهَدَ أَرْبَعَ شَهَٰدَٰتٍۭ بِٱللَّهِ ۙ إِنَّهُۥ لَمِنَ ٱلْكَٰذِبِينَ ﴿٨﴾

9. А петтиот пат нека се заколне со тоа дека лутината Аллахова да падне врз неа, ако тој е меѓу искрените!

وَٱلْخَٰمِسَةَ أَنَّ غَضَبَ ٱللَّهِ عَلَيْهَآ إِن كَانَ مِنَ ٱلصَّٰدِقِينَ ﴿٩﴾

10. Е, кога не би била добрината Аллахова кон вас и милоста Негова...! И Аллах е Простувач и Мудар!

وَلَوْلَا فَضْلُ ٱللَّهِ عَلَيْكُمْ وَرَحْمَتُهُۥ وَأَنَّ ٱللَّهَ تَوَّابٌ حَكِيمٌ ﴿١٠﴾

11. За оние здруженици меѓу вас, кои дојдоа со клевета, не мислете ли дека ви донесоа зло? Но, не! Тоа, токму, е добро за вас! Секому од нив му припаѓа дел за гревот што си го спечалил. А на оној меѓу нив кој, меѓутоа, ќе претера во делот свој, најмногу, му припаѓа казна голема!

إِنَّ ٱلَّذِينَ جَآءُو بِٱلْإِفْكِ عُصْبَةٌ مِّنكُمْ ۚ لَا تَحْسَبُوهُ شَرًّا لَّكُم ۖ بَلْ هُوَ خَيْرٌ لَّكُمْ ۚ لِكُلِّ ٱمْرِئٍ مِّنْهُم مَّا ٱكْتَسَبَ مِنَ ٱلْإِثْمِ ۚ وَٱلَّذِى تَوَلَّىٰ كِبْرَهُۥ مِنْهُمْ لَهُۥ عَذَابٌ عَظِيمٌ ﴿١١﴾

12. Па зошто кога тоа го чувте, верниците и верничките помислија за себеси добро, и не рекоа: "Ова е клевета јасна!"

لَّوْلَآ إِذْ سَمِعْتُمُوهُ ظَنَّ ٱلْمُؤْمِنُونَ وَٱلْمُؤْمِنَٰتُ بِأَنفُسِهِمْ خَيْرًا وَقَالُوا۟ هَٰذَآ إِفْكٌ مُّبِينٌ ﴿١٢﴾

13. Зошто не донесоа за тоа четири сведоци? И бидејќи не донесоа сведоци тие се кај Аллах, токму, лашковци.

لَّوْلَا جَآءُو عَلَيْهِ بِأَرْبَعَةِ شُهَدَآءَ ۚ فَإِذْ لَمْ يَأْتُوا۟ بِٱلشُّهَدَآءِ فَأُو۟لَٰٓئِكَ عِندَ ٱللَّهِ هُمُ ٱلْكَٰذِبُونَ ﴿١٣﴾

14. А кога не би била добрината Аллахова кон вас и милоста Негова и на овој свет и на Ахирет би ве снашла, во она што западнавте, казна голема.

وَلَوْلَا فَضْلُ ٱللَّهِ عَلَيْكُمْ وَرَحْمَتُهُۥ فِى ٱلدُّنْيَا وَٱلْءَاخِرَةِ لَمَسَّكُمْ فِى مَآ أَفَضْتُمْ فِيهِ عَذَابٌ عَظِيمٌ ﴿١٤﴾

15. Кога тоа го пренесувавте со јазиците ваши и кога го кажувавте со устите ваши она за што, всушност, ништо не знаевте, сметајќи го тоа незначително, а тоа кај Аллах не е незначително,

إِذْ تَلَقَّوْنَهُۥ بِأَلْسِنَتِكُمْ وَتَقُولُونَ بِأَفْوَٰهِكُم مَّا لَيْسَ لَكُم بِهِۦ عِلْمٌ وَتَحْسَبُونَهُۥ هَيِّنًا وَهُوَ عِندَ ٱللَّهِ عَظِيمٌ ﴿١٥﴾

16. кога тоа го чувте, зошто не рековте: "Што да зборуваме за ова? Возвишен си Ти! Ова е клевета голема!"

وَلَوْلَآ إِذْ سَمِعْتُمُوهُ قُلْتُم مَّا يَكُونُ لَنَآ أَن نَّتَكَلَّمَ بِهَٰذَا سُبْحَٰنَكَ هَٰذَا بُهْتَٰنٌ عَظِيمٌ ﴿١٦﴾

17. Аллах ве советува, ако сте верници, никогаш да не повторите такво нешто.

يَعِظُكُمُ ٱللَّهُ أَن تَعُودُوا۟ لِمِثْلِهِۦٓ أَبَدًا إِن كُنتُم مُّؤْمِنِينَ ﴿١٧﴾

18. И Аллах ви ги објаснува ајетите. Аллах е Зналец и Мудар!

وَيُبَيِّنُ ٱللَّهُ لَكُمُ ٱلْءَايَٰتِ ۚ وَٱللَّهُ عَلِيمٌ حَكِيمٌ ﴿١٨﴾

19. Оние кои посакуваат да се прошири срамното дело меѓу оние кои веруваат им припаѓа, навистина, казна болна и на овој свет и на Ахирет. Аллах знае, а вие не знаете.

إِنَّ ٱلَّذِينَ يُحِبُّونَ أَن تَشِيعَ ٱلْفَٰحِشَةُ فِى ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ لَهُمْ عَذَابٌ أَلِيمٌ فِى ٱلدُّنْيَا وَٱلْءَاخِرَةِ ۚ وَٱللَّهُ يَعْلَمُ وَأَنتُمْ لَا تَعْلَمُونَ ﴿١٩﴾

20. А кога не би била добрината Аллахова кон вас и милоста Негова... Аллах, навистина, е Чувствителен и Сомилосен!

وَلَوْلَا فَضْلُ ٱللَّهِ عَلَيْكُمْ وَرَحْمَتُهُۥ وَأَنَّ ٱللَّهَ رَءُوفٌ رَّحِيمٌ ﴿٢٠﴾

21. О верници, не следете ги стапалките шејтанови! А оној кој ги следи стапалките шејтанови, па, навистина, наредува срамно дело и зло. А кога не би била добрината Аллахова кон вас и милоста Негова никој од вас никогаш не би се очистил. Но, Аллах со посак Свој чисти. Аллах е Слушач и Зналец!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ لَا تَتَّبِعُوا۟ خُطُوَٰتِ ٱلشَّيْطَٰنِ ۚ وَمَن يَتَّبِعْ خُطُوَٰتِ ٱلشَّيْطَٰنِ فَإِنَّهُۥ يَأْمُرُ بِٱلْفَحْشَآءِ وَٱلْمُنكَرِ ۚ وَلَوْلَا فَضْلُ ٱللَّهِ عَلَيْكُمْ وَرَحْمَتُهُۥ مَا زَكَىٰ مِنكُم مِّنْ أَحَدٍ أَبَدًا وَلَٰكِنَّ ٱللَّهَ يُزَكِّى مَن يَشَآءُ ۗ وَٱللَّهُ سَمِيعٌ عَلِيمٌ ﴿٢١﴾

22. Добродушните меѓу вас и богатите нека не се колнат дека не ќе им помогнат на роднините, на сиромасите и на мухацирите на Аллаховиот пат... Нека им простат и нека поминат преку тоа! Не посакувате ли Аллах да ви прости? Аллах е Простувач и Сомилосен!

وَلَا يَأْتَلِ أُو۟لُوا۟ ٱلْفَضْلِ مِنكُمْ وَٱلسَّعَةِ أَن يُؤْتُوٓا۟ أُو۟لِى ٱلْقُرْبَىٰ وَٱلْمَسَٰكِينَ وَٱلْمُهَٰجِرِينَ فِى سَبِيلِ ٱللَّهِ ۖ وَلْيَعْفُوا۟ وَلْيَصْفَحُوٓا۟ ۗ أَلَا تُحِبُّونَ أَن يَغْفِرَ ٱللَّهُ لَكُمْ ۗ وَٱللَّهُ غَفُورٌ رَّحِيمٌ ﴿٢٢﴾

23. Оние кои, навистина, фрлаат измислици по чесни жени вернички се проколнети и на овој свет и на Ахирет и ним им припаѓа казна голема

إِنَّ ٱلَّذِينَ يَرْمُونَ ٱلْمُحْصَنَٰتِ ٱلْغَٰفِلَٰتِ ٱلْمُؤْمِنَٰتِ لُعِنُوا۟ فِى ٱلدُّنْيَا وَٱلْءَاخِرَةِ وَلَهُمْ عَذَابٌ عَظِيمٌ ﴿٢٣﴾

24. на Денот кога против нив ќе сведочат и јазиците нивни, и рацете нивни и нозете нивни за она што го работеа,

يَوْمَ تَشْهَدُ عَلَيْهِمْ أَلْسِنَتُهُمْ وَأَيْدِيهِمْ وَأَرْجُلُهُم بِمَا كَانُوا۟ يَعْمَلُونَ ﴿٢٤﴾

25. на Денот кога Аллах ќе го подмири долгот нивни, вистински, и ќе узнаат дека Аллах, навистина, е Вистина јасна!

يَوْمَئِذٍ يُوَفِّيهِمُ ٱللَّهُ دِينَهُمُ ٱلْحَقَّ وَيَعْلَمُونَ أَنَّ ٱللَّهَ هُوَ ٱلْحَقُّ ٱلْمُبِينُ ﴿٢٥﴾

26. Лоши жени за лоши мажи, а лоши мажи за лоши жени. Добри жени за добри мажи, а добри мажи за добри жени. Тие не се виновни за она што другите за нив го зборуваат. Ним им припаѓа и прошка и ‘рск благороден!

الْخَبِيثَٰتُ لِلْخَبِيثِينَ وَالْخَبِيثُونَ لِلْخَبِيثَٰتِ ۖ
وَالطَّيِّبَٰتُ لِلطَّيِّبِينَ وَالطَّيِّبُونَ لِلطَّيِّبَٰتِ ۚ
أُولَٰئِكَ مُبَرَّءُونَ مِمَّا يَقُولُونَ ۖ لَهُم
مَّغْفِرَةٌ وَرِزْقٌ كَرِيمٌ ﴿٢٦﴾

27. О верници, не влегувајте во други куќи, освен во вашите, сè додека не побарате дозвола и додека не ги поздравите членовите нивни. Ете, тоа е подобро за вас за да се сеќавате.

يَٰٓأَيُّهَا الَّذِينَ ءَامَنُوا لَا تَدْخُلُوا بُيُوتًا
غَيْرَ بُيُوتِكُمْ حَتَّىٰ تَسْتَأْنِسُوا وَتُسَلِّمُوا
عَلَىٰٓ أَهْلِهَا ۚ ذَٰلِكُمْ خَيْرٌ لَّكُمْ لَعَلَّكُمْ تَذَكَّرُونَ ﴿٢٧﴾

28. Па, ако во нив не најдете никого, не влегувајте во нив додека не добиете дозвола. А ако, пак, ви се каже да се вратите, па вратете се! Тоа е почесно за вас. Аллах, навистина, го знае она што го работите!

فَإِن لَّمْ تَجِدُوا فِيهَآ أَحَدًا فَلَا تَدْخُلُوهَا
حَتَّىٰ يُؤْذَنَ لَكُمْ ۖ وَإِن قِيلَ لَكُمُ ٱرْجِعُوا فَٱرْجِعُوا ۖ
هُوَ أَزْكَىٰ لَكُمْ ۚ وَٱللَّهُ بِمَا تَعْمَلُونَ عَلِيمٌ ﴿٢٨﴾

29. Не ви е грев да влегувате во куќите невселени, а во кои се наоѓаат стварите кои вам ви припаѓаат. Аллах го знае и она што го криете и она што го обелоденувате.

لَّيْسَ عَلَيْكُمْ جُنَاحٌ أَن تَدْخُلُوا بُيُوتًا غَيْرَ مَسْكُونَةٍ
فِيهَا مَتَٰعٌ لَّكُمْ ۚ وَٱللَّهُ يَعْلَمُ مَا تُبْدُونَ
وَمَا تَكْتُمُونَ ﴿٢٩﴾

30. Кажи им на верниците да го соборат опулот свој и да ги чуваат срамните места свои. Ете, тоа е почесно за нив. Аллах, навистина, е Известен за она што го работат!

قُل لِّلْمُؤْمِنِينَ يَغُضُّوا مِنْ أَبْصَٰرِهِمْ
وَيَحْفَظُوا فُرُوجَهُمْ ۚ ذَٰلِكَ أَزْكَىٰ لَهُمْ ۗ إِنَّ ٱللَّهَ
خَبِيرٌۢ بِمَا يَصْنَعُونَ ﴿٣٠﴾

وَقُل لِّلْمُؤْمِنَٰتِ يَغْضُضْنَ مِنْ أَبْصَٰرِهِنَّ وَيَحْفَظْنَ
فُرُوجَهُنَّ وَلَا يُبْدِينَ زِينَتَهُنَّ إِلَّا مَا ظَهَرَ
مِنْهَا ۖ وَلْيَضْرِبْنَ بِخُمُرِهِنَّ عَلَىٰ جُيُوبِهِنَّ ۖ وَلَا يُبْدِينَ
زِينَتَهُنَّ إِلَّا لِبُعُولَتِهِنَّ أَوْ ءَابَآئِهِنَّ
أَوْ ءَابَآءِ بُعُولَتِهِنَّ أَوْ أَبْنَآئِهِنَّ
أَوْ أَبْنَآءِ بُعُولَتِهِنَّ أَوْ إِخْوَٰنِهِنَّ
أَوْ بَنِىٓ إِخْوَٰنِهِنَّ أَوْ بَنِىٓ أَخَوَٰتِهِنَّ أَوْ نِسَآئِهِنَّ
أَوْ مَا مَلَكَتْ أَيْمَٰنُهُنَّ أَوِ ٱلتَّٰبِعِينَ غَيْرِ أُو۟لِى
ٱلْإِرْبَةِ مِنَ ٱلرِّجَالِ أَوِ ٱلطِّفْلِ ٱلَّذِينَ لَمْ يَظْهَرُوا۟
عَلَىٰ عَوْرَٰتِ ٱلنِّسَآءِ ۖ وَلَا يَضْرِبْنَ بِأَرْجُلِهِنَّ لِيُعْلَمَ
مَا يُخْفِينَ مِن زِينَتِهِنَّ ۚ وَتُوبُوٓا۟ إِلَى ٱللَّهِ جَمِيعًا
أَيُّهَ ٱلْمُؤْمِنُونَ لَعَلَّكُمْ تُفْلِحُونَ ﴿٣١﴾

31. И кажи им на верничките да ги соборат опулите свои и нека ги чуваат срамните места свои, и убавините свои, освен она што се гледа, и нека не ги покажуваат; превезите свои нека ги спуштат на градите. Убавините свои, исто така, нека не ги кажуваат на други, освен пред мажите свои и бабовците свои, или пред бабовците од мажите свои и синовите свои, или пред синовите од мажите свои, или пред браќата свои, или пред синовите од браќата свои, или пред синовите од сестрите свои, или пред пријателките свои, или пред робинките свои, или пред оние мажи кои немаат желба за жени или пред деца кои не знаат за срамните места на жените. И нека не удираат со нозете свои за да се слушне накитот што го кријат. И сите заедно покајте се, о верници, за да бидете спасени!

وَأَنكِحُوا۟ ٱلْأَيَـٰمَىٰ مِنكُمْ وَٱلصَّٰلِحِينَ مِنْ عِبَادِكُمْ
وَإِمَآئِكُمْ ۚ إِن يَكُونُوا۟ فُقَرَآءَ يُغْنِهِمُ ٱللَّهُ مِن فَضْلِهِۦ ۗ
وَٱللَّهُ وَٰسِعٌ عَلِيمٌ ﴿٣٢﴾

32. Венчавајте ги немаженките и неженетите. Исто така и добрите робови ваши и робинките ваши. Ако се сиромашни Аллах ќе ги збогати од добрината Своја. Аллах е Неизмерен и Зналец!

وَلْيَسْتَعْفِفِ ٱلَّذِينَ لَا يَجِدُونَ نِكَاحًا حَتَّىٰ يُغْنِيَهُمُ ٱللَّهُ

33. Нека се воздржат оние кои немаат можност да се венчаат сè

додека Аллах не ги збогати со добрината Своја. А оние кои се во сопственост ваша, кои посакуваат за тоа да се склучи договор...па, склучете, ако знаете дека при нив има добро. И дајте им од имотот Аллахов кој Он вам ви го даде! Девојките кои се во сопственост ваша, не терајте ги на блуд ако тие, секако, сакаат да бидат чесни, само за да спечалите некоја корист на овој свет. А кој ќе ги натера... па, Аллах, затоа што се присилени, кон нив е Простувач и Сомилосен!

مِن فَضْلِهِۦ ۗ وَٱلَّذِينَ يَبْتَغُونَ ٱلْكِتَٰبَ مِمَّا مَلَكَتْ أَيْمَٰنُكُمْ فَكَاتِبُوهُمْ إِنْ عَلِمْتُمْ فِيهِمْ خَيْرًا ۖ وَءَاتُوهُم مِّن مَّالِ ٱللَّهِ ٱلَّذِىٓ ءَاتَىٰكُمْ ۚ وَلَا تُكْرِهُوا۟ فَتَيَٰتِكُمْ عَلَى ٱلْبِغَآءِ إِنْ أَرَدْنَ تَحَصُّنًا لِّتَبْتَغُوا۟ عَرَضَ ٱلْحَيَوٰةِ ٱلدُّنْيَا ۚ وَمَن يُكْرِههُّنَّ فَإِنَّ ٱللَّهَ مِنۢ بَعْدِ إِكْرَٰهِهِنَّ غَفُورٌ رَّحِيمٌ ﴿٣٣﴾

34. Ние, секако, ви објавуваме ајети разјаснети и примери со оние кои поминаа пред вас, и Ука за богобојазливите!

وَلَقَدْ أَنزَلْنَآ إِلَيْكُمْ ءَايَٰتٍ مُّبَيِّنَٰتٍ وَمَثَلًا مِّنَ ٱلَّذِينَ خَلَوْا۟ مِن قَبْلِكُمْ وَمَوْعِظَةً لِّلْمُتَّقِينَ ﴿٣٤﴾

35. Аллах е Светлина на небесата и на земјата. Светлината Негова е слична на светилка во sид вдлабната; светилката е во кандил, а кандилот е како sвезда која светлината ја ужарува од благородното стебло на маслинката, кое не е ни источно ни западно. Зејтинот само што не свети, иако е недопрен од оган. Светлина над светлина! Кон светлината Своја Аллах упатува кого сака. Ете, така Аллах им донесува пример на луѓето. Аллах знае сè!

۞ ٱللَّهُ نُورُ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ ۚ مَثَلُ نُورِهِۦ كَمِشْكَوٰةٍ فِيهَا مِصْبَاحٌ ۖ ٱلْمِصْبَاحُ فِى زُجَاجَةٍ ۖ ٱلزُّجَاجَةُ كَأَنَّهَا كَوْكَبٌ دُرِّىٌّ يُوقَدُ مِن شَجَرَةٍ مُّبَٰرَكَةٍ زَيْتُونَةٍ لَّا شَرْقِيَّةٍ وَلَا غَرْبِيَّةٍ يَكَادُ زَيْتُهَا يُضِىٓءُ وَلَوْ لَمْ تَمْسَسْهُ نَارٌ ۚ نُّورٌ عَلَىٰ نُورٍ ۗ يَهْدِى ٱللَّهُ لِنُورِهِۦ مَن يَشَآءُ ۚ وَيَضْرِبُ ٱللَّهُ ٱلْأَمْثَٰلَ لِلنَّاسِ ۗ وَٱللَّهُ بِكُلِّ شَىْءٍ عَلِيمٌ ﴿٣٥﴾

فِي بُيُوتٍ أَذِنَ اللَّهُ أَن تُرْفَعَ وَيُذْكَرَ فِيهَا
اسْمُهُ يُسَبِّحُ لَهُ فِيهَا بِالْغُدُوِّ وَالْآصَالِ ﴿٣٦﴾

36. Во куќите за кои Аллах дозволи да се подигаат... и во нив да се споменува името Аллахово. Го слават Него и наутро и навечер

رِجَالٌ لَّا تُلْهِيهِمْ تِجَارَةٌ وَلَا بَيْعٌ عَن ذِكْرِ اللَّهِ وَإِقَامِ
الصَّلَاةِ وَإِيتَاءِ الزَّكَاةِ يَخَافُونَ يَوْمًا تَتَقَلَّبُ فِيهِ
الْقُلُوبُ وَالْأَبْصَارُ ﴿٣٧﴾

37. луѓе кои не ги спречува трговијата и купопродажбата од споменувањето на Аллах, од клањањето намаз и од давањето зекат; се плашат од Денот во кој срцата и опулите ќе бидат вознемирени,

لِيَجْزِيَهُمُ اللَّهُ أَحْسَنَ مَا عَمِلُوا وَيَزِيدَهُم مِّن فَضْلِهِ ۗ
وَاللَّهُ يَرْزُقُ مَن يَشَاءُ بِغَيْرِ حِسَابٍ ﴿٣٨﴾

38. за Аллах да ги награди со она што е најубаво, за она што го работеа, и да им зголеми од добрината Своја. Аллах кому сака безмерно дарува!

وَالَّذِينَ كَفَرُوا أَعْمَالُهُمْ كَسَرَابٍ بِقِيعَةٍ يَحْسَبُهُ
الظَّمْآنُ مَاءً حَتَّىٰ إِذَا جَاءَهُ لَمْ يَجِدْهُ شَيْئًا
وَوَجَدَ اللَّهَ عِندَهُ فَوَفَّاهُ حِسَابَهُ ۗ وَاللَّهُ
سَرِيعُ الْحِسَابِ ﴿٣٩﴾

39. Делата на оние кои не веруваат се како огледало во рамница, па жедниот помислува дека е вода. А штом до неа ќе се приближи ете, не ќе најде ништо. Ќе го најде Аллаха кај него и Он ќе му ја подмири сметката. Аллах е Брз Пресметувач!

أَوْ كَظُلُمَاتٍ فِي بَحْرٍ لُّجِّيٍّ يَغْشَاهُ مَوْجٌ مِّن فَوْقِهِ
مَوْجٌ مِّن فَوْقِهِ سَحَابٌ ظُلُمَاتٌ بَعْضُهَا فَوْقَ
بَعْضٍ إِذَا أَخْرَجَ يَدَهُ لَمْ يَكَدْ يَرَاهَا ۗ وَمَن لَّمْ يَجْعَلِ اللَّهُ
لَهُ نُورًا فَمَا لَهُ مِن نُّورٍ ﴿٤٠﴾

40. Или, пак, како темнини во море кое го покриваат бранови еднинадруги, а над нив облаци: темнини еднинадруги натрупени така што, кога ќе се извади раката, ни прст не може да се види. На оној на кој Аллах не му

дава светлина тој и нема светлина!

41. Не знаеш ли дека Аллаха го слави сè она што е на небесата и на Земјата? И птиците, исто така, со крилја раширени. И се знае како да Му се клања и како да Го слави. Аллах го знае она што го работат!

أَلَمْ تَرَ أَنَّ ٱللَّهَ يُسَبِّحُ لَهُۥ مَن فِى ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ وَٱلطَّيْرُ صَٰٓفَّٰتٍ ۖ كُلٌّ قَدْ عَلِمَ صَلَاتَهُۥ وَتَسْبِيحَهُۥ ۗ وَٱللَّهُ عَلِيمٌۢ بِمَا يَفْعَلُونَ ﴿٤١﴾

42. Власта и на небесата и на Земјата е - Аллахова! Свратилиштето е - кон Аллах!

وَلِلَّهِ مُلْكُ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ ۖ وَإِلَى ٱللَّهِ ٱلْمَصِيرُ ﴿٤٢﴾

43. Не гледаш ли дека Аллах, навистина, ги турка облаците? Потоа Он ги спојува и ги натрупува еднинадруги. И гледаш како од нив излегува дожд. И како Он од облаците на небото, како брда големи, спушта град. Со него удира кого сака, а поштедува кого сака. Молњата Негова, ете, само што не ги ослепи очите!

أَلَمْ تَرَ أَنَّ ٱللَّهَ يُزْجِى سَحَابًا ثُمَّ يُؤَلِّفُ بَيْنَهُۥ ثُمَّ يَجْعَلُهُۥ رُكَامًا فَتَرَى ٱلْوَدْقَ يَخْرُجُ مِنْ خِلَٰلِهِۦ ۚ وَيُنَزِّلُ مِنَ ٱلسَّمَآءِ مِن جِبَالٍ فِيهَا مِنۢ بَرَدٍ فَيُصِيبُ بِهِۦ مَن يَشَآءُ وَيَصْرِفُهُۥ عَن مَّن يَشَآءُ ۖ يَكَادُ سَنَا بَرْقِهِۦ يَذْهَبُ بِٱلْأَبْصَٰرِ ﴿٤٣﴾

44. И ноќта и денот Аллах ги врти наизменично! Во тоа има ибрет, навистина, за надарените со јасен опул!

يُقَلِّبُ ٱللَّهُ ٱلَّيْلَ وَٱلنَّهَارَ ۚ إِنَّ فِى ذَٰلِكَ لَعِبْرَةً لِّأُو۟لِى ٱلْأَبْصَٰرِ ﴿٤٤﴾

45. А Аллах секое животно од вода го создаде. Некои од нив на стомак лазат, а некои од нив на две нозе одат, а некои, пак, на четири нозе одат. Аллах создава што сака. Аллах, навистина, е Кадар за сè!

وَٱللَّهُ خَلَقَ كُلَّ دَآبَّةٍ مِّن مَّآءٍ ۖ فَمِنْهُم مَّن يَمْشِى عَلَىٰ بَطْنِهِۦ وَمِنْهُم مَّن يَمْشِى عَلَىٰ رِجْلَيْنِ وَمِنْهُم مَّن يَمْشِى عَلَىٰٓ أَرْبَعٍ ۚ يَخْلُقُ ٱللَّهُ مَا يَشَآءُ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ عَلَىٰ كُلِّ شَىْءٍ قَدِيرٌ ﴿٤٥﴾

46. Да, Ние објавуваме ајети јасни. Аллах упатува по патот вистински кого сака.

لَقَدْ أَنزَلْنَآ ءَايَٰتٍ مُّبَيِّنَٰتٍ ۚ وَٱللَّهُ يَهْدِى مَن يَشَآءُ إِلَىٰ صِرَٰطٍ مُّسْتَقِيمٍ ﴿٤٦﴾

47. И зборуваат: "Ние веруваме и во Аллах и во пејгамберот и послушни сме." Една дружина меѓу нив, потоа, ги врти плеќите. Тие не се, токму, верници!

وَيَقُولُونَ ءَامَنَّا بِٱللَّهِ وَبِٱلرَّسُولِ وَأَطَعْنَا ثُمَّ يَتَوَلَّىٰ فَرِيقٌ مِّنْهُم مِّنۢ بَعْدِ ذَٰلِكَ ۚ وَمَآ أُو۟لَٰٓئِكَ بِٱلْمُؤْمِنِينَ ﴿٤٧﴾

48. И кога ќе се повикаат кон Аллах и пејгамберот Негов за да им пресуди и на едни и на други, тогаш, една дружина меѓу нив е рамнодушна!

وَإِذَا دُعُوٓا۟ إِلَى ٱللَّهِ وَرَسُولِهِۦ لِيَحْكُمَ بَيْنَهُمْ إِذَا فَرِيقٌ مِّنْهُم مُّعْرِضُونَ ﴿٤٨﴾

49. И му доаѓаат на пејгамберот потчинети, иако правдата е на страната нивна.

وَإِن يَكُن لَّهُمُ ٱلْحَقُّ يَأْتُوٓا۟ إِلَيْهِ مُذْعِنِينَ ﴿٤٩﴾

50. Има ли во срцата нивни болештина или се сомневаат или, пак, се плашат дека Аллах и пејгамберот Негов ќе им наштетат? Но, не! Тие се, токму, зулумќарите!

أَفِى قُلُوبِهِم مَّرَضٌ أَمِ ٱرْتَابُوٓا۟ أَمْ يَخَافُونَ أَن يَحِيفَ ٱللَّهُ عَلَيْهِمْ وَرَسُولُهُۥ ۚ بَلْ أُو۟لَٰٓئِكَ هُمُ ٱلظَّٰلِمُونَ ﴿٥٠﴾

51. Кога ќе бидат повикани кон Аллах и пејгамберот Негов за да им пресудат и на едни и на други, верниците зборуваат: "Слушаме и послушни сме." Тие се, токму, спасените!

إِنَّمَا كَانَ قَوْلَ ٱلْمُؤْمِنِينَ إِذَا دُعُوٓا۟ إِلَى ٱللَّهِ وَرَسُولِهِۦ لِيَحْكُمَ بَيْنَهُمْ أَن يَقُولُوا۟ سَمِعْنَا وَأَطَعْنَا ۚ وَأُو۟لَٰٓئِكَ هُمُ ٱلْمُفْلِحُونَ ﴿٥١﴾

52. Оние кои се послушни и на Аллах и на пејгамберот Негов, и кои стравуваат од Аллах и кои

وَمَن يُطِعِ ٱللَّهَ وَرَسُولَهُۥ وَيَخْشَ ٱللَّهَ وَيَتَّقْهِ فَأُو۟لَٰٓئِكَ هُمُ ٱلْفَآئِزُونَ ﴿٥٢﴾

изразуваат богобојазливост кон Него... да, победници се!

53. Оние кои се колнат во Аллах на верност, силно изразено, дека да им наредеше сигурно ќе излезеа да се борат... кажи: "Не колнете се! Послушноста, секако, е позната работа. Аллах, навистина, е Известен за она што го работите! "

وَأَقْسَمُوا۟ بِٱللَّهِ جَهْدَ أَيْمَٰنِهِمْ لَئِنْ أَمَرْتَهُمْ لَيَخْرُجُنَّ ۖ قُل لَّا تُقْسِمُوا۟ ۖ طَاعَةٌ مَّعْرُوفَةٌ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ خَبِيرٌۢ بِمَا تَعْمَلُونَ ﴿٥٣﴾

54. Кажи: "Бидете послушни и на Аллах и на пејгамберот. Па, ако ги свртите плеќите... та, тој е одговорен за она за што е задолжен, а вие сте одговорни за она за што сте задолжени. А ако, пак, Му бидете послушни ќе бидете упатени." Пејгамберот е задолжен само да извести јасно!

قُلْ أَطِيعُوا۟ ٱللَّهَ وَأَطِيعُوا۟ ٱلرَّسُولَ ۖ فَإِن تَوَلَّوْا۟ فَإِنَّمَا عَلَيْهِ مَا حُمِّلَ وَعَلَيْكُم مَّا حُمِّلْتُمْ ۖ وَإِن تُطِيعُوهُ تَهْتَدُوا۟ ۚ وَمَا عَلَى ٱلرَّسُولِ إِلَّا ٱلْبَلَٰغُ ٱلْمُبِينُ ﴿٥٤﴾

55. На оние меѓу вас кои веруваа и кои работеа добри дела Аллах им вети дека ќе бидат поставени халифи на земјава како што беа поставени халифи и оние пред нив, зајакнувајќи ја верата нивна со која е Он задоволен, и стравот нивни Он со сигурност нивна ќе го замени. Мене ме обожаваат и ништо не Ми здружуваат. А оние кои не веруваат, по тоа, се расипници, навистина!

وَعَدَ ٱللَّهُ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ مِنكُمْ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ لَيَسْتَخْلِفَنَّهُمْ فِى ٱلْأَرْضِ كَمَا ٱسْتَخْلَفَ ٱلَّذِينَ مِن قَبْلِهِمْ وَلَيُمَكِّنَنَّ لَهُمْ دِينَهُمُ ٱلَّذِى ٱرْتَضَىٰ لَهُمْ وَلَيُبَدِّلَنَّهُم مِّنۢ بَعْدِ خَوْفِهِمْ أَمْنًا ۚ يَعْبُدُونَنِى لَا يُشْرِكُونَ بِى شَيْـًٔا ۚ وَمَن كَفَرَ بَعْدَ ذَٰلِكَ فَأُو۟لَٰٓئِكَ هُمُ ٱلْفَٰسِقُونَ ﴿٥٥﴾

56. И намаз извршувајте и зекат давајте и бидете послушни

وَأَقِيمُوا۟ ٱلصَّلَوٰةَ وَءَاتُوا۟ ٱلزَّكَوٰةَ وَأَطِيعُوا۟ ٱلرَّسُولَ

на пејгамберот за да ви се смилува!

لَعَلَّكُمْ تُرْحَمُونَ ﴿٥٦﴾

57. Не сметајте дека оние кои не веруваат ќе бидат моќни на земјава. Огнот е престојувалиштето нивно. Е, само колку лошо свратилиште е тоа!

لَا تَحْسَبَنَّ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ مُعْجِزِينَ فِى ٱلْأَرْضِ ۚ وَمَأْوَىٰهُمُ ٱلنَّارُ ۖ وَلَبِئْسَ ٱلْمَصِيرُ ﴿٥٧﴾

58. О верници, оние кои се во сопственост ваша и оние кои уште немаат стигнато до полнолетство нека побараат дозвола од вас во три случаи: пред сабах намаз, кога ја оставате облеката ваша, на пладне и по јација намаз. Ете, тоа се три прилики ваши кога не сте облечени. По нив, ни тие ни вие немате грев да се посетувате еднисодруги. Ете, така Аллах ви ги објаснува ајетите Свои. Аллах е Зналец и Мудар!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ لِيَسْتَـْٔذِنكُمُ ٱلَّذِينَ مَلَكَتْ أَيْمَٰنُكُمْ وَٱلَّذِينَ لَمْ يَبْلُغُوا۟ ٱلْحُلُمَ مِنكُمْ ثَلَٰثَ مَرَّٰتٍ ۚ مِّن قَبْلِ صَلَوٰةِ ٱلْفَجْرِ وَحِينَ تَضَعُونَ ثِيَابَكُم مِّنَ ٱلظَّهِيرَةِ وَمِنۢ بَعْدِ صَلَوٰةِ ٱلْعِشَآءِ ۚ ثَلَٰثُ عَوْرَٰتٍ لَّكُمْ ۚ لَيْسَ عَلَيْكُمْ وَلَا عَلَيْهِمْ جُنَاحٌۢ بَعْدَهُنَّ ۚ طَوَّٰفُونَ عَلَيْكُم بَعْضُكُمْ عَلَىٰ بَعْضٍ ۚ كَذَٰلِكَ يُبَيِّنُ ٱللَّهُ لَكُمُ ٱلْـَٔايَٰتِ ۗ وَٱللَّهُ عَلِيمٌ حَكِيمٌ ﴿٥٨﴾

59. Кога децата ваши ќе пораснат нека бараат дозвола да влезат како што бараа дозвола оние кои беа пред нив. Ете, така Аллах ви ги објаснува ајетите Свои. Аллах е Зналец и Мудар!

وَإِذَا بَلَغَ ٱلْأَطْفَٰلُ مِنكُمُ ٱلْحُلُمَ فَلْيَسْتَـْٔذِنُوا۟ كَمَا ٱسْتَـْٔذَنَ ٱلَّذِينَ مِن قَبْلِهِمْ ۚ كَذَٰلِكَ يُبَيِّنُ ٱللَّهُ لَكُمْ ءَايَٰتِهِۦ ۗ وَٱللَّهُ عَلِيمٌ حَكِيمٌ ﴿٥٩﴾

60. А жените кои веќе навлегоа во старост, кои не сакаат да се мажат, немаат грев да го тргнат превезот, но не покажувајќи ги убавините свои, а ако настојуваат да бидат чисти, па тоа е

وَٱلْقَوَٰعِدُ مِنَ ٱلنِّسَآءِ ٱلَّٰتِى لَا يَرْجُونَ نِكَاحًا فَلَيْسَ عَلَيْهِنَّ جُنَاحٌ أَن يَضَعْنَ ثِيَابَهُنَّ غَيْرَ مُتَبَرِّجَٰتٍۭ بِزِينَةٍ ۖ وَأَن يَسْتَعْفِفْنَ خَيْرٌ لَّهُنَّ ۗ وَٱللَّهُ

подобро за нив. Аллах е Слушач и Зналец!

سَمِيعٌ عَلِيمٌ ﴿٦٠﴾

61. Немаат грев ни слепиот, ни куциот, ни болниот, а ни вие самите, да јадете во куќите ваши, или во куќите од бабовците ваши, или во куќите од мајките ваши, или во куќите од браќата ваши, или во куќите од сестрите ваши, или во куќите од мицовците ваши, или во куќите од алите ваши, или во куќите од дајџовците ваши, или во куќите од тезите ваши, или во куќите чии клучеви се во сопственост ваша или, пак, кај пријателите ваши. Немате грев да јадете заедно или одделно. А кога ќе влегувате во куќите... па, поздравете ги, лично, со поздрав Аллахов, благороден и убав. Ете, така Аллах ви ги објаснува ајетите за да се вразумите!

لَّيْسَ عَلَى ٱلْأَعْمَىٰ حَرَجٌ وَلَا عَلَى ٱلْأَعْرَجِ حَرَجٌ وَلَا عَلَى ٱلْمَرِيضِ حَرَجٌ وَلَا عَلَىٰٓ أَنفُسِكُمْ أَن تَأْكُلُوا۟ مِنۢ بُيُوتِكُمْ أَوْ بُيُوتِ ءَابَآئِكُمْ أَوْ بُيُوتِ أُمَّهَٰتِكُمْ أَوْ بُيُوتِ إِخْوَٰنِكُمْ أَوْ بُيُوتِ أَخَوَٰتِكُمْ أَوْ بُيُوتِ أَعْمَٰمِكُمْ أَوْ بُيُوتِ عَمَّٰتِكُمْ أَوْ بُيُوتِ أَخْوَٰلِكُمْ أَوْ بُيُوتِ خَٰلَٰتِكُمْ أَوْ مَا مَلَكْتُم مَّفَاتِحَهُۥٓ أَوْ صَدِيقِكُمْ ۚ لَيْسَ عَلَيْكُمْ جُنَاحٌ أَن تَأْكُلُوا۟ جَمِيعًا أَوْ أَشْتَاتًا ۚ فَإِذَا دَخَلْتُم بُيُوتًا فَسَلِّمُوا۟ عَلَىٰٓ أَنفُسِكُمْ تَحِيَّةً مِّنْ عِندِ ٱللَّهِ مُبَٰرَكَةً طَيِّبَةً ۚ كَذَٰلِكَ يُبَيِّنُ ٱللَّهُ لَكُمُ ٱلْءَايَٰتِ لَعَلَّكُمْ تَعْقِلُونَ ﴿٦١﴾

62. Да, верници се оние кои веруваат во Аллах и во пејгамберот Негов. А кога се заедно со пејгамберот, при некоја работа заедничка, не одат сè додека не побараат дозвола од него. Оние кои бараат дозвола од тебе, навистина, се оние кои веруваат во Аллах и во пејгамберот Негов. А ако, пак, побараат дозвола од тебе за некоја нивна работа, дај му дозвола на оној од

إِنَّمَا ٱلْمُؤْمِنُونَ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ بِٱللَّهِ وَرَسُولِهِۦ وَإِذَا كَانُوا۟ مَعَهُۥ عَلَىٰٓ أَمْرٍ جَامِعٍ لَّمْ يَذْهَبُوا۟ حَتَّىٰ يَسْتَـْٔذِنُوهُ ۚ إِنَّ ٱلَّذِينَ يَسْتَـْٔذِنُونَكَ أُو۟لَٰٓئِكَ ٱلَّذِينَ يُؤْمِنُونَ بِٱللَّهِ وَرَسُولِهِۦ ۚ فَإِذَا ٱسْتَـْٔذَنُوكَ لِبَعْضِ شَأْنِهِمْ فَأْذَن لِّمَن شِئْتَ مِنْهُمْ وَٱسْتَغْفِرْ لَهُمُ ٱللَّهَ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ غَفُورٌ رَّحِيمٌ ﴿٦٢﴾

Аллах за нив. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

لَّا تَجْعَلُوا۟ دُعَآءَ ٱلرَّسُولِ بَيْنَكُمْ كَدُعَآءِ بَعْضِكُم بَعْضًا ۚ قَدْ يَعْلَمُ ٱللَّهُ ٱلَّذِينَ يَتَسَلَّلُونَ مِنكُمْ لِوَاذًا ۚ فَلْيَحْذَرِ ٱلَّذِينَ يُخَالِفُونَ عَنْ أَمْرِهِۦٓ أَن تُصِيبَهُمْ فِتْنَةٌ أَوْ يُصِيبَهُمْ عَذَابٌ أَلِيمٌ ﴿٦٣﴾

63. Повикот на пејгамберот меѓу вас не сметајте го како повикот ваш кој го упатувате еднинадруги. Аллах, секако, ги знае оние меѓу вас кои бегаат кришум. Оние кои се спротиставуваат на наредбата Негова нека бидат внимателни: ќе ги снајде искушение или ќе ги снајде казна болна!

أَلَآ إِنَّ لِلَّهِ مَا فِى ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ ۖ قَدْ يَعْلَمُ مَآ أَنتُمْ عَلَيْهِ ۖ وَيَوْمَ يُرْجَعُونَ إِلَيْهِ فَيُنَبِّئُهُم بِمَا عَمِلُوا۟ ۗ وَٱللَّهُ بِكُلِّ شَىْءٍ عَلِيمٌۢ ﴿٦٤﴾

64. Сè што е на небесата и на Земјата, навистина, е - Аллахово - зарем не? Да, Он ја знае состојбата ваша, и на Денот во кој ќе Му се вратат... па, ете, Он ќе ги извести за она што го работеа. Аллах знае сè!

ЕЛ-ФУРКАН (Разделувач) XXV

سُورَةُ الفُرقَانِ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

تَبَارَكَ ٱلَّذِى نَزَّلَ ٱلْفُرْقَانَ عَلَىٰ عَبْدِهِۦ لِيَكُونَ لِلْعَٰلَمِينَ نَذِيرًا ﴿١﴾

1. Нека е возвишен Оној кој го објави Разделувачот на вистината од невистината до робот Свој за да биде Опомена за световите!

ٱلَّذِى لَهُۥ مُلْكُ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ وَلَمْ يَتَّخِذْ وَلَدًا وَلَمْ يَكُن لَّهُۥ شَرِيكٌ فِى ٱلْمُلْكِ وَخَلَقَ كُلَّ شَىْءٍ فَقَدَّرَهُۥ تَقْدِيرًا ﴿٢﴾

2. Оној чија власт на небесата и на Земјата е - Негова, Кој не си присвои дете, Кој во власта не зема здруженик, и Кој ја создаде секоја ствар, па ја определи со мера определена!

وَٱتَّخَذُوا۟ مِن دُونِهِۦٓ ءَالِهَةً لَّا يَخْلُقُونَ شَيْـًٔا
وَهُمْ يُخْلَقُونَ وَلَا يَمْلِكُونَ لِأَنفُسِهِمْ ضَرًّا
وَلَا نَفْعًا وَلَا يَمْلِكُونَ مَوْتًا وَلَا حَيَوٰةً
وَلَا نُشُورًا ﴿٣﴾

3. И тие покрај Аллах прифатија други божества кои не создаваат ништо, а тие, токму, се создадени; за себеси немаат моќ ни да си користат ни да си наштетат, ниту да усмртат ниту да оживеат, или, пак, по смртта да оживеат.

وَقَالَ ٱلَّذِينَ كَفَرُوٓا۟ إِنْ هَٰذَآ إِلَّآ إِفْكٌ ٱفْتَرَىٰهُ وَأَعَانَهُۥ
عَلَيْهِ قَوْمٌ ءَاخَرُونَ ۖ فَقَدْ جَآءُو ظُلْمًا وَزُورًا ﴿٤﴾

4. А неверниците зборуваа: "Ова е само клевета кој тој ја измислува и во што, секако, му помагаат други луѓе." Да, тие носат лага и измама!

وَقَالُوٓا۟ أَسَٰطِيرُ ٱلْأَوَّلِينَ ٱكْتَتَبَهَا
فَهِىَ تُمْلَىٰ عَلَيْهِ بُكْرَةً وَأَصِيلًا ﴿٥﴾

5. Зборуваат:"Овие се прикаски на одамнешните кои ги пропиша и му се кажуваат наутро и навечер."

قُلْ أَنزَلَهُ ٱلَّذِى يَعْلَمُ ٱلسِّرَّ فِى ٱلسَّمَٰوَٰتِ
وَٱلْأَرْضِ ۚ إِنَّهُۥ كَانَ غَفُورًا رَّحِيمًا ﴿٦﴾

6. Кажи: "Кур'анот го објави Оној кој ја знае тајната на небесата и на Земјата." Он, навистина, е Простувач и Сомилосен!

وَقَالُوا۟ مَالِ هَٰذَا ٱلرَّسُولِ يَأْكُلُ ٱلطَّعَامَ
وَيَمْشِى فِى ٱلْأَسْوَاقِ ۙ لَوْلَآ أُنزِلَ إِلَيْهِ مَلَكٌ
فَيَكُونَ مَعَهُۥ نَذِيرًا ﴿٧﴾

7. И зборуваат: "Што му е на овој пејгамбер? Јаде храна и шета по чаршиите? Зошто не му е испратен мелек па да биде со него опоменувач?

أَوْ يُلْقَىٰٓ إِلَيْهِ كَنزٌ أَوْ تَكُونُ لَهُۥ جَنَّةٌ
يَأْكُلُ مِنْهَا ۚ وَقَالَ ٱلظَّٰلِمُونَ
إِن تَتَّبِعُونَ إِلَّا رَجُلًا مَّسْحُورًا ﴿٨﴾

8. Или да му се спушти ризница или, пак, да има бавча од која ќе јаде?" Зулумќарите зборуваат уште и: "Вие следете само опседнат човек!"

ٱنظُرْ كَيْفَ ضَرَبُوا۟ لَكَ ٱلْأَمْثَالَ فَضَلُّوا۟

9. Погледни какви примери за тебе донесуваат! Ете, така

тргнаа во заблуда и не можат да се вратат по патот вистински!

فَلَا يَسْتَطِيعُونَ سَبِيلًا ﴿٩﴾

10. Нека биде вишен Оној кој, доколку посака, ќе ти даде подобро од тоа: бавчи низ кои реки течат; ќе ти даде, исто така и дворови.

تَبَارَكَ ٱلَّذِىٓ إِن شَآءَ جَعَلَ لَكَ خَيْرًا مِّن ذَٰلِكَ جَنَّٰتٍ تَجْرِى مِن تَحْتِهَا ٱلْأَنْهَٰرُ وَيَجْعَل لَّكَ قُصُورًا ﴿١٠﴾

11. Но, не! Го сметаа за лажен Часот! А за оној кој го смета Часот за лажен Ние подготвивме казна огнена.

بَلْ كَذَّبُوا۟ بِٱلسَّاعَةِ ۖ وَأَعْتَدْنَا لِمَن كَذَّبَ بِٱلسَّاعَةِ سَعِيرًا ﴿١١﴾

12. Кога ќе им се укаже од место далечно, слушаат беснило и вриење.

إِذَا رَأَتْهُم مِّن مَّكَانٍۭ بَعِيدٍ سَمِعُوا۟ لَهَا تَغَيُّظًا وَزَفِيرًا ﴿١٢﴾

13. А кога ќе бидат фрлени во теснец со врзани раце, ќе се молат за пропаст.

وَإِذَآ أُلْقُوا۟ مِنْهَا مَكَانًا ضَيِّقًا مُّقَرَّنِينَ دَعَوْا۟ هُنَالِكَ ثُبُورًا ﴿١٣﴾

14. "Не молете се денес за една пропаст, туку молете се за многу пропасти!"

لَّا تَدْعُوا۟ ٱلْيَوْمَ ثُبُورًا وَٰحِدًا وَٱدْعُوا۟ ثُبُورًا كَثِيرًا ﴿١٤﴾

15. Кажи: "Тоа е подобро или пак е подобар Ценнетот на вечноста, ветен за богобојазливите?" Ете, тоа е, токму, наградата и свратилиштето нивно.

قُلْ أَذَٰلِكَ خَيْرٌ أَمْ جَنَّةُ ٱلْخُلْدِ ٱلَّتِى وُعِدَ ٱلْمُتَّقُونَ ۚ كَانَتْ لَهُمْ جَزَآءً وَمَصِيرًا ﴿١٥﴾

16. Во него за нив има сè што ќе посакаат, за навек! Одговорноста за тоа ветување е во надлежност на Господарот твој.

لَّهُمْ فِيهَا مَا يَشَآءُونَ خَٰلِدِينَ ۚ كَانَ عَلَىٰ رَبِّكَ وَعْدًا مَّسْـُٔولًا ﴿١٦﴾

17. А на Денот кога Он ќе ги збере, и она што го обожаваа, освен Аллах, и кога Он ќе рече: "Вие ли во заблуда ги скршнувавте робовите Мои или, пак, тие во заблуда си скршнаа од патот вистински?"

وَيَوْمَ يَحْشُرُهُمْ وَمَا يَعْبُدُونَ مِن دُونِ ٱللَّهِ
فَيَقُولُ ءَأَنتُمْ أَضْلَلْتُمْ عِبَادِى هَٰٓؤُلَآءِ
أَمْ هُمْ ضَلُّوا۟ ٱلسَّبِيلَ ﴿١٧﴾

18. Ќе речат: "Славен биди Ти! Да, не ни требаше да земаме други заштитници освен Тебе, но Ти, ним и на бабовците нивни, им даде да уживаат сè додека не заборавија да се сеќаваат на Тебе." Беше народ кој, секако, пропадна!

قَالُوا۟ سُبْحَٰنَكَ مَا كَانَ يَنۢبَغِى لَنَآ أَن نَّتَّخِذَ
مِن دُونِكَ مِنْ أَوْلِيَآءَ وَلَٰكِن مَّتَّعْتَهُمْ
وَءَابَآءَهُمْ حَتَّىٰ نَسُوا۟ ٱلذِّكْرَ
وَكَانُوا۟ قَوْمًۢا بُورًا ﴿١٨﴾

19. Да, тие го сметаат за лажно она што го зборувате. Не ќе можете да ја отстраните маката нивна а ниту, пак, да им помогнете. А на оној од вас кој ќе направи зулум ... Ние ќе му дадеме да вкуси казна голема.

فَقَدْ كَذَّبُوكُم بِمَا تَقُولُونَ
فَمَا تَسْتَطِيعُونَ صَرْفًا وَلَا نَصْرًا ۚ وَمَن يَظْلِم
مِّنكُمْ نُذِقْهُ عَذَابًا كَبِيرًا ﴿١٩﴾

20. Ние не испративме пејга - бери пред тебе кои не јадеа храна и кои не шетаа по чаршиите. Еднисодруги во искушение Ние ве доведуваме. Е па, ќе се стрпете ли! Господарот твој гледа!

وَمَآ أَرْسَلْنَا قَبْلَكَ مِنَ ٱلْمُرْسَلِينَ إِلَّآ إِنَّهُمْ
لَيَأْكُلُونَ ٱلطَّعَامَ وَيَمْشُونَ فِى ٱلْأَسْوَاقِ ۗ
وَجَعَلْنَا بَعْضَكُمْ لِبَعْضٍ فِتْنَةً
أَتَصْبِرُونَ ۗ وَكَانَ رَبُّكَ بَصِيرًا ﴿٢٠﴾

21. Оние кои не полгаат надеж во Средбата наша, зборуваат: "Зошто не ни се спуштаат мелеки или, пак, зошто не го гледаме Господарот наш?" Тие веќе се дуеја во душите нивни, наголемо зе изнасилија.

۞ وَقَالَ ٱلَّذِينَ لَا يَرْجُونَ لِقَآءَنَا لَوْلَآ أُنزِلَ عَلَيْنَا
ٱلْمَلَٰٓئِكَةُ أَوْ نَرَىٰ رَبَّنَا ۗ لَقَدِ ٱسْتَكْبَرُوا۟
فِىٓ أَنفُسِهِمْ وَعَتَوْ عُتُوًّا كَبِيرًا ﴿٢١﴾

يَوْمَ يَرَوْنَ الْمَلَٰٓئِكَةَ لَا بُشْرَىٰ يَوْمَئِذٍ لِّلْمُجْرِمِينَ وَيَقُولُونَ حِجْرًا مَّحْجُورًا ﴿٢٢﴾

22. На Денот во кој ќе ги видат мелеките ќе нема за силниците никаква радосница; ќе речат: "Сочувај нè!"

وَقَدِمْنَآ إِلَىٰ مَا عَمِلُوا۟ مِنْ عَمَلٍ فَجَعَلْنَٰهُ هَبَآءً مَّنثُورًا ﴿٢٣﴾

23. И Ние ќе пристапиме кон делата нивни и пепел и прав ќе ги направиме.

أَصْحَٰبُ الْجَنَّةِ يَوْمَئِذٍ خَيْرٌ مُّسْتَقَرًّا وَأَحْسَنُ مَقِيلًا ﴿٢٤﴾

24. Жителите џеннетски на Денот тој ќе бидат сместени во најубаво престојувалиште и ќе се одмараат во најубава почивка,

وَيَوْمَ تَشَقَّقُ السَّمَآءُ بِالْغَمَٰمِ وَنُزِّلَ الْمَلَٰٓئِكَةُ تَنزِيلًا ﴿٢٥﴾

25. Ден ќе биде тоа во кој небесата ќе се расцепат во тенки облаци и Ден во кој мелеките ќе се спуштаат.

الْمُلْكُ يَوْمَئِذٍ الْحَقُّ لِلرَّحْمَٰنِ ۚ وَكَانَ يَوْمًا عَلَى الْكَٰفِرِينَ عَسِيرًا ﴿٢٦﴾

26. Тогаш власта вистинска ќе му припадне на Милостивиот, а за неверниците на Денот тој ќе биде неподносливо.

وَيَوْمَ يَعَضُّ الظَّالِمُ عَلَىٰ يَدَيْهِ يَقُولُ يَٰلَيْتَنِى اتَّخَذْتُ مَعَ الرَّسُولِ سَبِيلًا ﴿٢٧﴾

27. Ден во кој зулумќарот ќе ги крши прстите од рацете свои, велејќи: "Тешко мене! Друг пат, освен патот на пејгамберот прифатив!

يَٰوَيْلَتَىٰ لَيْتَنِى لَمْ أَتَّخِذْ فُلَانًا خَلِيلًا ﴿٢٨﴾

28. О тешко мене! О пропаст моја! Е, да не земав друг пријател!

لَّقَدْ أَضَلَّنِى عَنِ الذِّكْرِ بَعْدَ إِذْ جَآءَنِى ۗ وَكَانَ الشَّيْطَٰنُ لِلْإِنسَٰنِ خَذُولًا ﴿٢٩﴾

29. Ме одврати од Опомената веќе по нејзиното доаѓање до мене!" Шејтанот, навистина, останува за човекот предавник!

30. И пејгамберот рече:"Господаре, народот мој, навистина, го прифати овој Кур'ан како отпадок!"

وَقَالَ ٱلرَّسُولُ يَٰرَبِّ إِنَّ قَوْمِى ٱتَّخَذُوا۟ هَٰذَا ٱلْقُرْءَانَ مَهْجُورًا ﴿٣٠﴾

31. И ете, така за секој пејгамбер меѓу силниците Ние определивме непријател. Доста ти е што во Господарот твој имаш упатувач и поддржник.

وَكَذَٰلِكَ جَعَلْنَا لِكُلِّ نَبِىٍّ عَدُوًّا مِّنَ ٱلْمُجْرِمِينَ ۗ وَكَفَىٰ بِرَبِّكَ هَادِيًا وَنَصِيرًا ﴿٣١﴾

32. Оние кои не веруваат, велат: "Зошто не му е објавен Кур'анот во целост, во еден замав?" Ете, така Ние го објавуваме за да го утврдиме со него срцето твое. Така, дел по дел среден, Ние го објавуваме.

وَقَالَ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ لَوْلَا نُزِّلَ عَلَيْهِ ٱلْقُرْءَانُ جُمْلَةً وَٰحِدَةً ۚ كَذَٰلِكَ لِنُثَبِّتَ بِهِۦ فُؤَادَكَ ۖ وَرَتَّلْنَٰهُ تَرْتِيلًا ﴿٣٢﴾

33. И тие не ќе донесат никаков урнек а Ние да не ти донесеме вистина и најдобро толкување.

وَلَا يَأْتُونَكَ بِمَثَلٍ إِلَّا جِئْنَٰكَ بِٱلْحَقِّ وَأَحْسَنَ تَفْسِيرًا ﴿٣٣﴾

34. Оние со наведнатите лица кон Џехеннемот ќе бидат во најлошо место и беспаќе.

ٱلَّذِينَ يُحْشَرُونَ عَلَىٰ وُجُوهِهِمْ إِلَىٰ جَهَنَّمَ أُو۟لَٰٓئِكَ شَرٌّ مَّكَانًا وَأَضَلُّ سَبِيلًا ﴿٣٤﴾

35. И на Муса Ние, секако, му објавивме Книга, а брат му Харун за поддржник го одредивме,

وَلَقَدْ ءَاتَيْنَا مُوسَى ٱلْكِتَٰبَ وَجَعَلْنَا مَعَهُۥٓ أَخَاهُ هَٰرُونَ وَزِيرًا ﴿٣٥﴾

36. па, рековме:"Одете до народот кој ги сметаше за лажни ајетите Наши" - а потоа народот Ние го снемавме.

فَقُلْنَا ٱذْهَبَآ إِلَى ٱلْقَوْمِ ٱلَّذِينَ كَذَّبُوا۟ بِـَٔايَٰتِنَا فَدَمَّرْنَٰهُمْ تَدْمِيرًا ﴿٣٦﴾

37. А и на народот на Нух, исто така, зашто ги сметаше за лажни

وَقَوْمَ نُوحٍ لَّمَّا كَذَّبُوا۟ ٱلرُّسُلَ أَغْرَقْنَٰهُمْ

пејгамберите, Ние го потопивме, и одредивме да биде знамение за луѓето. А за зулумќарите Ние болна казна подготвивме.

وَجَعَلْنَٰهُمْ لِلنَّاسِ ءَايَةً ۖ وَأَعْتَدْنَا لِلظَّٰلِمِينَ عَذَابًا أَلِيمًا ﴿٣٧﴾

38. А и Ад и Семуд и жителите на Ресе, и поколенија многу меѓу нив Ние уништивме.

وَعَادًا وَثَمُودَا۟ وَأَصْحَٰبَ ٱلرَّسِّ وَقُرُونًۢا بَيْنَ ذَٰلِكَ كَثِيرًا ﴿٣٨﴾

39. И за секој народ, меѓутоа, Ние донесовме примери и, потоа, го снемавме.

وَكُلًّا ضَرَبْنَا لَهُ ٱلْأَمْثَٰلَ ۖ وَكُلًّا تَبَّرْنَا تَتْبِيرًا ﴿٣٩﴾

40. А, секако, поминуваат покосни крај градот врз кого се истури дожд. А не го приметуваат ли? И дури на оживувањето не се надеваат!

وَلَقَدْ أَتَوْا۟ عَلَى ٱلْقَرْيَةِ ٱلَّتِىٓ أُمْطِرَتْ مَطَرَ ٱلسَّوْءِ ۚ أَفَلَمْ يَكُونُوا۟ يَرَوْنَهَا ۖ بَلْ كَانُوا۟ لَا يَرْجُونَ نُشُورًا ﴿٤٠﴾

41. И кога ќе те здогледаат те прифаќаат само како предмет на исмевање: "Овој ли Аллах го испрати како пејгамбер?"

وَإِذَا رَأَوْكَ إِن يَتَّخِذُونَكَ إِلَّا هُزُوًا أَهَٰذَا ٱلَّذِى بَعَثَ ٱللَّهُ رَسُولًا ﴿٤١﴾

42. Ете, така само што не нè одврати од божествата наши; но ние сме при нив истрајни." Ќе узнаат, кога ќе ја здогледат казната, кој скршна во беспаќе.

إِن كَادَ لَيُضِلُّنَا عَنْ ءَالِهَتِنَا لَوْلَآ أَن صَبَرْنَا عَلَيْهَا ۚ وَسَوْفَ يَعْلَمُونَ حِينَ يَرَوْنَ ٱلْعَذَابَ مَنْ أَضَلُّ سَبِيلًا ﴿٤٢﴾

43. Го виде ли оној кој ја прифати страста за божество свое? Ќе бидеш ли негов закрилник?

أَرَءَيْتَ مَنِ ٱتَّخَذَ إِلَٰهَهُۥ هَوَىٰهُ ۖ أَفَأَنتَ تَكُونُ عَلَيْهِ وَكِيلًا ﴿٤٣﴾

44. Сметаш ли дека мнозинството меѓу нив, навистина, слуша или разбира?

أَمْ تَحْسَبُ أَنَّ أَكْثَرَهُمْ يَسْمَعُونَ أَوْ يَعْقِلُونَ ۚ إِنْ هُمْ إِلَّا كَٱلْأَنْعَٰمِ ۖ بَلْ هُمْ أَضَلُّ سَبِيلًا ﴿٤٤﴾

Тие се како добиток. Тие се, токму, во беспаќе!

45. Не гледаш ли како Господарот твој ја простира сенката и кога сака Он, навистина, ја прави да биде починка, а потоа сонцето за неа го прави знамение;

أَلَمْ تَرَ إِلَىٰ رَبِّكَ كَيْفَ مَدَّ ٱلظِّلَّ وَلَوْ شَآءَ لَجَعَلَهُۥ سَاكِنًا ثُمَّ جَعَلْنَا ٱلشَّمْسَ عَلَيْهِ دَلِيلًا ﴿٤٥﴾

46. потоа кон Нас полека ја прибираме.

ثُمَّ قَبَضْنَٰهُ إِلَيْنَا قَبْضًا يَسِيرًا ﴿٤٦﴾

47. И Он ноќта ви ја определи за постела, а сонот за одмор, а денот пак за патување.

وَهُوَ ٱلَّذِى جَعَلَ لَكُمُ ٱلَّيْلَ لِبَاسًا وَٱلنَّوْمَ سُبَاتًا وَجَعَلَ ٱلنَّهَارَ نُشُورًا ﴿٤٧﴾

48. И Он испраќа ветар како радосница пред милоста Своја, а од небо Ние чиста вода спуштаме,

وَهُوَ ٱلَّذِىٓ أَرْسَلَ ٱلرِّيَٰحَ بُشْرًۢا بَيْنَ يَدَىْ رَحْمَتِهِۦ ۚ وَأَنزَلْنَا مِنَ ٱلسَّمَآءِ مَآءً طَهُورًا ﴿٤٨﴾

49. за да го оживееме со неа мртвиот предел и да ги напоиме многуте луѓе и животни кои Ние ги создадовме.

لِّنُحْيِىَ بِهِۦ بَلْدَةً مَّيْتًا وَنُسْقِيَهُۥ مِمَّا خَلَقْنَآ أَنْعَٰمًا وَأَنَاسِىَّ كَثِيرًا ﴿٤٩﴾

50. Да, за ова им изнесувавме многу за да се сетат. Но, мнозинството на луѓето, неверувајќи, одбиваше.

وَلَقَدْ صَرَّفْنَٰهُ بَيْنَهُمْ لِيَذَّكَّرُوا۟ فَأَبَىٰٓ أَكْثَرُ ٱلنَّاسِ إِلَّا كُفُورًا ﴿٥٠﴾

51. Кога Ние би посакале во секој град сигурно ќе испратевме опоменувач!

وَلَوْ شِئْنَا لَبَعَثْنَا فِى كُلِّ قَرْيَةٍ نَّذِيرًا ﴿٥١﴾

52. Па, не заборави на неверниците и, со помош на Кур'анот, бори се со сета сила.

فَلَا تُطِعِ ٱلْكَٰفِرِينَ وَجَٰهِدْهُم بِهِۦ جِهَادًا كَبِيرًا ﴿٥٢﴾

53. И Он е Оној кој одвои едноодруго две мориња: едното питко и ладно, а другото солено и горчливо. И меѓу нив одреди меѓупростор и испречи препрека.

وَهُوَ ٱلَّذِى مَرَجَ ٱلْبَحْرَيْنِ هَٰذَا عَذْبٌ فُرَاتٌ وَهَٰذَا مِلْحٌ أُجَاجٌ وَجَعَلَ بَيْنَهُمَا بَرْزَخًا وَحِجْرًا مَّحْجُورًا ﴿٥٣﴾

54. И Он од вода создаде човек па од него направи роднина и сватовштина. Господарот твој е Кадар!

وَهُوَ ٱلَّذِى خَلَقَ مِنَ ٱلْمَآءِ بَشَرًا فَجَعَلَهُۥ نَسَبًا وَصِهْرًا ۗ وَكَانَ رَبُّكَ قَدِيرًا ﴿٥٤﴾

55. А тие ги обожаваат, освен Аллах, оние кои не си користат и кои не си штетат. Неверникот кон Господарот свој ги врти плеќите.

وَيَعْبُدُونَ مِن دُونِ ٱللَّهِ مَا لَا يَنفَعُهُمْ وَلَا يَضُرُّهُمْ ۗ وَكَانَ ٱلْكَافِرُ عَلَىٰ رَبِّهِۦ ظَهِيرًا ﴿٥٥﴾

56. И Ние те испративме само како опоменувач и радосник.

وَمَآ أَرْسَلْنَٰكَ إِلَّا مُبَشِّرًا وَنَذِيرًا ﴿٥٦﴾

57. Кажи: "Не барам од вас за ова никаква награда, освен оној кој сака, да тргне по патот на Господарот Свој."

قُلْ مَآ أَسْـَٔلُكُمْ عَلَيْهِ مِنْ أَجْرٍ إِلَّا مَن شَآءَ أَن يَتَّخِذَ إِلَىٰ رَبِّهِۦ سَبِيلًا ﴿٥٧﴾

58. И потпри се врз Живиот кој не умира, и слави Го со славата Негова. И за Него е доволно тоа што е Известен за гревовите на робовите Свои:

وَتَوَكَّلْ عَلَى ٱلْحَىِّ ٱلَّذِى لَا يَمُوتُ وَسَبِّحْ بِحَمْدِهِۦ ۚ وَكَفَىٰ بِهِۦ بِذُنُوبِ عِبَادِهِۦ خَبِيرًا ﴿٥٨﴾

59. Оној кој ги создаде небесата и Земјата, и она што е меѓу нив, за шест дена, а потоа се утврди на Аршот, Милостивиот. Па, прашај го за Него известениот!

ٱلَّذِى خَلَقَ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضَ وَمَا بَيْنَهُمَا فِى سِتَّةِ أَيَّامٍ ثُمَّ ٱسْتَوَىٰ عَلَى ٱلْعَرْشِ ۛ ٱلرَّحْمَٰنُ فَسْـَٔلْ بِهِۦ خَبِيرًا ﴿٥٩﴾

60. И кога ќе им се рече: "Паднете Му на сеџде на Мило-

وَإِذَا قِيلَ لَهُمُ ٱسْجُدُوا۟ لِلرَّحْمَٰنِ قَالُوا۟ وَمَا ٱلرَّحْمَٰنُ

стивиот, велат: "А кој е Милостивиот? Да паднеме ли на сеџде за она за што ти ни наредуваш?" И се зголемува отуѓувањето нивно!

أَنَسْجُدُ لِمَا تَأْمُرُنَا وَزَادَهُمْ نُفُورًا ﴿٦٠﴾

61. Возвишен нека е Он кој на небесата создаде сосвездие во кое светилка постави и Месечина осветлена.

تَبَارَكَ الَّذِي جَعَلَ فِي السَّمَاءِ بُرُوجًا وَجَعَلَ فِيهَا سِرَاجًا وَقَمَرًا مُنِيرًا ﴿٦١﴾

62. И Он е Оној кој ја создаде ноќта и денот да се сменуваат, за оној кој посакува да се споменува или кој пак посакува да се заблагодарува.

وَهُوَ الَّذِي جَعَلَ اللَّيْلَ وَالنَّهَارَ خِلْفَةً لِمَنْ أَرَادَ أَنْ يَذَّكَّرَ أَوْ أَرَادَ شُكُورًا ﴿٦٢﴾

63. И еве кои се робовите на Милостивиот: оние кои одат по земјата достоинствено, и кога незнајковците ќе им се обратат, велат "Селам!"

وَعِبَادُ الرَّحْمَٰنِ الَّذِينَ يَمْشُونَ عَلَى الْأَرْضِ هَوْنًا وَإِذَا خَاطَبَهُمُ الْجَاهِلُونَ قَالُوا سَلَامًا ﴿٦٣﴾

64. И оние кои ноќите ги поминуваат, паѓајќи на сеџде и стоејќи пред Господарот свој,

وَالَّذِينَ يَبِيتُونَ لِرَبِّهِمْ سُجَّدًا وَقِيَامًا ﴿٦٤﴾

65. и оние кои зборуваат: "Господаре наш, оддалечи нè од казната џехеннемска:" Казната џехеннемска ќе биде, навистина, неминовна;

وَالَّذِينَ يَقُولُونَ رَبَّنَا اصْرِفْ عَنَّا عَذَابَ جَهَنَّمَ إِنَّ عَذَابَهَا كَانَ غَرَامًا ﴿٦٥﴾

66. да, таа е лошо престојувалиште и утврдувалиште.

إِنَّهَا سَاءَتْ مُسْتَقَرًّا وَمُقَامًا ﴿٦٦﴾

67. А оние кои, кога трошат, расипнички тоа не го прават, и кои исто така не се скржави, туку заземаат средина,

وَالَّذِينَ إِذَا أَنْفَقُوا لَمْ يُسْرِفُوا وَلَمْ يَقْتُرُوا وَكَانَ بَيْنَ ذَٰلِكَ قَوَامًا ﴿٦٧﴾

68. и кои, освен на Аллах не се повикуваат на друг бог, и кои не убиваат никого за кого забрани Аллах, освен по правда... А оној кој ова го прави ќе вкуси грев.

وَٱلَّذِينَ لَا يَدْعُونَ مَعَ ٱللَّهِ إِلَٰهًا ءَاخَرَ وَلَا يَقْتُلُونَ ٱلنَّفْسَ ٱلَّتِى حَرَّمَ ٱللَّهُ إِلَّا بِٱلْحَقِّ وَلَا يَزْنُونَ ۚ وَمَن يَفْعَلْ ذَٰلِكَ يَلْقَ أَثَامًا ﴿٦٨﴾

69. Ќе му се удвои казната на Денот суден и во неа за навек ќе биде понижен,

يُضَٰعَفْ لَهُ ٱلْعَذَابُ يَوْمَ ٱلْقِيَٰمَةِ وَيَخْلُدْ فِيهِۦ مُهَانًا ﴿٦٩﴾

70. освен оној кој ќе се покае, кој верува и кој работи добро дело. На таквите Аллах ќе им ги промени нивните лоши дела со добри. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

إِلَّا مَن تَابَ وَءَامَنَ وَعَمِلَ عَمَلًا صَٰلِحًا فَأُو۟لَٰٓئِكَ يُبَدِّلُ ٱللَّهُ سَيِّـَٔاتِهِمْ حَسَنَٰتٍ ۗ وَكَانَ ٱللَّهُ غَفُورًا رَّحِيمًا ﴿٧٠﴾

71. А оној кој ќе се покае и кој ќе сработи добро дело... па, тој, навистина, се враќа кон Аллах со покајание, како покајник,

وَمَن تَابَ وَعَمِلَ صَٰلِحًا فَإِنَّهُۥ يَتُوبُ إِلَى ٱللَّهِ مَتَابًا ﴿٧١﴾

72. и оние кои не сведочат лажно, и кога ќе поминат крај нешто безработно, поминуваат достоинствено,

وَٱلَّذِينَ لَا يَشْهَدُونَ ٱلزُّورَ وَإِذَا مَرُّو۟ا بِٱللَّغْوِ مَرُّو۟ا كِرَامًا ﴿٧٢﴾

73. и оние на кои ќе им се споменат ајетите на Господарот нивни не остануваат ни глуви ни слепи;

وَٱلَّذِينَ إِذَا ذُكِّرُو۟ا بِـَٔايَٰتِ رَبِّهِمْ لَمْ يَخِرُّو۟ا عَلَيْهَا صُمًّا وَعُمْيَانًا ﴿٧٣﴾

74. и оние кои зборуваат: "Господаре наш, подари ни од жените наши и потомствата наши радост во очите и одреди да бидеме водачи на богобојазливите!"

وَٱلَّذِينَ يَقُولُونَ رَبَّنَا هَبْ لَنَا مِنْ أَزْوَٰجِنَا وَذُرِّيَّٰتِنَا قُرَّةَ أَعْيُنٍ وَٱجْعَلْنَا لِلْمُتَّقِينَ إِمَامًا ﴿٧٤﴾

75. Бидејќи беа трпеливи ќе бидат наградени со соби и во нив ќе се сеќаваат и со поздрав и со селам:

أُولَٰئِكَ يُجْزَوْنَ الْغُرْفَةَ بِمَا صَبَرُوا
وَيُلَقَّوْنَ فِيهَا تَحِيَّةً وَسَلَامًا ﴿٧٥﴾

76. во нив за навек ќе останат. И ете, колку убаво престојувалиште и одморалиште ќе биде тоа!

خَالِدِينَ فِيهَا ۚ حَسُنَتْ مُسْتَقَرًّا وَمُقَامًا ﴿٧٦﴾

77. Кажи: "Кога не би биле довите ваши, Господарот мој не ќе се грижеше за вас. Да, лажевте па затоа казната е неминовна."

قُلْ مَا يَعْبَؤُا بِكُمْ رَبِّي لَوْلَا دُعَاؤُكُمْ ۖ
فَقَدْ كَذَّبْتُمْ فَسَوْفَ يَكُونُ لِزَامًا ﴿٧٧﴾

ЕШ-ШУАРА (Поети) XXVI

سُورَةُ الشُّعَرَاءِ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

1. Та, син, мим!

طسم ﴿١﴾

2. Еве ајети од Книгата јасна!

تِلْكَ آيَاتُ الْكِتَابِ الْمُبِينِ ﴿٢﴾

3. Ќе ја жалостиш ли душата твоја затоа што тие не веруваат?

لَعَلَّكَ بَاخِعٌ نَّفْسَكَ أَلَّا يَكُونُوا مُؤْمِنِينَ ﴿٣﴾

4. Кога би сакале би им испратиле знамение, па вратовите нивни ќе останат наведнати.

إِن نَّشَأْ نُنَزِّلْ عَلَيْهِم مِّنَ السَّمَاءِ آيَةً فَظَلَّتْ
أَعْنَاقُهُمْ لَهَا خَاضِعِينَ ﴿٤﴾

5. И ниедна нова опомена ним не им дојде од Милостивиот, а да не беа кон неа рамнодушни!

وَمَا يَأْتِيهِم مِّن ذِكْرٍ مِّنَ الرَّحْمَٰنِ مُحْدَثٍ
إِلَّا كَانُوا عَنْهُ مُعْرِضِينَ ﴿٥﴾

6. Да, лажеа, навистина! И сигурно е дека ќе им дојдат вести за она за што се исмеваа.

فَقَدْ كَذَّبُوا فَسَيَأْتِيهِمْ أَنبَاءُ مَا كَانُوا
بِهِ يَسْتَهْزِئُونَ ﴿٦﴾

أَوَلَمْ يَرَوْا۟ إِلَى ٱلْأَرْضِ كَمْ أَنۢبَتْنَا فِيهَا مِن كُلِّ زَوْجٍ كَرِيمٍ ﴿٧﴾

7. Не гледаат ли на земјата? Па, колку видови растенија благородни Ние одредуваме да ‘ртат?

إِنَّ فِى ذَٰلِكَ لَءَايَةً ۖ وَمَا كَانَ أَكْثَرُهُم مُّؤْمِنِينَ ﴿٨﴾

8. Во тоа, секако, има знамение. А мнозинството од нив, навистина, не се верници.

وَإِنَّ رَبَّكَ لَهُوَ ٱلْعَزِيزُ ٱلرَّحِيمُ ﴿٩﴾

9. Да, Господарот твој е токму Оној кој е Моќен и Сомилосен!

وَإِذْ نَادَىٰ رَبُّكَ مُوسَىٰٓ أَنِ ٱئْتِ ٱلْقَوْمَ ٱلظَّٰلِمِينَ ﴿١٠﴾

10. И кога Господарот твој го повика Муса: “Обрати му се на народот зулумќарски!”

قَوْمَ فِرْعَوْنَ ۚ أَلَا يَتَّقُونَ ﴿١١﴾

11. Народот на фараонот, можеби, ќе биде богобојазлив.

قَالَ رَبِّ إِنِّىٓ أَخَافُ أَن يُكَذِّبُونِ ﴿١٢﴾

12. Муса рече: “Господаре мој, јас, навистина, се плашам да не ме сметаат за лашко,

وَيَضِيقُ صَدْرِى وَلَا يَنطَلِقُ لِسَانِى فَأَرْسِلْ إِلَىٰ هَٰرُونَ ﴿١٣﴾

13. да не ми се стеснат градите и да не ми се закочи јазикот - испрати го Харуна,

وَلَهُمْ عَلَىَّ ذَنۢبٌ فَأَخَافُ أَن يَقْتُلُونِ ﴿١٤﴾

14. јас кон нив згрешив па се плашам да не ме убијат.”

قَالَ كَلَّا ۖ فَٱذْهَبَا بِـَٔايَٰتِنَآ ۖ إِنَّا مَعَكُم مُّسْتَمِعُونَ ﴿١٥﴾

15. Аллах рече: “Никогаш! Одете двајцата со знаменијата Наши. Да, Ние ќе бидеме со вас и ќе ве слушаме!”

فَأْتِيَا فِرْعَوْنَ فَقُولَآ إِنَّا رَسُولُ رَبِّ ٱلْعَٰلَمِينَ ﴿١٦﴾

16. Одете до фараонот, па речете му: “Ние сме, навистина, пејгамбери од Господарот на световите,

أَنْ أَرْسِلْ مَعَنَا بَنِيٓ إِسْرَٰٓءِيلَ ﴿١٧﴾

17. испрати ги со нас синовите Израилови!"

قَالَ أَلَمْ نُرَبِّكَ فِينَا وَلِيدًا وَلَبِثْتَ فِينَا مِنْ عُمُرِكَ سِنِينَ ﴿١٨﴾

18. Фараонот рече: "Нели те воспитувавме меѓу нас додека беше дете, и нели остана меѓу нас доста години од животот твој?

وَفَعَلْتَ فَعْلَتَكَ ٱلَّتِي فَعَلْتَ وَأَنتَ مِنَ ٱلْكَٰفِرِينَ ﴿١٩﴾

19. И го направи она што го направи; и ти си меѓу неверниците."

قَالَ فَعَلْتُهَآ إِذًا وَأَنَا۠ مِنَ ٱلضَّآلِّينَ ﴿٢٠﴾

20. Муса рече: "Тоа го направив тогаш кога бев еден меѓу оние кои скршнаа во заблуда!

فَفَرَرْتُ مِنكُمْ لَمَّا خِفْتُكُمْ فَوَهَبَ لِي رَبِّي حُكْمًا وَجَعَلَنِي مِنَ ٱلْمُرْسَلِينَ ﴿٢١﴾

21. И бидејќи се плашев од вас, побегнав и така Господарот мој ми подари мудрост и ме одреди да бидам меѓу пејгамберите.

وَتِلْكَ نِعْمَةٌ تَمُنُّهَا عَلَيَّ أَنْ عَبَّدتَّ بَنِيٓ إِسْرَٰٓءِيلَ ﴿٢٢﴾

22. Тоа ли е добродетелство кое ти ми го префрлуваш? Тоа ли е она што ги направи робови синовите Израилови?"

قَالَ فِرْعَوْنُ وَمَا رَبُّ ٱلْعَٰلَمِينَ ﴿٢٣﴾

23. Фараонот рече: "Кој е Господарот на световите?"

قَالَ رَبُّ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ وَمَا بَيْنَهُمَآ إِن كُنتُم مُّوقِنِينَ ﴿٢٤﴾

24. Муса рече: "Господарот на небото и на Земјата и на она што е меѓу нив - само ако сте уверени."

قَالَ لِمَنْ حَوْلَهُۥٓ أَلَا تَسْتَمِعُونَ ﴿٢٥﴾

25. Фараонот им рече на оние околу себе: "Не чувте ли?"

26. Муса рече: "Господарот ваш и Господарот на предците ваши одамнешни."

قَالَ رَبُّكُمْ وَرَبُّ ءَابَآئِكُمُ ٱلْأَوَّلِينَ ﴿٢٦﴾

27. Фараонот рече: "Пејгамберот ваш, кој ви е испратен, е луд, навистина!"

قَالَ إِنَّ رَسُولَكُمُ ٱلَّذِىٓ أُرْسِلَ إِلَيْكُمْ لَمَجْنُونٌ ﴿٢٧﴾

28. Муса рече: "Господарот на Исток и на Запад и на она што е меѓу нив - само ако размислувате."

قَالَ رَبُّ ٱلْمَشْرِقِ وَٱلْمَغْرِبِ وَمَا بَيْنَهُمَآ ۖ إِن كُنتُمْ تَعْقِلُونَ ﴿٢٨﴾

29. Фараонот рече: "Ако прифатиш друг бог освен мене, сигурно, ќе те сместам меѓу затворениците."

قَالَ لَئِنِ ٱتَّخَذْتَ إِلَٰهًا غَيْرِى لَأَجْعَلَنَّكَ مِنَ ٱلْمَسْجُونِينَ ﴿٢٩﴾

30. Муса рече: "Дали и тогаш ако ти донесам јасна ствар?"

قَالَ أَوَلَوْ جِئْتُكَ بِشَىْءٍ مُّبِينٍ ﴿٣٠﴾

31. Фараонот рече: "Па, донеси нешто такво ако си меѓу искрените!"

قَالَ فَأْتِ بِهِۦٓ إِن كُنتَ مِنَ ٱلصَّٰدِقِينَ ﴿٣١﴾

32. И Муса го фрли стапот свој и тој, ете би змија вистинска.

فَأَلْقَىٰ عَصَاهُ فَإِذَا هِىَ ثُعْبَانٌ مُّبِينٌ ﴿٣٢﴾

33. И ја извади раката, а таа ете - бела за посматрачите!

وَنَزَعَ يَدَهُۥ فَإِذَا هِىَ بَيْضَآءُ لِلنَّٰظِرِينَ ﴿٣٣﴾

34. И фараонот им рече на големците околу себе: "Овој, навистина, е волшебник зналец,

قَالَ لِلْمَلَإِ حَوْلَهُۥٓ إِنَّ هَٰذَا لَسَٰحِرٌ عَلِيمٌ ﴿٣٤﴾

35. кој сака да ве истера со волшебништвото негово од земјата ваша. Па, што заповедате?"

يُرِيدُ أَن يُخْرِجَكُم مِّنْ أَرْضِكُم بِسِحْرِهِۦ فَمَاذَا تَأْمُرُونَ ﴿٣٥﴾

قَالُوٓا۟ أَرْجِهْ وَأَخَاهُ وَٱبْعَثْ فِى ٱلْمَدَآئِنِ حَٰشِرِينَ ﴿٣٦﴾

36. Тие рекоа: “Продолжи му го рокот нему и на брат му и испрати по градовите да се збираат,

يَأْتُوكَ بِكُلِّ سَحَّارٍ عَلِيمٍ ﴿٣٧﴾

37. ќе ти доаѓаат со секакви волшебници зналци.”

فَجُمِعَ ٱلسَّحَرَةُ لِمِيقَٰتِ يَوْمٍ مَّعْلُومٍ ﴿٣٨﴾

38. И тогаш воплшебниците се собраа на едно место одредено и во ден познат.

وَقِيلَ لِلنَّاسِ هَلْ أَنتُم مُّجْتَمِعُونَ ﴿٣٩﴾

39. И на луѓето им беше речено: “Се собравте ли,

لَعَلَّنَا نَتَّبِعُ ٱلسَّحَرَةَ إِن كَانُوا۟ هُمُ ٱلْغَٰلِبِينَ ﴿٤٠﴾

40. за да ги следиме волшебниците, ако тие победат?”

فَلَمَّا جَآءَ ٱلسَّحَرَةُ قَالُوا۟ لِفِرْعَوْنَ أَئِنَّ لَنَا لَأَجْرًا إِن كُنَّا نَحْنُ ٱلْغَٰلِبِينَ ﴿٤١﴾

41. И бидејќи стигнаа волшебниците, на фараонот му рекоа: “Ќе имаме ли награда некаква ако, секако, испаднеме победници?”

قَالَ نَعَمْ وَإِنَّكُمْ إِذًا لَّمِنَ ٱلْمُقَرَّبِينَ ﴿٤٢﴾

42. Фараонот рече: “Да, во тој случај вие ќе бидете меѓу мене блиските!”

قَالَ لَهُم مُّوسَىٰٓ أَلْقُوا۟ مَآ أَنتُم مُّلْقُونَ ﴿٤٣﴾

43. И Муса им рече: “Фрлете го она што имате да го фрлите!”

فَأَلْقَوْا۟ حِبَالَهُمْ وَعِصِيَّهُمْ وَقَالُوا۟ بِعِزَّةِ فِرْعَوْنَ إِنَّا لَنَحْنُ ٱلْغَٰلِبُونَ ﴿٤٤﴾

44. И тие тогаш ги фрлија јажињата свои и стаповите свои, и усилно му рекоа на фараонот: “Да, ние ќе испаднеме победници!”

فَأَلْقَىٰ مُوسَىٰ عَصَاهُ فَإِذَا هِىَ تَلْقَفُ مَا يَأْفِكُونَ ﴿٤٥﴾

45. Па, Муса го фрли стапот свој и кога тоа ете - го проголта сè она што тие го изведоа.

46. И тогаш волшебниците се фрлија на земја, поклонувајќи се,

فَأُلْقِيَ ٱلسَّحَرَةُ سَٰجِدِينَ ﴿٤٦﴾

47. велејќи:"Веруваме во Господарот на световите,

قَالُوٓاْ ءَامَنَّا بِرَبِّ ٱلْعَٰلَمِينَ ﴿٤٧﴾

48. Господарот на Муса и на Харун!"

رَبِّ مُوسَىٰ وَهَٰرُونَ ﴿٤٨﴾

49. Фараонот рече: "Ќе му поверувате ли пред да ви дозволам? Како кога тој е ваш учител кој, навистина, ве поучи со волшебништво? Па, ќе узнаете! Сигурно е дека ќе ви ги исечам и рацете ваши и нозете ваши накрстно, и сите сигурно ќе ве распнам!"

قَالَ ءَامَنتُمْ لَهُۥ قَبْلَ أَنْ ءَاذَنَ لَكُمْ ۖ إِنَّهُۥ لَكَبِيرُكُمُ ٱلَّذِى عَلَّمَكُمُ ٱلسِّحْرَ ۖ فَلَسَوْفَ تَعْلَمُونَ ۚ لَأُقَطِّعَنَّ أَيْدِيَكُمْ وَأَرْجُلَكُم مِّنْ خِلَٰفٍ وَلَأُصَلِّبَنَّكُمْ أَجْمَعِينَ ﴿٤٩﴾

50. Рекоа: "Нема никаква штета. Да, ние, секако, се враќаме кон Господарот наш!

قَالُواْ لَا ضَيْرَ ۖ إِنَّآ إِلَىٰ رَبِّنَا مُنقَلِبُونَ ﴿٥٠﴾

51. Да, ние тежнееме Господарот наш да ни ги прости гревовите наши: да, ние сме први верници!"

إِنَّا نَطْمَعُ أَن يَغْفِرَ لَنَا رَبُّنَا خَطَٰيَٰنَآ أَن كُنَّآ أَوَّلَ ٱلْمُؤْمِنِينَ ﴿٥١﴾

52. И еве што му објавивме на Муса: "Побрзај ноќе со робовите Мои; ќе бидете, навистина, следени!"

۞ وَأَوْحَيْنَآ إِلَىٰ مُوسَىٰٓ أَنْ أَسْرِ بِعِبَادِىٓ إِنَّكُم مُّتَّبَعُونَ ﴿٥٢﴾

53. И фараонот, тогаш, испрати по градовите збирачи.

فَأَرْسَلَ فِرْعَوْنُ فِى ٱلْمَدَآئِنِ حَٰشِرِينَ ﴿٥٣﴾

54. "Овие, навистина, се дружина малобројна,

إِنَّ هَٰٓؤُلَآءِ لَشِرْذِمَةٌ قَلِيلُونَ ﴿٥٤﴾

55. нè налутија, секако, وَإِنَّهُمْ لَنَا لَغَآئِظُونَ ﴿٥٥﴾

56. а ние сме, пак, внимателни!" وَإِنَّا لَجَمِيعٌ حَٰذِرُونَ ﴿٥٦﴾

57. И тогаш Ние ги извадивме од бавчите и изворите, فَأَخْرَجْنَٰهُم مِّن جَنَّٰتٍ وَعُيُونٍ ﴿٥٧﴾

58. и од ризниците и престојувалиштата благородни. وَكُنُوزٍ وَمَقَامٍ كَرِيمٍ ﴿٥٨﴾

59. И Ние одредивме да ги наследат синовите Израилови, كَذَٰلِكَ وَأَوْرَثْنَٰهَا بَنِىٓ إِسْرَٰٓءِيلَ ﴿٥٩﴾

60. и ги следеа при изгрејсонце. فَأَتْبَعُوهُم مُّشْرِقِينَ ﴿٦٠﴾

61. И бидејќи двете дружини се здогледаа, следбениците на Муса рекоа: "Само што не нè стигнаа!" فَلَمَّا تَرَٰٓءَا ٱلْجَمْعَانِ قَالَ أَصْحَٰبُ مُوسَىٰٓ إِنَّا لَمُدْرَكُونَ ﴿٦١﴾

62. Муса рече: "Никогаш! Со мене, навистина, е Господарот мој кој ќе ме упати!" قَالَ كَلَّآ إِنَّ مَعِىَ رَبِّى سَيَهْدِينِ ﴿٦٢﴾

63. Па, Ние му објавивме на Муса: "Удри со стапот твој на морето!" И, ете - морето се расцепи. И секој негов дел беше како рид голем! فَأَوْحَيْنَآ إِلَىٰ مُوسَىٰٓ أَنِ ٱضْرِب بِّعَصَاكَ ٱلْبَحْرَ فَٱنفَلَقَ فَكَانَ كُلُّ فِرْقٍ كَٱلطَّوْدِ ٱلْعَظِيمِ ﴿٦٣﴾

64. И потоа другите Ние ги приближивме, وَأَزْلَفْنَا ثَمَّ ٱلْءَاخَرِينَ ﴿٦٤﴾

65. а Муса и оние кои беа со него Ние ги спасивме, وَأَنجَيْنَا مُوسَىٰ وَمَن مَّعَهُۥٓ أَجْمَعِينَ ﴿٦٥﴾

66. потоа другите Ние ги потопивме. ثُمَّ أَغْرَقْنَا ٱلْءَاخَرِينَ ﴿٦٦﴾

إِنَّ فِي ذَٰلِكَ لَآيَةً ۖ وَمَا كَانَ أَكْثَرُهُم مُّؤْمِنِينَ ﴿٦٧﴾

67. Во тоа, навистина, има знамение. Мнозинството од нив, навистина, се неверници!

وَإِنَّ رَبَّكَ لَهُوَ الْعَزِيزُ الرَّحِيمُ ﴿٦٨﴾

68. Да, Господарот твој е Оној кој е Силен и Сомилосен!

وَاتْلُ عَلَيْهِمْ نَبَأَ إِبْرَاهِيمَ ﴿٦٩﴾

69. И спомени им го кажувањето за Ибрахим,

إِذْ قَالَ لِأَبِيهِ وَقَوْمِهِ مَا تَعْبُدُونَ ﴿٧٠﴾

70. кога му рече на бабо му и на народот свој: "Што обожавате?"

قَالُوا نَعْبُدُ أَصْنَامًا فَنَظَلُّ لَهَا عَاكِفِينَ ﴿٧١﴾

71. Рекоа: "Обожаваме кипови: за нив сме постојано привр-зани!"

قَالَ هَلْ يَسْمَعُونَكُمْ إِذْ تَدْعُونَ ﴿٧٢﴾

72. Ибрахим рече: "Ве слушаат ли кога ги повикувате, молејќи ги?

أَوْ يَنفَعُونَكُمْ أَوْ يَضُرُّونَ ﴿٧٣﴾

73. Или ви користат или, пак, ви штетат?"

قَالُوا بَلْ وَجَدْنَا آبَاءَنَا كَذَٰلِكَ يَفْعَلُونَ ﴿٧٤﴾

74. Рекоа: "Да, ги затекнавме предците наши како тоа го прават."

قَالَ أَفَرَأَيْتُم مَّا كُنتُمْ تَعْبُدُونَ ﴿٧٥﴾

75. Ибрахим рече: "Гледате ли дека она што го обожавате

أَنتُمْ وَآبَاؤُكُمُ الْأَقْدَمُونَ ﴿٧٦﴾

76. вие и предците ваши одам-нешни...

فَإِنَّهُمْ عَدُوٌّ لِّي إِلَّا رَبَّ الْعَالَمِينَ ﴿٧٧﴾

77. дека се тоа непријатели мои, навистина! Но, тоа не е, навистина, Господарот на свето-вите!

78. Кој ме создаде и кој по патот вистински ме упати,

ٱلَّذِى خَلَقَنِى فَهُوَ يَهْدِينِ ﴿٧٨﴾

79. и кој ме храни и кој ме пои,

وَٱلَّذِى هُوَ يُطْعِمُنِى وَيَسْقِينِ ﴿٧٩﴾

80. и кој, кога ќе се разболам, ме лечи,

وَإِذَا مَرِضْتُ فَهُوَ يَشْفِينِ ﴿٨٠﴾

81. и кој ќе ме усмрти и кој, пак, ќе ме оживи,

وَٱلَّذِى يُمِيتُنِى ثُمَّ يُحْيِينِ ﴿٨١﴾

82. и кон Кого копнеам да ми ги прости грешките мои на Денот суден.

وَٱلَّذِىٓ أَطْمَعُ أَن يَغْفِرَ لِى خَطِيٓـَٔتِى يَوْمَ ٱلدِّينِ ﴿٨٢﴾

83. Господаре мој, подари ми размисла и поврзи ме со доброчинителите,

رَبِّ هَبْ لِى حُكْمًا
وَأَلْحِقْنِى بِٱلصَّٰلِحِينَ ﴿٨٣﴾

84. и одреди ми за потомството јазик на искреноста,

وَٱجْعَل لِّى لِسَانَ صِدْقٍ فِى ٱلْـَٔاخِرِينَ ﴿٨٤﴾

85. и одреди ме да го наследам Ценнетот благословен,

وَٱجْعَلْنِى مِن وَرَثَةِ جَنَّةِ ٱلنَّعِيمِ ﴿٨٥﴾

86. и прости му на бабо ми; тој, навистина, е меѓу скршнатите во заблуда,

وَٱغْفِرْ لِأَبِىٓ إِنَّهُۥ كَانَ مِنَ ٱلضَّآلِّينَ ﴿٨٦﴾

87. и не срамоти ме на Денот на оживувањето,

وَلَا تُخْزِنِى يَوْمَ يُبْعَثُونَ ﴿٨٧﴾

88. на Денот во кој не ќе користат ни имотот ни синовите,

يَوْمَ لَا يَنفَعُ مَالٌ وَلَا بَنُونَ ﴿٨٨﴾

89. освен оној кому Аллах му даде здраво срце!"

إِلَّا مَنْ أَتَى ٱللَّهَ بِقَلْبٍ سَلِيمٍ ﴿٨٩﴾

90. А кон богобојазливите Ценнетот ќе се приближи,

وَأُزْلِفَتِ ٱلْجَنَّةُ لِلْمُتَّقِينَ ﴿٩٠﴾

91. а кон скршнатите во заблуда Џехеннемот ќе се приближи, وَبُرِّزَتِ ٱلْجَحِيمُ لِلْغَاوِينَ ﴿٩١﴾

92. и ќе им биде речено: "Каде се оние кои ги обожававте, وَقِيلَ لَهُمْ أَيْنَ مَا كُنتُمْ تَعْبُدُونَ ﴿٩٢﴾

93. освен Аллах? Дали тие ќе ви помогнат? Или: Можат ли себеси да си помогнат?" مِن دُونِ ٱللَّهِ هَلْ يَنصُرُونَكُمْ أَوْ يَنتَصِرُونَ ﴿٩٣﴾

15. А и на човекот Ние во васиет му оставивме убаво да се однесува кон родителите свои. Мајката негова со мака го носеше и со мака го роди; го носеше и го доеше триесет месеци. А кога ќе сјакне и ќе наполни четириесет години, вели: "Господаре мој, овозможи ми да ти се заблагодарам на благодатот Твој со кој ме опсипа, мене и родителите мои, и да работам добро со што ќе бидеш задоволен и одреди потомството мое да биде добро. Јас, навистина, се кајам и јас сум меѓу муслиманите!"

16. Од таквите Ние ќе го примиме она што го работеа, најдоброто, а ќе ги занемариме пропустите нивни, меѓу жителите на Џеннетот - ова е ветување вистинско со што им беше ветено!

أَلَّذِينَ ظَلَمُوا۟ وَبُشْرَىٰ لِلْمُحْسِنِينَ ﴿١٢﴾

إِنَّ ٱلَّذِينَ قَالُوا۟ رَبُّنَا ٱللَّهُ ثُمَّ ٱسْتَقَٰمُوا۟ فَلَا خَوْفٌ عَلَيْهِمْ وَلَا هُمْ يَحْزَنُونَ ﴿١٣﴾

أُو۟لَٰٓئِكَ أَصْحَٰبُ ٱلْجَنَّةِ خَٰلِدِينَ فِيهَا جَزَآءًۢ بِمَا كَانُوا۟ يَعْمَلُونَ ﴿١٤﴾

وَوَصَّيْنَا ٱلْإِنسَٰنَ بِوَٰلِدَيْهِ إِحْسَٰنًا ۖ حَمَلَتْهُ أُمُّهُۥ كُرْهًا وَوَضَعَتْهُ كُرْهًا ۖ وَحَمْلُهُۥ وَفِصَٰلُهُۥ ثَلَٰثُونَ شَهْرًا ۚ حَتَّىٰٓ إِذَا بَلَغَ أَشُدَّهُۥ وَبَلَغَ أَرْبَعِينَ سَنَةً قَالَ رَبِّ أَوْزِعْنِىٓ أَنْ أَشْكُرَ نِعْمَتَكَ ٱلَّتِىٓ أَنْعَمْتَ عَلَىَّ وَعَلَىٰ وَٰلِدَىَّ وَأَنْ أَعْمَلَ صَٰلِحًا تَرْضَىٰهُ وَأَصْلِحْ لِى فِى ذُرِّيَّتِىٓ ۖ إِنِّى تُبْتُ إِلَيْكَ وَإِنِّى مِنَ ٱلْمُسْلِمِينَ ﴿١٥﴾

أُو۟لَٰٓئِكَ ٱلَّذِينَ نَتَقَبَّلُ عَنْهُمْ أَحْسَنَ مَا عَمِلُوا۟ وَنَتَجَاوَزُ عَن سَيِّـَٔاتِهِمْ فِىٓ أَصْحَٰبِ ٱلْجَنَّةِ ۖ وَعْدَ ٱلصِّدْقِ ٱلَّذِى كَانُوا۟ يُوعَدُونَ ﴿١٦﴾

وَٱلَّذِى قَالَ لِوَٰلِدَيْهِ أُفٍّ لَّكُمَآ أَتَعِدَانِنِىٓ أَنْ أُخْرَجَ وَقَدْ خَلَتِ ٱلْقُرُونُ مِن قَبْلِى وَهُمَا يَسْتَغِيثَانِ ٱللَّهَ وَيْلَكَ ءَامِنْ إِنَّ وَعْدَ ٱللَّهِ حَقٌّ فَيَقُولُ مَا هَٰذَآ إِلَّآ أَسَٰطِيرُ ٱلْأَوَّلِينَ ﴿١٧﴾

17. Оној што ќе им рече на родителите свои"Уф", од вас двајца, ми ветувате ли дека ќе бидам оживеан. Пред мене, секако, пропаднаа поколенија многу, а родителите, барајќи помош од Аллах, велат: "Тешко тебе, веруваj! Ветувањето Аллахово, навистина, е вистина," а тој, пак, вели: "Ова се само приказни одамнешни!"

أُو۟لَٰٓئِكَ ٱلَّذِينَ حَقَّ عَلَيْهِمُ ٱلْقَوْلُ فِىٓ أُمَمٍ قَدْ خَلَتْ مِن قَبْلِهِم مِّنَ ٱلْجِنِّ وَٱلْإِنسِ ۖ إِنَّهُمْ كَانُوا۟ خَٰسِرِينَ ﴿١٨﴾

18. Тоа се оние врз кои се овистини Зборот што беше кажан меѓу народите кои веќе поминаа пред нив - и џинови и луѓе - и кои, секако, беа поразени!

وَلِكُلٍّ دَرَجَٰتٌ مِّمَّا عَمِلُوا۟ ۖ وَلِيُوَفِّيَهُمْ أَعْمَٰلَهُمْ وَهُمْ لَا يُظْلَمُونَ ﴿١٩﴾

19. И за секого имаат степени за она што го работеа. Аллах луѓето ќе ги награди за делата нивни; неправда не ќе им се направи.

وَيَوْمَ يُعْرَضُ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ عَلَى ٱلنَّارِ أَذْهَبْتُمْ طَيِّبَٰتِكُمْ فِى حَيَاتِكُمُ ٱلدُّنْيَا وَٱسْتَمْتَعْتُم بِهَا ۖ فَٱلْيَوْمَ تُجْزَوْنَ عَذَابَ ٱلْهُونِ بِمَا كُنتُمْ تَسْتَكْبِرُونَ فِى ٱلْأَرْضِ بِغَيْرِ ٱلْحَقِّ وَبِمَا كُنتُمْ تَفْسُقُونَ ﴿٢٠﴾

20. А Денот во кој неверниците ќе бидат изложени на огнот: "Ги потрошивте вашите добра во животот ваш на овој свет и посакувате да уживате во нив. Па, денес ќе се казните со казната понижувачка затоа што се надувте на земјата бесправно и затоа што грешевте."

۞ وَٱذْكُرْ أَخَا عَادٍ ۘ إِذْ أَنذَرَ قَوْمَهُۥ بِٱلْأَحْقَافِ وَقَدْ خَلَتِ ٱلنُّذُرُ مِنۢ بَيْنِ يَدَيْهِ وَمِنْ خَلْفِهِۦٓ أَلَّا تَعْبُدُوٓا۟ إِلَّا ٱللَّهَ ۖ إِنِّىٓ أَخَافُ عَلَيْكُمْ

21. И спомни го братот на Ад, кога го опомена народот свој во Ахкаф. Опоменувачи имаше и пред него и по него: "Обожавајте го само Аллаха. Јас, на-

вистина, се плашам од казната на Денот голем!"

عَذَابَ يَوْمٍ عَظِيمٍ ﴿٢١﴾

22. Зборуваа: "Дојде ли да нè одвратиш од божествата наши... па, донеси ни нешто од она што ни го вети ако си меѓу искрените! "

قَالُوٓا۟ أَجِئْتَنَا لِتَأْفِكَنَا عَنْ ءَالِهَتِنَا فَأْتِنَا بِمَا تَعِدُنَآ إِن كُنتَ مِنَ ٱلصَّٰدِقِينَ ﴿٢٢﴾

23. Рече: "Знаењето за тоа, навистина, е кај Аллах, и ќе ве известам за она со што сум испратен, но ве гледам дека сте луѓе што не знаете."

قَالَ إِنَّمَا ٱلْعِلْمُ عِندَ ٱللَّهِ وَأُبَلِّغُكُم مَّآ أُرْسِلْتُ بِهِۦ وَلَٰكِنِّىٓ أَرَىٰكُمْ قَوْمًا تَجْهَلُونَ ﴿٢٣﴾

24. И бидејќи видоа како се појави еден облак, кој одеше кон нивните долини, рекоа: "Овој облак ќе ни донесе дожд." Не, тоа е она што вие брзате да дојде: ветар кој носи казна болна,

فَلَمَّا رَأَوْهُ عَارِضًا مُّسْتَقْبِلَ أَوْدِيَتِهِمْ قَالُوا۟ هَٰذَا عَارِضٌ مُّمْطِرُنَا ۚ بَلْ هُوَ مَا ٱسْتَعْجَلْتُم بِهِۦ ۖ رِيحٌ فِيهَا عَذَابٌ أَلِيمٌ ﴿٢٤﴾

25. кој ќе потресе сè, со наредбата на Господарот негов, па ќе останат само живеалиштата нивни. Ете, така Ние го казнивме народот насилнички.

تُدَمِّرُ كُلَّ شَىْءٍۭ بِأَمْرِ رَبِّهَا فَأَصْبَحُوا۟ لَا يُرَىٰٓ إِلَّا مَسَٰكِنُهُمْ ۚ كَذَٰلِكَ نَجْزِى ٱلْقَوْمَ ٱلْمُجْرِمِينَ ﴿٢٥﴾

26. Да, Ние ги населивме во тие места во кои вас не ве населивме, и им дадовме и уши, и очи и срца... А нема да им користат ни ушите нивни, ни очите нивни, ни срцата нивни во ништо! Зашто не ги признаваа знамењата Аллахови и им се овистини она за што се исмеваа.

وَلَقَدْ مَكَّنَّٰهُمْ فِيمَآ إِن مَّكَّنَّٰكُمْ فِيهِ وَجَعَلْنَا لَهُمْ سَمْعًا وَأَبْصَٰرًا وَأَفْـِٔدَةً فَمَآ أَغْنَىٰ عَنْهُمْ سَمْعُهُمْ وَلَآ أَبْصَٰرُهُمْ وَلَآ أَفْـِٔدَتُهُم مِّن شَىْءٍ إِذْ كَانُوا۟ يَجْحَدُونَ بِـَٔايَٰتِ ٱللَّهِ وَحَاقَ بِهِم مَّا كَانُوا۟ بِهِۦ يَسْتَهْزِءُونَ ﴿٢٦﴾

27. И Ние веќе го уништивме, секако, она што беше околу вас - градовите - и ги распоредивме ајетите за да се вратат по Патот.

وَلَقَدْ أَهْلَكْنَا مَا حَوْلَكُم مِّنَ ٱلْقُرَىٰ وَصَرَّفْنَا ٱلْآيَٰتِ لَعَلَّهُمْ يَرْجِعُونَ ﴿٢٧﴾

28. Па, зошто не им помогнаа оние кои ги прифатија, освен Аллах, за блиски и богови? Но, скршнаа далеку од нив. Ете, тоа беа лагите нивни и измислиците што ги коваа.

فَلَوْلَا نَصَرَهُمُ ٱلَّذِينَ ٱتَّخَذُوا۟ مِن دُونِ ٱللَّهِ قُرْبَانًا ءَالِهَةً ۖ بَلْ ضَلُّوا۟ عَنْهُمْ ۚ وَذَٰلِكَ إِفْكُهُمْ وَمَا كَانُوا۟ يَفْتَرُونَ ﴿٢٨﴾

29. И кога Ние ти испративме неколку џинови кои го прислушкуваа Кур'анот - а бидејќи беа присутни - рекоа: "Молчете!" И бидејќи заврши кажувањето негово се вратија кај народот свој како опоменувачи!

وَإِذْ صَرَفْنَآ إِلَيْكَ نَفَرًا مِّنَ ٱلْجِنِّ يَسْتَمِعُونَ ٱلْقُرْءَانَ فَلَمَّا حَضَرُوهُ قَالُوٓا۟ أَنصِتُوا۟ ۖ فَلَمَّا قُضِىَ وَلَّوْا۟ إِلَىٰ قَوْمِهِم مُّنذِرِينَ ﴿٢٩﴾

30. Рекоа: "О народе наш, ние навистина слушнавме Книга која е објавена по Муса како Потврда за она што е веќе меѓу нив, што упатува кон вистината и кон патот вистински."

قَالُوا۟ يَٰقَوْمَنَآ إِنَّا سَمِعْنَا كِتَٰبًا أُنزِلَ مِنۢ بَعْدِ مُوسَىٰ مُصَدِّقًا لِّمَا بَيْنَ يَدَيْهِ يَهْدِىٓ إِلَى ٱلْحَقِّ وَإِلَىٰ طَرِيقٍ مُّسْتَقِيمٍ ﴿٣٠﴾

31. О народе наш, одзвете му се на повикувачот Аллахов и верувајте му, зашто Он ќе ви прости од гревовите ваши и ќе ве извлече од казната болна.

يَٰقَوْمَنَآ أَجِيبُوا۟ دَاعِىَ ٱللَّهِ وَءَامِنُوا۟ بِهِۦ يَغْفِرْ لَكُم مِّن ذُنُوبِكُمْ وَيُجِرْكُم مِّنْ عَذَابٍ أَلِيمٍ ﴿٣١﴾

32. А оној кој не ќе се одзове на повикувачот Аллахов не ќе може да се скрие на земјата и ќе нема, освен Него, пријатели. Онаквите се во заблуда очигледна!

وَمَن لَّا يُجِبْ دَاعِىَ ٱللَّهِ فَلَيْسَ بِمُعْجِزٍ فِى ٱلْأَرْضِ وَلَيْسَ لَهُۥ مِن دُونِهِۦٓ أَوْلِيَآءُ ۚ أُو۟لَٰٓئِكَ فِى ضَلَٰلٍ مُّبِينٍ ﴿٣٢﴾

أَوَلَمْ يَرَوْا۟ أَنَّ ٱللَّهَ ٱلَّذِى خَلَقَ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضَ وَلَمْ يَعْىَ بِخَلْقِهِنَّ بِقَٰدِرٍ عَلَىٰٓ أَن يُحْۦِىَ ٱلْمَوْتَىٰ ۚ بَلَىٰٓ إِنَّهُۥ عَلَىٰ كُلِّ شَىْءٍ قَدِيرٌ ﴿٣٣﴾

33. Не гледаат ли дека Аллах, навистина, ги создаде небесата и Земјата, кој не се замори со создавањето нивно, дека е Кадар да ги оживи мртвите. Секако! Он,навистина, е Кадар за сè!

وَيَوْمَ يُعْرَضُ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ عَلَى ٱلنَّارِ أَلَيْسَ هَٰذَا بِٱلْحَقِّ ۖ قَالُوا۟ بَلَىٰ وَرَبِّنَا ۚ قَالَ فَذُوقُوا۟ ٱلْعَذَابَ بِمَا كُنتُمْ تَكْفُرُونَ ﴿٣٤﴾

34. А Денот во кој неверниците ќе бидат изложени на огнот - " Нели е ова вистина?" Ќе речат: "Па, вкусете ја казната затоа што не верувавте."

فَٱصْبِرْ كَمَا صَبَرَ أُو۟لُوا۟ ٱلْعَزْمِ مِنَ ٱلرُّسُلِ وَلَا تَسْتَعْجِل لَّهُمْ ۚ كَأَنَّهُمْ يَوْمَ يَرَوْنَ مَا يُوعَدُونَ لَمْ يَلْبَثُوٓا۟ إِلَّا سَاعَةً مِّن نَّهَارٍ ۚ بَلَٰغٌ ۚ فَهَلْ يُهْلَكُ إِلَّا ٱلْقَوْمُ ٱلْفَٰسِقُونَ ﴿٣٥﴾

35. Па, стрпи се онака како што се стрпија оние меѓу пејгамберите, со даденатa им одлучност. И не барај побрзо да им дојде казната! Ним ќе им се причини, на Денот кога ќе го видат ветеното им, дека останаа само еден час од денот - ова е само известување - па, ќе биде уништен само народот расипнички!

МУХАММЕД (Мухаммед) XLVII

سُورَةُ مُحَمَّدٍ

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ وَصَدُّوا۟ عَن سَبِيلِ ٱللَّهِ أَضَلَّ أَعْمَٰلَهُمْ ﴿١﴾

1. Залудни се делата на оние кои не веруваат и кои одделечуваат од Аллаховиот пат.

وَٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ وَءَامَنُوا۟ بِمَا نُزِّلَ عَلَىٰ مُحَمَّدٍ وَهُوَ ٱلْحَقُّ مِن رَّبِّهِمْ ۙ كَفَّرَ عَنْهُمْ سَيِّـَٔاتِهِمْ

2. А на оние кои веруваат и кои добри дела работат и кои веруваат во она што му е

објавено на Мухаммед - а тоа е вистината од Господарот нивни - ќе им бидат отстранети злоделата нивни, и Он ќе ја подобри состојбата нивна.

وَأَصْلَحَ بَالَهُمْ ﴿٢﴾

3. Ете, тоа е, секако, заради тоа што неверниците ја следат невистината, а верниците, пак, вистината од Господарот свој. Ете, така Аллах им ги донесува примерите на луѓето!

ذَٰلِكَ بِأَنَّ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ ٱتَّبَعُوا۟ ٱلْبَٰطِلَ وَأَنَّ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ ٱتَّبَعُوا۟ ٱلْحَقَّ مِن رَّبِّهِمْ ۚ كَذَٰلِكَ يَضْرِبُ ٱللَّهُ لِلنَّاسِ أَمْثَٰلَهُمْ ﴿٣﴾

4. Па, кога ќе се сретнете со оние кои не веруваат ... та, удрете ги по вратовите сè додека не ги совладате, а штом тоа ќе го направите, тогаш, врзете ги. Потоа или нека следи ослободување без надоместок или, пак, побарајте откупнина, додека војната не ги исцрпи тежините свои. Ете, тоа е! Ако Аллах посака, меѓутоа, Он ќе им се одмазди, но Он посакува само да ги испроба еднисодруги. А оние кои погинаа на Аллаховиот пат... та, никојпат нема да бидат залудни делата нивни!

فَإِذَا لَقِيتُمُ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ فَضَرْبَ ٱلرِّقَابِ حَتَّىٰٓ إِذَآ أَثْخَنتُمُوهُمْ فَشُدُّوا۟ ٱلْوَثَاقَ فَإِمَّا مَنًّۢا بَعْدُ وَإِمَّا فِدَآءً حَتَّىٰ تَضَعَ ٱلْحَرْبُ أَوْزَارَهَا ۚ ذَٰلِكَ وَلَوْ يَشَآءُ ٱللَّهُ لَٱنتَصَرَ مِنْهُمْ وَلَٰكِن لِّيَبْلُوَا۟ بَعْضَكُم بِبَعْضٍ ۗ وَٱلَّذِينَ قُتِلُوا۟ فِى سَبِيلِ ٱللَّهِ فَلَن يُضِلَّ أَعْمَٰلَهُمْ ﴿٤﴾

5. Он ќе ги упати и не ќе им ја подобри состојбата нивна;

سَيَهْدِيهِمْ وَيُصْلِحُ بَالَهُمْ ﴿٥﴾

6. ќе ги воведе во Џеннетот со што, токму, Он ги запозна!

وَيُدْخِلُهُمُ ٱلْجَنَّةَ عَرَّفَهَا لَهُمْ ﴿٦﴾

7. О верници, ако Аллаха го поддржувате и Он вас ќе ве поддржува и ќе ги зацврсти стапалките ваши.

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓا۟ إِن تَنصُرُوا۟ ٱللَّهَ يَنصُرْكُمْ وَيُثَبِّتْ أَقْدَامَكُمْ ﴿٧﴾

8. А оние кои не веруваат... та, тоа е пропаст за нив. И залудни се делата нивни!

وَٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ فَتَعْسًا لَّهُمْ وَأَضَلَّ أَعْمَٰلَهُمْ ﴿٨﴾

9. Ете, тоа е поради тоа што го презираат она што го објави Аллах... та, ќе пропаднат делата нивни!

ذَٰلِكَ بِأَنَّهُمْ كَرِهُوا۟ مَآ أَنزَلَ ٱللَّهُ فَأَحْبَطَ أَعْمَٰلَهُمْ ﴿٩﴾

10. Не патуваат ли по земјата па да видат каква беше казната на оние пред нив. Аллах ги поништи! И за неверниците има таков пример.

۞ أَفَلَمْ يَسِيرُوا۟ فِى ٱلْأَرْضِ فَيَنظُرُوا۟ كَيْفَ كَانَ عَٰقِبَةُ ٱلَّذِينَ مِن قَبْلِهِمْ ۖ دَمَّرَ ٱللَّهُ عَلَيْهِمْ ۖ وَلِلْكَٰفِرِينَ أَمْثَٰلُهَا ﴿١٠﴾

11. Ете, тоа е поради тоа што Аллах, навистина, е пријател на оние кои веруваат и поради што неверниците, навистина, немаат заштитници!

ذَٰلِكَ بِأَنَّ ٱللَّهَ مَوْلَى ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَأَنَّ ٱلْكَٰفِرِينَ لَا مَوْلَىٰ لَهُمْ ﴿١١﴾

12. А оние кои, секако, веруваат и кои добри дела работат... Аллах ќе ги воведе во бавчите џеннетски низ кои реки течат. А оние кои не веруваат и кои уживаат и кои јадат како што јаде добитокот... па, огнот е престојувалиштето нивно!

إِنَّ ٱللَّهَ يُدْخِلُ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ جَنَّٰتٍ تَجْرِى مِن تَحْتِهَا ٱلْأَنْهَٰرُ ۖ وَٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ يَتَمَتَّعُونَ وَيَأْكُلُونَ كَمَا تَأْكُلُ ٱلْأَنْعَٰمُ وَٱلنَّارُ مَثْوًى لَّهُمْ ﴿١٢﴾

13. И колку градови - посилни и помоќни од градот твој од кој си прогонет - Ние уништивме; па, немаше никаков поддржник за нив.

وَكَأَيِّن مِّن قَرْيَةٍ هِىَ أَشَدُّ قُوَّةً مِّن قَرْيَتِكَ ٱلَّتِىٓ أَخْرَجَتْكَ أَهْلَكْنَٰهُمْ فَلَا نَاصِرَ لَهُمْ ﴿١٣﴾

14. Еднаков ли е оној кој има јасна претстава за Господарот свој со оној кому му се разубавува пакоста на делата негови... и кои ги следат страстите свои?

أَفَمَن كَانَ عَلَىٰ بَيِّنَةٍ مِّن رَّبِّهِۦ كَمَن زُيِّنَ لَهُۥ سُوٓءُ عَمَلِهِۦ وَٱتَّبَعُوٓا۟ أَهْوَآءَهُم ﴿١٤﴾

15. Сличен ли е оној во Џеннетот - кој е ветен за богобојазливите - во кој реки течат непрестано, во кој има и реки со млеко, со вкус непроменет, и реки со вино вкусно за оние што го пијат, и реки со мед исцеден... за нив во Џеннетот има секакви видови овошје и прошка од Господарот нивни... со оној кој е за навек во огнот, и кој пие вода што врие, која цревата ќе им ги попари?

مَّثَلُ ٱلْجَنَّةِ ٱلَّتِى وُعِدَ ٱلْمُتَّقُونَ ۖ فِيهَآ أَنْهَٰرٌ مِّن مَّآءٍ غَيْرِ ءَاسِنٍ وَأَنْهَٰرٌ مِّن لَّبَنٍ لَّمْ يَتَغَيَّرْ طَعْمُهُۥ وَأَنْهَٰرٌ مِّنْ خَمْرٍ لَّذَّةٍ لِّلشَّٰرِبِينَ وَأَنْهَٰرٌ مِّنْ عَسَلٍ مُّصَفًّى ۖ وَلَهُمْ فِيهَا مِن كُلِّ ٱلثَّمَرَٰتِ وَمَغْفِرَةٌ مِّن رَّبِّهِمْ ۖ كَمَنْ هُوَ خَٰلِدٌ فِى ٱلنَّارِ وَسُقُوا۟ مَآءً حَمِيمًا فَقَطَّعَ أَمْعَآءَهُمْ ﴿١٥﴾

16. Од нив доаѓаат кои те слушаат, и штом ќе излезат од тебе, им зборуваат на оние со даденото им знаење: "Што ли рече оној пред малку?" Тоа се оние чии срца Аллах ги запечати и кои ги следат страстите свои.

وَمِنْهُم مَّن يَسْتَمِعُ إِلَيْكَ حَتَّىٰٓ إِذَا خَرَجُوا۟ مِنْ عِندِكَ قَالُوا۟ لِلَّذِينَ أُوتُوا۟ ٱلْعِلْمَ مَاذَا قَالَ ءَانِفًا ۚ أُو۟لَٰٓئِكَ ٱلَّذِينَ طَبَعَ ٱللَّهُ عَلَىٰ قُلُوبِهِمْ وَٱتَّبَعُوٓا۟ أَهْوَآءَهُمْ ﴿١٦﴾

17. А оние кои се упатуваат... Он им го зголемува Патоказот и им ја сјакнува нивната богобојазливост.

وَٱلَّذِينَ ٱهْتَدَوْا۟ زَادَهُمْ هُدًى وَءَاتَىٰهُمْ تَقْوَىٰهُمْ ﴿١٧﴾

18. Очекуваат ли, тогаш, да им дојде Часот одненадеж? Им дојдоа, секако, предзнаците не-

فَهَلْ يَنظُرُونَ إِلَّا ٱلسَّاعَةَ أَن تَأْتِيَهُم بَغْتَةً ۖ فَقَدْ جَآءَ أَشْرَاطُهَا ۖ فَأَنَّىٰ لَهُمْ إِذَا جَآءَتْهُمْ ذِكْرَىٰهُمْ ﴿١٨﴾

гови. Па, зошто за нив опомена кога веќе тие им дојдоа?

فَٱعْلَمْ أَنَّهُۥ لَآ إِلَٰهَ إِلَّا ٱللَّهُ وَٱسْتَغْفِرْ لِذَنۢبِكَ وَلِلْمُؤْمِنِينَ وَٱلْمُؤْمِنَٰتِ ۗ وَٱللَّهُ يَعْلَمُ مُتَقَلَّبَكُمْ وَمَثْوَىٰكُمْ ﴿١٩﴾

19. Тогаш знај дека, навистина, нема друг бог освен Него, и бараj прошка за гревовите твои: за верниците и за верничките. Аллах ги знае каде се прибежиштата ваши и престојувалиштата ваши.

وَيَقُولُ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ لَوْلَا نُزِّلَتْ سُورَةٌ ۖ فَإِذَآ أُنزِلَتْ سُورَةٌ مُّحْكَمَةٌ وَذُكِرَ فِيهَا ٱلْقِتَالُ ۙ رَأَيْتَ ٱلَّذِينَ فِى قُلُوبِهِم مَّرَضٌ يَنظُرُونَ إِلَيْكَ نَظَرَ ٱلْمَغْشِىِّ عَلَيْهِ مِنَ ٱلْمَوْتِ ۖ فَأَوْلَىٰ لَهُمْ ﴿٢٠﴾

20. Верниците зборуваат: "Зошто не е објавена сура?" Па, кога ќе им се објави една сура потсилена и кога во неа ќе се спомене борба ќе ги здогледаш оние во чии срца има болештина како во тебе гледаат со опул, како пред смрт соборен. А за нив е подобра

طَاعَةٌ وَقَوْلٌ مَّعْرُوفٌ ۚ فَإِذَا عَزَمَ ٱلْأَمْرُ ۚ فَلَوْ صَدَقُوا۟ ٱللَّهَ لَكَانَ خَيْرًا لَّهُمْ ﴿٢١﴾

21. послушноста и говорот познат. Па, кога веќе наредбата е донесена за нив ќе биде подобро, навистина, да се искрени кон Аллах.

فَهَلْ عَسَيْتُمْ إِن تَوَلَّيْتُمْ أَن تُفْسِدُوا۟ فِى ٱلْأَرْضِ وَتُقَطِّعُوٓا۟ أَرْحَامَكُمْ ﴿٢٢﴾

22. Ако вие, според тоа, ја дофатите моќта, нема ли да сеете безредие по земјата и нема ли да ги прекинете роднинските врски ваши?

أُو۟لَٰٓئِكَ ٱلَّذِينَ لَعَنَهُمُ ٱللَّهُ فَأَصَمَّهُمْ وَأَعْمَىٰٓ أَبْصَٰرَهُمْ ﴿٢٣﴾

23. Тоа се оние кои Аллах ги проколна, и ги оглувна, и ги онеми и ги ослепи.

أَفَلَا يَتَدَبَّرُونَ ٱلْقُرْءَانَ أَمْ عَلَىٰ قُلُوبٍ أَقْفَالُهَآ ﴿٢٤﴾

24. Не размислуваат ли за Кур'анот или, пак, има катанци врз срцата?

إِنَّ ٱلَّذِينَ ٱرْتَدُّوا۟ عَلَىٰٓ أَدْبَـٰرِهِم
مِّنۢ بَعْدِ مَا تَبَيَّنَ لَهُمُ ٱلْهُدَى ۙ
ٱلشَّيْطَـٰنُ سَوَّلَ لَهُمْ وَأَمْلَىٰ لَهُمْ ﴿٢٥﴾

25. Оние кои, навистина, ги свртија плеќите свои од Патоказот, што им беше објаснет, Шејтанот ги обезличуваше и ги обезнадуваше.

ذَٰلِكَ بِأَنَّهُمْ قَالُوا۟ لِلَّذِينَ كَرِهُوا۟ مَا نَزَّلَ
ٱللَّهُ سَنُطِيعُكُمْ فِى بَعْضِ ٱلْأَمْرِ ۖ وَٱللَّهُ
يَعْلَمُ إِسْرَارَهُمْ ﴿٢٦﴾

26. Ете, тоа, секако, е заради она што им го зборуваа на оние кои го презираа она што Аллах го објави: "Ќе бидеме послушни кон некои наредби ваши!" Аллах ги знае тајните нивни!

فَكَيْفَ إِذَا تَوَفَّتْهُمُ ٱلْمَلَـٰٓئِكَةُ يَضْرِبُونَ
وُجُوهَهُمْ وَأَدْبَـٰرَهُمْ ﴿٢٧﴾

27. Па, што ќе биде кога мелеките ќе ги усмртуваат, мавајќи ги по лицата нивни и по плеќите нивни?

ذَٰلِكَ بِأَنَّهُمُ ٱتَّبَعُوا۟ مَآ أَسْخَطَ ٱللَّهَ
وَكَرِهُوا۟ رِضْوَٰنَهُۥ فَأَحْبَطَ أَعْمَـٰلَهُمْ ﴿٢٨﴾

28. Ете, тоа е поради тоа што го следеа она што ја предизвикува лутината Аллахова, и поради тоа што го презираа задоволството Негово. Па, ете пропаднаа делата нивни!

أَمْ حَسِبَ ٱلَّذِينَ فِى قُلُوبِهِم مَّرَضٌ
أَن لَّن يُخْرِجَ ٱللَّهُ أَضْغَـٰنَهُمْ ﴿٢٩﴾

29. Или: мислат ли оние кои имаат болештина во срцата свои дека Аллах никогаш не ќе ги изнесе одвратностите нивни?

وَلَوْ نَشَآءُ لَأَرَيْنَـٰكَهُمْ فَلَعَرَفْتَهُم بِسِيمَـٰهُمْ ۚ
وَلَتَعْرِفَنَّهُمْ فِى لَحْنِ ٱلْقَوْلِ ۚ وَٱللَّهُ يَعْلَمُ أَعْمَـٰلَكُمْ ﴿٣٠﴾

30. А да посакавме Ние сигурно ќе ги понижевме, па ќе ги препознаевте по изгледите нивни, и ќе ги препознаевте, сигурно, по гласот на говорот. А Аллах ги знае делата ваши!

وَلَنَبْلُوَنَّكُمْ حَتَّىٰ نَعْلَمَ ٱلْمُجَـٰهِدِينَ مِنكُمْ وَٱلصَّـٰبِرِينَ

31. Ќе ве испробаме, сигурно, сè додека ги препознаеме бор-

ците меѓу вас, и трпеливите, и ќе ги провериме вестите за вас!

وَنَبْلُوَا۟ أَخْبَارَكُمْ ﴿٣١﴾

32. Да, оние кои не веруваат и кои одвраќаат од Аллаховиот пат, и кои се оддалечуваат од пејгамберот, за нив, по објаснетиот Патоказ... не ќе му наштетат на Аллах во ништо и Он ќе ги поништи делата нивни!

إِنَّ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ وَصَدُّوا۟ عَن سَبِيلِ ٱللَّهِ وَشَآقُّوا۟ ٱلرَّسُولَ مِنۢ بَعْدِ مَا تَبَيَّنَ لَهُمُ ٱلْهُدَىٰ لَن يَضُرُّوا۟ ٱللَّهَ شَيْـًٔا وَسَيُحْبِطُ أَعْمَٰلَهُمْ ﴿٣٢﴾

33.О верници, бидете послушни и на Аллах и на пејгамберот Негов и не обезвреднувајте ги делата ваши!

۞ يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓا۟ أَطِيعُوا۟ ٱللَّهَ وَأَطِيعُوا۟ ٱلرَّسُولَ وَلَا تُبْطِلُوٓا۟ أَعْمَٰلَكُمْ ﴿٣٣﴾

34. Да, оние кои не веруваат и кои одвраќаат од Аллаховиот пат а потоа ќе умрат, и уште се неверници... Аллах никогаш нема да им прости.

إِنَّ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ وَصَدُّوا۟ عَن سَبِيلِ ٱللَّهِ ثُمَّ مَاتُوا۟ وَهُمْ كُفَّارٌ فَلَن يَغْفِرَ ٱللَّهُ لَهُمْ ﴿٣٤﴾

35. И не попуштајте, и кон примирје не повикувајте! Па, вие сте посилни: Аллах е со вас; Он не ќе ви наштети за делата ваши!

فَلَا تَهِنُوا۟ وَتَدْعُوٓا۟ إِلَى ٱلسَّلْمِ وَأَنتُمُ ٱلْأَعْلَوْنَ وَٱللَّهُ مَعَكُمْ وَلَن يَتِرَكُمْ أَعْمَٰلَكُمْ ﴿٣٥﴾

36. Животот на овој свет, навистина, е само игра и забава. Ако верувате и ако сте богобојазливи ќе ви дојде наградата ваша и не ќе бидете прашани за имотот ваш.

إِنَّمَا ٱلْحَيَوٰةُ ٱلدُّنْيَا لَعِبٌ وَلَهْوٌ ۚ وَإِن تُؤْمِنُوا۟ وَتَتَّقُوا۟ يُؤْتِكُمْ أُجُورَكُمْ وَلَا يَسْـَٔلْكُمْ أَمْوَٰلَكُمْ ﴿٣٦﴾

37. А ако, пак, Он од вас ги бара и ако е кон вас настојчив,

إِن يَسْـَٔلْكُمُوهَا فَيُحْفِكُمْ

ќе станете шкржави и Он ќе ги изнесе омразите ваши.

38. Ете, вие сте тие кои се повикувате да трошите на Аллаховиот пат. А меѓу вас има и кои скржават. А оној кој скржави... та, против себеси скржави. Аллах е Богат а вие сте сиромашни. А ако ги свртите плеќите Он ќе ве замени со друг народ кој не ќе биде вам сличен!

فَيُبْخِلْكُمْ وَيُخْرِجْ أَضْغَٰنَكُمْ ﴿٣٧﴾

هَٰٓأَنتُمْ هَٰٓؤُلَآءِ تُدْعَوْنَ لِتُنفِقُوا۟ فِى سَبِيلِ ٱللَّهِ
فَمِنكُم مَّن يَبْخَلُ ۖ وَمَن يَبْخَلْ فَإِنَّمَا يَبْخَلُ
عَن نَّفْسِهِۦ ۚ وَٱللَّهُ ٱلْغَنِىُّ وَأَنتُمُ ٱلْفُقَرَآءُ ۚ
وَإِن تَتَوَلَّوْا۟ يَسْتَبْدِلْ قَوْمًا غَيْرَكُمْ
ثُمَّ لَا يَكُونُوٓا۟ أَمْثَٰلَكُم ﴿٣٨﴾

ЕЛ-ФЕТХ (Победа) XLVIII

سُورَةُ الفَتْحِ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Ние, навистина, ќе ти дадеме за да извојуваш победа јасна,

إِنَّا فَتَحْنَا لَكَ فَتْحًا مُّبِينًا ﴿١﴾

2. за Аллах да ти ги прости оние гревови што ги направи и оние што ќе ги направиш, и за да го надополни благодатот негов кон тебе, и за да те упати по патот вистински.

لِّيَغْفِرَ لَكَ ٱللَّهُ مَا تَقَدَّمَ مِن ذَنۢبِكَ وَمَا تَأَخَّرَ
وَيُتِمَّ نِعْمَتَهُۥ عَلَيْكَ وَيَهْدِيَكَ صِرَٰطًا مُّسْتَقِيمًا ﴿٢﴾

3. И Аллах ќе те потпомогне со помошта силна.

وَيَنصُرَكَ ٱللَّهُ نَصْرًا عَزِيزًا ﴿٣﴾

4. Он е Оној кој спушта смирна во срцата на верниците за да го зголемат верувањето со верувањето свое. Војските на небесата и на Земјата се - Аллахови! Аллах, секако, е Зналец и Мудар!

هُوَ ٱلَّذِىٓ أَنزَلَ ٱلسَّكِينَةَ فِى قُلُوبِ ٱلْمُؤْمِنِينَ لِيَزْدَادُوٓا۟
إِيمَٰنًا مَّعَ إِيمَٰنِهِمْ ۗ وَلِلَّهِ جُنُودُ ٱلسَّمَٰوَٰتِ
وَٱلْأَرْضِ ۚ وَكَانَ ٱللَّهُ عَلِيمًا حَكِيمًا ﴿٤﴾

5. И за Он да ги воведе верниците и верничките во бавчите џеннетски низ кои реки течат, и во нив за навек да останат, и за да ги отстрани од нив грешките нивни. Тоа кај Аллах, секако, е победа голема!

لِّيُدْخِلَ ٱلْمُؤْمِنِينَ وَٱلْمُؤْمِنَٰتِ جَنَّٰتٍ تَجْرِى مِن تَحْتِهَا ٱلْأَنْهَٰرُ خَٰلِدِينَ فِيهَا وَيُكَفِّرَ عَنْهُمْ سَيِّـَٔاتِهِمْ ۚ وَكَانَ ذَٰلِكَ عِندَ ٱللَّهِ فَوْزًا عَظِيمًا ﴿٥﴾

6. И за Он да ги казни дволичните, било мажи било жени, многубошците и многубошките, кои за Аллах лошо мислат... Нека им се врати злото! Аллах се налути на нив, ги проколна и им го подготви Џехеннемот. Е, само колку лошо свратилиште е тоа!

وَيُعَذِّبَ ٱلْمُنَٰفِقِينَ وَٱلْمُنَٰفِقَٰتِ وَٱلْمُشْرِكِينَ وَٱلْمُشْرِكَٰتِ ٱلظَّآنِّينَ بِٱللَّهِ ظَنَّ ٱلسَّوْءِ ۚ عَلَيْهِمْ دَآئِرَةُ ٱلسَّوْءِ ۖ وَغَضِبَ ٱللَّهُ عَلَيْهِمْ وَلَعَنَهُمْ وَأَعَدَّ لَهُمْ جَهَنَّمَ ۖ وَسَآءَتْ مَصِيرًا ﴿٦﴾

7. Војските и на небесата и на Земјата се - Аллахови! Аллах, навистина, е Силен и Мудар!

وَلِلَّهِ جُنُودُ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ ۚ وَكَانَ ٱللَّهُ عَزِيزًا حَكِيمًا ﴿٧﴾

8. Ние те испративме, навистина, да бидеш и сведок, и радосник и опоменувач,

إِنَّآ أَرْسَلْنَٰكَ شَٰهِدًا وَمُبَشِّرًا وَنَذِيرًا ﴿٨﴾

9. за да веруваат во Аллах и во пејгамберот Негов, за да го помогнете, за да Го осознаете достоинството Негово, и за да Го величате и наутро и навечер!

لِّتُؤْمِنُوا۟ بِٱللَّهِ وَرَسُولِهِۦ وَتُعَزِّرُوهُ وَتُوَقِّرُوهُ وَتُسَبِّحُوهُ بُكْرَةً وَأَصِيلًا ﴿٩﴾

10. Оние кои, секако, ти полагаат заклетва, полагаат заклетва и на Аллах: Раката Аллахова е над рацете нивни. Па, оној кој ќе ја прекрши заклетвата, за себеси ја прекршува. А оној што ќе го исполни она што Му го ветил на

إِنَّ ٱلَّذِينَ يُبَايِعُونَكَ إِنَّمَا يُبَايِعُونَ ٱللَّهَ ۚ يَدُ ٱللَّهِ فَوْقَ أَيْدِيهِمْ ۚ فَمَن نَّكَثَ فَإِنَّمَا يَنكُثُ عَلَىٰ نَفْسِهِۦ ۖ وَمَنْ أَوْفَىٰ بِمَا عَٰهَدَ عَلَيْهُ ٱللَّهَ فَسَيُؤْتِيهِ أَجْرًا عَظِيمًا ﴿١٠﴾

Аллах... па, ќе му се даде награда голема!

سَيَقُولُ لَكَ ٱلْمُخَلَّفُونَ مِنَ ٱلْأَعْرَابِ شَغَلَتْنَآ أَمْوَٰلُنَا وَأَهْلُونَا فَٱسْتَغْفِرْ لَنَا ۚ يَقُولُونَ بِأَلْسِنَتِهِم مَّا لَيْسَ فِى قُلُوبِهِمْ ۚ قُلْ فَمَن يَمْلِكُ لَكُم مِّنَ ٱللَّهِ شَيْـًٔا إِنْ أَرَادَ بِكُمْ ضَرًّا أَوْ أَرَادَ بِكُمْ نَفْعًا ۚ بَلْ كَانَ ٱللَّهُ بِمَا تَعْمَلُونَ خَبِيرًا ﴿١١﴾

11. Бедуините кои изостанаа ќе ти зборуваат: "И имотот наш, и семејствата наши, не обзедоа... па, затоа побарај прошка за нас!" Со јазиците свои го зборуваат она што не е во срцата нивни. Кажи: "Па, кој во нешто ќе ве заштити од Аллах ако Он ви посака штета или ако ви посака корист? Но, Аллах е Известен за она што го работите!

بَلْ ظَنَنتُمْ أَن لَّن يَنقَلِبَ ٱلرَّسُولُ وَٱلْمُؤْمِنُونَ إِلَىٰٓ أَهْلِيهِمْ أَبَدًا وَزُيِّنَ ذَٰلِكَ فِى قُلُوبِكُمْ وَظَنَنتُمْ ظَنَّ ٱلسَّوْءِ وَكُنتُمْ قَوْمًۢا بُورًا ﴿١٢﴾

12. Но, не! Вие помислувате дека пејгамберот и верниците никогаш не ќе им се вратат на семејствата свои и ете, тоа, ви се разубавуваше во срцата ваши. И замислувавте зли мисли и бевте народ расипнички!

وَمَن لَّمْ يُؤْمِنۢ بِٱللَّهِ وَرَسُولِهِۦ فَإِنَّآ أَعْتَدْنَا لِلْكَٰفِرِينَ سَعِيرًا ﴿١٣﴾

13. Оној кој не верува во Аллах и во пејгамберот Негов... па, Ние, навистина, за неверниците оган подготвивме!

وَلِلَّهِ مُلْكُ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ ۚ يَغْفِرُ لِمَن يَشَآءُ وَيُعَذِّبُ مَن يَشَآءُ ۚ وَكَانَ ٱللَّهُ غَفُورًا رَّحِيمًا ﴿١٤﴾

14. Власта и на небсата и на Земјата е - Аллахова! Он простува кому сака и Он казнува кого сака. Аллах, секако, е Простувач и Сомилосен!

سَيَقُولُ ٱلْمُخَلَّفُونَ إِذَا ٱنطَلَقْتُمْ إِلَىٰ مَغَانِمَ لِتَأْخُذُوهَا ذَرُونَا نَتَّبِعْكُمْ ۖ يُرِيدُونَ أَن يُبَدِّلُوا۟ كَلَٰمَ ٱللَّهِ ۚ قُل لَّن تَتَّبِعُونَا كَذَٰلِكُمْ

15. Оние што заостанаа, кога ќе тргнете по пленот за да го грабнете, ќе речат: "Оставете нè да ве следиме." Сакаат да го изменат Говорот Аллахов. Кажи:

"Никогаш не ќе не следите: тоа порано Аллах ви го кажуваше!" Па, тие ќе речат: "Но, вие ни завидувате." Но, само малкумина сфаќаат!

قَالَ اللَّهُ مِن قَبْلُ ۖ فَسَيَقُولُونَ بَلْ تَحْسُدُونَنَا ۚ بَلْ كَانُوا لَا يَفْقَهُونَ إِلَّا قَلِيلًا ﴿١٥﴾

16. Кажи им на бедуините што заостанаа: "Ќе бидете повикани против народот кој поседува моќ и сила; ќе се борите ли против нив или, пак, ќе ги потчините? Па, ако бидете послушни... Аллах ќе ви даде награда убава, а ако,пак, ги вртат плеќите, како што вие ги вртевте плеќите порано, Он ќе ве казни со казна болна.

قُل لِّلْمُخَلَّفِينَ مِنَ الْأَعْرَابِ سَتُدْعَوْنَ إِلَىٰ قَوْمٍ أُولِي بَأْسٍ شَدِيدٍ تُقَاتِلُونَهُمْ أَوْ يُسْلِمُونَ ۖ فَإِن تُطِيعُوا يُؤْتِكُمُ اللَّهُ أَجْرًا حَسَنًا ۖ وَإِن تَتَوَلَّوْا كَمَا تَوَلَّيْتُم مِّن قَبْلُ يُعَذِّبْكُمْ عَذَابًا أَلِيمًا ﴿١٦﴾

17. Нема грев за слепиот, нема грев ни за бушавиот, нема грев ни за болниот... Оној кој е послушен и на Аллах и на пејгамберот Негов... Он ќе ги воведе во бавчите џеннетски низ кои реки течат... А оној кој ќе ги сврти плеќите... Он ќе го казни со казна болна.

لَّيْسَ عَلَى الْأَعْمَىٰ حَرَجٌ وَلَا عَلَى الْأَعْرَجِ حَرَجٌ وَلَا عَلَى الْمَرِيضِ حَرَجٌ ۗ وَمَن يُطِعِ اللَّهَ وَرَسُولَهُ يُدْخِلْهُ جَنَّاتٍ تَجْرِي مِن تَحْتِهَا الْأَنْهَارُ ۖ وَمَن يَتَوَلَّ يُعَذِّبْهُ عَذَابًا أَلِيمًا ﴿١٧﴾

18. Аллах, секако, беше задоволен од верниците кога ти положија заклетва под стеблото, и тогаш Он знаеше што е во срцата нивни и им спушти смирна, и Он ги награди со победа блиска,

۞ لَّقَدْ رَضِيَ اللَّهُ عَنِ الْمُؤْمِنِينَ إِذْ يُبَايِعُونَكَ تَحْتَ الشَّجَرَةِ فَعَلِمَ مَا فِي قُلُوبِهِمْ فَأَنزَلَ السَّكِينَةَ عَلَيْهِمْ وَأَثَابَهُمْ فَتْحًا قَرِيبًا ﴿١٨﴾

19. и со разновиден плен што го заробија. Аллах, секако, е Силен и Мудар!

وَمَغَانِمَ كَثِيرَةً يَأْخُذُونَهَا ۗ وَكَانَ اللَّهُ عَزِيزًا حَكِيمًا ﴿١٩﴾

20. Аллах ви вети разновиден плен што го заробивте. Но, Он побрза со тоа за вас, а рацете на луѓето ги допре во врска со вас, за тоа да биде знамение за верниците и за да ве упати по патот вистински,

وَعَدَكُمُ ٱللَّهُ مَغَانِمَ كَثِيرَةً تَأْخُذُونَهَا فَعَجَّلَ لَكُمْ هَٰذِهِۦ وَكَفَّ أَيْدِىَ ٱلنَّاسِ عَنكُمْ وَلِتَكُونَ ءَايَةً لِّلْمُؤْمِنِينَ وَيَهْدِيَكُمْ صِرَٰطًا مُّسْتَقِيمًا ﴿٢٠﴾

21. и други, кои не бевте кадри да го заробете, но, Аллах, секако, го опфати. Аллах, навистина, е Кадар за сè!

وَأُخْرَىٰ لَمْ تَقْدِرُوا۟ عَلَيْهَا قَدْ أَحَاطَ ٱللَّهُ بِهَا ۚ وَكَانَ ٱللَّهُ عَلَىٰ كُلِّ شَىْءٍ قَدِيرًا ﴿٢١﴾

22. А да се бореа против вас неверниците ќе ги свртеа плеќите, сигурно! Потоа не ќе најдеа ни пријател ни поддржник!

وَلَوْ قَٰتَلَكُمُ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ لَوَلَّوُا۟ ٱلْأَدْبَٰرَ ثُمَّ لَا يَجِدُونَ وَلِيًّا وَلَا نَصِيرًا ﴿٢٢﴾

23. Праксата Аллахова беше и порано... И ти никогаш не ќе најдеш во праксата Аллахова измена.

سُنَّةَ ٱللَّهِ ٱلَّتِى قَدْ خَلَتْ مِن قَبْلُ ۖ وَلَن تَجِدَ لِسُنَّةِ ٱللَّهِ تَبْدِيلًا ﴿٢٣﴾

24. Он е Оној кој ги задржа рацете нивни во врска со вас, и рацете ваши во врска со нив, во срцето на Мекка, по победата ваша врз нив која Он ви ја даде. Аллах, навистина, го гледа она што го работите!

وَهُوَ ٱلَّذِى كَفَّ أَيْدِيَهُمْ عَنكُمْ وَأَيْدِيَكُمْ عَنْهُم بِبَطْنِ مَكَّةَ مِنۢ بَعْدِ أَنْ أَظْفَرَكُمْ عَلَيْهِمْ ۚ وَكَانَ ٱللَّهُ بِمَا تَعْمَلُونَ بَصِيرًا ﴿٢٤﴾

25. Оние се, токму, неверниците, и оние кои ве одвраќаа од Месџидул Харам, и ги одвраќаат курбаните жртвувани да стигнат до местата нивни. А да не беа мажи верници и жени вернички,

هُمُ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ وَصَدُّوكُمْ عَنِ ٱلْمَسْجِدِ ٱلْحَرَامِ وَٱلْهَدْىَ مَعْكُوفًا أَن يَبْلُغَ مَحِلَّهُۥ ۚ وَلَوْلَا رِجَالٌ مُّؤْمِنُونَ وَنِسَآءٌ مُّؤْمِنَٰتٌ لَّمْ تَعْلَمُوهُمْ أَن تَطَـُٔوهُمْ فَتُصِيبَكُم مِّنْهُم مَّعَرَّةٌۢ بِغَيْرِ عِلْمٍ ۖ لِّيُدْخِلَ ٱللَّهُ

кои вие не ги познававте... ќе ги потисневте и ќе ви се случеше од нив, без да знаете, злосторство - ете, за Аллах да воведе во милоста Своја кого сака. А тие луѓе да се одделеа Ние сигурно ќе ги казневме со казна болна... оние кои не веруваа.

فِي رَحْمَتِهِۦ مَن يَشَآءُ ۚ لَوْ تَزَيَّلُوا۟ لَعَذَّبْنَا ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ مِنْهُمْ عَذَابًا أَلِيمًا ﴿٢٥﴾

26. Кога неверниците ги исполниja срцата свои со ревност, ревност џахилиетска, Аллах, тогаш, ја спушти смирната Своја врз пејгамберот Свој и врз верниците. И го обврза зборот на богобојазливоста, и беа подостојни и поблиски до Зборот Негов. Аллах, секако, знае сè!

إِذْ جَعَلَ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ فِى قُلُوبِهِمُ ٱلْحَمِيَّةَ حَمِيَّةَ ٱلْجَٰهِلِيَّةِ فَأَنزَلَ ٱللَّهُ سَكِينَتَهُۥ عَلَىٰ رَسُولِهِۦ وَعَلَى ٱلْمُؤْمِنِينَ وَأَلْزَمَهُمْ كَلِمَةَ ٱلتَّقْوَىٰ ۖ وَكَانُوٓا۟ أَحَقَّ بِهَا وَأَهْلَهَا ۚ وَكَانَ ٱللَّهُ بِكُلِّ شَىْءٍ عَلِيمًا ﴿٢٦﴾

27. Аллах, навистина, ќе го оствари вистински сонот на пејгамберот Свој, за да влезете во Месџидул Харам, ако Аллах посака, безбедни, со потстрижени коси и избричани, не плашејќи се . Па, Он го знаеше она што не го знаевте и, освен тоа, одреди победа блиска.

لَّقَدْ صَدَقَ ٱللَّهُ رَسُولَهُ ٱلرُّءْيَا بِٱلْحَقِّ ۖ لَتَدْخُلُنَّ ٱلْمَسْجِدَ ٱلْحَرَامَ إِن شَآءَ ٱللَّهُ ءَامِنِينَ مُحَلِّقِينَ رُءُوسَكُمْ وَمُقَصِّرِينَ لَا تَخَافُونَ ۖ فَعَلِمَ مَا لَمْ تَعْلَمُوا۟ فَجَعَلَ مِن دُونِ ذَٰلِكَ فَتْحًا قَرِيبًا ﴿٢٧﴾

28. Он е Оној кој го испрати пејгамберот Свој со Патоказ, и со вера вистинска за да ја изрази над сите вери. Аллах е Доволен за̀ Сведок!

هُوَ ٱلَّذِىٓ أَرْسَلَ رَسُولَهُۥ بِٱلْهُدَىٰ وَدِينِ ٱلْحَقِّ لِيُظْهِرَهُۥ عَلَى ٱلدِّينِ كُلِّهِۦ ۚ وَكَفَىٰ بِٱللَّهِ شَهِيدًا ﴿٢٨﴾

29. Мухаммед е Аллахов пејгамбер. А оние кои се со него се строги кон неверниците, а

مُّحَمَّدٌ رَّسُولُ ٱللَّهِ ۚ وَٱلَّذِينَ مَعَهُۥٓ أَشِدَّآءُ عَلَى ٱلْكُفَّارِ رُحَمَآءُ بَيْنَهُمْ تَرَىٰهُمْ رُكَّعًا سُجَّدًا يَبْتَغُونَ فَضْلًا

милостиви еднисодруги. Ги гледаш и на руку' и на сеџде, како ја бараат добрината и задоволството Аллахово. Има белези на лицата нивни од трагите на сеџдето. Ете, таков беше примерот нивни во Теврат и таков беше примерот нивни во Инџил: како семе што ќе ја исфрли кората негова, ќе се зајакне, а потоа ќе се затврди врз стеблото, вчудоневидувајќи го сејачот за да се разлутат со тоа неверниците. А Аллах им вети на оние кои веруваат и кои добри дела работат прошка и награда голема!

مِّنَ ٱللَّهِ وَرِضْوَٰنًا ۖ سِيمَاهُمْ فِى وُجُوهِهِم
مِّنْ أَثَرِ ٱلسُّجُودِ ۚ ذَٰلِكَ مَثَلُهُمْ فِى ٱلتَّوْرَىٰةِ ۚ وَمَثَلُهُمْ
فِى ٱلْإِنجِيلِ كَزَرْعٍ أَخْرَجَ شَطْـَٔهُۥ فَـَٔازَرَهُۥ
فَٱسْتَغْلَظَ فَٱسْتَوَىٰ عَلَىٰ سُوقِهِۦ يُعْجِبُ ٱلزُّرَّاعَ
لِيَغِيظَ بِهِمُ ٱلْكُفَّارَ ۗ وَعَدَ ٱللَّهُ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟
ٱلصَّٰلِحَٰتِ مِنْهُم مَّغْفِرَةً وَأَجْرًا عَظِيمًۢا ﴿٢٩﴾

ЕЛ-ХУЏУРААТ (Соби) XLIX

سُورَةُ الحُجُرَاتِ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. О верници, не брзајте пред Аллах и пред пејгамберот Негов. Плашете се од Аллах. Аллах, навистина, е Слушач и Зналец!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ لَا تُقَدِّمُوا۟ بَيْنَ يَدَىِ ٱللَّهِ
وَرَسُولِهِۦ ۖ وَٱتَّقُوا۟ ٱللَّهَ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ سَمِيعٌ عَلِيمٌ ﴿١﴾

2. О верници, не дигајте ги гласовите ваши пред гласот на пејгамберот и не разговарајте на висок глас пред него како што зборувате на висок глас едни - содруги - зашто ќе се поништат делата ваши а тоа да не го усетите.

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ لَا تَرْفَعُوٓا۟ أَصْوَٰتَكُمْ فَوْقَ صَوْتِ
ٱلنَّبِىِّ وَلَا تَجْهَرُوا۟ لَهُۥ بِٱلْقَوْلِ كَجَهْرِ بَعْضِكُمْ
لِبَعْضٍ أَن تَحْبَطَ أَعْمَٰلُكُمْ وَأَنتُمْ لَا تَشْعُرُونَ ﴿٢﴾

3. Оние кои, навистина, го смалуваат гласот свој кај пе-

إِنَّ ٱلَّذِينَ يَغُضُّونَ أَصْوَٰتَهُمْ عِندَ رَسُولِ ٱللَّهِ

јгамберот Аллахов... оние се чии срца Аллах ги очисти за богобојазливост: за нив има прошка и награда голема.

أُولَٰئِكَ الَّذِينَ امْتَحَنَ اللَّهُ قُلُوبَهُمْ لِلتَّقْوَىٰ ۚ لَهُم مَّغْفِرَةٌ وَأَجْرٌ عَظِيمٌ ﴿٣﴾

4. Оние кои, навистина, те повикуваат зад одаите... мнозинството од нив не сфаќаат.

إِنَّ الَّذِينَ يُنَادُونَكَ مِن وَرَاءِ الْحُجُرَاتِ أَكْثَرُهُمْ لَا يَعْقِلُونَ ﴿٤﴾

5. А да се стрпат, навистина, сè додека не излезеш пред нив, тоа ќе им биде подобро. Аллах е Простувач и Сомилосен!

وَلَوْ أَنَّهُمْ صَبَرُوا حَتَّىٰ تَخْرُجَ إِلَيْهِمْ لَكَانَ خَيْرًا لَّهُمْ ۚ وَاللَّهُ غَفُورٌ رَّحِيمٌ ﴿٥﴾

6. О верници, ако ви дојде несовесен со вест некаква, па разјаснете ја работата, за да не им нанесете зло на луѓето, незнаејќи, за да не се попишманите за она што го направивте.

يَا أَيُّهَا الَّذِينَ آمَنُوا إِن جَاءَكُمْ فَاسِقٌ بِنَبَإٍ فَتَبَيَّنُوا أَن تُصِيبُوا قَوْمًا بِجَهَالَةٍ فَتُصْبِحُوا عَلَىٰ مَا فَعَلْتُمْ نَادِمِينَ ﴿٦﴾

7.Знајте дека меѓу вас, навистина, е Аллаховиот пејгамбер. Кога би ве послушал во многу работи, ќе падневте во пропаст. Но, Аллах ја поттикна љубовта кон верувањето ваше и ви го разубави во срцата ваши, а ви го направи презирно неверувањето, расипасноста и заборавот. Ете, такви се упатените!

وَاعْلَمُوا أَنَّ فِيكُمْ رَسُولَ اللَّهِ ۚ لَوْ يُطِيعُكُمْ فِي كَثِيرٍ مِّنَ الْأَمْرِ لَعَنِتُّمْ وَلَٰكِنَّ اللَّهَ حَبَّبَ إِلَيْكُمُ الْإِيمَانَ وَزَيَّنَهُ فِي قُلُوبِكُمْ وَكَرَّهَ إِلَيْكُمُ الْكُفْرَ وَالْفُسُوقَ وَالْعِصْيَانَ ۚ أُولَٰئِكَ هُمُ الرَّاشِدُونَ ﴿٧﴾

8. Благодат и добрина Аллахова! Аллах е Зналец и Мудар!

فَضْلًا مِّنَ اللَّهِ وَنِعْمَةً ۚ وَاللَّهُ عَلِيمٌ حَكِيمٌ ﴿٨﴾

9. Ако две дружини на верници се судрат, помирете ги ед-

وَإِن طَائِفَتَانِ مِنَ الْمُؤْمِنِينَ اقْتَتَلُوا فَأَصْلِحُوا

нисодруги. Ако едната од нив ѝ направи насилство на другата, па борете се против онаа која направи насилство сè додека не пристигне наредбата Аллахова. Па, ако пристане, помирете ги еднисодруги, праведно, и држете ја рамнотежата! Аллах, навистина, ги љуби оние кои судат праведно!

بَيْنَهُمَا ۖ فَإِنۢ بَغَتْ إِحْدَىٰهُمَا عَلَى ٱلْأُخْرَىٰ فَقَٰتِلُوا۟ ٱلَّتِى تَبْغِى حَتَّىٰ تَفِىٓءَ إِلَىٰٓ أَمْرِ ٱللَّهِ ۚ فَإِن فَآءَتْ فَأَصْلِحُوا۟ بَيْنَهُمَا بِٱلْعَدْلِ وَأَقْسِطُوٓا۟ ۖ إِنَّ ٱللَّهَ يُحِبُّ ٱلْمُقْسِطِينَ ﴿٩﴾

10. Верниците, навистина, се браќа... па, тогаш, помирете ги браќата ваши. Плашете се од Аллах за да ви се смилува!

إِنَّمَا ٱلْمُؤْمِنُونَ إِخْوَةٌ فَأَصْلِحُوا۟ بَيْنَ أَخَوَيْكُمْ ۚ وَٱتَّقُوا۟ ٱللَّهَ لَعَلَّكُمْ تُرْحَمُونَ ﴿١٠﴾

11. О верници, мажите еднисодруги нека не се потценуваат, можеби едните се подобри од другите, а и жените нека не се потценуваат еднисодруги, можеби едните се подобри од другите. Не грдете се самите себеси и не надевајте надимоци лоши еднинадруги. Е, само колку е лоша расипаноста по верувањето! А оние кои не ќе се покајат - та, зулумќари се!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ لَا يَسْخَرْ قَوْمٌ مِّن قَوْمٍ عَسَىٰٓ أَن يَكُونُوا۟ خَيْرًا مِّنْهُمْ وَلَا نِسَآءٌ مِّن نِّسَآءٍ عَسَىٰٓ أَن يَكُنَّ خَيْرًا مِّنْهُنَّ ۖ وَلَا تَلْمِزُوٓا۟ أَنفُسَكُمْ وَلَا تَنَابَزُوا۟ بِٱلْأَلْقَٰبِ ۖ بِئْسَ ٱلِٱسْمُ ٱلْفُسُوقُ بَعْدَ ٱلْإِيمَٰنِ ۚ وَمَن لَّمْ يَتُبْ فَأُو۟لَٰٓئِكَ هُمُ ٱلظَّٰلِمُونَ ﴿١١﴾

12. О верници, избегнувајте ги сомневањата многу; некои сомневања, навистина, се грев. Не испитувајте се и не озборувајте се еднисодруги. Посакува ли некој од вас да го јаде месото од брат му, мртов! Е, само колку е одбојно тоа! Плашете се од Аллах! Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ ٱجْتَنِبُوا۟ كَثِيرًا مِّنَ ٱلظَّنِّ إِنَّ بَعْضَ ٱلظَّنِّ إِثْمٌ ۖ وَلَا تَجَسَّسُوا۟ وَلَا يَغْتَب بَّعْضُكُم بَعْضًا ۚ أَيُحِبُّ أَحَدُكُمْ أَن يَأْكُلَ لَحْمَ أَخِيهِ مَيْتًا فَكَرِهْتُمُوهُ ۚ وَٱتَّقُوا۟ ٱللَّهَ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ تَوَّابٌ رَّحِيمٌ ﴿١٢﴾

13. О луѓе, Ние ве создадовме, навистина, од еден маж и од една жена, и Ние одредивме да бидете народи и племиња за да се запознавате. Најблагородниот кај Аллах, секако, е најбогобојазливиот. Аллах, навистина, е Зналец и Известен!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلنَّاسُ إِنَّا خَلَقْنَٰكُم مِّن ذَكَرٍ وَأُنثَىٰ وَجَعَلْنَٰكُمْ شُعُوبًا وَقَبَآئِلَ لِتَعَارَفُوٓا۟ ۚ إِنَّ أَكْرَمَكُمْ عِندَ ٱللَّهِ أَتْقَىٰكُمْ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ عَلِيمٌ خَبِيرٌ ﴿١٣﴾

14. Бедуните велат: "Веруваме!" Кажи: " Не верувате!" Но, кажете: "Ние сме послушни", бидејќи иманот не е влезен во срцата ваши. А ако сте послушни и на Аллах и на пејгамберот, Он не ќе ви скрати ништо од делата ваши. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

قَالَتِ ٱلْأَعْرَابُ ءَامَنَّا ۖ قُل لَّمْ تُؤْمِنُوا۟ وَلَٰكِن قُولُوٓا۟ أَسْلَمْنَا وَلَمَّا يَدْخُلِ ٱلْإِيمَٰنُ فِى قُلُوبِكُمْ ۖ وَإِن تُطِيعُوا۟ ٱللَّهَ وَرَسُولَهُۥ لَا يَلِتْكُم مِّنْ أَعْمَٰلِكُمْ شَيْـًٔا ۚ إِنَّ ٱللَّهَ غَفُورٌ رَّحِيمٌ ﴿١٤﴾

15. Верници се, навистина, оние кои веруваат во Аллах и во пејгамберот Негов и кои, потоа, не се сомневаат, и кои се борат на Аллаховиот пат, и со имотите свои, и со животите свои. Оние, токму, се искрените!

إِنَّمَا ٱلْمُؤْمِنُونَ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ بِٱللَّهِ وَرَسُولِهِۦ ثُمَّ لَمْ يَرْتَابُوا۟ وَجَٰهَدُوا۟ بِأَمْوَٰلِهِمْ وَأَنفُسِهِمْ فِى سَبِيلِ ٱللَّهِ ۚ أُو۟لَٰٓئِكَ هُمُ ٱلصَّٰدِقُونَ ﴿١٥﴾

16. Кажи: "Вие ли ќе го запознавате Аллаха со верата ваша, а Аллах го знае она што е на небесата и на Земјата. Аллах знае сè!"

قُلْ أَتُعَلِّمُونَ ٱللَّهَ بِدِينِكُمْ ۚ وَٱللَّهُ يَعْلَمُ مَا فِى ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَمَا فِى ٱلْأَرْضِ ۚ وَٱللَّهُ بِكُلِّ شَىْءٍ عَلِيمٌ ﴿١٦﴾

17. Покажуваат наклоност кон тебе затоа што станаа мусломани. Кажи: "Не покажувајте наклоност кон мене заради тоа

يَمُنُّونَ عَلَيْكَ أَنْ أَسْلَمُوا۟ ۖ قُل لَّا تَمُنُّوا۟ عَلَىَّ إِسْلَٰمَكُم ۖ بَلِ ٱللَّهُ يَمُنُّ عَلَيْكُمْ أَنْ هَدَىٰكُمْ لِلْإِيمَٰنِ إِن كُنتُمْ صَٰدِقِينَ ﴿١٧﴾

што го примивте Исламот. Аллах покажува наклоност кон вас - зашто, ако сте искрени, - ве упати кон иманот.

18. Аллах, секако, ја знае тајната на небесата и на Земјата. Аллах го гледа она што го работите!

إِنَّ ٱللَّهَ يَعْلَمُ غَيْبَ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ ۚ وَٱللَّهُ بَصِيرٌۢ بِمَا تَعْمَلُونَ ﴿١٨﴾

КАФ (Каф) L

سُورَةُ قٓ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Каф! Се колнам во Кур'анот славен.

قٓ ۚ وَٱلْقُرْءَانِ ٱلْمَجِيدِ ﴿١﴾

2. Но, ете се чудат затоа што им дојде еден опоменувач меѓу нив... па, неверниците велат: "Ова е чудна работа!

بَلْ عَجِبُوٓا۟ أَن جَآءَهُم مُّنذِرٌ مِّنْهُمْ فَقَالَ ٱلْكَٰفِرُونَ هَٰذَا شَىْءٌ عَجِيبٌ ﴿٢﴾

3. Зарем кога ќе умреме и кога ќе станеме земја? Ете, тоа враќање е невозможно."

أَءِذَا مِتْنَا وَكُنَّا تُرَابًا ۖ ذَٰلِكَ رَجْعٌۢ بَعِيدٌ ﴿٣﴾

4. Ние знаеме, секако, што ќе им одземе земјата. Кај нас е Книгата што се чува!

قَدْ عَلِمْنَا مَا تَنقُصُ ٱلْأَرْضُ مِنْهُمْ ۖ وَعِندَنَا كِتَٰبٌ حَفِيظٌۢ ﴿٤﴾

5. Но, не! Оние лажат за вистината, бидејќи таа веќе им дојде: токму, сметени се!

بَلْ كَذَّبُوا۟ بِٱلْحَقِّ لَمَّا جَآءَهُمْ فَهُمْ فِىٓ أَمْرٍ مَّرِيجٍ ﴿٥﴾

6. Зошто не гледаат кон небото над нив? Како Ние го подигнавме и како го накитивме и како е без недостаток?

أَفَلَمْ يَنظُرُوٓا۟ إِلَى ٱلسَّمَآءِ فَوْقَهُمْ كَيْفَ بَنَيْنَٰهَا وَزَيَّنَّٰهَا وَمَا لَهَا مِن فُرُوجٍ ﴿٦﴾

وَٱلْأَرْضَ مَدَدْنَٰهَا وَأَلْقَيْنَا فِيهَا رَوَٰسِيَ وَأَنۢبَتْنَا فِيهَا مِن كُلِّ زَوْجٍۭ بَهِيجٍ ﴿٧﴾

7. И Земјата како Ние ја раширивме и како по неа брда расфрлавме, и од неа како да никнат секакви плодови убави,

تَبْصِرَةً وَذِكْرَىٰ لِكُلِّ عَبْدٍ مُّنِيبٍ ﴿٨﴾

8. како очигледност и опомена за секој роб кој се обраќа.

وَنَزَّلْنَا مِنَ ٱلسَّمَآءِ مَآءً مُّبَٰرَكًا فَأَنۢبَتْنَا بِهِۦ جَنَّٰتٍ وَحَبَّ ٱلْحَصِيدِ ﴿٩﴾

9. И од небото Ние спуштивме вода благородна, па со неа даваме да никнат и зеленчуци и жито што се жнее,

وَٱلنَّخْلَ بَاسِقَٰتٍ لَّهَا طَلْعٌ نَّضِيدٌ ﴿١٠﴾

10. и урми високи, во листовите збрани,

رِّزْقًا لِّلْعِبَادِ ۖ وَأَحْيَيْنَا بِهِۦ بَلْدَةً مَّيْتًا ۚ كَذَٰلِكَ ٱلْخُرُوجُ ﴿١١﴾

11. како ‘рск за робовите, и со водата, исто така, Ние го оживуваме мртвиот предел. Ете, такво ќе биде проживувањето!

كَذَّبَتْ قَبْلَهُمْ قَوْمُ نُوحٍ وَأَصْحَٰبُ ٱلرَّسِّ وَثَمُودُ ﴿١٢﴾

12. И пред нив лажеа: и народот на Нух, и жителите на Рес, и на Семуд,

وَعَادٌ وَفِرْعَوْنُ وَإِخْوَٰنُ لُوطٍ ﴿١٣﴾

13. и на Ад, и фараонот и браќата на Лут,

وَأَصْحَٰبُ ٱلْأَيْكَةِ وَقَوْمُ تُبَّعٍ ۚ كُلٌّ كَذَّبَ ٱلرُّسُلَ فَحَقَّ وَعِيدِ ﴿١٤﴾

14. и жителите на Ајка и народот на Туб. Сите тие ги сметаа за лажни пејгамберите... па се овистини ветувањето!

أَفَعَيِينَا بِٱلْخَلْقِ ٱلْأَوَّلِ ۚ بَلْ هُمْ فِى لَبْسٍ مِّنْ خَلْقٍ جَدِيدٍ ﴿١٥﴾

15. Па, се уморивме ли со творењето прво? Но, тоа се оние кои не се начисто со новото создавање!

وَلَقَدْ خَلَقْنَا ٱلْإِنسَٰنَ وَنَعْلَمُ مَا تُوَسْوِسُ بِهِۦ نَفْسُهُۥ ۖ

16. Ние, секако, го создадовме човекот и знаеме што му

шепоти душата. Ние сме му, меѓутоа, поблиску од жилата во грклanot.

وَنَحْنُ أَقْرَبُ إِلَيْهِ مِنْ حَبْلِ الْوَرِيدِ ﴿١٦﴾

17. Кога ќе се сретнат двајца, еден од левата а еден од десната страна, и кога ќе седнат,

إِذْ يَتَلَقَّى الْمُتَلَقِّيَانِ عَنِ الْيَمِينِ وَعَنِ الشِّمَالِ قَعِيدٌ ﴿١٧﴾

18. не ќе прозборат ниеден збор а да при себе нема бдеец, спремен!

مَا يَلْفِظُ مِن قَوْلٍ إِلَّا لَدَيْهِ رَقِيبٌ عَتِيدٌ ﴿١٨﴾

19. Маките смртни ќе дојдат, навистина! Од тоа, ете, не можеш да побегнеш!

وَجَاءَتْ سَكْرَةُ الْمَوْتِ بِالْحَقِّ ذَٰلِكَ مَا كُنتَ مِنْهُ تَحِيدُ ﴿١٩﴾

20. И ќе се дувне во Сурлата! Ете, тоа е Денот ветен!

وَنُفِخَ فِي الصُّورِ ذَٰلِكَ يَوْمُ الْوَعِيدِ ﴿٢٠﴾

21. И секоја душа ќе дојде со нејзин надзорник и сведок!

وَجَاءَتْ كُلُّ نَفْسٍ مَّعَهَا سَائِقٌ وَشَهِيدٌ ﴿٢١﴾

22. Ти беше, секако, невнимателен кон ова, па Ние ја подигнавме завесата пред тебе и опулот твој денес е остар.

لَّقَدْ كُنتَ فِي غَفْلَةٍ مِّنْ هَٰذَا فَكَشَفْنَا عَنكَ غِطَاءَكَ فَبَصَرُكَ الْيَوْمَ حَدِيدٌ ﴿٢٢﴾

23. Другарот негов ќе рече: “ Овој до мене е спремен.

وَقَالَ قَرِينُهُ هَٰذَا مَا لَدَيَّ عَتِيدٌ ﴿٢٣﴾

24. Фрли го во Џеханнемот секој неверник, инаетчија!

أَلْقِيَا فِي جَهَنَّمَ كُلَّ كَفَّارٍ عَنِيدٍ ﴿٢٤﴾

25. Кој добро забрануваше, престапник, сомнителен!

مَّنَّاعٍ لِّلْخَيْرِ مُعْتَدٍ مُّرِيبٍ ﴿٢٥﴾

26. Кој, покрај Аллах, друг бог прифаќаше, - та, фрли го во казната жестока!”

الَّذِي جَعَلَ مَعَ اللَّهِ إِلَٰهًا آخَرَ فَأَلْقِيَاهُ فِي الْعَذَابِ الشَّدِيدِ ﴿٢٦﴾

27. Другарот негов ќе рече: "Господаре наш, не е мое да го присилувам, но тој, секако, беше скршнат во заблуда далечна."

قَالَ قَرِينُهُۥ رَبَّنَا مَآ أَطْغَيْتُهُۥ وَلَٰكِن كَانَ فِى ضَلَٰلٍۭ بَعِيدٍ ﴿٢٧﴾

28. Аллах ќе рече: "Не расправајте се при Мене. Јас ве опоменав, секако, уште од порано,

قَالَ لَا تَخْتَصِمُوا۟ لَدَىَّ وَقَدْ قَدَّمْتُ إِلَيْكُم بِٱلْوَعِيدِ ﴿٢٨﴾

29. кај Мене зборот не се менува и Јас не сум неправеден кон робовите."

مَا يُبَدَّلُ ٱلْقَوْلُ لَدَىَّ وَمَآ أَنَا۠ بِظَلَّٰمٍ لِّلْعَبِيدِ ﴿٢٩﴾

30. Ден во кој ќе му речеме на Џехеннемот: "Се наполни ли?" - а тој ќе рече: "Има ли уште?"

يَوْمَ نَقُولُ لِجَهَنَّمَ هَلِ ٱمْتَلَأْتِ وَتَقُولُ هَلْ مِن مَّزِيدٍ ﴿٣٠﴾

31. И ќе се приближи Џеннетот за богобојазливите, сосем, блиску.

وَأُزْلِفَتِ ٱلْجَنَّةُ لِلْمُتَّقِينَ غَيْرَ بَعِيدٍ ﴿٣١﴾

32. "Ова е, токму, она што ви се ветуваше: за секој покајник и заштитник,

هَٰذَا مَا تُوعَدُونَ لِكُلِّ أَوَّابٍ حَفِيظٍ ﴿٣٢﴾

33. кој се плаши од Милостивиот и во тајност, и кој ќе дојде со срце оддадено.

مَّنْ خَشِىَ ٱلرَّحْمَٰنَ بِٱلْغَيْبِ وَجَآءَ بِقَلْبٍ مُّنِيبٍ ﴿٣٣﴾

34. Влезете во него со селам! Ете, ова е Денот на вечноста!"

ٱدْخُلُوهَا بِسَلَٰمٍ ذَٰلِكَ يَوْمُ ٱلْخُلُودِ ﴿٣٤﴾

35. Во него за нив ќе има сè што ќе посакаат. А кај Нас има и повеќе од тоа!

لَهُم مَّا يَشَآءُونَ فِيهَا وَلَدَيْنَا مَزِيدٌ ﴿٣٥﴾

36. И колку поколенија Ние пред нив уништивме, кои беа посилни од нив, и кои талкаа по

وَكَمْ أَهْلَكْنَا قَبْلَهُم مِّن قَرْنٍ هُمْ أَشَدُّ مِنْهُم بَطْشًا فَنَقَّبُوا۟ فِى ٱلْبِلَٰدِ هَلْ مِن مَّحِيصٍ ﴿٣٦﴾

земјите! Има ли каде да се скријат?

37. Во тоа, навистина, има опомена за оној кој има срце, или кој слуша или кој е присутен!

إِنَّ فِي ذَٰلِكَ لَذِكْرَىٰ لِمَن كَانَ لَهُۥ قَلْبٌ أَوْ أَلْقَى ٱلسَّمْعَ وَهُوَ شَهِيدٌ ﴿٣٧﴾

38. Ние ги создадовме, секако, и небесата и Земјата и она што е меѓу нив за шест дена без да нè обзеде замор!

وَلَقَدْ خَلَقْنَا ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضَ وَمَا بَيْنَهُمَا فِي سِتَّةِ أَيَّامٍ وَمَا مَسَّنَا مِن لُّغُوبٍ ﴿٣٨﴾

39. Па, стрпи се за она што го зборуваат и слави Го, заблагодарувајќи се, Господарот твој и пред изгрејсонце и пред зајдисонце.

فَٱصْبِرْ عَلَىٰ مَا يَقُولُونَ وَسَبِّحْ بِحَمْدِ رَبِّكَ قَبْلَ طُلُوعِ ٱلشَّمْسِ وَقَبْلَ ٱلْغُرُوبِ ﴿٣٩﴾

40. И во ноќта величај Го, по паѓањето на сеџде!

وَمِنَ ٱلَّيْلِ فَسَبِّحْهُ وَأَدْبَٰرَ ٱلسُّجُودِ ﴿٤٠﴾

41. И слушни, Денот во кој викачот ќе вика од место блиско;

وَٱسْتَمِعْ يَوْمَ يُنَادِ ٱلْمُنَادِ مِن مَّكَانٍ قَرِيبٍ ﴿٤١﴾

42. Ден во кој ќе го слушаат страшниот глас, вистински! Ете, тоа е Денот на проживувањето!

يَوْمَ يَسْمَعُونَ ٱلصَّيْحَةَ بِٱلْحَقِّ ذَٰلِكَ يَوْمُ ٱلْخُرُوجِ ﴿٤٢﴾

43. Ние, навистина, оживуваме и Ние, навистина, усмртуваме! Свратилиштето е - кон Нас!

إِنَّا نَحْنُ نُحْيِۦ وَنُمِيتُ وَإِلَيْنَا ٱلْمَصِيرُ ﴿٤٣﴾

44. Ден во кој земјата ќе испука и оние ќе излезат, брзајќи. Ете, тоа збирање за Нас е лесно.

يَوْمَ تَشَقَّقُ ٱلْأَرْضُ عَنْهُمْ سِرَاعًا ذَٰلِكَ حَشْرٌ عَلَيْنَا يَسِيرٌ ﴿٤٤﴾

45. Ние најдобро го знаеме она што го зборуваат. Не е твое да

نَّحْنُ أَعْلَمُ بِمَا يَقُولُونَ وَمَآ أَنتَ عَلَيْهِم بِجَبَّارٍ

ги присилуваш. Па, присети го со Кур'анот оној што стравува од ветувањето Мое!

فَذَكِّرْ بِالْقُرْءَانِ مَنْ يَخَافُ وَعِيدِ ﴿٤٥﴾

ЕЗ-ЗАРИЈАТ (Дувачи) LI

سُورَةُ الذَّارِيَاتِ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

1. Се колнам во дувачите кои дуваат,

وَالذَّارِيَاتِ ذَرْوًا ﴿١﴾

2. и во носачите кои носат тешко,

فَالْحَامِلَاتِ وِقْرًا ﴿٢﴾

3. и во пливачите кои пливаат лесно,

فَالْجَارِيَاتِ يُسْرًا ﴿٣﴾

4. и во споделувачите на наредбата дека

فَالْمُقَسِّمَاتِ أَمْرًا ﴿٤﴾

5. она што ти се ветува е - вистина,

إِنَّمَا تُوعَدُونَ لَصَادِقٌ ﴿٥﴾

6. дека ветувањето, секако, ќе се случи!

وَإِنَّ الدِّينَ لَوَاقِعٌ ﴿٦﴾

7.Се колнам во небото, испресечено со покази,

وَالسَّمَاءِ ذَاتِ الْحُبُكِ ﴿٧﴾

8. дека вие, навистина, различно зборувате,

إِنَّكُمْ لَفِي قَوْلٍ مُخْتَلِفٍ ﴿٨﴾

9. и од него се одвраќа оној кој веќе се одвратил!

يُؤْفَكُ عَنْهُ مَنْ أُفِكَ ﴿٩﴾

10. Нека пропаднат лашковците,

قُتِلَ الْخَرَّاصُونَ ﴿١٠﴾

11. кои се вглавени во незнаење, и уште рамнодушни!

أَلَّذِينَ هُمْ فِي غَمْرَةٍ سَاهُونَ ﴿١١﴾

12. Велат: "Кога ќе биде Денот суден?"

يَسْـَٔلُونَ أَيَّانَ يَوْمُ الدِّينِ ﴿١٢﴾

13. Оној Ден кога во огнот ќе се пржат.

يَوْمَ هُمْ عَلَى النَّارِ يُفْتَنُونَ ﴿١٣﴾

14. Вкусете го сплеткарењето ваше. Па, кон ова вие, токму, брзавте да дојдете.

ذُوقُوا فِتْنَتَكُمْ هَٰذَا الَّذِي كُنتُم بِهِۦ تَسْتَعْجِلُونَ ﴿١٤﴾

15. Богобојазливите, навистина, ќе бидат во бавчите џеннетски, меѓу изворите,

إِنَّ الْمُتَّقِينَ فِي جَنَّاتٍ وَعُيُونٍ ﴿١٥﴾

16. и ќе го земаат она што ќе им го рече Господарот нивни. Оние пред тоа беа, навистина, доброчинители,

ءَاخِذِينَ مَآ ءَاتَىٰهُمْ رَبُّهُمْ ۚ إِنَّهُمْ كَانُوا۟ قَبْلَ ذَٰلِكَ مُحْسِنِينَ ﴿١٦﴾

17. само малку во ноќта спиеја,

كَانُوا۟ قَلِيلًا مِّنَ ٱلَّيْلِ مَا يَهْجَعُونَ ﴿١٧﴾

18. и во мугрите, токму, прошка бараа,

وَبِٱلْأَسْحَارِ هُمْ يَسْتَغْفِرُونَ ﴿١٨﴾

19. а во имотите свои, пак, имаше дел и за питачите и за непитачите.

وَفِىٓ أَمْوَٰلِهِمْ حَقٌّ لِّلسَّآئِلِ وَٱلْمَحْرُومِ ﴿١٩﴾

20. А на земјата има знамениja за верниците,

وَفِى ٱلْأَرْضِ ءَايَٰتٌ لِّلْمُوقِنِينَ ﴿٢٠﴾

21. а и во вас самите - не гледате ли?

وَفِىٓ أَنفُسِكُمْ ۚ أَفَلَا تُبْصِرُونَ ﴿٢١﴾

22. И на небото е 'рскот ваш и она што ви се ветува.

وَفِى ٱلسَّمَآءِ رِزْقُكُمْ وَمَا تُوعَدُونَ ﴿٢٢﴾

23. Па, се колнам во Господарот на небесата и на Земјата дека тоа, сигурно, е вистина слична на она што вие, токму, го зборувате!

فَوَرَبِّ ٱلسَّمَآءِ وَٱلْأَرْضِ إِنَّهُۥ لَحَقٌّ مِّثْلَ مَآ أَنَّكُمْ تَنطِقُونَ ﴿٢٣﴾

24. Ти дојде ли кажувањето за почитуваните гости на Ибрахим,

هَلْ أَتَىٰكَ حَدِيثُ ضَيْفِ إِبْرَٰهِيمَ ٱلْمُكْرَمِينَ ﴿٢٤﴾

25. кога влегоа кај него и рекоа: "Селам!" - а тој одговори: "Селам! О луѓе, непознати!"

إِذْ دَخَلُوا۟ عَلَيْهِ فَقَالُوا۟ سَلَٰمًا ۖ قَالَ سَلَٰمٌ ۖ قَوْمٌ مُّنكَرُونَ ﴿٢٥﴾

26. Па, скришно појде кај семејството свое и, ете, дојде со теле здебелено;

فَرَاغَ إِلَىٰٓ أَهْلِهِۦ فَجَآءَ بِعِجْلٍ سَمِينٍ ﴿٢٦﴾

12. Бидете послушни и на Аллах и на пејгамберот Негов! Па, ако ги свртите плеќите... пејгамберот Наш е задолжен само да извести јасно!

13. Аллах! Нема друг бог освен Него! И врз Аллах, тогаш, нека се потпираат верниците!

اَللَّهُ لَآ إِلَٰهَ إِلَّا هُوَ ۚ وَعَلَى اللَّهِ فَلْيَتَوَكَّلِ الْمُؤْمِنُونَ ﴿١٣﴾

14. О верници, меѓу жените ваши и меѓу децата ваши имате непријатели. Внимавајте, тогаш! А ако, пак, ги помилувате и поминете преку тоа и ако им простите... та, Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

يَٰٓأَيُّهَا الَّذِينَ ءَامَنُوٓا إِنَّ مِنْ أَزْوَٰجِكُمْ وَأَوْلَٰدِكُمْ عَدُوًّا لَّكُمْ فَاحْذَرُوهُمْ ۚ وَإِن تَعْفُوا۟ وَتَصْفَحُوا۟ وَتَغْفِرُوا۟ فَإِنَّ اللَّهَ غَفُورٌ رَّحِيمٌ ﴿١٤﴾

15. И имотите ваши и децата ваши се искушение, навистина! Кај Аллах наградата е најголема!

إِنَّمَآ أَمْوَٰلُكُمْ وَأَوْلَٰدُكُمْ فِتْنَةٌ ۚ وَاللَّهُ عِندَهُۥٓ أَجْرٌ عَظِيمٌ ﴿١٥﴾

16. Плашете се, тогаш, од Аллах! Слушајте онолку колку што можете; бидете послушни и делете добро заради вас самите! А оној кој се чува себеси од лакомост... онаквите, токму, се спасените!

فَٱتَّقُوا۟ اللَّهَ مَا ٱسْتَطَعْتُمْ وَٱسْمَعُوا۟ وَأَطِيعُوا۟ وَأَنفِقُوا۟ خَيْرًا لِّأَنفُسِكُمْ ۗ وَمَن يُوقَ شُحَّ نَفْسِهِۦ فَأُو۟لَٰٓئِكَ هُمُ الْمُفْلِحُونَ ﴿١٦﴾

17. А ако на Аллах Му дадете добар заем, Он ќе ви го удвои и Он ќе ви прости. Аллах е Благодарен и Благ!

إِن تُقْرِضُوا اللَّهَ قَرْضًا حَسَنًا يُضَٰعِفْهُ لَكُمْ وَيَغْفِرْ لَكُمْ ۚ وَاللَّهُ شَكُورٌ حَلِيمٌ ﴿١٧﴾

18. Зналец на тајното и јавното, Силен и Мудар!

عَٰلِمُ الْغَيْبِ وَالشَّهَٰدَةِ الْعَزِيزُ الْحَكِيمُ ﴿١٨﴾

АТ- ТАЛАК (Развод на брак) LXV

سُورَةُ الطَّلَاقِ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

1. О пејгамберу, кога ќе се разведете со жените, разведете ги за време на иддетот нивни и, иддетот нивни, сметајте го. Плашете се од Аллах

يَٰٓأَيُّهَا النَّبِىُّ إِذَا طَلَّقْتُمُ النِّسَآءَ فَطَلِّقُوهُنَّ لِعِدَّتِهِنَّ وَأَحْصُوا۟ الْعِدَّةَ ۖ وَٱتَّقُوا۟ اللَّهَ رَبَّكُمْ ۖ لَا تُخْرِجُوهُنَّ مِنۢ بُيُوتِهِنَّ وَلَا يَخْرُجْنَ

إِلَّآ أَن يَأْتِينَ بِفَٰحِشَةٍ مُّبَيِّنَةٍ ۚ وَتِلْكَ حُدُودُ ٱللَّهِ ۚ وَمَن يَتَعَدَ حُدُودَ ٱللَّهِ فَقَدْ ظَلَمَ نَفْسَهُۥ ۚ لَا تَدْرِى لَعَلَّ ٱللَّهَ يُحْدِثُ بَعْدَ ذَٰلِكَ أَمْرًا ﴿١﴾

Господарот ваш. Не истерувајте ги од домовите нивни, а и тие нека не излегиваат; истерувајте ги само тогаш кога ќе направат очигледно срамно дело. Ете, тоа се границите Аллахови, а оној кој ќе ги премине границите Аллахови - тој, секако, себеси зулум ќе си направи. Не знаеш Аллах можеби ќе даде да се случи, по тоа, нешто друго!

فَإِذَا بَلَغْنَ أَجَلَهُنَّ فَأَمْسِكُوهُنَّ بِمَعْرُوفٍ أَوْ فَارِقُوهُنَّ بِمَعْرُوفٍ وَأَشْهِدُوا۟ ذَوَىْ عَدْلٍ مِّنكُمْ وَأَقِيمُوا۟ ٱلشَّهَٰدَةَ لِلَّهِ ۚ ذَٰلِكُمْ يُوعَظُ بِهِۦ مَن كَانَ يُؤْمِنُ بِٱللَّهِ وَٱلْيَوْمِ ٱلْءَاخِرِ ۚ وَمَن يَتَّقِ ٱللَّهَ يَجْعَل لَّهُۥ مَخْرَجًا ﴿٢﴾

2. И кога ќе дојде времето кога треба да се чека, па задржете ги учтиво или, пак, пуштете ги учтиво. И нека дваја, праведни меѓу вас, посведочат! И, заради Аллах сведочењето, извршете го! Ете, со тоа ви се советува: за оној кој верува во Аллах и во Денот суден. А оној кој се плаши од Аллах, Он ќе му изнајде излез!

وَيَرْزُقْهُ مِنْ حَيْثُ لَا يَحْتَسِبُ ۚ وَمَن يَتَوَكَّلْ عَلَى ٱللَّهِ فَهُوَ حَسْبُهُۥ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ بَٰلِغُ أَمْرِهِۦ ۚ قَدْ جَعَلَ ٱللَّهُ لِكُلِّ شَىْءٍ قَدْرًا ﴿٣﴾

3. И Он, исто така, ќе му даде ‘рск од каде што не се надева. А оној кој се потпира врз Аллах - та, Он му е доста. Аллах, навистина, ја изнесува наредбата Своја. За секоја работа Аллах одреди мера.

وَٱلَّٰٓـِٔى يَئِسْنَ مِنَ ٱلْمَحِيضِ مِن نِّسَآئِكُمْ إِنِ ٱرْتَبْتُمْ فَعِدَّتُهُنَّ ثَلَٰثَةُ أَشْهُرٍ ۙ وَٱلَّٰٓـِٔى لَمْ يَحِضْنَ ۚ وَأُو۟لَٰتُ ٱلْأَحْمَالِ أَجَلُهُنَّ أَن يَضَعْنَ حَمْلَهُنَّ ۚ وَمَن يَتَّقِ ٱللَّهَ يَجْعَل لَّهُۥ مِنْ أَمْرِهِۦ يُسْرًا ﴿٤﴾

4. А оние, меѓу жените ваши, кои изгубиле надеж во месечното прање, и ако вие се сомневате, треба да чекаат три месеци. Исто е и за оние кои уште немаат добиено месечно прање. А оние, пак, кои ќе затруднат треба да чекаат сè додека не се породат. А оној кој се

плаши од Аллах Он ќе му олеснии во наредбата Своја!

ذَٰلِكَ أَمْرُ ٱللَّهِ أَنزَلَهُۥٓ إِلَيْكُمْ ۚ وَمَن يَتَّقِ ٱللَّهَ يُكَفِّرْ عَنْهُ سَيِّـَٔاتِهِۦ وَيُعْظِمْ لَهُۥٓ أَجْرًا ﴿٥﴾

5. Ете, тоа е наредбата Аллахова која Он ви ја објавува. А оној кој се плаши од Аллах, ќе му бидат простени гревовите негови и ќе му биде зголемена наградата.

أَسْكِنُوهُنَّ مِنْ حَيْثُ سَكَنتُم مِّن وُجْدِكُمْ وَلَا تُضَآرُّوهُنَّ لِتُضَيِّقُوا۟ عَلَيْهِنَّ ۚ وَإِن كُنَّ أُو۟لَٰتِ حَمْلٍ فَأَنفِقُوا۟ عَلَيْهِنَّ حَتَّىٰ يَضَعْنَ حَمْلَهُنَّ ۚ فَإِنْ أَرْضَعْنَ لَكُمْ فَـَٔاتُوهُنَّ أُجُورَهُنَّ ۖ وَأْتَمِرُوا۟ بَيْنَكُم بِمَعْرُوفٍ ۖ وَإِن تَعَاسَرْتُمْ فَسَتُرْضِعُ لَهُۥٓ أُخْرَىٰ ﴿٦﴾

6. Наредете да живеат таму каде што и вие живеете. Според можноста ваша. И не правете им никаква штета со цел да ги стеснете. А ако се, пак, трудни, тогаш издржувајте ги сè додека не се породат. А ако, пак, ги дојат децата ваши, ред е да им ги дадете подароците нивни. И учтиво однесувајте се едникондруги. А ако, пак, се појават некои недоразбирања, друга жена нека го дои детето!

لِيُنفِقْ ذُو سَعَةٍ مِّن سَعَتِهِۦ ۖ وَمَن قُدِرَ عَلَيْهِ رِزْقُهُۥ فَلْيُنفِقْ مِمَّآ ءَاتَىٰهُ ٱللَّهُ ۚ لَا يُكَلِّفُ ٱللَّهُ نَفْسًا إِلَّا مَآ ءَاتَىٰهَا ۚ سَيَجْعَلُ ٱللَّهُ بَعْدَ عُسْرٍ يُسْرًا ﴿٧﴾

7. Оној кој има богатство нека троши од богатството свое, а оној чиј имот му е ограничен, нека троши од она што му го одреди Аллах. Аллах никого не оптоварува над можноста негова. По тешкотијата Аллах дава леснотија.

وَكَأَيِّن مِّن قَرْيَةٍ عَتَتْ عَنْ أَمْرِ رَبِّهَا وَرُسُلِهِۦ فَحَاسَبْنَٰهَا حِسَابًا شَدِيدًا وَعَذَّبْنَٰهَا عَذَابًا نُّكْرًا ﴿٨﴾

8. И колку градови се оглушија од наредбата на Господарот свој и на пејгамберите Негови? Да, од нив побаравме строга сметка и Ние ги казнивме со казна нечуена!

فَذَاقَتْ وَبَالَ أَمْرِهَا وَكَانَ عَٰقِبَةُ أَمْرِهَا خُسْرًا ﴿٩﴾

9. Па, ги вкусија последиците од постапката своја. Тежок беше крајот на постапката нивна.

10. Аллах за нив подготви тешка казна. Плашете се од Аллах, о вие со разбир надарени, вие кои верувате, бидејќи Аллах веќе ви објави Опомена,

أَعَدَّ ٱللَّهُ لَهُمْ عَذَابًا شَدِيدًا ۖ فَٱتَّقُوا۟ ٱللَّهَ يَٰٓأُو۟لِى ٱلْأَلْبَٰبِ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ ۚ قَدْ أَنزَلَ ٱللَّهُ إِلَيْكُمْ ذِكْرًا ﴿١٠﴾

11. пејгамбер кој ви ги кажува ајетите Аллахови јасни: за да ги изведе оние кои веруваат и кои добри дела работат од темнини во светлина, а оние, пак, кои веруваат во Аллах и кои добро работат Он ќе ги воведе во бавчи џеннетски низ кои реки течат и во нив за навек ќе останат. Да, на таквиот Аллах ќе му даде ‘рск убав!

رَّسُولًا يَتْلُوا۟ عَلَيْكُمْ ءَايَٰتِ ٱللَّهِ مُبَيِّنَٰتٍ لِّيُخْرِجَ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ مِنَ ٱلظُّلُمَٰتِ إِلَى ٱلنُّورِ ۚ وَمَن يُؤْمِنۢ بِٱللَّهِ وَيَعْمَلْ صَٰلِحًا يُدْخِلْهُ جَنَّٰتٍ تَجْرِى مِن تَحْتِهَا ٱلْأَنْهَٰرُ خَٰلِدِينَ فِيهَآ أَبَدًا ۖ قَدْ أَحْسَنَ ٱللَّهُ لَهُۥ رِزْقًا ﴿١١﴾

12. Аллах е Оној кој создаде седум небеса и исто толку земји. Он ја спушта наредбата меѓу нив за да знаете дека Аллах, навистина, е Кадар за сè! Да, Аллах со знаењето Свое опфаќа сè!

ٱللَّهُ ٱلَّذِى خَلَقَ سَبْعَ سَمَٰوَٰتٍ وَمِنَ ٱلْأَرْضِ مِثْلَهُنَّ ۖ يَتَنَزَّلُ ٱلْأَمْرُ بَيْنَهُنَّ لِتَعْلَمُوٓا۟ أَنَّ ٱللَّهَ عَلَىٰ كُلِّ شَىْءٍ قَدِيرٌ ۙ وَأَنَّ ٱللَّهَ قَدْ أَحَاطَ بِكُلِّ شَىْءٍ عِلْمًا ﴿١٢﴾

ЕТ-ТАХРИМ (Забрана) LXVI

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. О пејгамберу, зошто го забрануваш, настојувајќи да им се исполнат барањата на жените твои, она што Аллах ти го дозволи? Аллах е Простувач и Сомилосен!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلنَّبِىُّ لِمَ تُحَرِّمُ مَآ أَحَلَّ ٱللَّهُ لَكَ ۖ تَبْتَغِى مَرْضَاتَ أَزْوَٰجِكَ ۚ وَٱللَّهُ غَفُورٌ رَّحِيمٌ ﴿١﴾

قَدْ فَرَضَ ٱللَّهُ لَكُمْ تَحِلَّةَ أَيْمَٰنِكُمْ ۚ وَٱللَّهُ مَوْلَىٰكُمْ ۖ وَهُوَ ٱلْعَلِيمُ ٱلْحَكِيمُ ﴿٢﴾

2. Да, Аллах ви пропиша како да ги оправдаде заклетвите ваши. Аллах е Пријател ваш! Он е Зналец и Мудар!

وَإِذْ أَسَرَّ ٱلنَّبِىُّ إِلَىٰ بَعْضِ أَزْوَٰجِهِۦ حَدِيثًا فَلَمَّا نَبَّأَتْ بِهِۦ وَأَظْهَرَهُ ٱللَّهُ عَلَيْهِ عَرَّفَ بَعْضَهُۥ وَأَعْرَضَ عَنۢ بَعْضٍ ۖ فَلَمَّا نَبَّأَهَا بِهِۦ قَالَتْ مَنْ أَنۢبَأَكَ هَٰذَا ۖ قَالَ نَبَّأَنِىَ ٱلْعَلِيمُ ٱلْخَبِيرُ ﴿٣﴾

3. И кога пејгамберот тајно ќе проговори со некоја од неговите жени, и кога таа ќе ги извести другите за тоа - а Аллах даде тој да го открие тоа -, тогаш нешто од тоа ѝ го откри а нешто го задржа. И бидејќи тој ја извести, таа рече: "Кој те извести за ова?" Рече: "Ме извести Зналецот и Известениот!"

إِن تَتُوبَآ إِلَى ٱللَّهِ فَقَدْ صَغَتْ قُلُوبُكُمَا ۖ وَإِن تَظَٰهَرَا عَلَيْهِ فَإِنَّ ٱللَّهَ هُوَ مَوْلَىٰهُ وَجِبْرِيلُ وَصَٰلِحُ ٱلْمُؤْمِنِينَ ۖ وَٱلْمَلَٰٓئِكَةُ بَعْدَ ذَٰلِكَ ظَهِيرٌ ﴿٤﴾

4. А ако вие две Му се обратите на Аллах, каејќи се, срцата ваши ќе се приклонат! А ако, пак, вие се помагате против пејгамберот... та, Аллах, навистина, е Заштитникот негов, и Џебраил и добрите верници! И мелеките, по тоа, се поддржници!

عَسَىٰ رَبُّهُۥٓ إِن طَلَّقَكُنَّ أَن يُبْدِلَهُۥٓ أَزْوَٰجًا خَيْرًا مِّنكُنَّ مُسْلِمَٰتٍ مُّؤْمِنَٰتٍ قَٰنِتَٰتٍ تَٰٓئِبَٰتٍ عَٰبِدَٰتٍ سَٰٓئِحَٰتٍ ثَيِّبَٰتٍ وَأَبْكَارًا ﴿٥﴾

5. Господарот негов, ако тој се разведе од вас, можеби ќе му даде други жени што ќе бидат подобри од вас: на Аллах послушни, вернички, оддадени, покајнички, побожни, постачки, стабилни и девици.

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ قُوٓا۟ أَنفُسَكُمْ وَأَهْلِيكُمْ نَارًا وَقُودُهَا ٱلنَّاسُ وَٱلْحِجَارَةُ عَلَيْهَا مَلَٰٓئِكَةٌ غِلَاظٌ شِدَادٌ لَّا يَعْصُونَ ٱللَّهَ مَآ أَمَرَهُمْ وَيَفْعَلُونَ مَا يُؤْمَرُونَ ﴿٦﴾

6. О верници, чувајте се себеси и семејствата ваши од огнот: луѓето и камењата ќе бидат негово гориво. А мелеките ќе се грижат за него и ќе бидат строги; не ќе бидат непослушни кон наредбата

Аллахова и ќе го работат она што ќе им се наредува.

7. О неверници, денес не ќе можете да се оправдате. Ќе бидете казнети, токму, за она што го работевте!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ لَا تَعْتَذِرُوا۟ ٱلْيَوْمَ ۖ إِنَّمَا تُجْزَوْنَ مَا كُنتُمْ تَعْمَلُونَ ﴿٧﴾

8. О верници, покајте се кај Аллах со покајание искрено! Господарот ваш, можеби, ќе ги избрише гревовите ваши и ќе ве воведе во бавчите џеннетски низ кои реки течат, на Денот во кој Аллах не ќе ве ожалости, пејгамберот и оние кои веруваа со него. Светлината нивна ќе оди пред нив, и од нивната десна страна; ќе зборуваат:"Господаре наш, усовршиј ја светлината наша и прости ни. Ти си, навистина, Кадар за сè!"

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ تُوبُوٓا۟ إِلَى ٱللَّهِ تَوْبَةً نَّصُوحًا عَسَىٰ رَبُّكُمْ أَن يُكَفِّرَ عَنكُمْ سَيِّـَٔاتِكُمْ وَيُدْخِلَكُمْ جَنَّٰتٍ تَجْرِى مِن تَحْتِهَا ٱلْأَنْهَٰرُ يَوْمَ لَا يُخْزِى ٱللَّهُ ٱلنَّبِىَّ وَٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ مَعَهُۥ ۖ نُورُهُمْ يَسْعَىٰ بَيْنَ أَيْدِيهِمْ وَبِأَيْمَٰنِهِمْ يَقُولُونَ رَبَّنَآ أَتْمِمْ لَنَا نُورَنَا وَٱغْفِرْ لَنَآ ۖ إِنَّكَ عَلَىٰ كُلِّ شَىْءٍ قَدِيرٌ ﴿٨﴾

9. О пејгамберу, бори се против неверниците и дволичните и биди строг кон нив. Џехеннемот е престојувалиштето нивно. Е, само колку лошо свратилиште е тоа!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلنَّبِىُّ جَٰهِدِ ٱلْكُفَّارَ وَٱلْمُنَٰفِقِينَ وَٱغْلُظْ عَلَيْهِمْ ۚ وَمَأْوَىٰهُمْ جَهَنَّمُ ۖ وَبِئْسَ ٱلْمَصِيرُ ﴿٩﴾

10. Аллах го донесе примерот на оние кои не веруваа: жената на Нух и жената на Лут кои беа мажени за двајца добри робови Наши. И двете нив ги осрамотија и затоа тие во ништо не ќе можат да им помогнат кај Аллах. И ќе им се рече: "Влезете вие две во огнот меѓу оние кои веќе се влезени!"

ضَرَبَ ٱللَّهُ مَثَلًا لِّلَّذِينَ كَفَرُوا۟ ٱمْرَأَتَ نُوحٍ وَٱمْرَأَتَ لُوطٍ ۖ كَانَتَا تَحْتَ عَبْدَيْنِ مِنْ عِبَادِنَا صَٰلِحَيْنِ فَخَانَتَاهُمَا فَلَمْ يُغْنِيَا عَنْهُمَا مِنَ ٱللَّهِ شَيْـًٔا وَقِيلَ ٱدْخُلَا ٱلنَّارَ مَعَ ٱلدَّٰخِلِينَ ﴿١٠﴾

وَضَرَبَ ٱللَّهُ مَثَلًا لِّلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ ٱمْرَأَتَ فِرْعَوْنَ إِذْ قَالَتْ رَبِّ ٱبْنِ لِى عِندَكَ بَيْتًا فِى ٱلْجَنَّةِ وَنَجِّنِى مِن فِرْعَوْنَ وَعَمَلِهِۦ وَنَجِّنِى مِنَ ٱلْقَوْمِ ٱلظَّٰلِمِينَ ﴿١١﴾

11. И Аллах го донесе примерот за оние кои веруваа:“ Жената на фараонот, кога рече: “ Подигни ми куќа, Господаре мој, во близината Твоја, во Ценнетот, и спаси ме од фараонот и од делото негово, и спаси ме од народот зулумќарски!”

وَمَرْيَمَ ٱبْنَتَ عِمْرَٰنَ ٱلَّتِىٓ أَحْصَنَتْ فَرْجَهَا فَنَفَخْنَا فِيهِ مِن رُّوحِنَا وَصَدَّقَتْ بِكَلِمَٰتِ رَبِّهَا وَكُتُبِهِۦ وَكَانَتْ مِنَ ٱلْقَٰنِتِينَ ﴿١٢﴾

12. И: Мерјем, ќерката на Имран, која ја сочува невиноста своја, и во која вдахнавме од Духот, од страна Наша, и која ги потврди зборовите на Господарот свој, и Книгите Негови, и која беше една меѓу потчинетите на Аллах!

ЕЛ-МУЛК (Власт) LXVII

سُورَةُ المُلْكِ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

تَبَارَكَ ٱلَّذِى بِيَدِهِ ٱلْمُلْكُ وَهُوَ عَلَىٰ كُلِّ شَىْءٍ قَدِيرٌ ﴿١﴾

1. Возвишен е Оној во чија рака е власта: Он е Кадар за сè!

ٱلَّذِى خَلَقَ ٱلْمَوْتَ وَٱلْحَيَوٰةَ لِيَبْلُوَكُمْ أَيُّكُمْ أَحْسَنُ عَمَلًا ۚ وَهُوَ ٱلْعَزِيزُ ٱلْغَفُورُ ﴿٢﴾

2. Кој ги создаде и смртта и животот за да ве испроба кој меѓу вас прави најдобри дела. Он е Силен и Простувач!

ٱلَّذِى خَلَقَ سَبْعَ سَمَٰوَٰتٍ طِبَاقًا ۖ مَّا تَرَىٰ فِى خَلْقِ ٱلرَّحْمَٰنِ مِن تَفَٰوُتٍ ۖ فَٱرْجِعِ ٱلْبَصَرَ هَلْ تَرَىٰ مِن فُطُورٍ ﴿٣﴾

3. Кој создаде седум небеса, еднинадруги. Во создавањето на Милостивиот не гледаш никаков недостаток: па, сврти го погледот: ќе видиш ли некаков недостаток?

4. И сврти го погледот по втор пат!... погледот ќе ти се врати поразен и, ете го, изнемогол!

ثُمَّ ٱرْجِعِ ٱلْبَصَرَ كَرَّتَيْنِ يَنقَلِبْ إِلَيْكَ ٱلْبَصَرُ خَاسِئًا وَهُوَ حَسِيرٌ ﴿٤﴾

5. Да, Ние небото на овој свет со ѕвезди го разубавивме и Ние одредивме да фрла камења по шејтаните. И за нив Ние подготвивме казна Саир!

وَلَقَدْ زَيَّنَّا ٱلسَّمَآءَ ٱلدُّنْيَا بِمَصَٰبِيحَ وَجَعَلْنَٰهَا رُجُومًا لِّلشَّيَٰطِينِ ۖ وَأَعْتَدْنَا لَهُمْ عَذَابَ ٱلسَّعِيرِ ﴿٥﴾

6. А за оние кои не веруваат во Господарот свој има казна џехеннемска. Е, само колку лошо свратилиште е тоа!

وَلِلَّذِينَ كَفَرُوا۟ بِرَبِّهِمْ عَذَابُ جَهَنَّمَ ۖ وَبِئْسَ ٱلْمَصِيرُ ﴿٦﴾

7. И кога ќе бидат фрлени во огнот ќе го слушаат неговото пламтење и тој само ќе фрла пламен!

إِذَآ أُلْقُوا۟ فِيهَا سَمِعُوا۟ لَهَا شَهِيقًا وَهِىَ تَفُورُ ﴿٧﴾

8. Ете, само што од лутина не ќе се распрсне. И секогаш кога ќе биде фрлено во него, во гомила, чуварите негови ќе ги прашуваат: "Нели ви доаѓаше опоменувач?"

تَكَادُ تَمَيَّزُ مِنَ ٱلْغَيْظِ ۖ كُلَّمَآ أُلْقِىَ فِيهَا فَوْجٌ سَأَلَهُمْ خَزَنَتُهَآ أَلَمْ يَأْتِكُمْ نَذِيرٌ ﴿٨﴾

9. Ќе речат: "Да, ни доаѓаше опоменувач, па го сметавме за лажен и зборувавме Аллах не објави ништо. Вие сте скршнати во заблуда голема!"

قَالُوا۟ بَلَىٰ قَدْ جَآءَنَا نَذِيرٌ فَكَذَّبْنَا وَقُلْنَا مَا نَزَّلَ ٱللَّهُ مِن شَىْءٍ إِنْ أَنتُمْ إِلَّا فِى ضَلَٰلٍ كَبِيرٍ ﴿٩﴾

10. И ќе речат: "Да слушневме... и да бевме разумни не ќе бевме сега меѓу жителите на Саир!"

وَقَالُوا۟ لَوْ كُنَّا نَسْمَعُ أَوْ نَعْقِلُ مَا كُنَّا فِىٓ أَصْحَٰبِ ٱلسَّعِيرِ ﴿١٠﴾

فَٱعْتَرَفُوا۟ بِذَنۢبِهِمْ فَسُحْقًا لِّأَصْحَٰبِ ٱلسَّعِيرِ ﴿١١﴾

11. Па, ќе ги признаат гревовите свои и, тогаш, далеку нека бидат меѓу жителите на Саир!

إِنَّ ٱلَّذِينَ يَخْشَوْنَ رَبَّهُم بِٱلْغَيْبِ لَهُم مَّغْفِرَةٌ وَأَجْرٌ كَبِيرٌ ﴿١٢﴾

12. А за оние кои стравуваат од Господарот свој тајно, за нив има, навистина, прошка и награда голема!

وَأَسِرُّوا۟ قَوْلَكُمْ أَوِ ٱجْهَرُوا۟ بِهِۦٓ ۖ إِنَّهُۥ عَلِيمٌۢ بِذَاتِ ٱلصُّدُورِ ﴿١٣﴾

13. Ќе ги преќутувате ли зборовите ваши или, пак, гласно ќе ги кажувате... Он, навистина, го знае она што е во градите!

أَلَا يَعْلَمُ مَنْ خَلَقَ وَهُوَ ٱللَّطِيفُ ٱلْخَبِيرُ ﴿١٤﴾

14. Како да не знае Оној кој создаде. Он е Чувствителен и Известен!

هُوَ ٱلَّذِى جَعَلَ لَكُمُ ٱلْأَرْضَ ذَلُولًا فَٱمْشُوا۟ فِى مَنَاكِبِهَا وَكُلُوا۟ مِن رِّزْقِهِۦ ۖ وَإِلَيْهِ ٱلنُّشُورُ ﴿١٥﴾

15. Он е Оној кој ви ја потчини земјата: па, патувајте по пределите нејзини и јадете од ‘рскот Негов. Кај Него ќе се зберете!

ءَأَمِنتُم مَّن فِى ٱلسَّمَآءِ أَن يَخْسِفَ بِكُمُ ٱلْأَرْضَ فَإِذَا هِىَ تَمُورُ ﴿١٦﴾

16. Сигурни ли сте дека Оној кој е на небесата не ќе ве згнети во земјата кога таа одненадеж ќе се затресе?

أَمْ أَمِنتُم مَّن فِى ٱلسَّمَآءِ أَن يُرْسِلَ عَلَيْكُمْ حَاصِبًا ۖ فَسَتَعْلَمُونَ كَيْفَ نَذِيرِ ﴿١٧﴾

17. Или сигурни ли сте дека Оној кој е на небесата не ќе ви испрати виор? Па, ќе узнаете каква е заканата Моја?

وَلَقَدْ كَذَّبَ ٱلَّذِينَ مِن قَبْلِهِمْ فَكَيْفَ كَانَ نَكِيرِ ﴿١٨﴾

18. Да, лажеа и оние пред нив. И каква беше, според тоа, казната Моја?

أَوَلَمْ يَرَوْا۟ إِلَى ٱلطَّيْرِ فَوْقَهُمْ صَٰٓفَّٰتٍ وَيَقْبِضْنَ ۚ مَا يُمْسِكُهُنَّ إِلَّا ٱلرَّحْمَٰنُ ۚ إِنَّهُۥ بِكُلِّ شَىْءٍۭ بَصِيرٌ ﴿١٩﴾

19. Не ги гледаат ли птиците над нив како летаат со раширени и собрани крилја? Ги

држи само Милостивиот. Он, навистина гледа сè!

أَمَّنْ هَٰذَا ٱلَّذِى هُوَ جُندٌ لَّكُمْ يَنصُرُكُم مِّن دُونِ ٱلرَّحْمَٰنِ ۚ إِنِ ٱلْكَٰفِرُونَ إِلَّا فِى غُرُورٍ ﴿٢٠﴾

20. И кој е тој кој ќе ви биде војска ваша, кој ќе ви помогне, освен Милостивиот? Неверниците, навистина, се во обмана!

أَمَّنْ هَٰذَا ٱلَّذِى يَرْزُقُكُمْ إِنْ أَمْسَكَ رِزْقَهُۥ ۚ بَل لَّجُّوا۟ فِى عُتُوٍّ وَنُفُورٍ ﴿٢١﴾

21. И кој е тој кој ќе ви даде ‘рск ако Он го задржи ‘рскот Свој? Но, тие постојано се тврдоглави и горделиви!

أَفَمَن يَمْشِى مُكِبًّا عَلَىٰ وَجْهِهِۦٓ أَهْدَىٰٓ أَمَّن يَمْشِى سَوِيًّا عَلَىٰ صِرَٰطٍ مُّسْتَقِيمٍ ﴿٢٢﴾

22. Оној ли кој оди со оборено лице е поупатен или, пак, оној кој оди исправно по патот вистински?

قُلْ هُوَ ٱلَّذِىٓ أَنشَأَكُمْ وَجَعَلَ لَكُمُ ٱلسَّمْعَ وَٱلْأَبْصَٰرَ وَٱلْأَفْـِٔدَةَ ۖ قَلِيلًا مَّا تَشْكُرُونَ ﴿٢٣﴾

23. Кажи: “Он е Оној кој ве создаде и ви даде и уши, и очи и срце.” Само малку се заблагодарувате.

قُلْ هُوَ ٱلَّذِى ذَرَأَكُمْ فِى ٱلْأَرْضِ وَإِلَيْهِ تُحْشَرُونَ ﴿٢٤﴾

24. Кажи: “Он е Оној кој ве растури по земјата и кај Него ќе се зберете!”

وَيَقُولُونَ مَتَىٰ هَٰذَا ٱلْوَعْدُ إِن كُنتُمْ صَٰدِقِينَ ﴿٢٥﴾

25. И зборуваат: “А кога ќе се случи таа закана? Ако сте искрени.”

قُلْ إِنَّمَا ٱلْعِلْمُ عِندَ ٱللَّهِ وَإِنَّمَآ أَنَا۠ نَذِيرٌ مُّبِينٌ ﴿٢٦﴾

26. Кажи: “Да, знаењето за тоа е кај Аллах. Јас сум, навистина, само опоменувач јасен!”

فَلَمَّا رَأَوْهُ زُلْفَةً سِيٓـَٔتْ وُجُوهُ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ وَقِيلَ هَٰذَا ٱلَّذِى كُنتُم بِهِۦ تَدَّعُونَ ﴿٢٧﴾

27. И бидејќи ќе здогледаат како казната ќе им се приближува ќе обезличат лицата на оние кои не веруваат, и ќе се рече: “Ова е она што вие го повикувавте!”

28. Кажи:"Мислите ли дека, доколку Аллах нè упропасти мене и оние со мене и ни се смилува... ќе има ли некој што ќе ги заштити неверниците од казната болна?"

قُلْ أَرَءَيْتُمْ إِنْ أَهْلَكَنِيَ ٱللَّهُ وَمَن مَّعِيَ أَوْ رَحِمَنَا فَمَن يُجِيرُ ٱلْكَٰفِرِينَ مِنْ عَذَابٍ أَلِيمٍ ﴿٢٨﴾

29. Кажи: "Он е Милостивиот! Во Него веруваме и врз Него се потпираме, а вие ќе узнаете кој е во беспаќе очигледно!"

قُلْ هُوَ ٱلرَّحْمَٰنُ ءَامَنَّا بِهِۦ وَعَلَيْهِ تَوَكَّلْنَا ۖ فَسَتَعْلَمُونَ مَنْ هُوَ فِى ضَلَٰلٍ مُّبِينٍ ﴿٢٩﴾

30. Кажи: "Мислите ли дека, ако водата ваша ви пресуши, има некој што ќе ви даде изворска вода?"

قُلْ أَرَءَيْتُمْ إِنْ أَصْبَحَ مَآؤُكُمْ غَوْرًا فَمَن يَأْتِيكُم بِمَآءٍ مَّعِينٍ ﴿٣٠﴾

ЕЛ-КАЛЕМ (Калем) LXVIII

سُورَةُ القَلَمِ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Нун! Се колнам во калемот и во она што оние го пишуваат:

نٓ ۚ وَٱلْقَلَمِ وَمَا يَسْطُرُونَ ﴿١﴾

2. ти не си, со благодатот на Господарот твој, луд,

مَآ أَنتَ بِنِعْمَةِ رَبِّكَ بِمَجْنُونٍ ﴿٢﴾

3. и ќе добиеш награда која никогаш не ќе престане, навистина!

وَإِنَّ لَكَ لَأَجْرًا غَيْرَ مَمْنُونٍ ﴿٣﴾

4. Да, голем ахлак поседуваш ти!

وَإِنَّكَ لَعَلَىٰ خُلُقٍ عَظِيمٍ ﴿٤﴾

5. Па, ќе видиш а и оние ќе видат,

فَسَتُبْصِرُ وَيُبْصِرُونَ ﴿٥﴾

6.кој меѓу вас, токму, е лудиот!

بِأَيِّيكُمُ ٱلْمَفْتُونُ ﴿٦﴾

إِنَّ رَبَّكَ هُوَ أَعْلَمُ بِمَن ضَلَّ عَن سَبِيلِهِۦ وَهُوَ أَعْلَمُ بِٱلْمُهْتَدِينَ ﴿٧﴾

7. Господарот твој, секако, е Оној кој најдобро го знае оној кој скршнал во заблуда од патот Негов, и Он најдобро ги знае упатените!

فَلَا تُطِعِ ٱلْمُكَذِّبِينَ ﴿٨﴾

8. Па, не слушај ги лашковците!

وَدُّوا۟ لَوْ تُدْهِنُ فَيُدْهِنُونَ ﴿٩﴾

9. Посакуваат да се сплотиш па и тие да се сплотат.

وَلَا تُطِعْ كُلَّ حَلَّافٍ مَّهِينٍ ﴿١٠﴾

10. И не биди послушен на ниеден голем колнач презрен!

هَمَّازٍ مَّشَّآءٍۭ بِنَمِيمٍ ﴿١١﴾

11. голем клеветник, пренесувач на зборови,

مَّنَّاعٍ لِّلْخَيْرِ مُعْتَدٍ أَثِيمٍ ﴿١٢﴾

12. кој спречува добро, голем престапник, голем грешник,

عُتُلٍّۭ بَعْدَ ذَٰلِكَ زَنِيمٍ ﴿١٣﴾

13. незаситен и, покрај тоа, неповикан гостин

أَن كَانَ ذَا مَالٍ وَبَنِينَ ﴿١٤﴾

14. затоа што има имот и синови,

إِذَا تُتْلَىٰ عَلَيْهِ ءَايَٰتُنَا قَالَ أَسَٰطِيرُ ٱلْأَوَّلِينَ ﴿١٥﴾

15. кој, кога му се кажуваат ајетите Наши, вели: "Тоа се прикаски одамнешни!"

سَنَسِمُهُۥ عَلَى ٱلْخُرْطُومِ ﴿١٦﴾

16. Ние ќе го обележиме на носот.

إِنَّا بَلَوْنَٰهُمْ كَمَا بَلَوْنَآ أَصْحَٰبَ ٱلْجَنَّةِ إِذْ أَقْسَمُوا۟ لَيَصْرِمُنَّهَا مُصْبِحِينَ ﴿١٧﴾

17. Ние ги ставаме во искушение онака како што ги ставивме во искушение сопствениците на една бавча кога се заколнаа дека ќе ја оберат штом ќе станат изутрина,

18. кои не рекоа: "Иншаеллах!"

وَلَا يَسْتَثْنُونَ ﴿١٨﴾

19. Па, една несреќа од Господарот твој ја погоди бавчата додека оние спиеја,

فَطَافَ عَلَيْهَا طَائِفٌ مِّن رَّبِّكَ وَهُمْ نَائِمُونَ ﴿١٩﴾

20. и изутрината, ете,беше пустелија,

فَأَصْبَحَتْ كَالصَّرِيمِ ﴿٢٠﴾

21. и тие, тоа утро, се повикаа меѓусебно:

فَتَنَادَوْا مُصْبِحِينَ ﴿٢١﴾

22. "Одете изутрина кај поседот ваш ако сакате да го берете!"

أَنِ اغْدُوا عَلَىٰ حَرْثِكُمْ إِن كُنتُمْ صَارِمِينَ ﴿٢٢﴾

23. И тогаш тргнаа, зборувајќи еднисодруги по пат:

فَانطَلَقُوا وَهُمْ يَتَخَافَتُونَ ﴿٢٣﴾

24. "Никаков сиромав денес нека не ви влезе во бавчата ваша!"

أَن لَّا يَدْخُلَنَّهَا الْيَوْمَ عَلَيْكُم مِّسْكِينٌ ﴿٢٤﴾

25. И изутрината излегоа уверени во шкржавоста своја.

وَغَدَوْا عَلَىٰ حَرْدٍ قَادِرِينَ ﴿٢٥﴾

26. И бидејќи ја видоа бавчата, рекоа: "Да, ние сме во заблуда скршнати

فَلَمَّا رَأَوْهَا قَالُوا إِنَّا لَضَالُّونَ ﴿٢٦﴾

27. и уште сè ни е скратено!"

بَلْ نَحْنُ مَحْرُومُونَ ﴿٢٧﴾

28. Најумерениот меѓу нив рече: "Нели ви реков дека Аллаха треба да Го славите?"

قَالَ أَوْسَطُهُمْ أَلَمْ أَقُل لَّكُمْ لَوْلَا تُسَبِّحُونَ ﴿٢٨﴾

29. Рекоа: "Нека биде Славен Господарот наш! Ние сме зулумќари, навистина!"

قَالُوا سُبْحَانَ رَبِّنَا إِنَّا كُنَّا ظَالِمِينَ ﴿٢٩﴾

30. И започнаа да се грдат еднисодруги;

فَأَقْبَلَ بَعْضُهُمْ عَلَىٰ بَعْضٍ يَتَلَاوَمُونَ ﴿٣٠﴾

31. зборуваа: “Е, тешко нам! Ние сме насилници, навистина!

قَالُوا يَا وَيْلَنَا إِنَّا كُنَّا طَاغِينَ ﴿٣١﴾

32. Господарот наш можеби ќе ни ја замени со подобра бавча. Кон Господарот наш тежнееме, навистина!”

عَسَىٰ رَبُّنَا أَن يُبْدِلَنَا خَيْرًا مِّنْهَا إِنَّا إِلَىٰ رَبِّنَا رَاغِبُونَ ﴿٣٢﴾

33. Ете, таква беше казната. А казната ахиретска е поголема. Е, само кога би знаеле!

كَذَٰلِكَ الْعَذَابُ ۖ وَلَعَذَابُ الْآخِرَةِ أَكْبَرُ ۚ لَوْ كَانُوا يَعْلَمُونَ ﴿٣٣﴾

34. За богобојазливите кај Господарот нивни има, навистина, бавчи џеннетски, благородни!

إِنَّ لِلْمُتَّقِينَ عِندَ رَبِّهِمْ جَنَّاتِ النَّعِيمِ ﴿٣٤﴾

35. Па, послушните ли ќе ги третираме како силниците?!

أَفَنَجْعَلُ الْمُسْلِمِينَ كَالْمُجْرِمِينَ ﴿٣٥﴾

36. Што ви е? Како така просудувате?

مَا لَكُمْ كَيْفَ تَحْكُمُونَ ﴿٣٦﴾

37. Или, пак, имате Книга во која читате

أَمْ لَكُمْ كِتَابٌ فِيهِ تَدْرُسُونَ ﴿٣٧﴾

38. дека за вас, навистина, ќе го има она што ќе го сакате?

إِنَّ لَكُمْ فِيهِ لَمَا تَخَيَّرُونَ ﴿٣٨﴾

39. Или, пак, ви се заколнавме со заклетви такви кои ќе траат до Денот суден, дека, тогаш, ќе го просудувате она што го просудувате?

أَمْ لَكُمْ أَيْمَانٌ عَلَيْنَا بَالِغَةٌ إِلَىٰ يَوْمِ الْقِيَامَةِ ۙ إِنَّ لَكُمْ لَمَا تَحْكُمُونَ ﴿٣٩﴾

40. Прашај ги кој меѓу нив мисли за тоа дека е така!

سَلْهُمْ أَيُّهُم بِذَٰلِكَ زَعِيمٌ ﴿٤٠﴾

أَمْ لَهُمْ شُرَكَاءُ فَلْيَأْتُوا بِشُرَكَائِهِمْ إِن كَانُوا صَادِقِينَ ﴿٤١﴾

41. Или, пак, имаат божества... па, нека дојдат со божествата свои ако се искрени!

يَوْمَ يُكْشَفُ عَن سَاقٍ وَيُدْعَوْنَ إِلَى السُّجُودِ فَلَا يَسْتَطِيعُونَ ﴿٤٢﴾

42. Денот во кој ќе се разголи коската потколенична и кога ќе се повикаат да паднат на сеџде ... не ќе можат;

خَاشِعَةً أَبْصَارُهُمْ تَرْهَقُهُمْ ذِلَّةٌ وَقَدْ كَانُوا يُدْعَوْنَ إِلَى السُّجُودِ وَهُمْ سَالِمُونَ ﴿٤٣﴾

43. ќе бидат уплашени погледите нивни и понижување ќе ги обзеде: беа повикувани да паѓаат на сеџде кога беа здрави.

فَذَرْنِي وَمَن يُكَذِّبُ بِهَٰذَا الْحَدِيثِ ۖ سَنَسْتَدْرِجُهُم مِّنْ حَيْثُ لَا يَعْلَمُونَ ﴿٤٤﴾

44. Па, остави Ме, и оние кои го сметаа за лажен овој говор Ние ќе ги поредиме еднинадруги, постапно, од каде што не знаат.

وَأُمْلِي لَهُمْ ۚ إِنَّ كَيْدِي مَتِينٌ ﴿٤٥﴾

45. И Јас ќе им дадам време. Сплетката Моја, навистина, е цврста!

أَمْ تَسْأَلُهُمْ أَجْرًا فَهُم مِّن مَّغْرَمٍ مُّثْقَلُونَ ﴿٤٦﴾

46. Или, пак, бараш од нив награда а тие се оптеретени со долг?

أَمْ عِندَهُمُ الْغَيْبُ فَهُمْ يَكْتُبُونَ ﴿٤٧﴾

47. Или, пак, Тајната е кај нив, а тие пишуваат!

فَاصْبِرْ لِحُكْمِ رَبِّكَ وَلَا تَكُن كَصَاحِبِ الْحُوتِ إِذْ نَادَىٰ وَهُوَ مَكْظُومٌ ﴿٤٨﴾

48. Па, стрпи се до пресудата на Господарот твој и не биди како другарот на рибата кога се молеше, пискајќи!

لَّوْلَا أَن تَدَارَكَهُ نِعْمَةٌ مِّن رَّبِّهِ لَنُبِذَ بِالْعَرَاءِ

49. А да не беше милоста на Господарот твој што веќе му

дојде ќе беше фрлен на пусто место, понижен! وَهُوَ مَذْمُومٌ ﴿٤٩﴾

50. Па, Господарот негов го спаси и одреди да биде меѓу добрите! فَأَجْتَبَاهُ رَبُّهُۥ فَجَعَلَهُۥ مِنَ ٱلصَّٰلِحِينَ ﴿٥٠﴾

51. Неверниците само што не те оборат со опулите свои кога ќе ја слушнат Опомената, и кои зборуваат: "Он, навистина, е луд!" وَإِن يَكَادُ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ لَيُزْلِقُونَكَ بِأَبْصَٰرِهِمْ لَمَّا سَمِعُوا۟ ٱلذِّكْرَ وَيَقُولُونَ إِنَّهُۥ لَمَجْنُونٌ ﴿٥١﴾

52. А тоа е само Опомена за световите! وَمَا هُوَ إِلَّا ذِكْرٌ لِّلْعَٰلَمِينَ ﴿٥٢﴾

ЕЛ-ХАКК (Час неизбежен)LXIX

سُورَةُ الحَاقَّة

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен! بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Час неизбежен! ٱلْحَآقَّةُ ﴿١﴾

2. Што е тоа Час неизбежен? مَا ٱلْحَآقَّةُ ﴿٢﴾

3. Е, па, знаеш ли ти што е тоа Час неизбежен? وَمَآ أَدْرَىٰكَ مَا ٱلْحَآقَّةُ ﴿٣﴾

4. И Ад и Семуд кијаметот го сметаа за лажен! كَذَّبَتْ ثَمُودُ وَعَادٌۢ بِٱلْقَارِعَةِ ﴿٤﴾

5. Па, што се однесува до Семуд... беа уништени со гласот силни, فَأَمَّا ثَمُودُ فَأُهْلِكُوا۟ بِٱلطَّاغِيَةِ ﴿٥﴾

6. а што се однесува до Ад... беа уништени со ветрот кој фиука гласно и кој метеж остава! وَأَمَّا عَادٌ فَأُهْلِكُوا۟ بِرِيحٍ صَرْصَرٍ عَاتِيَةٍ ﴿٦﴾

سَخَّرَهَا عَلَيْهِمْ سَبْعَ لَيَالٍ وَثَمَٰنِيَةَ أَيَّامٍ حُسُومًا فَتَرَى الْقَوْمَ فِيهَا صَرْعَىٰ كَأَنَّهُمْ أَعْجَازُ نَخْلٍ خَاوِيَةٍ ﴿٧﴾

7. Кој дојде да ги потчини нив седум ноќи и осум дена без прекин, па да ги видиш луѓето покуткани како да се трески урмини, попаѓани?

فَهَلْ تَرَىٰ لَهُم مِّنۢ بَاقِيَةٍ ﴿٨﴾

8. Па, гледаш ли дали остана трага од нив?

وَجَاءَ فِرْعَوْنُ وَمَن قَبْلَهُ وَالْمُؤْتَفِكَاتُ بِالْخَاطِئَةِ ﴿٩﴾

9. И фараонот и оние пред него, оние кои ги рушеа градовите, доаѓаа со гревови.

فَعَصَوْا رَسُولَ رَبِّهِمْ فَأَخَذَهُمْ أَخْذَةً رَّابِيَةً ﴿١٠﴾

10. И тогаш беа непослушни кон пејгамберот на Господарот свој и така Он ги погоди со казна прекумерна.

إِنَّا لَمَّا طَغَى الْمَاءُ حَمَلْنَاكُمْ فِي الْجَارِيَةِ ﴿١١﴾

11. И бидејќи водата надојде Ние ве понесовме во бродот,

لِنَجْعَلَهَا لَكُمْ تَذْكِرَةً وَتَعِيَهَا أُذُنٌ وَاعِيَةٌ ﴿١٢﴾

12. за да ја направиме, секако, опомена за вас, и увото што слуша да ја слуша.

فَإِذَا نُفِخَ فِي الصُّورِ نَفْخَةٌ وَاحِدَةٌ ﴿١٣﴾

13. И кога ќе се дувне во Сурлата со дувеж еден,

وَحُمِلَتِ الْأَرْضُ وَالْجِبَالُ فَدُكَّتَا دَكَّةً وَاحِدَةً ﴿١٤﴾

14. и кога земјата ќе биде разнесена а брдата расфрлани со удар еден...

فَيَوْمَئِذٍ وَقَعَتِ الْوَاقِعَةُ ﴿١٥﴾

15. на Денот тој,тогаш, ќе се случи пропаста на светот!

وَانشَقَّتِ السَّمَاءُ فَهِيَ يَوْمَئِذٍ وَاهِيَةٌ ﴿١٦﴾

16. И небото ќе испука и тоа, на Денот тој, ќе биде кршливо,

وَالْمَلَكُ عَلَىٰ أَرْجَائِهَا وَيَحْمِلُ عَرْشَ رَبِّكَ فَوْقَهُمْ

17. а мелеките ќе бидат на чошињата негови и ќе го носат

престолот, на Господарот твој, на Денот тој, над нив, осум мелеки,

يَوْمَئِذٍ ثَمَٰنِيَةٌ ﴿١٧﴾

18. на Денот тој вие ќе бидете претставени и ништо од вас не можете да скриете.

يَوْمَئِذٍ تُعْرَضُونَ لَا تَخْفَىٰ مِنكُمْ خَافِيَةٌ ﴿١٨﴾

19. Па, што се однесува до оној со дадената му Книга, во неговата десна рака, ќе рече: "Еве, читајте ја оваа книга моја.

فَأَمَّا مَنْ أُوتِيَ كِتَٰبَهُۥ بِيَمِينِهِۦ فَيَقُولُ هَآؤُمُ ٱقْرَءُوا۟ كِتَٰبِيَهْ ﴿١٩﴾

20. Јас, навистина, замислував дека ќе си полагам сметка."

إِنِّى ظَنَنتُ أَنِّى مُلَٰقٍ حِسَابِيَهْ ﴿٢٠﴾

21. И тој ќе биде во животот задоволен,

فَهُوَ فِى عِيشَةٍ رَّاضِيَةٍ ﴿٢١﴾

22. во Џеннетот возвишен,

فِى جَنَّةٍ عَالِيَةٍ ﴿٢٢﴾

23. чии плодови ќе му бидат блиску -:

قُطُوفُهَا دَانِيَةٌ ﴿٢٣﴾

24. "Јадете и пијте, и пријатно нека ви биде за она што го работевте во деновите што минаа."

كُلُوا۟ وَٱشْرَبُوا۟ هَنِيٓـًٔۢا بِمَآ أَسْلَفْتُمْ فِى ٱلْأَيَّامِ ٱلْخَالِيَةِ ﴿٢٤﴾

25. А што се однесува, пак, до оној со дадената му Книга, во неговата лева рака, ќе рече: "О тешко мене! Е, да не ми беше дадена Книгава!

وَأَمَّا مَنْ أُوتِيَ كِتَٰبَهُۥ بِشِمَالِهِۦ فَيَقُولُ يَٰلَيْتَنِى لَمْ أُوتَ كِتَٰبِيَهْ ﴿٢٥﴾

26. Да, не знаев за моево полагање сметка!

وَلَمْ أَدْرِ مَا حِسَابِيَهْ ﴿٢٦﴾

27. О тешко мене! Само смртта да ме докрајчеше!

يَٰلَيْتَهَا كَانَتِ ٱلْقَاضِيَةَ ﴿٢٧﴾

مَآ أَغۡنَىٰ عَنِّي مَالِيَهۡۜ ﴿٢٨﴾

28. Богатството мое ништо не ми користи;

هَلَكَ عَنِّي سُلۡطَٰنِيَهۡ ﴿٢٩﴾

29. се што е мое отиде во пропаст.”

خُذُوهُ فَغُلُّوهُ ﴿٣٠﴾

30. “Земете го и,тогаш, заковајте го,

ثُمَّ ٱلۡجَحِيمَ صَلُّوهُ ﴿٣١﴾

31. а, потоа, во огнот, пржете го,

ثُمَّ فِي سِلۡسِلَةٖ ذَرۡعُهَا سَبۡعُونَ ذِرَاعٗا فَٱسۡلُكُوهُ ﴿٣٢﴾

32. а, потоа, во синџири, седумдесет лактови долги, врзете го,

إِنَّهُۥ كَانَ لَا يُؤۡمِنُ بِٱللَّهِ ٱلۡعَظِيمِ ﴿٣٣﴾

33. тој, навистина, не веруваше во Аллах, Голем,

وَلَا يَحُضُّ عَلَىٰ طَعَامِ ٱلۡمِسۡكِينِ ﴿٣٤﴾

34. а ниту, пак, поттикнуваше да се нахрани сиромавиот...

فَلَيۡسَ لَهُ ٱلۡيَوۡمَ هَٰهُنَا حَمِيمٞ ﴿٣٥﴾

35. Па, денес за него, овде, нема пријател близок,

وَلَا طَعَامٌ إِلَّا مِنۡ غِسۡلِينٖ ﴿٣٦﴾

36. а ниту храна друга, освен загадотина,

لَّا يَأۡكُلُهُۥٓ إِلَّا ٱلۡخَٰطِـُٔونَ ﴿٣٧﴾

37. што ќе ја јадат само грешниците.”

فَلَآ أُقۡسِمُ بِمَا تُبۡصِرُونَ ﴿٣٨﴾

38. Но, не! Јас се колнам во она што го гледате,

وَمَا لَا تُبۡصِرُونَ ﴿٣٩﴾

39. и во она што не го гледате...

إِنَّهُۥ لَقَوۡلُ رَسُولٖ كَرِيمٖ ﴿٤٠﴾

40. тоа, навистина, е Говор објавен до пејгамберот благороден;

41. не е Говор на поет; малкумина верувате!

وَمَا هُوَ بِقَوْلِ شَاعِرٍ ۚ قَلِيلًا مَّا تُؤْمِنُونَ ﴿٤١﴾

42. а не е Говор ни на волшебник; само малкумина се сеќавате.

وَلَا بِقَوْلِ كَاهِنٍ ۚ قَلِيلًا مَّا تَذَكَّرُونَ ﴿٤٢﴾

43. Тоа е Објава од Господарот на световите.

تَنزِيلٌ مِّن رَّبِّ الْعَالَمِينَ ﴿٤٣﴾

44. А да зборуваше против нас зборови некакви,

وَلَوْ تَقَوَّلَ عَلَيْنَا بَعْضَ الْأَقَاوِيلِ ﴿٤٤﴾

45. Ние ќе го фатевме за десната рака, силно,

لَأَخَذْنَا مِنْهُ بِالْيَمِينِ ﴿٤٥﴾

46. а потоа ќе му ја пресечевме вената што куца

ثُمَّ لَقَطَعْنَا مِنْهُ الْوَتِينَ ﴿٤٦﴾

47. и никој меѓу вас не ќе можеше да го спаси.

فَمَا مِنكُم مِّنْ أَحَدٍ عَنْهُ حَاجِزِينَ ﴿٤٧﴾

48. Кур'анот е Опомена за богобојазливите, навистина!

وَإِنَّهُ لَتَذْكِرَةٌ لِّلْمُتَّقِينَ ﴿٤٨﴾

49. Да, Ние знаеме дека меѓу вас има лашковци,

وَإِنَّا لَنَعْلَمُ أَنَّ مِنكُم مُّكَذِّبِينَ ﴿٤٩﴾

50. и тој ќе биде хасрет за неверниците!

وَإِنَّهُ لَحَسْرَةٌ عَلَى الْكَافِرِينَ ﴿٥٠﴾

51. Кур'анот, навистина, е Вистина,

وَإِنَّهُ لَحَقُّ الْيَقِينِ ﴿٥١﴾

52. па, слави Го, со името, Господарот Голем!

فَسَبِّحْ بِاسْمِ رَبِّكَ الْعَظِيمِ ﴿٥٢﴾

ЕЛ-МЕ'АРИЏ (Степени) LXX

سُورَةُ المَعَارِجِ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

1. Некој, прашувајќи, праша за казната што ќе се случи.

سَأَلَ سَائِلٌ بِعَذَابٍ وَاقِعٍ ﴿١﴾

2. За неверниците казната никој не ќе ја спречи,

لِّلْكَافِرِينَ لَيْسَ لَهُ دَافِعٌ ﴿٢﴾

3. од Аллах, Сопственикот на степените,

مِّنَ اللَّهِ ذِي الْمَعَارِجِ ﴿٣﴾

4. преку кои се качуваат мелеките и Џибрил до Него, за еден ден кој изнесува педесет илјади години;

تَعْرُجُ الْمَلَائِكَةُ وَالرُّوحُ إِلَيْهِ فِي يَوْمٍ كَانَ مِقْدَارُهُ خَمْسِينَ أَلْفَ سَنَةٍ ﴿٤﴾

5. па, стрпи се, со стрпливост достојна,

فَاصْبِرْ صَبْرًا جَمِيلًا ﴿٥﴾

6. тие мислат дека е далеку, навистина,

إِنَّهُمْ يَرَوْنَهُ بَعِيدًا ﴿٦﴾

7. а Ние, пак, мислиме дека е блиску

وَنَرَاهُ قَرِيبًا ﴿٧﴾

8. Денот во кој небото ќе биде како руда растопена,

يَوْمَ تَكُونُ السَّمَاءُ كَالْمُهْلِ ﴿٨﴾

9. а брдата како волна;

وَتَكُونُ الْجِبَالُ كَالْعِهْنِ ﴿٩﴾

1о. и пријателот не ќе прашува за пријателот

وَلَا يَسْأَلُ حَمِيمٌ حَمِيمًا ﴿١٠﴾

11. и покрај тоа што ќе се гледаат еденводруг. Силникот ќе

يُبَصَّرُونَهُمْ يَوَدُّ الْمُجْرِمُ لَوْ يَفْتَدِي مِنْ عَذَابِ يَوْمِئِذٍ بِبَنِيهِ ﴿١١﴾

посака на Денот тој да ја откупи казната со синовите свои,

12. и со жената своја, и со братот свој,

وَصَٰحِبَتِهِۦ وَأَخِيهِ ﴿١٢﴾

13. и со семејството свое што го штитеше,

وَفَصِيلَتِهِ ٱلَّتِى تُـْٔوِيهِ ﴿١٣﴾

14. и со сè на земјава, ете, само потоа да се спаси.

وَمَن فِى ٱلْأَرْضِ جَمِيعًا ثُمَّ يُنجِيهِ ﴿١٤﴾

15. Никогаш! Ќе биде во огнот Лаза, навистина!

كَلَّآ ۖ إِنَّهَا لَظَىٰ ﴿١٥﴾

16. ќе ги кине зглобовите,

نَزَّاعَةً لِّلشَّوَىٰ ﴿١٦﴾

17. повикувајќи го оној кој се оддалечи и кој ги сврти плеќите...

تَدْعُوا۟ مَنْ أَدْبَرَ وَتَوَلَّىٰ ﴿١٧﴾

18. само збираше и, ете, скриваше!

وَجَمَعَ فَأَوْعَىٰٓ ﴿١٨﴾

19. Човекот, навистина, е создаден талмаќар!

۞ إِنَّ ٱلْإِنسَٰنَ خُلِقَ هَلُوعًا ﴿١٩﴾

20. Кога зло ќе му се случи, очајува

إِذَا مَسَّهُ ٱلشَّرُّ جَزُوعًا ﴿٢٠﴾

21. а кога, пак, добро ќе му се случи, одбива!

وَإِذَا مَسَّهُ ٱلْخَيْرُ مَنُوعًا ﴿٢١﴾

22. А не и оние кои намаз кланњаат,

إِلَّا ٱلْمُصَلِّينَ ﴿٢٢﴾

23. кои постојано внимаваат на намазот свој,

ٱلَّذِينَ هُمْ عَلَىٰ صَلَاتِهِمْ دَآئِمُونَ ﴿٢٣﴾

24. и оние во чиј имот има право познато

وَٱلَّذِينَ فِىٓ أَمْوَٰلِهِمْ حَقٌّ مَّعْلُومٌ ﴿٢٤﴾

25. за оној што пита и оној што не пита,

لِّلسَّآئِلِ وَٱلْمَحْرُومِ ﴿٢٥﴾

26. и оние кои веруваат во Денот ветен,

وَٱلَّذِينَ يُصَدِّقُونَ بِيَوْمِ ٱلدِّينِ ﴿٢٦﴾

27. и оние кои стравуваат од казната на Господарот свој!

وَٱلَّذِينَ هُم مِّنْ عَذَابِ رَبِّهِم مُّشْفِقُونَ ﴿٢٧﴾

28. Од казната на Господарот свој никој не е сигурен, навистина!

إِنَّ عَذَابَ رَبِّهِمْ غَيْرُ مَأْمُونٍ ﴿٢٨﴾

29. и оние кои ги чуваат срамните места свои,

وَٱلَّذِينَ هُمْ لِفُرُوجِهِمْ حَٰفِظُونَ ﴿٢٩﴾

30. освен со жените свои, или со оние кои ги поседуваат - со нив, навистина, не ќе бидат укорени!

إِلَّا عَلَىٰٓ أَزْوَٰجِهِمْ أَوْ مَا مَلَكَتْ أَيْمَٰنُهُمْ فَإِنَّهُمْ غَيْرُ مَلُومِينَ ﴿٣٠﴾

31. а оние, пак, кои посакуваат други, освен нив, се грешници!

فَمَنِ ٱبْتَغَىٰ وَرَآءَ ذَٰلِكَ فَأُو۟لَٰٓئِكَ هُمُ ٱلْعَادُونَ ﴿٣١﴾

32. И оние кои го чуваат аманетот и кои се придржуваат кон договорот свој,

وَٱلَّذِينَ هُمْ لِأَمَٰنَٰتِهِمْ وَعَهْدِهِمْ رَٰعُونَ ﴿٣٢﴾

33. и оние кои стојат при сведочењата свои,

وَٱلَّذِينَ هُم بِشَهَٰدَٰتِهِمْ قَآئِمُونَ ﴿٣٣﴾

34. и оние кои внимаваат на намазот свој...

وَٱلَّذِينَ هُمْ عَلَىٰ صَلَاتِهِمْ يُحَافِظُونَ ﴿٣٤﴾

35. онаквите ќе бидат почестени со бавчи џеннетски!

أُو۟لَٰٓئِكَ فِى جَنَّٰتٍ مُّكْرَمُونَ ﴿٣٥﴾

36. Зошто брзаат кон тебе оние кои не веруваат,

فَمَالِ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ قِبَلَكَ مُهْطِعِينَ ﴿٣٦﴾

عَنِ ٱلْيَمِينِ وَعَنِ ٱلشِّمَالِ عِزِينَ ﴿٣٧﴾

37. и од десна и од лева страна, во дружини?

أَيَطْمَعُ كُلُّ ٱمْرِئٍ مِّنْهُمْ أَن يُدْخَلَ جَنَّةَ نَعِيمٍ ﴿٣٨﴾

38. Стреми ли секој од нив да влезе во Џеннетот благословен?

كَلَّآ ۖ إِنَّا خَلَقْنَٰهُم مِّمَّا يَعْلَمُونَ ﴿٣٩﴾

39. Но, не! Ние ги создадовме од она што знаат, навистина!

فَلَآ أُقْسِمُ بِرَبِّ ٱلْمَشَٰرِقِ وَٱلْمَغَٰرِبِ إِنَّا لَقَٰدِرُونَ ﴿٤٠﴾

40. Но, не! Јас се колнам во Господарот на истоци и запади дека Ние сме, навистина, Кадри

عَلَىٰٓ أَن نُّبَدِّلَ خَيْرًا مِّنْهُمْ وَمَا نَحْنُ بِمَسْبُوقِينَ ﴿٤١﴾

41. да ги замениме со подобри од нив, и Ние не сме немоќни.

فَذَرْهُمْ يَخُوضُوا۟ وَيَلْعَبُوا۟ حَتَّىٰ يُلَٰقُوا۟ يَوْمَهُمُ ٱلَّذِى يُوعَدُونَ ﴿٤٢﴾

42. Па, остави ги нека зборуваат еднисодруги и нека играат сè додека не бидат фрлени во Денот што им се ветуваше,

يَوْمَ يَخْرُجُونَ مِنَ ٱلْأَجْدَاثِ سِرَاعًا كَأَنَّهُمْ إِلَىٰ نُصُبٍ يُوفِضُونَ ﴿٤٣﴾

43. на Денот во кој ќе излезат од мезарите, брзајќи, како да се брзаат кон здружениците,

خَٰشِعَةً أَبْصَٰرُهُمْ تَرْهَقُهُمْ ذِلَّةٌ ۚ ذَٰلِكَ ٱلْيَوْمُ ٱلَّذِى كَانُوا۟ يُوعَدُونَ ﴿٤٤﴾

44. со уплашени погледи свои и до земја понижени. Ете, тоа ќе биде оној Ден кој им се ветува!

НУХ (Нух) LXXI

سُورَةُ نُوحٍ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

إِنَّآ أَرْسَلْنَا نُوحًا إِلَىٰ قَوْمِهِۦٓ أَنْ أَنذِرْ قَوْمَكَ مِن قَبْلِ أَن يَأْتِيَهُمْ عَذَابٌ أَلِيمٌ ﴿١﴾

1. Ние, навистина, го испративме Нуха до народот свој:

"Опомени го народот твој пред да им настапи казната болна!"

2. И рече: "О народе мој, јас сум ви, навистина, опоменувач јасен;

قَالَ يَٰقَوْمِ إِنِّي لَكُمْ نَذِيرٌ مُّبِينٌ ﴿٢﴾

3. обожавајте Го Аллаха, плашете се од Него, и бидете ми послушни:

أَنِ ٱعْبُدُوا۟ ٱللَّهَ وَٱتَّقُوهُ وَأَطِيعُونِ ﴿٣﴾

4. Ќе ви прости од гревовите ваши и ќе ве остави до рокот определен. А кога ќе дојде крајот кој Аллах го одреди не ќе се одгоди. Ете, така да знаете!"

يَغْفِرْ لَكُم مِّن ذُنُوبِكُمْ وَيُؤَخِّرْكُمْ إِلَىٰٓ أَجَلٍ مُّسَمًّى ۚ إِنَّ أَجَلَ ٱللَّهِ إِذَا جَآءَ لَا يُؤَخَّرُ ۖ لَوْ كُنتُمْ تَعْلَمُونَ ﴿٤﴾

5. И рече:"Господаре мој, денонокно го повикував народот мој, навистина!

قَالَ رَبِّ إِنِّي دَعَوْتُ قَوْمِى لَيْلًا وَنَهَارًا ﴿٥﴾

6. Но, повикот мој ги тераше само во бегство;

فَلَمْ يَزِدْهُمْ دُعَآءِىٓ إِلَّا فِرَارًا ﴿٦﴾

7. и секојпат кога ќе ги повикував за да им простиш ги ставаа прстите свои в уши, и се покриваа со огртачите свои, и беа тврдоглави, и се држеа нависоко!

وَإِنِّى كُلَّمَا دَعَوْتُهُمْ لِتَغْفِرَ لَهُمْ جَعَلُوٓا۟ أَصَٰبِعَهُمْ فِىٓ ءَاذَانِهِمْ وَٱسْتَغْشَوْا۟ ثِيَابَهُمْ وَأَصَرُّوا۟ وَٱسْتَكْبَرُوا۟ ٱسْتِكْبَارًا ﴿٧﴾

8. Јас потоа ги повикував јавно, навистина,

ثُمَّ إِنِّى دَعَوْتُهُمْ جِهَارًا ﴿٨﴾

9. потоа им возгласував, навистина, и тајно им зборував,"

ثُمَّ إِنِّىٓ أَعْلَنتُ لَهُمْ وَأَسْرَرْتُ لَهُمْ إِسْرَارًا ﴿٩﴾

10. велејќи им: "Барајте прошка од Господарот ваш. Он, навистина, е Простувач!"

فَقُلْتُ ٱسْتَغْفِرُوا۟ رَبَّكُمْ إِنَّهُۥ كَانَ غَفَّارًا ﴿١٠﴾

11. Од небото Он ќе ви испрати вода во изобилство,

يُرْسِلِ ٱلسَّمَآءَ عَلَيْكُم مِّدْرَارًا ﴿١١﴾

12. ќе ви даде и имоти, и синови, а ќе ви даде и бавчи, и реки за вас наменети!

وَيُمْدِدْكُم بِأَمْوَٰلٍ وَبَنِينَ وَيَجْعَل لَّكُمْ جَنَّٰتٍ وَيَجْعَل لَّكُمْ أَنْهَٰرًا ﴿١٢﴾

13. Што ви е? Па, не очекувате ли од Аллах сила голема?

مَّا لَكُمْ لَا تَرْجُونَ لِلَّهِ وَقَارًا ﴿١٣﴾

14. и Он, секако, ве создава постапно.

وَقَدْ خَلَقَكُمْ أَطْوَارًا ﴿١٤﴾

15. Не гледаш ли како Аллах создаде седум небеса, еднинадруги?

أَلَمْ تَرَوْا۟ كَيْفَ خَلَقَ ٱللَّهُ سَبْعَ سَمَٰوَٰتٍ طِبَاقًا ﴿١٥﴾

16. Меѓу нив Месечината Он ја одреди да биде светлина, а Сонцето да биде светилка.

وَجَعَلَ ٱلْقَمَرَ فِيهِنَّ نُورًا وَجَعَلَ ٱلشَّمْسَ سِرَاجًا ﴿١٦﴾

17. Аллах дава да никнете од земјата како растенија,

وَٱللَّهُ أَنۢبَتَكُم مِّنَ ٱلْأَرْضِ نَبَاتًا ﴿١٧﴾

18. потоа Он ве враќа во неа и пак ќе ве извади од неа.

ثُمَّ يُعِيدُكُمْ فِيهَا وَيُخْرِجُكُمْ إِخْرَاجًا ﴿١٨﴾

19. Аллах ја одреди земјата да ви биде постелнина,

وَٱللَّهُ جَعَلَ لَكُمُ ٱلْأَرْضَ بِسَاطًا ﴿١٩﴾

20. за да патувате по широките патишта нејзини.

لِّتَسْلُكُوا۟ مِنْهَا سُبُلًا فِجَاجًا ﴿٢٠﴾

21. Нух рече: "Господаре, непослушни ми се, навистина! И ги следат оние што имотите нивни и децата нивни ја зголемуваат пропаста нивна.

قَالَ نُوحٌ رَّبِّ إِنَّهُمْ عَصَوْنِى وَٱتَّبَعُوا۟ مَن لَّمْ يَزِدْهُ مَالُهُۥ وَوَلَدُهُۥٓ إِلَّا خَسَارًا ﴿٢١﴾

22. И сплетки големи сплеткарат,"

وَمَكَرُوا۟ مَكْرًا كُبَّارًا ﴿٢٢﴾

23. и зборуваат: "Не оставајте ги никако божествата ваши, и не оставајте ги ни Ведд ни Суваа, ни Јегус, ни Јеук, ни Неср!

وَقَالُوا۟ لَا تَذَرُنَّ ءَالِهَتَكُمْ وَلَا تَذَرُنَّ وَدًّا وَلَا سُوَاعًا وَلَا يَغُوثَ وَيَعُوقَ وَنَسْرًا ﴿٢٣﴾

24. Веќе скршнаа во заблуда, наголемо! На зулумќарите само заблудата зголемувај им ја!"

وَقَدْ أَضَلُّوا۟ كَثِيرًا ۖ وَلَا تَزِدِ ٱلظَّٰلِمِينَ إِلَّا ضَلَٰلًا ﴿٢٤﴾

25. И заради грешките нивни беа потопени и фрлени во огнот и, освен Аллах, не најдоа ниеден поддржник!

مِّمَّا خَطِيٓـَٰٔتِهِمْ أُغْرِقُوا۟ فَأُدْخِلُوا۟ نَارًا فَلَمْ يَجِدُوا۟ لَهُم مِّن دُونِ ٱللَّهِ أَنصَارًا ﴿٢٥﴾

26. И Нух рече: "Господаре мој, не оставај ги на земјата, ниеден жител меѓу неверниците!

وَقَالَ نُوحٌ رَّبِّ لَا تَذَرْ عَلَى ٱلْأَرْضِ مِنَ ٱلْكَٰفِرِينَ دَيَّارًا ﴿٢٦﴾

27. Ако ги оставиш ќе ги скршнуваат во заблуда, навистина, робовите Твои, и ќе доаѓаат само грешници и неверници!

إِنَّكَ إِن تَذَرْهُمْ يُضِلُّوا۟ عِبَادَكَ وَلَا يَلِدُوٓا۟ إِلَّا فَاجِرًا كَفَّارًا ﴿٢٧﴾

28. Господаре мој, прости ми, мене и на родителите мои, и на оној кој ќе влезе во домот мој како верник, и на верниците, и на верничките, а на зулумќарите, пак, само зголеми им го страдањето!"

رَبِّ ٱغْفِرْ لِى وَلِوَٰلِدَىَّ وَلِمَن دَخَلَ بَيْتِىَ مُؤْمِنًا وَلِلْمُؤْمِنِينَ وَٱلْمُؤْمِنَٰتِ وَلَا تَزِدِ ٱلظَّٰلِمِينَ إِلَّا تَبَارًا ﴿٢٨﴾

ЕЛ-ЏИН (Џинови) LXXII

سُورَةُ الْجِنِّ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Кажи: "Објавено ми е дека една дружина на џинови го

قُلْ أُوحِىَ إِلَىَّ أَنَّهُ ٱسْتَمَعَ نَفَرٌ مِّنَ ٱلْجِنِّ فَقَالُوٓا۟ إِنَّا سَمِعْنَا

слушале, па рекле: ‘Да, ние слушнавме еден чудесен Кур’ан,

قُرْءَانًا عَجَبًا ﴿١﴾

2. кој упатува кон показот и му поверувавме, и никогаш на Господарот наш нема здруженик да му припишуваме!’“

يَهْدِىٓ إِلَى ٱلرُّشْدِ فَـَٔامَنَّا بِهِۦ ۖ وَلَن نُّشْرِكَ بِرَبِّنَآ أَحَدًا ﴿٢﴾

3. И нека Он биде возвишен, Господарот наш, Кој не присвои ни жена ни дете!

وَأَنَّهُۥ تَعَٰلَىٰ جَدُّ رَبِّنَا مَا ٱتَّخَذَ صَٰحِبَةً وَلَا وَلَدًا ﴿٣﴾

4. Еден луд, секако, зборуваше против Аллах, некакви претераности,

وَأَنَّهُۥ كَانَ يَقُولُ سَفِيهُنَا عَلَى ٱللَّهِ شَطَطًا ﴿٤﴾

5. а Ние, пак, замислувавме дека ни џиновите ни луѓето не зборуваат лаги против Аллах,

وَأَنَّا ظَنَنَّآ أَن لَّن تَقُولَ ٱلْإِنسُ وَٱلْجِنُّ عَلَى ٱللَّهِ كَذِبًا ﴿٥﴾

6. или, пак, имаше мажи меѓу луѓето кои бараа заштита од мажите меѓу џиновите па овие им ја зголемуваа непромисленоста.

وَأَنَّهُۥ كَانَ رِجَالٌ مِّنَ ٱلْإِنسِ يَعُوذُونَ بِرِجَالٍ مِّنَ ٱلْجِنِّ فَزَادُوهُمْ رَهَقًا ﴿٦﴾

7. И оние мислеа како што вие мислевте како Аллах никогаш никого, навистина, нема да оживи.

وَأَنَّهُمْ ظَنُّوا۟ كَمَا ظَنَنتُمْ أَن لَّن يَبْعَثَ ٱللَّهُ أَحَدًا ﴿٧﴾

8. И го допревме небото, навистина, па го најдовме како е исполнето со јаки чувари и ѕвезди што блекаат.

وَأَنَّا لَمَسْنَا ٱلسَّمَآءَ فَوَجَدْنَٰهَا مُلِئَتْ حَرَسًا شَدِيدًا وَشُهُبًا ﴿٨﴾

9. И да седевме во непосредна близина на местата за седење за

وَأَنَّا كُنَّا نَقْعُدُ مِنْهَا مَقَٰعِدَ لِلسَّمْعِ ۖ فَمَن يَسْتَمِعِ

да слушаме. А оној кој прислушкува сега ќе наиде на ѕвезда блескотна, од заседа!

أَلْآنَ يَجِدْ لَهُۥ شِهَابًا رَّصَدًا ﴿٩﴾

10. и ние не знаеме зло ли си посакуваа за оние на земјата или, пак, Господарот нивни, за нив посакува показ?

وَأَنَّا لَا نَدْرِىٓ أَشَرٌّ أُرِيدَ بِمَن فِى ٱلْأَرْضِ أَمْ أَرَادَ بِهِمْ رَبُّهُمْ رَشَدًا ﴿١٠﴾

11. Меѓу нас има, навистина, добри; меѓу нас има и поинакви. Не, бевме по патишта одделени!

وَأَنَّا مِنَّا ٱلصَّٰلِحُونَ وَمِنَّا دُونَ ذَٰلِكَ ۖ كُنَّا طَرَآئِقَ قِدَدًا ﴿١١﴾

12. Да, помислувавме дека сме немоќни пред Аллах на земјава и дека постојано ќе бидеме немоќни од Него да избегаме.

وَأَنَّا ظَنَنَّآ أَن لَّن نُّعْجِزَ ٱللَّهَ فِى ٱلْأَرْضِ وَلَن نُّعْجِزَهُۥ هَرَبًا ﴿١٢﴾

13. И штом го слушнавме Показот веднаш поверувавме во него, навистина! Па, оној кој верува во Господарот свој, па не се плаши ни од штета ни од непромисленост.

وَأَنَّا لَمَّا سَمِعْنَا ٱلْهُدَىٰٓ ءَامَنَّا بِهِۦ ۖ فَمَن يُؤْمِنۢ بِرَبِّهِۦ فَلَا يَخَافُ بَخْسًا وَلَا رَهَقًا ﴿١٣﴾

14. Да, меѓу нас има и Послушни, меѓу нас има и неправедни. А оние кои беа Послушни,ете, онаквите го бараа Показот!

وَأَنَّا مِنَّا ٱلْمُسْلِمُونَ وَمِنَّا ٱلْقَٰسِطُونَ ۖ فَمَنْ أَسْلَمَ فَأُو۟لَٰٓئِكَ تَحَرَّوْا۟ رَشَدًا ﴿١٤﴾

15. А што се однесува до неправедните, ете, за Џехеннемот ќе бидат гориво!

وَأَمَّا ٱلْقَٰسِطُونَ فَكَانُوا۟ لِجَهَنَّمَ حَطَبًا ﴿١٥﴾

16. А цврсто да останеа на Патот ќе ги напоевме со вода изобилна, навистина! -

وَأَلَّوِ ٱسْتَقَٰمُوا۟ عَلَى ٱلطَّرِيقَةِ لَأَسْقَيْنَٰهُم مَّآءً غَدَقًا ﴿١٦﴾

17. за да ги ставиме во искушение: оној кој ќе биде рамнодушен кон Опомената на Господарот свој...ќе му следи казна што ќе се зголемува.

لِنَفْتِنَهُمْ فِيهِ ۚ وَمَن يُعْرِضْ عَن ذِكْرِ رَبِّهِۦ يَسْلُكْهُ عَذَابًا صَعَدًا ﴿١٧﴾

18. Џамиите, навистина, се за Аллах и, тогаш, никого не повикувајте освен Аллах!

وَأَنَّ ٱلْمَسَٰجِدَ لِلَّهِ فَلَا تَدْعُوا۟ مَعَ ٱللَّهِ أَحَدًا ﴿١٨﴾

19. И кога Аллаховиот роб се исправи да го замоли, само што не му се прилепија!

وَأَنَّهُۥ لَمَّا قَامَ عَبْدُ ٱللَّهِ يَدْعُوهُ كَادُوا۟ يَكُونُونَ عَلَيْهِ لِبَدًا ﴿١٩﴾

20. Кажи:"Само Господарот мој го повикувам, навистина! И ништо не Му здружувам!"

قُلْ إِنَّمَآ أَدْعُوا۟ رَبِّى وَلَآ أُشْرِكُ بِهِۦٓ أَحَدًا ﴿٢٠﴾

21. Кажи: "Да, не сум моќен ни да ви наштетам ни да ве упатам!"

قُلْ إِنِّى لَآ أَمْلِكُ لَكُمْ ضَرًّا وَلَا رَشَدًا ﴿٢١﴾

22. Кажи: "Никој од Аллах не ќе ме заштити, навистина! И никогаш, освен Него, не ќе најдам засолниште!

قُلْ إِنِّى لَن يُجِيرَنِى مِنَ ٱللَّهِ أَحَدٌ وَلَنْ أَجِدَ مِن دُونِهِۦ مُلْتَحَدًا ﴿٢٢﴾

23. освен да известам од Аллах и од посланијата Негови." А оној кој ќе биде непослушен кон Аллах и кон пејгамберот Негов... па, за него, навистина, има казна џехеннемска! И во неа за навек ќе останат!

إِلَّا بَلَٰغًا مِّنَ ٱللَّهِ وَرِسَٰلَٰتِهِۦ ۚ وَمَن يَعْصِ ٱللَّهَ وَرَسُولَهُۥ فَإِنَّ لَهُۥ نَارَ جَهَنَّمَ خَٰلِدِينَ فِيهَآ أَبَدًا ﴿٢٣﴾

24. И кога ќе го здогледат она што им е ветено... па, ќе узнаат кој е послаб поддржник и помалкуброен!

حَتَّىٰٓ إِذَا رَأَوْا۟ مَا يُوعَدُونَ فَسَيَعْلَمُونَ مَنْ أَضْعَفُ نَاصِرًا وَأَقَلُّ عَدَدًا ﴿٢٤﴾

25. Кажи: "Јас не знам дали е блиску она што ви е ветено или, пак, Господарот мој одреди тоа да се одложи."

قُلْ إِنْ أَدْرِيٓ أَقَرِيبٌ مَّا تُوعَدُونَ أَمْ يَجْعَلُ لَهُۥ رَبِّيٓ أَمَدًا ﴿٢٥﴾

26. Зналец на Тајната? Па, тајната Своја никому не ја открива!

عَٰلِمُ ٱلْغَيْبِ فَلَا يُظْهِرُ عَلَىٰ غَيْبِهِۦٓ أَحَدًا ﴿٢٦﴾

27. освен на оној кого Он ќе го избере за пејгамбер, кого Он, навистина, го штити и пред него и зад него,

إِلَّا مَنِ ٱرْتَضَىٰ مِن رَّسُولٍ فَإِنَّهُۥ يَسْلُكُ مِنۢ بَيْنِ يَدَيْهِ وَمِنْ خَلْفِهِۦ رَصَدًا ﴿٢٧﴾

28. за да знае дека пратениjата на Господарот нивни се известени, и и за да го опфати она што е при нив и за да изброи сè! сè!

لِّيَعْلَمَ أَن قَدْ أَبْلَغُوا۟ رِسَٰلَٰتِ رَبِّهِمْ وَأَحَاطَ بِمَا لَدَيْهِمْ وَأَحْصَىٰ كُلَّ شَىْءٍ عَدَدًا ﴿٢٨﴾

ЕЛ-МУЗЕММИЛ (Завиткан) LXXIII

سُورَةُ المُزَّمِّل

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Еј, ти завиткан!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلْمُزَّمِّلُ ﴿١﴾

2. Само малку стани во ноќта, во еден дел нејзин,

قُمِ ٱلَّيْلَ إِلَّا قَلِيلًا ﴿٢﴾

3. половина од ноќта или, пак, помалку од тоа,

نِّصْفَهُۥٓ أَوِ ٱنقُصْ مِنْهُ قَلِيلًا ﴿٣﴾

4. или, пак, зголеми малку во тоа и читај Кур'ан по правило!

أَوْ زِدْ عَلَيْهِ وَرَتِّلِ ٱلْقُرْءَانَ تَرْتِيلًا ﴿٤﴾

5. Ние, навистина, ќе ти објавиме тежок говор;

إِنَّا سَنُلْقِى عَلَيْكَ قَوْلًا ثَقِيلًا ﴿٥﴾

إِنَّ نَاشِئَةَ ٱلَّيْلِ هِيَ أَشَدُّ وَطْئًا وَأَقْوَمُ قِيلًا ﴿٦﴾

6. станувањето ноќе поис - право делува, секако, врз работата, и поисправно во зборувањето,

إِنَّ لَكَ فِي ٱلنَّهَارِ سَبْحًا طَوِيلًا ﴿٧﴾

7. а и дење, исто така, подолго си зафатен.

وَٱذْكُرِ ٱسْمَ رَبِّكَ وَتَبَتَّلْ إِلَيْهِ تَبْتِيلًا ﴿٨﴾

8. И споменувај Го името на Господарот твој и посвети се, посветувајќи се, кон Него:

رَّبُّ ٱلْمَشْرِقِ وَٱلْمَغْرِبِ لَآ إِلَٰهَ إِلَّا هُوَ فَٱتَّخِذْهُ وَكِيلًا ﴿٩﴾

9. Господарот на Исток и на Запад; нема друг бог освен Него, и прифатете Го,тогаш, како Закрилник!

وَٱصْبِرْ عَلَىٰ مَا يَقُولُونَ وَٱهْجُرْهُمْ هَجْرًا جَمِيلًا ﴿١٠﴾

10. И стрпи се за она што го зборуваат и оддалечи се од нив, со расчекор пристоен!

وَذَرْنِي وَٱلْمُكَذِّبِينَ أُولِي ٱلنَّعْمَةِ وَمَهِّلْهُمْ قَلِيلًا ﴿١١﴾

11. И остави Ме Мене со лашковците кои поседуваат богатство, и остави ги извесно време!

إِنَّ لَدَيْنَآ أَنكَالًا وَجَحِيمًا ﴿١٢﴾

12. Кај Нас ќе има, навистина, и пранги и Џехеннем!

وَطَعَامًا ذَا غُصَّةٍ وَعَذَابًا أَلِيمًا ﴿١٣﴾

13. и храна што не се голта, и казна болна!

يَوْمَ تَرْجُفُ ٱلْأَرْضُ وَٱلْجِبَالُ وَكَانَتِ ٱلْجِبَالُ كَثِيبًا مَّهِيلًا ﴿١٤﴾

14. Ден во кој ќе се потресат Земјата и брдата, а брдата ќе бидат расфрлани како од песок тумбиња.

إِنَّآ أَرْسَلْنَآ إِلَيْكُمْ رَسُولًا شَٰهِدًا عَلَيْكُمْ كَمَآ أَرْسَلْنَآ إِلَىٰ فِرْعَوْنَ رَسُولًا ﴿١٥﴾

15. Да, Ние ви испративме пејгамбер кој ќе сведочи против вас исто онака како што на

фараонот му испративме пејгамбер.

فَعَصَىٰ فِرْعَوْنُ ٱلرَّسُولَ فَأَخَذْنَٰهُ أَخْذًا وَبِيلًا ﴿١٦﴾

16. И фараонот, тогаш, не го послуша пејгамберот и Ние, заради тоа, го зграбивме со еден грабеж груб.

فَكَيْفَ تَتَّقُونَ إِن كَفَرْتُمْ يَوْمًا يَجْعَلُ ٱلْوِلْدَٰنَ شِيبًا ﴿١٧﴾

17. Па, како не се плашите од Денот во кој не верувате... кога на децата ќе им побели косата.

ٱلسَّمَآءُ مُنفَطِرٌۢ بِهِۦ ۚ كَانَ وَعْدُهُۥ مَفْعُولًا ﴿١٨﴾

18. Небото тогаш ќе испука и ветувањето Негово ќе се оствари.

إِنَّ هَٰذِهِۦ تَذْكِرَةٌ ۖ فَمَن شَآءَ ٱتَّخَذَ إِلَىٰ رَبِّهِۦ سَبِيلًا ﴿١٩﴾

19. Ова, навистина, е Опомена! Па, кој ќе посака ќе го прифати патот кон Господарот свој.

۞ إِنَّ رَبَّكَ يَعْلَمُ أَنَّكَ تَقُومُ أَدْنَىٰ مِن ثُلُثَىِ ٱلَّيْلِ وَنِصْفَهُۥ وَثُلُثَهُۥ وَطَآئِفَةٌ مِّنَ ٱلَّذِينَ مَعَكَ ۚ وَٱللَّهُ يُقَدِّرُ ٱلَّيْلَ وَٱلنَّهَارَ ۚ عَلِمَ أَن لَّن تُحْصُوهُ فَتَابَ عَلَيْكُمْ ۖ فَٱقْرَءُوا۟ مَا تَيَسَّرَ مِنَ ٱلْقُرْءَانِ ۚ عَلِمَ أَن سَيَكُونُ مِنكُم مَّرْضَىٰ ۙ وَءَاخَرُونَ يَضْرِبُونَ فِى ٱلْأَرْضِ يَبْتَغُونَ مِن فَضْلِ ٱللَّهِ ۙ وَءَاخَرُونَ يُقَٰتِلُونَ فِى سَبِيلِ ٱللَّهِ ۖ فَٱقْرَءُوا۟ مَا تَيَسَّرَ مِنْهُ ۚ وَأَقِيمُوا۟ ٱلصَّلَوٰةَ وَءَاتُوا۟ ٱلزَّكَوٰةَ وَأَقْرِضُوا۟ ٱللَّهَ قَرْضًا حَسَنًا ۚ وَمَا تُقَدِّمُوا۟ لِأَنفُسِكُم مِّنْ خَيْرٍ تَجِدُوهُ عِندَ ٱللَّهِ هُوَ خَيْرًا وَأَعْظَمَ أَجْرًا ۚ وَٱسْتَغْفِرُوا۟ ٱللَّهَ ۖ إِنَّ ٱللَّهَ غَفُورٌ رَّحِيمٌ ﴿٢٠﴾

20. Господарот твој, секако, знае дека ти стануваш ноќе да се молиш помалку од две третини на ноќта, половина или, пак, една третина, а и дружината што е со тебе. Аллах го одредува и ноќта и денот. Он знае дека вие не знаете да го пресметате тоа и Он ви простува. Па, читајте го од Кур'анот она што ви е лесно! Он знае дека меѓу вас ќе има болни, и оние кои ќе шетаат по земјата барајќи ја добрината Аллахова, а други, пак, се борат на Аллаховиот пат. Па, читајте го од Кур'анот она што ви е лесно! И намаз извршувајте и зекат давајте! И позајмете Му на Аллах заем добар! А доброто

што го давате од себе, ќе го најдете кај Аллах уште подобро, и поголема награда. И барајте прошка од Аллах! Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

*ЕЛ-МУДЕССИР(*Покриен) LXXIV

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

1. Ej ти, покриен! يَا أَيُّهَا الْمُدَّثِّرُ ﴿١﴾

2. Стани и опоменувај! قُمْ فَأَنذِرْ ﴿٢﴾

3. и Господарот твој, величај Го, وَرَبَّكَ فَكَبِّرْ ﴿٣﴾

4. и облеката твоја, очисти ја, وَثِيَابَكَ فَطَهِّرْ ﴿٤﴾

5. и од нечистото, оддалечи се! وَالرُّجْزَ فَاهْجُرْ ﴿٥﴾

6. Не мурти се, што ти се причинува многу! وَلَا تَمْنُن تَسْتَكْثِرُ ﴿٦﴾

7. И заради Господарот твој, стрпи се! وَلِرَبِّكَ فَاصْبِرْ ﴿٧﴾

8. А кога во Сурлата ќе се дувне, فَإِذَا نُقِرَ فِي النَّاقُورِ ﴿٨﴾

9. ете, тогаш, ќе биде Ден тежок: فَذَٰلِكَ يَوْمَئِذٍ يَوْمٌ عَسِيرٌ ﴿٩﴾

10. за неверниците не ќе биде лесен! عَلَى الْكَافِرِينَ غَيْرُ يَسِيرٍ ﴿١٠﴾

11. Остави Ме насамо со оној што го создадов осамен, ذَرْنِي وَمَنْ خَلَقْتُ وَحِيدًا ﴿١١﴾

12. и му дадов богатство големо,

وَجَعَلْتُ لَهُۥ مَالًا مَّمْدُودًا ﴿١٢﴾

13. и му дадов синови сведоци;

وَبَنِينَ شُهُودًا ﴿١٣﴾

14. Јас за него подготвив и подготовка една.

وَمَهَّدتُّ لَهُۥ تَمْهِيدًا ﴿١٤﴾

15. А потоа сакаше да му дадам повеќе.

ثُمَّ يَطْمَعُ أَنْ أَزِيدَ ﴿١٥﴾

16. Но, не! Беше тврдоглав, навистина, кон знамењата Наши,

كَلَّآ ۖ إِنَّهُۥ كَانَ لِـَٔايَٰتِنَا عَنِيدًا ﴿١٦﴾

17. и ќе го свиткам со тешкотии!

سَأُرْهِقُهُۥ صَعُودًا ﴿١٧﴾

18. Тој, навистина, многу размислуваше и многу сметаше!

إِنَّهُۥ فَكَّرَ وَقَدَّرَ ﴿١٨﴾

19. Па, нека биде убиен како така сметаше,

فَقُتِلَ كَيْفَ قَدَّرَ ﴿١٩﴾

20. и пак нека биде убиен како така сметаше!

ثُمَّ قُتِلَ كَيْفَ قَدَّرَ ﴿٢٠﴾

21. Потоа погледна,

ثُمَّ نَظَرَ ﴿٢١﴾

22. потоа се намурти и се стемни,

ثُمَّ عَبَسَ وَبَسَرَ ﴿٢٢﴾

23. потоа ги сврти плеќите и се надува,

ثُمَّ أَدْبَرَ وَٱسْتَكْبَرَ ﴿٢٣﴾

24. па рече: "Ова, навистина, е само волшебништво што се наследува!

فَقَالَ إِنْ هَٰذَآ إِلَّا سِحْرٌ يُؤْثَرُ ﴿٢٤﴾

25. Ова е само говор човечки!"

إِنْ هَٰذَآ إِلَّا قَوْلُ ٱلْبَشَرِ ﴿٢٥﴾

26. Јас ќе го фрлам во огнот Секар.

سَأُصْلِيهِ سَقَرَ ﴿٢٦﴾

27. А од кај знаеш ти што е тоа Секар?

وَمَآ أَدْرَىٰكَ مَا سَقَرُ ﴿٢٧﴾

28. Во него ништо не останува ни пепел;

لَا تُبْقِي وَلَا تَذَرُ ﴿٢٨﴾

29. пламеник за луѓето;

لَوَّاحَةٌ لِّلْبَشَرِ ﴿٢٩﴾

30. над него бдеат деветнаест - мина:

عَلَيْهَا تِسْعَةَ عَشَرَ ﴿٣٠﴾

31. а мелеките Ние ги одредивме да бидат тие што бдеат врз огнот. Бројот нивни е искушение за оние кои не веруваа, и за да се уверат оние со дадената им Книга, и на верниците верувањето да им се зголеми и за да не се сомневаат оние со дадената им Книга, и на верниците, и за да им се рече на оние кои имаат болештина во срцата нивни, и на неверниците - што сака Аллах да покаже со овој пример? Ете, така Аллах го скршнува во заблуда оној кого Он сака, и Он упатува кого сака. Војската Негова ја знае само Он! А тоа е само Опомена за луѓето!

وَمَا جَعَلْنَآ أَصْحَٰبَ ٱلنَّارِ إِلَّا مَلَٰٓئِكَةً ۙ وَمَا جَعَلْنَا عِدَّتَهُمْ إِلَّا فِتْنَةً لِّلَّذِينَ كَفَرُوا۟ لِيَسْتَيْقِنَ ٱلَّذِينَ أُوتُوا۟ ٱلْكِتَٰبَ وَيَزْدَادَ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓا۟ إِيمَٰنًا ۖ وَلَا يَرْتَابَ ٱلَّذِينَ أُوتُوا۟ ٱلْكِتَٰبَ وَٱلْمُؤْمِنُونَ ۙ وَلِيَقُولَ ٱلَّذِينَ فِى قُلُوبِهِم مَّرَضٌ وَٱلْكَٰفِرُونَ مَاذَآ أَرَادَ ٱللَّهُ بِهَٰذَا مَثَلًا ۚ كَذَٰلِكَ يُضِلُّ ٱللَّهُ مَن يَشَآءُ وَيَهْدِى مَن يَشَآءُ ۚ وَمَا يَعْلَمُ جُنُودَ رَبِّكَ إِلَّا هُوَ ۚ وَمَا هِىَ إِلَّا ذِكْرَىٰ لِلْبَشَرِ ﴿٣١﴾

32. Но, не! Се колнам во Месечината,

كَلَّا وَٱلْقَمَرِ ﴿٣٢﴾

33. и во ноќта кога ќе зајде,	وَٱلَّيۡلِ إِذۡ أَدۡبَرَ ﴿٣٣﴾
34. и во муграта кога ќе пукне…	وَٱلصُّبۡحِ إِذَآ أَسۡفَرَ ﴿٣٤﴾
35. тоа ќе биде несреќа голема, навистина,	إِنَّهَا لَإِحۡدَى ٱلۡكُبَرِ ﴿٣٥﴾
36. за луѓето опомена:	نَذِيرٗا لِّلۡبَشَرِ ﴿٣٦﴾
37. за оној меѓу вас кој посакува тоа да го забрза или да го успори!	لِمَن شَآءَ مِنكُمۡ أَن يَتَقَدَّمَ أَوۡ يَتَأَخَّرَ ﴿٣٧﴾
38. И секоја личност е јамец за она што го спечалила,	كُلُّ نَفۡسِۭ بِمَا كَسَبَتۡ رَهِينَةٌ ﴿٣٨﴾
39. освен сретните	إِلَّآ أَصۡحَٰبَ ٱلۡيَمِينِ ﴿٣٩﴾
40. кои во бавчите џеннетски ќе се распрашуваат	فِي جَنَّٰتٖ يَتَسَآءَلُونَ ﴿٤٠﴾
41. за силниците:	عَنِ ٱلۡمُجۡرِمِينَ ﴿٤١﴾
42. "Што ве доведе во огнот Секар?", -	مَا سَلَكَكُمۡ فِي سَقَرَ ﴿٤٢﴾
43. а овие ќе речат: "Не бевме меѓу оние кои намаз клањаа,	قَالُواْ لَمۡ نَكُ مِنَ ٱلۡمُصَلِّينَ ﴿٤٣﴾
44. и не ги храневме сиромашните,	وَلَمۡ نَكُ نُطۡعِمُ ٱلۡمِسۡكِينَ ﴿٤٤﴾
45. и во безработица, со безработниците, се спуштавме,	وَكُنَّا نَخُوضُ مَعَ ٱلۡخَآئِضِينَ ﴿٤٥﴾
46. и Денот ветен за лажен го сметавме,	وَكُنَّا نُكَذِّبُ بِيَوۡمِ ٱلدِّينِ ﴿٤٦﴾
47. сè додека не се уверивме!"	حَتَّىٰٓ أَتَىٰنَا ٱلۡيَقِينُ ﴿٤٧﴾

48. Па, не ќе им користи посредувањето на посредниците.

فَمَا تَنفَعُهُمْ شَفَٰعَةُ ٱلشَّٰفِعِينَ ﴿٤٨﴾

49. Па, зошто тогаш се рамнодушни кон Опомената?

فَمَا لَهُمْ عَنِ ٱلتَّذْكِرَةِ مُعْرِضِينَ ﴿٤٩﴾

50. Како да се магарињa исплашени,

كَأَنَّهُمْ حُمُرٌ مُّسْتَنفِرَةٌ ﴿٥٠﴾

51. кои бегаат од ловот.

فَرَّتْ مِن قَسْوَرَةٍ ﴿٥١﴾

52. Но секој од нив посакува да му се дадат страници отворени.

بَلْ يُرِيدُ كُلُّ ٱمْرِئٍ مِّنْهُمْ أَن يُؤْتَىٰ صُحُفًا مُّنَشَّرَةً ﴿٥٢﴾

53. Но, не! Оние не се плашат од Ахирет.

كَلَّا ۖ بَل لَّا يَخَافُونَ ٱلْءَاخِرَةَ ﴿٥٣﴾

54. Но, не! Кур'анот е Опомена, навистина!

كَلَّآ إِنَّهُۥ تَذْكِرَةٌ ﴿٥٤﴾

55. И тогаш кој сака го прима за Опомена,

فَمَن شَآءَ ذَكَرَهُۥ ﴿٥٥﴾

56. а тие само со посак Аллахов се опоменуваат. Он е Достоен за богобојазливоста и Он е Достоен за прошката!

وَمَا يَذْكُرُونَ إِلَّآ أَن يَشَآءَ ٱللَّهُ ۚ هُوَ أَهْلُ ٱلتَّقْوَىٰ وَأَهْلُ ٱلْمَغْفِرَةِ ﴿٥٦﴾

ЕЛ- КИЈАМЕ (Пропаст на светот) LXXV

سُورَةُ القِيَامَةِ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Не! Јас се колнам во денот кијаметски!

لَآ أُقْسِمُ بِيَوْمِ ٱلْقِيَٰمَةِ ﴿١﴾

2. Но, не! Јас се колнам во душата која самата себеси се грди!

وَلَآ أُقْسِمُ بِٱلنَّفْسِ ٱللَّوَّامَةِ ﴿٢﴾

أَيَحْسَبُ ٱلْإِنسَٰنُ أَلَّن نَّجْمَعَ عِظَامَهُۥ ﴿٣﴾

3. Мисли ли човекот дека Ние никогаш нема да ги збереме коските негови?

بَلَىٰ قَٰدِرِينَ عَلَىٰٓ أَن نُّسَوِّيَ بَنَانَهُۥ ﴿٤﴾

4. Е, уште како! Ние сме Кадри дури и да ги поредиме и јагодиците на прстите негови.

بَلْ يُرِيدُ ٱلْإِنسَٰنُ لِيَفْجُرَ أَمَامَهُۥ ﴿٥﴾

5. Но, човекот посакува пред него да греши;

يَسْـَٔلُ أَيَّانَ يَوْمُ ٱلْقِيَٰمَةِ ﴿٦﴾

6. прашува кога ќе се случи кијаметот.

فَإِذَا بَرِقَ ٱلْبَصَرُ ﴿٧﴾

7. Кога опулот ќе се закочи, плашејќи се,

وَخَسَفَ ٱلْقَمَرُ ﴿٨﴾

8. и кога Месечината ќе потемни,

وَجُمِعَ ٱلشَّمْسُ وَٱلْقَمَرُ ﴿٩﴾

9. и кога ќе се соединат Сонцето и Месечината,

يَقُولُ ٱلْإِنسَٰنُ يَوْمَئِذٍ أَيْنَ ٱلْمَفَرُّ ﴿١٠﴾

10. на Денот тој човекот ќе рече: "Каде да се побегне?"

كَلَّا لَا وَزَرَ ﴿١١﴾

11. Нема никаде! Нема засолниште!

إِلَىٰ رَبِّكَ يَوْمَئِذٍ ٱلْمُسْتَقَرُّ ﴿١٢﴾

12. Кон Господарот твој, на Денот тој, ќе се биде насочен!

يُنَبَّؤُا۟ ٱلْإِنسَٰنُ يَوْمَئِذٍۭ بِمَا قَدَّمَ وَأَخَّرَ ﴿١٣﴾

13. Човекот ќе биде известен на Денот тој и за она што го оставил.

بَلِ ٱلْإِنسَٰنُ عَلَىٰ نَفْسِهِۦ بَصِيرَةٌ ﴿١٤﴾

14. Човекот, меѓутоа, за себеси ќе си сведочи,

15. и покрај тоа што ќе ги изнесува оправдувањата свои!

وَلَوْ أَلْقَىٰ مَعَاذِيرَهُۥ ﴿١٥﴾

16. Не изговарај ги харфовите на Кур'анот со јазикот твој за да брзаш со него:

لَا تُحَرِّكْ بِهِۦ لِسَانَكَ لِتَعْجَلَ بِهِۦٓ ﴿١٦﴾

17. Наша обврска, навистина, е да го збереме и да го читаме.

إِنَّ عَلَيْنَا جَمْعَهُۥ وَقُرْءَانَهُۥ ﴿١٧﴾

18. Па, кога ќе го читаме, следи го читањето негово!

فَإِذَا قَرَأْنَٰهُ فَٱتَّبِعْ قُرْءَانَهُۥ ﴿١٨﴾

19. Потоа неговото објаснување е Наша обврска, навистина!

ثُمَّ إِنَّ عَلَيْنَا بَيَانَهُۥ ﴿١٩﴾

20. Но, не! Вие ја посакувате мигновеноста,

كَلَّا بَلْ تُحِبُّونَ ٱلْعَاجِلَةَ ﴿٢٠﴾

21. а ја оставате вечноста!

وَتَذَرُونَ ٱلْءَاخِرَةَ ﴿٢١﴾

22. На Денот тој некои лица ќе бидат блескотни,

وُجُوهٌ يَوْمَئِذٍ نَّاضِرَةٌ ﴿٢٢﴾

23. со свртен поглед кон Господарот свој,

إِلَىٰ رَبِّهَا نَاظِرَةٌ ﴿٢٣﴾

24. а некои лица, пак, ќе бидат намуртени,

وَوُجُوهٌ يَوْمَئِذٍۭ بَاسِرَةٌ ﴿٢٤﴾

25. и ќе очекуваат да се случи нешто што ќе им ги скрши пршлените.

تَظُنُّ أَن يُفْعَلَ بِهَا فَاقِرَةٌ ﴿٢٥﴾

26. Но, не! Кога душата ќе стигне до клучната коска,

كَلَّآ إِذَا بَلَغَتِ ٱلتَّرَاقِىَ ﴿٢٦﴾

27. и кога ќе се викне: "Кој ќе го излечи?!"

وَقِيلَ مَنْ ۜ رَاقٍ ﴿٢٧﴾

28. Ќе се убеди дека тоа е Разделба,

وَظَنَّ أَنَّهُ ٱلْفِرَاقُ ﴿٢٨﴾

29. и ногата околу ногата ќе се свитка,

وَٱلْتَفَّتِ ٱلسَّاقُ بِٱلسَّاقِ ﴿٢٩﴾

30. кон Господарот твој, на Денот тој, ќе се турне,

إِلَىٰ رَبِّكَ يَوْمَئِذٍ ٱلْمَسَاقُ ﴿٣٠﴾

31. па, не веруваше и намаз не клањаше,

فَلَا صَدَّقَ وَلَا صَلَّىٰ ﴿٣١﴾

32. но затоа, пак, лажеше и плеќите ги вртеше,

وَلَٰكِن كَذَّبَ وَتَوَلَّىٰ ﴿٣٢﴾

33. а потоа, кај семејството свое, горделиво одеше.

ثُمَّ ذَهَبَ إِلَىٰٓ أَهْلِهِۦ يَتَمَطَّىٰٓ ﴿٣٣﴾

34. Тешко тебе! Е, па, тешко тебе!

أَوْلَىٰ لَكَ فَأَوْلَىٰ ﴿٣٤﴾

35. И уште еднаш: Тешко тебе! Па, пак, тешко тебе!

ثُمَّ أَوْلَىٰ لَكَ فَأَوْلَىٰٓ ﴿٣٥﴾

36. Мисли ли човекот дека ќе биде оставен тек така?

أَيَحْسَبُ ٱلْإِنسَٰنُ أَن يُتْرَكَ سُدًى ﴿٣٦﴾

37. Не беше ли капка семе, семе што се фрла?

أَلَمْ يَكُ نُطْفَةً مِّن مَّنِىٍّ يُمْنَىٰ ﴿٣٧﴾

38. А по ова угрушок од крв, па го создаде и обличје му даде,

ثُمَّ كَانَ عَلَقَةً فَخَلَقَ فَسَوَّىٰ ﴿٣٨﴾

39. и од него создаде пар: машко и женско.

فَجَعَلَ مِنْهُ ٱلزَّوْجَيْنِ ٱلذَّكَرَ وَٱلْأُنثَىٰٓ ﴿٣٩﴾

40. И нели тогаш Он е Кадар мртвите да ги оживи?

أَلَيْسَ ذَٰلِكَ بِقَٰدِرٍ عَلَىٰٓ أَن يُحْۦِىَ ٱلْمَوْتَىٰ ﴿٤٠﴾

ЕЛ-ИНСАН (Човек) LXXVI

سُورَةُ الإِنسَانِ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

1. Му помина ли на човекот она време кога не беше за ништо спомнат?

هَلْ أَتَىٰ عَلَى الْإِنسَانِ حِينٌ مِّنَ الدَّهْرِ لَمْ يَكُن شَيْئًا مَّذْكُورًا ﴿١﴾

2. Ние човекот го создадовме, навистина, од мешавина на семе за да го ставиме во искушение, и му дадовме и слух и вид.

إِنَّا خَلَقْنَا الْإِنسَانَ مِن نُّطْفَةٍ أَمْشَاجٍ نَّبْتَلِيهِ فَجَعَلْنَاهُ سَمِيعًا بَصِيرًا ﴿٢﴾

3. Ние, навистина, го упативме по Патот: ќе биде ли благодарен или неверник - негово е!

إِنَّا هَدَيْنَاهُ السَّبِيلَ إِمَّا شَاكِرًا وَإِمَّا كَفُورًا ﴿٣﴾

4. Да, Ние за неверниците подготвивме и пранги и синџири и Саир.

إِنَّا أَعْتَدْنَا لِلْكَافِرِينَ سَلَاسِلَا وَأَغْلَالًا وَسَعِيرًا ﴿٤﴾

5. Добротворите, навистина, ќе пијат од чаша чиј напиток ќе биде смеса на камфор

إِنَّ الْأَبْرَارَ يَشْرَبُونَ مِن كَأْسٍ كَانَ مِزَاجُهَا كَافُورًا ﴿٥﴾

6. од изворот што ќе го разводат, како што сакаат, ќе пијат робовите Аллахови:

عَيْنًا يَشْرَبُ بِهَا عِبَادُ اللَّهِ يُفَجِّرُونَهَا تَفْجِيرًا ﴿٦﴾

7. оние што го исполнуваа договорот и кои стравуваат од Денот во кој ќе преовладува злото негово,

يُوفُونَ بِالنَّذْرِ وَيَخَافُونَ يَوْمًا كَانَ شَرُّهُ مُسْتَطِيرًا ﴿٧﴾

8. и со храна нахрануваа, и покрај тоа што ја сакаа, и сиромав, и јетим, и затвореник.

وَيُطْعِمُونَ الطَّعَامَ عَلَىٰ حُبِّهِ مِسْكِينًا وَيَتِيمًا وَأَسِيرًا ﴿٨﴾

9. "Ве храниме, навистина, заради лицето Аллахово: од вас не посакуваме ни награда ни благодарност.

إِنَّمَا نُطْعِمُكُمْ لِوَجْهِ ٱللَّهِ لَا نُرِيدُ مِنكُمْ جَزَآءً وَلَا شُكُورًا ﴿٩﴾

10. Ние, навистина, се плашиме од Господарот наш на Денот во кој лицата ќе бидат намуртени и затемнети."

إِنَّا نَخَافُ مِن رَّبِّنَا يَوْمًا عَبُوسًا قَمْطَرِيرًا ﴿١٠﴾

11. На Денот тој Аллах ќе ги сочува од злото и ќе им даде радост и среќа,

فَوَقَىٰهُمُ ٱللَّهُ شَرَّ ذَٰلِكَ ٱلْيَوْمِ وَلَقَّىٰهُمْ نَضْرَةً وَسُرُورًا ﴿١١﴾

12. и ќе ги награди, затоа што беа трпеливи, со Ценнет и свила;

وَجَزَىٰهُم بِمَا صَبَرُوا۟ جَنَّةً وَحَرِيرًا ﴿١٢﴾

13. ќе бидат потпрени на дивани и тука ни жед ни студен не ќе усетат;

مُّتَّكِـِٔينَ فِيهَا عَلَى ٱلْأَرَآئِكِ ۖ لَا يَرَوْنَ فِيهَا شَمْسًا وَلَا زَمْهَرِيرًا ﴿١٣﴾

14. сенките негови во непосредна близина ќе им бидат, и плодовите негови ќе им бидат спуштени.

وَدَانِيَةً عَلَيْهِمْ ظِلَٰلُهَا وَذُلِّلَتْ قُطُوفُهَا تَذْلِيلًا ﴿١٤﴾

15. И од едендодруг ќе се служи со чинии од сребро и со чаши што ќе бидат провидни,

وَيُطَافُ عَلَيْهِم بِـَٔانِيَةٍ مِّن فِضَّةٍ وَأَكْوَابٍ كَانَتْ قَوَارِيرَا۠ ﴿١٥﴾

16. провидни од сребро кои сами ќе ги одредуваат колкави да бидат;

قَوَارِيرَا۟ مِن فِضَّةٍ قَدَّرُوهَا تَقْدِيرًا ﴿١٦﴾

17. во Ценнетот ќе пијат од чаши чиј напиток ќе биде смеса од ѓумбар,

وَيُسْقَوْنَ فِيهَا كَأْسًا كَانَ مِزَاجُهَا زَنجَبِيلًا ﴿١٧﴾

18. од изворот во Ценнетот со името Селсебил именуван,

عَيْنًا فِيهَا تُسَمَّىٰ سَلْسَبِيلًا ﴿١٨﴾

19. и од ендендодруг ќе ги служат вечно млади момчиња. И кога ќе ги погледнеш веднаш ќе помислиш дека се бисери расturени.

وَيَطُوفُ عَلَيْهِمْ وِلْدَٰنٌ مُّخَلَّدُونَ إِذَا رَأَيْتَهُمْ حَسِبْتَهُمْ لُؤْلُؤًا مَّنثُورًا ﴿١٩﴾

20. И кога ќе погледнеш тамо и пак, кога ќе погледнеш, ќе видиш благодат и царство големо,

وَإِذَا رَأَيْتَ ثَمَّ رَأَيْتَ نَعِيمًا وَمُلْكًا كَبِيرًا ﴿٢٠﴾

21. на нив ќе видиш облека зелена, и од потенка и од подебела свила; ќе бидат накитени со ракавници од сребро, и Господарот нивни ќе ги напојува со напиток чист.

عَٰلِيَهُمْ ثِيَابُ سُندُسٍ خُضْرٌ وَإِسْتَبْرَقٌ ۖ وَحُلُّوٓا۟ أَسَاوِرَ مِن فِضَّةٍ وَسَقَىٰهُمْ رَبُّهُمْ شَرَابًا طَهُورًا ﴿٢١﴾

22. "Ете, ова ви е наградата, навистина! Трудољубието ваше за благодарност е достојно!"

إِنَّ هَٰذَا كَانَ لَكُمْ جَزَآءً وَكَانَ سَعْيُكُم مَّشْكُورًا ﴿٢٢﴾

23. Ние, навистина, објавувајќи го, ти го објавивме Кур'анот:

إِنَّا نَحْنُ نَزَّلْنَا عَلَيْكَ ٱلْقُرْءَانَ تَنزِيلًا ﴿٢٣﴾

24. па, стрпи се до одлуката на Господарот твој и меѓу нив не биди послушен, ни на грешникот ни на неверникот!

فَٱصْبِرْ لِحُكْمِ رَبِّكَ وَلَا تُطِعْ مِنْهُمْ ءَاثِمًا أَوْ كَفُورًا ﴿٢٤﴾

25. И споменувај Го името на Господарот твој и наутро и навечер!

وَٱذْكُرِ ٱسْمَ رَبِّكَ بُكْرَةً وَأَصِيلًا ﴿٢٥﴾

26. И во еден дел од ноќта, падни Му на сеџде, и дуж ноќта слави Го!

وَمِنَ ٱلَّيْلِ فَٱسْجُدْ لَهُۥ وَسَبِّحْهُ لَيْلًا طَوِيلًا ﴿٢٦﴾

27. Онаквите, навистина, ја посакуваат мигновеноста, а го

إِنَّ هَٰٓؤُلَآءِ يُحِبُّونَ ٱلْعَاجِلَةَ وَيَذَرُونَ وَرَآءَهُمْ

оставаат она што е зад нив, Денот тежок!

يَوْمًا ثَقِيلًا ﴿٢٧﴾

28. Ние ги создаваме и зглобовите им ги соединуваме. А ако, пак, си посакаме ги менуваме наличјата нивни.

نَحْنُ خَلَقْنَاهُمْ وَشَدَدْنَا أَسْرَهُمْ ۖ وَإِذَا شِئْنَا بَدَّلْنَا أَمْثَالَهُمْ تَبْدِيلًا ﴿٢٨﴾

29. Ова, навистина, е Опомена! Па, кој сака ќе го прифати Патот кон Господарот свој.

إِنَّ هَٰذِهِ تَذْكِرَةٌ ۖ فَمَن شَاءَ اتَّخَذَ إِلَىٰ رَبِّهِ سَبِيلًا ﴿٢٩﴾

30. А вие го пожелувате само она што Аллах го пожелува. Аллах, навистина, е Зналец и Мудар!

وَمَا تَشَاءُونَ إِلَّا أَن يَشَاءَ اللَّهُ ۚ إِنَّ اللَّهَ كَانَ عَلِيمًا حَكِيمًا ﴿٣٠﴾

31. Ќе го воведе во милоста Своја кого сака. А за злумќарите подготви казна болна!

يُدْخِلُ مَن يَشَاءُ فِي رَحْمَتِهِ ۚ وَالظَّالِمِينَ أَعَدَّ لَهُمْ عَذَابًا أَلِيمًا ﴿٣١﴾

ЕЛ-МУРСЕЛАТ (Испратени) LXXVII

سورة المرسلات

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

1. Се колнам во оние кои се испратени еднизадруги,

وَالْمُرْسَلَاتِ عُرْفًا ﴿١﴾

2. па, како виор виорат,

فَالْعَاصِفَاتِ عَصْفًا ﴿٢﴾

3. се колнам и во оние кои се разгрануваат,

وَالنَّاشِرَاتِ نَشْرًا ﴿٣﴾

4. и кои одовојувајќи, одвојувања предизвикуваат,

فَالْفَارِقَاتِ فَرْقًا ﴿٤﴾

5. и кои, опомена доставуваат,

فَالْمُلْقِيَاتِ ذِكْرًا ﴿٥﴾

6. како оправдување или како опоменување! عُذْرًا أَوْ نُذْرًا ﴿٦﴾

7. Ветеното ќе ви се случи, сигурно! إِنَّمَا تُوعَدُونَ لَوَٰقِعٌ ﴿٧﴾

8. Тогаш кога ѕвездите не ќе блескаат, فَإِذَا النُّجُومُ طُمِسَتْ ﴿٨﴾

9. и кога небесата ќе испукаат, وَإِذَا السَّمَاءُ فُرِجَتْ ﴿٩﴾

10. и кога брдата ќе се здробат, وَإِذَا الْجِبَالُ نُسِفَتْ ﴿١٠﴾

11. и кога пејгамберите во време определено ќе се зберат! وَإِذَا الرُّسُلُ أُقِّتَتْ ﴿١١﴾

12. Да, кој ден е тоа одреден? لِأَيِّ يَوْمٍ أُجِّلَتْ ﴿١٢﴾

13. До Денот на Разделбата! لِيَوْمِ الْفَصْلِ ﴿١٣﴾

14. А од кај знаеш ти што е тоа Денот на Разделбата? وَمَا أَدْرَاكَ مَا يَوْمُ الْفَصْلِ ﴿١٤﴾

15. Тешко на лашковците... на Денот тој! وَيْلٌ يَوْمَئِذٍ لِّلْمُكَذِّبِينَ ﴿١٥﴾

16. Нели Ние ги уништивме поколенијата одамнешни? أَلَمْ نُهْلِكِ الْأَوَّلِينَ ﴿١٦﴾

17. По нив и другите што Ние дадовме да ги следат. ثُمَّ نُتْبِعُهُمُ الْآخِرِينَ ﴿١٧﴾

18. Ете, така Ние работиме со силниците! كَذَٰلِكَ نَفْعَلُ بِالْمُجْرِمِينَ ﴿١٨﴾

19. Тешко на лашковците... на Денот тој! وَيْلٌ يَوْمَئِذٍ لِّلْمُكَذِّبِينَ ﴿١٩﴾

20. Нели ве создадовме од вода безвредна أَلَمْ نَخْلُقكُّم مِّن مَّاءٍ مَّهِينٍ ﴿٢٠﴾

21. што ја ставивме на место сигурно,

فَجَعَلْنَٰهُ فِى قَرَارٍ مَّكِينٍ ﴿٢١﴾

22. до едно време познато?

إِلَىٰ قَدَرٍ مَّعْلُومٍ ﴿٢٢﴾

23. Па тоа сме Ние кои одредуваме. Е, само колку сме убави во она што Ние го одредуваме!

فَقَدَرْنَا فَنِعْمَ ٱلْقَٰدِرُونَ ﴿٢٣﴾

24. Тешко на лашковците... на Денот тој!

وَيْلٌ يَوْمَئِذٍ لِّلْمُكَذِّبِينَ ﴿٢٤﴾

25. Нели Ние одредивме земјата да биде место на збирање,

أَلَمْ نَجْعَلِ ٱلْأَرْضَ كِفَاتًا ﴿٢٥﴾

26. на живите и мртвите,

أَحْيَآءً وَأَمْوَٰتًا ﴿٢٦﴾

27. и на неа Ние високи брда поставивме, и со вода бистра ве напојувавме.

وَجَعَلْنَا فِيهَا رَوَٰسِىَ شَمِخَٰتٍ وَأَسْقَيْنَٰكُم مَّآءً فُرَاتًا ﴿٢٧﴾

28. Тешко на лашковците... на Денот тој!

وَيْلٌ يَوْمَئِذٍ لِّلْمُكَذِّبِينَ ﴿٢٨﴾

29. Управете се кон она што за лажно го сметавте,

ٱنطَلِقُوٓا إِلَىٰ مَا كُنتُم بِهِۦ تُكَذِّبُونَ ﴿٢٩﴾

30. управете се кон она со три краци сенка,

ٱنطَلِقُوٓا إِلَىٰ ظِلٍّ ذِى ثَلَٰثِ شُعَبٍ ﴿٣٠﴾

31. која ладовина нема и која од пламен не чува.

لَّا ظَلِيلٍ وَلَا يُغْنِى مِنَ ٱللَّهَبِ ﴿٣١﴾

32. Како кули ќе фрла искри,

إِنَّهَا تَرْمِى بِشَرَرٍ كَٱلْقَصْرِ ﴿٣٢﴾

33. како да се камили жолти.

كَأَنَّهُۥ جِمَٰلَتٌ صُفْرٌ ﴿٣٣﴾

34. Тешко на лашковците... на Денот тој!

وَيْلٌ يَوْمَئِذٍ لِّلْمُكَذِّبِينَ ﴿٣٤﴾

35. Ова е Ден во кој не ќе прозборат,

هَٰذَا يَوْمُ لَا يَنطِقُونَ ﴿٣٥﴾

36. и во кој оправдување не ќе им се одобри!

وَلَا يُؤْذَنُ لَهُمْ فَيَعْتَذِرُونَ ﴿٣٦﴾

37. Тешко на лашковците... на Денот тој.

وَيْلٌ يَوْمَئِذٍ لِّلْمُكَذِّبِينَ ﴿٣٧﴾

38. Ова е Денот на Разделбата. Ние ќе ве собереме вас и народите одамнешни!

هَٰذَا يَوْمُ الْفَصْلِ جَمَعْنَاكُمْ وَالْأَوَّلِينَ ﴿٣٨﴾

39. Па, ако имате сплетка, сплеткарете!

فَإِن كَانَ لَكُمْ كَيْدٌ فَكِيدُونِ ﴿٣٩﴾

40. Тешко на лашковците... на Денот тој!

وَيْلٌ يَوْمَئِذٍ لِّلْمُكَذِّبِينَ ﴿٤٠﴾

41. Богобојазливите ќе бидат, навистина, во сенките и меѓу изворите!

إِنَّ الْمُتَّقِينَ فِي ظِلَالٍ وَعُيُونٍ ﴿٤١﴾

42. и крај овошјето што ќе го посакуваат.

وَفَوَاكِهَ مِمَّا يَشْتَهُونَ ﴿٤٢﴾

43. "Јадете и пијте; пријатно нека ви биде... заради она што го работевте!"

كُلُوا وَاشْرَبُوا هَنِيئًا بِمَا كُنتُمْ تَعْمَلُونَ ﴿٤٣﴾

44. Ете, така Ние ги наградуваме доброчинителите.

إِنَّا كَذَٰلِكَ نَجْزِي الْمُحْسِنِينَ ﴿٤٤﴾

45. Тешко на лашковците... на Денот тој!

وَيْلٌ يَوْمَئِذٍ لِّلْمُكَذِّبِينَ ﴿٤٥﴾

46. "Јадете и уживајте за кратко: силници сте, навистина!"

كُلُوا۟ وَتَمَتَّعُوا۟ قَلِيلًا إِنَّكُمْ مُّجْرِمُونَ ﴿٤٦﴾

47. Тешко на лашковците... на Денот тој!

وَيْلٌ يَوْمَئِذٍ لِّلْمُكَذِّبِينَ ﴿٤٧﴾

48. И кога ќе им се речеше: "Поклонете се!" Не се поклонуваа.

وَإِذَا قِيلَ لَهُمُ ٱرْكَعُوا۟ لَا يَرْكَعُونَ ﴿٤٨﴾

49. Тешко на лашковците... на Денот тој!

وَيْلٌ يَوْمَئِذٍ لِّلْمُكَذِّبِينَ ﴿٤٩﴾

50. Па, во кој говор по него оние веруваат?

فَبِأَىِّ حَدِيثٍۭ بَعْدَهُۥ يُؤْمِنُونَ ﴿٥٠﴾

ЕН-НЕБЕ' (Кажување) LXXVIII

سُورَةُ النَّبَإِ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. За што тие еднисодруги се прашуваат?

عَمَّ يَتَسَآءَلُونَ ﴿١﴾

2. За кажувањето големо

عَنِ ٱلنَّبَإِ ٱلْعَظِيمِ ﴿٢﴾

3. за кое оние, токму, станаа деленици!

ٱلَّذِى هُمْ فِيهِ مُخْتَلِفُونَ ﴿٣﴾

4. Но, не! Ќе узнаат,

كَلَّا سَيَعْلَمُونَ ﴿٤﴾

5. и пак: Но, не! Ќе узнаат, сигурно!

ثُمَّ كَلَّا سَيَعْلَمُونَ ﴿٥﴾

6. Нели Ние одредивме земјата да биде постела,

أَلَمْ نَجْعَلِ ٱلْأَرْضَ مِهَٰدًا ﴿٦﴾

7. а брдата столбови?

وَٱلْجِبَالَ أَوْتَادًا ﴿٧﴾

8. И Ние ве создадовме во парови,

وَخَلَقْنَٰكُمْ أَزْوَٰجًا ﴿٨﴾

9. и спиењето ваше Ние за почивка го одредивме,

وَجَعَلْنَا نَوْمَكُمْ سُبَاتًا ﴿٩﴾

10. а ноќта, пак, Ние како облека ја одредивме,

وَجَعَلْنَا اللَّيْلَ لِبَاسًا ﴿١٠﴾

11. а денот, пак, Ние како храна го одредивме,

وَجَعَلْنَا النَّهَارَ مَعَاشًا ﴿١١﴾

12. и над вас Ние седум силни изградивме,

وَبَنَيْنَا فَوْقَكُمْ سَبْعًا شِدَادًا ﴿١٢﴾

13. и светилката што свети Ние ја поставивме,

وَجَعَلْنَا سِرَاجًا وَهَّاجًا ﴿١٣﴾

14. и од облаците Ние вода ви спуштаме,

وَأَنزَلْنَا مِنَ الْمُعْصِرَاتِ مَاءً ثَجَّاجًا ﴿١٤﴾

15. и со помош нејзина Ние дадовме да никнат и семе и растение,

لِّنُخْرِجَ بِهِ حَبًّا وَنَبَاتًا ﴿١٥﴾

16. и бавчи испреплетени!

وَجَنَّاتٍ أَلْفَافًا ﴿١٦﴾

17. Денот на Одлуката, навистина, е веќе одреден,

إِنَّ يَوْمَ الْفَصْلِ كَانَ مِيقَاتًا ﴿١٧﴾

18. Денот во кој ќе се дувне во Сурлата, па ќе доаѓаат во дружини,

يَوْمَ يُنفَخُ فِي الصُّورِ فَتَأْتُونَ أَفْوَاجًا ﴿١٨﴾

19. а небото ќе се отвори, и врати многу ќе има,

وَفُتِحَتِ السَّمَاءُ فَكَانَتْ أَبْوَابًا ﴿١٩﴾

20. и брдата ќе се потресат и прашина ќе станат!

وَسُيِّرَتِ الْجِبَالُ فَكَانَتْ سَرَابًا ﴿٢٠﴾

21. Џехеннемот, навистина, е во заседа,

إِنَّ جَهَنَّمَ كَانَتْ مِرْصَادًا ﴿٢١﴾

22. за угнетувачите место на враќање,

لِلطَّٰغِينَ مَـَٔابًا ﴿٢٢﴾

23. и во Џехеннемот за навек ќе останат,

لَّٰبِثِينَ فِيهَآ أَحۡقَابًا ﴿٢٣﴾

24. и не ќе вкусат ништо ладно, ни напивка некаква,

لَّا يَذُوقُونَ فِيهَا بَرۡدًا وَلَا شَرَابًا ﴿٢٤﴾

25. освен жешка вода, смрдлива,

إِلَّا حَمِيمٗا وَغَسَّاقٗا ﴿٢٥﴾

26. како награда соодветна!

جَزَآءٗ وِفَاقًا ﴿٢٦﴾

27. Оние, навистина, не се надеваа на Сметката,

إِنَّهُمۡ كَانُواْ لَا يَرۡجُونَ حِسَابٗا ﴿٢٧﴾

28. и ги сметаа за лажни, лажејќи, ајетите Наши,

وَكَذَّبُواْ بِـَٔايَٰتِنَا كِذَّابٗا ﴿٢٨﴾

29. и секоја работа Ние ја пребројавме и во Книгата ја внесовме!

وَكُلَّ شَيۡءٍ أَحۡصَيۡنَٰهُ كِتَٰبٗا ﴿٢٩﴾

30. Па, вкусете! Казната само со казна ќе ја зголемуваме!

فَذُوقُواْ فَلَن نَّزِيدَكُمۡ إِلَّا عَذَابٗا ﴿٣٠﴾

31.За богобојазливите, навистина, има победа:

إِنَّ لِلۡمُتَّقِينَ مَفَازًا ﴿٣١﴾

32.градини и лозја,

حَدَآئِقَ وَأَعۡنَٰبٗا ﴿٣٢﴾

33.и девојки, со години исти

وَكَوَاعِبَ أَتۡرَابٗا ﴿٣٣﴾

34.и пехари полни!

وَكَأۡسٗا دِهَاقٗا ﴿٣٤﴾

35.Во Џеннетот не ќе слушаат ни зборови празни ни лага.

لَّا يَسۡمَعُونَ فِيهَا لَغۡوٗا وَلَا كِذَّٰبٗا ﴿٣٥﴾

جَزَآءً مِّن رَّبِّكَ عَطَآءً حِسَابًا ﴿٣٦﴾

36. Награда ќе биде тоа од Господарот твој, подарок неизмерен,

رَبِّ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ وَمَا بَيْنَهُمَا ٱلرَّحْمَٰنِ لَا يَمْلِكُونَ مِنْهُ خِطَابًا ﴿٣٧﴾

37. од Господарот на небесата и на Земјата и она што е меѓу нив, од Милостивиот, и оние не ќе можат ни да Му се обратат,

يَوْمَ يَقُومُ ٱلرُّوحُ وَٱلْمَلَٰٓئِكَةُ صَفًّا لَّا يَتَكَلَّمُونَ إِلَّا مَنْ أَذِنَ لَهُ ٱلرَّحْمَٰنُ وَقَالَ صَوَابًا ﴿٣٨﴾

38. на Денот во кој Џибрил и мелеките ќе стојат во редови, и не ќе зборуваат освен оној кому ќе му дозволи Милостивиот, и вистина ќе зборува.

ذَٰلِكَ ٱلْيَوْمُ ٱلْحَقُّ فَمَن شَآءَ ٱتَّخَذَ إِلَىٰ رَبِّهِۦ مَـَٔابًا ﴿٣٩﴾

39. Ете, тоа е Денот вистински. Па, кој сака може да најде засолниште кај Аллах.

إِنَّآ أَنذَرْنَٰكُمْ عَذَابًا قَرِيبًا يَوْمَ يَنظُرُ ٱلْمَرْءُ مَا قَدَّمَتْ يَدَاهُ وَيَقُولُ ٱلْكَافِرُ يَٰلَيْتَنِى كُنتُ تُرَٰبًۢا ﴿٤٠﴾

40. Ние, навистина, ве опоменавме за казната блиска, за Денот во кој човекот ќе го гледа она што го направија рацете негови, и кога неверникот ќе рече: "О тешко мене! Само земја да станев!"

ЕН-НАЗИАТ (Оние кои кинат) LXXIX

سُورَةُ النَّازِعَاتِ

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

وَٱلنَّٰزِعَٰتِ غَرْقًا ﴿١﴾

1. Се колнам во оние кои кинат, силно!

وَٱلنَّٰشِطَٰتِ نَشْطًا ﴿٢﴾

2. во оние кои, вадат благо,

وَٱلسَّٰبِحَٰتِ سَبْحًا ﴿٣﴾

3. и оние кои, пловејќи, пловат брзо,

4. и оние кои, предводувајќи, предводат,

فَٱلسَّٰبِقَٰتِ سَبۡقٗا ٤

5. и кои ги средуваат работите,

فَٱلۡمُدَبِّرَٰتِ أَمۡرٗا ٥

6. и во Денот во кој Потресот ќе се потресе,

يَوۡمَ تَرۡجُفُ ٱلرَّاجِفَةُ ٦

7. по кој ќе следи следниот!

تَتۡبَعُهَا ٱلرَّادِفَةُ ٧

8. Срцата на Денот тој ќе се потресат,

قُلُوبٞ يَوۡمَئِذٖ وَاجِفَةٌ ٨

9. а очите нивни, пак, ќе се преплашат!

أَبۡصَٰرُهَا خَٰشِعَةٞ ٩

10. Зборуваат: "Ќе бидеме ли пак вратени назад во гробовите, навистина,

يَقُولُونَ أَءِنَّا لَمَرۡدُودُونَ فِي ٱلۡحَافِرَةِ ١٠

11. кога ќе станеме коски трошни?"

أَءِذَا كُنَّا عِظَٰمٗا نَّخِرَةٗ ١١

12. И уште зборуваат: "Тоа оживување е само пораз."

قَالُواْ تِلۡكَ إِذٗا كَرَّةٌ خَاسِرَةٞ ١٢

13. Тоа ќе биде само еден глас, навистина! -

فَإِنَّمَا هِيَ زَجۡرَةٞ وَٰحِدَةٞ ١٣

14. и ете ги, веднаш на површина.

فَإِذَا هُم بِٱلسَّاهِرَةِ ١٤

15. Ти дојде ли говорот за Муса,

هَلۡ أَتَىٰكَ حَدِيثُ مُوسَىٰٓ ١٥

16.кога го повика Господарот свој, во Тува, долината света:

إِذۡ نَادَىٰهُ رَبُّهُۥ بِٱلۡوَادِ ٱلۡمُقَدَّسِ طُوٗى ١٦

17. "Оди кај фараонот, зашто тој, навистина, силен стана,

18. па, кажи му:,Мислиш ли да се очистиш'?

19. Ќе те упатам кон Господарот твој и,тогаш, уплаши се!"

20. И му го покажа тогаш знамението најголемо,

21. па, фараонот излажа и непослуша,

22. а потоа се сврте и си замина,

23. и пак, тогаш, повика и собра луѓе

24. па, рече: "Јас сум господарот ваш најголем!"

25. Па, Аллах го казни со казната прва а ќе го казни и со казната друга!

26. Ете, во тоа, навистина, има ибрет за оној кој се плаши!

27. Потешко ли е вие да се создадете или, пак, небесата? Он нив ги создаде,

28. па, го подигна сводот нивни и потоа го среди,

اذْهَبْ إِلَىٰ فِرْعَوْنَ إِنَّهُ طَغَىٰ ﴿١٧﴾

فَقُلْ هَل لَّكَ إِلَىٰ أَن تَزَكَّىٰ ﴿١٨﴾

وَأَهْدِيَكَ إِلَىٰ رَبِّكَ فَتَخْشَىٰ ﴿١٩﴾

فَأَرَاهُ الْآيَةَ الْكُبْرَىٰ ﴿٢٠﴾

فَكَذَّبَ وَعَصَىٰ ﴿٢١﴾

ثُمَّ أَدْبَرَ يَسْعَىٰ ﴿٢٢﴾

فَحَشَرَ فَنَادَىٰ ﴿٢٣﴾

فَقَالَ أَنَا رَبُّكُمُ الْأَعْلَىٰ ﴿٢٤﴾

فَأَخَذَهُ اللَّهُ نَكَالَ الْآخِرَةِ وَالْأُولَىٰ ﴿٢٥﴾

إِنَّ فِي ذَٰلِكَ لَعِبْرَةً لِّمَن يَخْشَىٰ ﴿٢٦﴾

ءَأَنتُمْ أَشَدُّ خَلْقًا أَمِ السَّمَاءُ بَنَاهَا ﴿٢٧﴾

رَفَعَ سَمْكَهَا فَسَوَّاهَا ﴿٢٨﴾

29. ноќите нивни реши темни да бидат, а деновите, пак, светли да бидат,

وَأَغْطَشَ لَيْلَهَا وَأَخْرَجَ ضُحَىٰهَا ﴿٢٩﴾

30. и Земјата потоа ја израмни,

وَٱلْأَرْضَ بَعْدَ ذَٰلِكَ دَحَىٰهَآ ﴿٣٠﴾

31. и извади од неа и вода и пасишта,

أَخْرَجَ مِنْهَا مَآءَهَا وَمَرْعَىٰهَا ﴿٣١﴾

32. и брдата ги зацврсти

وَٱلْجِبَالَ أَرْسَىٰهَا ﴿٣٢﴾

33. за да уживате во нив, вие и добитокот ваш!

مَتَٰعًا لَّكُمْ وَلِأَنْعَٰمِكُمْ ﴿٣٣﴾

34. И кога ќе се случи породот голем

فَإِذَا جَآءَتِ ٱلطَّآمَّةُ ٱلْكُبْرَىٰ ﴿٣٤﴾

35. на Денот тој ќе се присеќава за она што се трудел,

يَوْمَ يَتَذَكَّرُ ٱلْإِنسَٰنُ مَا سَعَىٰ ﴿٣٥﴾

36. и кога Џехеннемот, за оној што гледа, ќе се здогледа,

وَبُرِّزَتِ ٱلْجَحِيمُ لِمَن يَرَىٰ ﴿٣٦﴾

37. тогаш оној што се силеше,

فَأَمَّا مَن طَغَىٰ ﴿٣٧﴾

38. и што животот овоземен повеќе го сакаше...

وَءَاثَرَ ٱلْحَيَوٰةَ ٱلدُّنْيَا ﴿٣٨﴾

39. па, за него, Џехеннемот престојувалиште ќе му биде!

فَإِنَّ ٱلْجَحِيمَ هِىَ ٱلْمَأْوَىٰ ﴿٣٩﴾

40. А оној кој се плашеше од стоењето пред Господарот свој и кој на душата страстите ѝ ги забрануваше...

وَأَمَّا مَنْ خَافَ مَقَامَ رَبِّهِۦ وَنَهَى ٱلنَّفْسَ عَنِ ٱلْهَوَىٰ ﴿٤٠﴾

41. па, за него, Џеннетот пребивалиште ќе му биде!

فَإِنَّ ٱلْجَنَّةَ هِىَ ٱلْمَأْوَىٰ ﴿٤١﴾

42. Те прашуваат за Часот кога тој ќе се случи.

يَسْـَٔلُونَكَ عَنِ ٱلسَّاعَةِ أَيَّانَ مُرْسَىٰهَا ﴿٤٢﴾

43. Твое е ли тоа да го споменуваш?

فِيمَ أَنتَ مِن ذِكْرَىٰهَآ ﴿٤٣﴾

44. За него конечно знае Господарот твој!

إِلَىٰ رَبِّكَ مُنتَهَىٰهَآ ﴿٤٤﴾

45. Ти си, навистина, опоменувач за оној што стравува од кијаметот,

إِنَّمَآ أَنتَ مُنذِرُ مَن يَخْشَىٰهَا ﴿٤٥﴾

46. Денот кога ќе го здогледаат ќе им се причини дека само една вечер или едно утро останаа.

كَأَنَّهُمْ يَوْمَ يَرَوْنَهَا لَمْ يَلْبَثُوٓا۟ إِلَّا عَشِيَّةً أَوْ ضُحَىٰهَا ﴿٤٦﴾

АБЕСЕ (Се намурти) LXXX

سُورَةُ عَبَسَ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Се намурти и ги сврте плеќите

عَبَسَ وَتَوَلَّىٰٓ ﴿١﴾

2. кога му дојде слепиот,

أَن جَآءَهُ ٱلْأَعْمَىٰ ﴿٢﴾

3. а што знаеш ти, можеби дојде да се очисти,

وَمَا يُدْرِيكَ لَعَلَّهُۥ يَزَّكَّىٰٓ ﴿٣﴾

4. или, пак, опомена да прими и Опомената, тогаш, ќе му користи.

أَوْ يَذَّكَّرُ فَتَنفَعَهُ ٱلذِّكْرَىٰٓ ﴿٤﴾

5. Што се однесува до оној кој ќе стане богат,

أَمَّا مَنِ ٱسْتَغْنَىٰ ﴿٥﴾

6. па ти со него си заземен,

فَأَنتَ لَهُۥ تَصَدَّىٰ ﴿٦﴾

7. и твое е само да се очисти.

وَمَا عَلَيْكَ أَلَّا يَزَّكَّىٰ ﴿٧﴾

8. А што се однесува до оној што ти дојде брзо,

وَأَمَّا مَن جَآءَكَ يَسْعَىٰ ﴿٨﴾

9. и уште, ете, се плаши

وَهُوَ يَخْشَىٰ ﴿٩﴾

10. а ти на него не внимаваш!

فَأَنتَ عَنْهُ تَلَهَّىٰ ﴿١٠﴾

11. Но, не! Опомена е тоа, навистина!

كَلَّآ إِنَّهَا تَذْكِرَةٌ ﴿١١﴾

12. Па кој сака Опомената ќе го опомене

فَمَن شَآءَ ذَكَرَهُۥ ﴿١٢﴾

13. во страниците почитувани,

فِى صُحُفٍ مُّكَرَّمَةٍ ﴿١٣﴾

14. возвишени и чисти

مَّرْفُوعَةٍ مُّطَهَّرَةٍ ﴿١٤﴾

15. меѓу рацете на пишувачите,

بِأَيْدِى سَفَرَةٍ ﴿١٥﴾

16. чесни и добротворни!

كِرَامٍۭ بَرَرَةٍ ﴿١٦﴾

17.Проклет да е човекот! Колкаво е само проклетството негово!

قُتِلَ ٱلْإِنسَٰنُ مَآ أَكْفَرَهُۥ ﴿١٧﴾

18.Од што Он го создаде?

مِنْ أَىِّ شَىْءٍ خَلَقَهُۥ ﴿١٨﴾

19. Од капка семе Он го создаде и Он, потоа, го одреди

مِن نُّطْفَةٍ خَلَقَهُۥ فَقَدَّرَهُۥ ﴿١٩﴾

20. и патот, потоа, му го олесни,

ثُمَّ ٱلسَّبِيلَ يَسَّرَهُۥ ﴿٢٠﴾

21. а потоа, пак, Он ќе го усмрти и во кабур ќе го остави,

ثُمَّ أَمَاتَهُۥ فَأَقْبَرَهُۥ ﴿٢١﴾

22. а потоа, кога и ќе си посака, ќе го оживи!

ثُمَّ إِذَا شَآءَ أَنشَرَهُۥ ﴿٢٢﴾

23. Но, не! Сè уште не го исполни она што Он му го нареди.

كَلَّا لَمَّا يَقْضِ مَآ أَمَرَهُۥ ﴿٢٣﴾

24. Нека човекот погледа, тогаш, во храната своја!

فَلْيَنظُرِ ٱلْإِنسَٰنُ إِلَىٰ طَعَامِهِۦٓ ﴿٢٤﴾

25. Ние во изобилие дожд спуштаме, навистина!

أَنَّا صَبَبْنَا ٱلْمَآءَ صَبًّا ﴿٢٥﴾

26. Потоа земјата во пукнатини ја расцепуваме,

ثُمَّ شَقَقْنَا ٱلْأَرْضَ شَقًّا ﴿٢٦﴾

27. и тогаш даваме семе секакво од неа да никне,

فَأَنۢبَتْنَا فِيهَا حَبًّا ﴿٢٧﴾

28. и лозја и овошје,

وَعِنَبًا وَقَضْبًا ﴿٢٨﴾

29. и маслинки и урми,

وَزَيْتُونًا وَنَخْلًا ﴿٢٩﴾

30. и бавчи испреплетени,

وَحَدَآئِقَ غُلْبًا ﴿٣٠﴾

31. и овошје и зеленчук

وَفَٰكِهَةً وَأَبًّا ﴿٣١﴾

32. за да уживате вие и добитокот ваш!

مَّتَٰعًا لَّكُمْ وَلِأَنْعَٰمِكُمْ ﴿٣٢﴾

33. Па, кога ќе дојде гласот што заглушува?

فَإِذَا جَآءَتِ ٱلصَّآخَّةُ ﴿٣٣﴾

34. На Денот кога човекот ќе побегне од брата си,

يَوْمَ يَفِرُّ ٱلْمَرْءُ مِنْ أَخِيهِ ﴿٣٤﴾

35. и од мајка си, и од бабо си,

وَأُمِّهِۦ وَأَبِيهِ ﴿٣٥﴾

36. и од другарите свои и од синовите свои,

وَصَٰحِبَتِهِۦ وَبَنِيهِ ﴿٣٦﴾

37. на Денот тој, секој човек ќе биде обземен со состојбата своја.

لِكُلِّ ٱمْرِئٍ مِّنْهُمْ يَوْمَئِذٍ شَأْنٌ يُغْنِيهِ ﴿٣٧﴾

38. Лица некои на Денот тој ќе бидат блескотни,

وُجُوهٌ يَوْمَئِذٍ مُّسْفِرَةٌ ﴿٣٨﴾

39. насмеани и весели,

40. а лица некои, пак, со прашина покриени,

41. и со темнеж некаков обземени -

42. овие се, токму, меѓу неверниците расипници!

ЕТ-ТЕКВИР
(Помрачување) LXXXI

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

1. И кога Сонцето ќе се помрачи,

2. и кога ѕвездите ќе попаѓаат,

3. и кога брдата ќе се поместат,

4. и кога камилите без сопственици ќе останат,

5. и кога дивите животни ќе се испомешаат,

6. и кога мориња со пламен ќе се исполнат,

7. и кога душите ќе се обединат со телата свои,

8. и кога девојчето живо погребано во земја ќе биде прашано:

9. "Заради кој грев е убиено?" بِأَيِّ ذَنۢبٍ قُتِلَتْ ﴿٩﴾

10. И кога страниците ќе се отворат, وَإِذَا ٱلصُّحُفُ نُشِرَتْ ﴿١٠﴾

11. и кога небесата ќе се отстранат, وَإِذَا ٱلسَّمَآءُ كُشِطَتْ ﴿١١﴾

12. и кога Џехеннемот ќе се разгори, وَإِذَا ٱلْجَحِيمُ سُعِّرَتْ ﴿١٢﴾

13. и кога Џеннетот ќе се приближи... وَإِذَا ٱلْجَنَّةُ أُزْلِفَتْ ﴿١٣﴾

14. ќе узнае душата што си подготвила! عَلِمَتْ نَفْسٌ مَّآ أَحْضَرَتْ ﴿١٤﴾

15. Но, не! Се колнам во ѕвездите што се скриваат, فَلَآ أُقْسِمُ بِٱلْخُنَّسِ ﴿١٥﴾

16. кои се движат и кои исчезнуваат, ٱلْجَوَارِ ٱلْكُنَّسِ ﴿١٦﴾

17. се колнам и во ноќта кога таа затемнува, وَٱلَّيْلِ إِذَا عَسْعَسَ ﴿١٧﴾

18. и во утрото кога дише, وَٱلصُّبْحِ إِذَا تَنَفَّسَ ﴿١٨﴾

19. Кур'анот, навистина, е Говор на мелек пратеник благороден, إِنَّهُۥ لَقَوْلُ رَسُولٍ كَرِيمٍ ﴿١٩﴾

20. од сопственикот на моќта, кој поседува место почесно кај Аршот, ذِى قُوَّةٍ عِندَ ذِى ٱلْعَرْشِ مَكِينٍ ﴿٢٠﴾

21. кого го слушаат и уште е доверлив... مُّطَاعٍ ثَمَّ أَمِينٍ ﴿٢١﴾

22. па, другарот ваш не е луд! وَمَا صَاحِبُكُم بِمَجْنُونٍ ﴿٢٢﴾

23. Го здогледа во видиците јасни, وَلَقَدْ رَآهُ بِالْأُفُقِ الْمُبِينِ ﴿٢٣﴾

24. и тој не е шкржав за Невидливото, وَمَا هُوَ عَلَى الْغَيْبِ بِضَنِينٍ ﴿٢٤﴾

25. па, тоа не е Говор на Шејтанот проколнат! وَمَا هُوَ بِقَوْلِ شَيْطَانٍ رَّجِيمٍ ﴿٢٥﴾

26. Па, каде сте кинисале? فَأَيْنَ تَذْهَبُونَ ﴿٢٦﴾

27. па, тоа е само Опомена за световите; إِنْ هُوَ إِلَّا ذِكْرٌ لِّلْعَالَمِينَ ﴿٢٧﴾

28. за оној меѓу вас кој сака да биде по патот вистински! لِمَن شَاءَ مِنكُمْ أَن يَسْتَقِيمَ ﴿٢٨﴾

29. А она што го сакате е само со посак Аллахов, Господарот на световите! وَمَا تَشَاءُونَ إِلَّا أَن يَشَاءَ اللَّهُ رَبُّ الْعَالَمِينَ ﴿٢٩﴾

ЕЛ-ИНФИТАР (Расцеп) LXXXII

سُورَةُ الانفطار

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен! بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

1. Кога небесата ќе се расцепат, إِذَا السَّمَاءُ انفَطَرَتْ ﴿١﴾

2. и кога ѕвездите ќе се растурат, وَإِذَا الْكَوَاكِبُ انتَثَرَتْ ﴿٢﴾

3. и кога морињата ќе избувнат, وَإِذَا الْبِحَارُ فُجِّرَتْ ﴿٣﴾

4. и кога мезарите ќе се испревртат - وَإِذَا الْقُبُورُ بُعْثِرَتْ ﴿٤﴾

5. ќе го узнае душата она што го направила и за овој свет и за оној свет.

عَلِمَتْ نَفْسٌ مَّا قَدَّمَتْ وَأَخَّرَتْ ﴿٥﴾

6. О човеку, што те заведе од Господарот твој Благороден!?

يَٰٓأَيُّهَا ٱلْإِنسَٰنُ مَا غَرَّكَ بِرَبِّكَ ٱلْكَرِيمِ ﴿٦﴾

7. Кој те создаде?... па те направи целосен и складен,

ٱلَّذِى خَلَقَكَ فَسَوَّىٰكَ فَعَدَلَكَ ﴿٧﴾

8. и Кој со посак Свој ликот ти го среди.

فِىٓ أَىِّ صُورَةٍ مَّا شَآءَ رَكَّبَكَ ﴿٨﴾

9. Но, не! Лажете за Денот ветен, сепак!

كَلَّا بَلْ تُكَذِّبُونَ بِٱلدِّينِ ﴿٩﴾

10. А врз вас се Чуварите мелеки, навистина!

وَإِنَّ عَلَيْكُمْ لَحَٰفِظِينَ ﴿١٠﴾

11. благородни пишувачи:

كِرَامًا كَٰتِبِينَ ﴿١١﴾

12. кои знаат што правите!

يَعْلَمُونَ مَا تَفْعَلُونَ ﴿١٢﴾

13. Добротворите ќе бидат во благосостојба, навистина!

إِنَّ ٱلْأَبْرَارَ لَفِى نَعِيمٍ ﴿١٣﴾

14. А грешниците ќе бидат во огнот Џехеннемот, навистина!

وَإِنَّ ٱلْفُجَّارَ لَفِى جَحِيمٍ ﴿١٤﴾

15. Во кој ќе бидат турнати на Денот суден!

يَصْلَوْنَهَا يَوْمَ ٱلدِّينِ ﴿١٥﴾

16. И не ќе можат да не бидат во него.

وَمَا هُمْ عَنْهَا بِغَآئِبِينَ ﴿١٦﴾

17. И знаеш ли ти што е Денот суден?

وَمَآ أَدْرَىٰكَ مَا يَوْمُ ٱلدِّينِ ﴿١٧﴾

18. И пак, знаеш ли ти што е Денот суден?

ثُمَّ مَآ أَدْرَىٰكَ مَا يَوْمُ ٱلدِّينِ ﴿١٨﴾

19. Ден во кој никој за никого не може ништо. Наредбата тогаш е - Аллахова!

يَوْمَ لَا تَمْلِكُ نَفْسٌ لِّنَفْسٍ شَيْـًٔا ۖ وَالْأَمْرُ يَوْمَئِذٍ لِّلَّهِ ﴿١٩﴾

ЕЛ-МУТАФФИФУУН (Скратувачи) LXXXIII

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

1. Е, тешко на скратувачите!

وَيْلٌ لِّلْمُطَفِّفِينَ ﴿١﴾

2. Оние кои, кога мерат нешто од луѓето, полна мера земаат,

الَّذِينَ إِذَا اكْتَالُوا عَلَى النَّاسِ يَسْتَوْفُونَ ﴿٢﴾

3. и кога мерат на други или кога им вагаат им прикратуваат.

وَإِذَا كَالُوهُمْ أَو وَّزَنُوهُمْ يُخْسِرُونَ ﴿٣﴾

4. Не замислуваат ли дека ќе бидат проживеани, навистина!

أَلَا يَظُنُّ أُولَٰئِكَ أَنَّهُم مَّبْعُوثُونَ ﴿٤﴾

5. на Денот голем,

لِيَوْمٍ عَظِيمٍ ﴿٥﴾

6. на Денот во кој луѓето ќе стојат пред Господарот на световите?

يَوْمَ يَقُومُ النَّاسُ لِرَبِّ الْعَالَمِينَ ﴿٦﴾

7. Но, да! Книгата на грешниците е во огнот Сиџџин!

كَلَّا إِنَّ كِتَابَ الْفُجَّارِ لَفِي سِجِّينٍ ﴿٧﴾

8. А знаеш ли ти што е тоа Сиџџин?

وَمَا أَدْرَاكَ مَا سِجِّينٌ ﴿٨﴾

9. Книга испишана!

كِتَابٌ مَّرْقُومٌ ﴿٩﴾

10. Тешко на лашковците на Денот тој!

وَيْلٌ يَوْمَئِذٍ لِّلْمُكَذِّبِينَ ﴿١٠﴾

11. Оние кои го сметаа за лажен Денот суден,

الَّذِينَ يُكَذِّبُونَ بِيَوْمِ الدِّينِ ﴿١١﴾

12. а него го сметаше за лажен само претераниот грешник:

وَمَا يُكَذِّبُ بِهِۦٓ إِلَّا كُلُّ مُعْتَدٍ أَثِيمٍ ﴿١٢﴾

13. кога му се кажуваат ајетите Наши, вели: "Тоа се измислици на народите одамнешни!"

إِذَا تُتْلَىٰ عَلَيْهِ ءَايَٰتُنَا قَالَ أَسَٰطِيرُ ٱلْأَوَّلِينَ ﴿١٣﴾

14. Но, не! А она што го спечалија веќе ги покри срцата нивни.

كَلَّا ۖ بَلْ ۜ رَانَ عَلَىٰ قُلُوبِهِم مَّا كَانُوا۟ يَكْسِبُونَ ﴿١٤﴾

15. Но, не! Оние на Денот тој, навистина, ќе бидат со завеса одвоени од Господарот свој,

كَلَّآ إِنَّهُمْ عَن رَّبِّهِمْ يَوْمَئِذٍ لَّمَحْجُوبُونَ ﴿١٥﴾

16. па, потоа, ќе бидат турнати во Џехеннемот,

ثُمَّ إِنَّهُمْ لَصَالُوا۟ ٱلْجَحِيمِ ﴿١٦﴾

17. а, потоа, ќе се рече: "Ова е она за што, токму, лажевте."

ثُمَّ يُقَالُ هَٰذَا ٱلَّذِى كُنتُم بِهِۦ تُكَذِّبُونَ ﴿١٧﴾

18. Но, да! Книгата на доброчинителите е во Илиџјуун, навистина!

كَلَّآ إِنَّ كِتَٰبَ ٱلْأَبْرَارِ لَفِى عِلِّيِّينَ ﴿١٨﴾

19. А знаеш ли што е тоа Илиџјуун?

وَمَآ أَدْرَىٰكَ مَا عِلِّيُّونَ ﴿١٩﴾

20. Книга напишана,

كِتَٰبٌ مَّرْقُومٌ ﴿٢٠﴾

21. за која сведочат блиските посматрачи.

يَشْهَدُهُ ٱلْمُقَرَّبُونَ ﴿٢١﴾

22. Доброчинителите ќе бидат во благосостојба, навистина!

إِنَّ ٱلْأَبْرَارَ لَفِى نَعِيمٍ ﴿٢٢﴾

23. ќе гледаат од диваните;

عَلَى ٱلْأَرَآئِكِ يَنظُرُونَ ﴿٢٣﴾

24. на лицата нивни ќе ја препознаеш радоста на благодатот,

تَعْرِفُ فِى وُجُوهِهِمْ نَضْرَةَ ٱلنَّعِيمِ ﴿٢٤﴾

يُسْقَوْنَ مِن رَّحِيقٍ مَّخْتُومٍ ﴿٢٥﴾

25. ќе се напојуваат со напиток чист, запечатен,

خِتَٰمُهُۥ مِسْكٌ ۚ وَفِى ذَٰلِكَ فَلْيَتَنَافَسِ ٱلْمُتَنَٰفِسُونَ ﴿٢٦﴾

26. запечатен со мушус и заради тоа нека се натпреваруваат натпреварувачите,

وَمِزَاجُهُۥ مِن تَسْنِيمٍ ﴿٢٧﴾

27. а составот ќе му биде од Тасним,

عَيْنًا يَشْرَبُ بِهَا ٱلْمُقَرَّبُونَ ﴿٢٨﴾

28. извор од кој ќе пијат блиските на Аллах!

إِنَّ ٱلَّذِينَ أَجْرَمُوا۟ كَانُوا۟ مِنَ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ يَضْحَكُونَ ﴿٢٩﴾

29. Грешниците ги исмеваа верниците, навистина!

وَإِذَا مَرُّوا۟ بِهِمْ يَتَغَامَزُونَ ﴿٣٠﴾

30. и кога си поминуваа крај нив си намигнуваа еднисодруги,

وَإِذَا ٱنقَلَبُوٓا۟ إِلَىٰٓ أَهْلِهِمُ ٱنقَلَبُوا۟ فَكِهِينَ ﴿٣١﴾

31. и кога се враќаат кај семејствата свои, ги посетуваат, исмевајќи ги

وَإِذَا رَأَوْهُمْ قَالُوٓا۟ إِنَّ هَٰٓؤُلَآءِ لَضَآلُّونَ ﴿٣٢﴾

32. и кога ќе ги здогледаат, велат: "Овие скршнаа во заблуда, навистина!"

وَمَآ أُرْسِلُوا۟ عَلَيْهِمْ حَٰفِظِينَ ﴿٣٣﴾

33. А не се испратени да бдеат врз нив.

فَٱلْيَوْمَ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ مِنَ ٱلْكُفَّارِ يَضْحَكُونَ ﴿٣٤﴾

34. Па, денес верниците ќе ги исмеваат неверниците,

عَلَى ٱلْأَرَآئِكِ يَنظُرُونَ ﴿٣٥﴾

35. потпрени ќе гледаат!

هَلْ ثُوِّبَ ٱلْكُفَّارُ مَا كَانُوا۟ يَفْعَلُونَ ﴿٣٦﴾

36. Ќе бидат ли наградени неверниците за она што го работеа?

ЕЛ-ИНШИКАК (Цепење) LXXXIV

سُورَةُ الانشقاق

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

إِذَا السَّمَاءُ انشَقَّتْ ﴿١﴾

1. Кога небото ќе се расцепи,

وَأَذِنَتْ لِرَبِّهَا وَحُقَّتْ ﴿٢﴾

2. и кога Господарот негов ќе го послуша. - Он е Кому треба да се биде послушен,

وَإِذَا الْأَرْضُ مُدَّتْ ﴿٣﴾

3. и кога земјата ќе се порамни,

وَأَلْقَتْ مَا فِيهَا وَتَخَلَّتْ ﴿٤﴾

4. и кога ќе го исфрли она што е во неа и ќе стане празна,

وَأَذِنَتْ لِرَبِّهَا وَحُقَّتْ ﴿٥﴾

5. и кога Господарот нејзин ќе Го послуша... Он е кому треба да се биде послушен!

يَا أَيُّهَا الْإِنسَانُ إِنَّكَ كَادِحٌ إِلَىٰ رَبِّكَ كَدْحًا فَمُلَاقِيهِ ﴿٦﴾

6. О човеку, ти, навистина, се трудиш кон Господарот твој, со труд, и него ќе го најдеш!

فَأَمَّا مَنْ أُوتِيَ كِتَابَهُ بِيَمِينِهِ ﴿٧﴾

7. Што се однесува до оној со доделената му Книга во раката, десна,

فَسَوْفَ يُحَاسَبُ حِسَابًا يَسِيرًا ﴿٨﴾

8. ќе полага сметка лесна,

وَيَنقَلِبُ إِلَىٰ أَهْلِهِ مَسْرُورًا ﴿٩﴾

9. и ќе се врати кај семејството свое, радосен!

وَأَمَّا مَنْ أُوتِيَ كِتَابَهُ وَرَاءَ ظَهْرِهِ ﴿١٠﴾

10. А што се однесува, пак, до оној со дадената му Книга, зад плеќите негови,

11. па, ќе си посакува пропаст, فَسَوْفَ يَدْعُوا۟ ثُبُورًا ﴿١١﴾

12. и во Саир ќе биде турнат. وَيَصْلَىٰ سَعِيرًا ﴿١٢﴾

13. Па тој меѓу семејството негово беше радосен, إِنَّهُۥ كَانَ فِىٓ أَهْلِهِۦ مَسْرُورًا ﴿١٣﴾

14. тој, навистина, замислуваше дека никогаш не ќе се врати. إِنَّهُۥ ظَنَّ أَن لَّن يَحُورَ ﴿١٤﴾

15. И уште како! Господарот негов, навистина, го гледа! بَلَىٰٓ إِنَّ رَبَّهُۥ كَانَ بِهِۦ بَصِيرًا ﴿١٥﴾

16. Но, не! Се колнам во црвенилото вечерно, فَلَآ أُقْسِمُ بِٱلشَّفَقِ ﴿١٦﴾

17. и во ноќта и во она што таа ќе го збере, وَٱلَّيْلِ وَمَا وَسَقَ ﴿١٧﴾

18. и во Месечината кога ќе се исполни, وَٱلْقَمَرِ إِذَا ٱتَّسَقَ ﴿١٨﴾

19. ќе поминувате од една во друга состојба. لَتَرْكَبُنَّ طَبَقًا عَن طَبَقٍ ﴿١٩﴾

20. Што им е па не веруваат? فَمَا لَهُمْ لَا يُؤْمِنُونَ ﴿٢٠﴾

21. И зошто кога Кур'анот им се чита на сеџде не паѓаат? وَإِذَا قُرِئَ عَلَيْهِمُ ٱلْقُرْءَانُ لَا يَسْجُدُونَ ۩ ﴿٢١﴾

22. Но, лажат оние кои не веруваат. بَلِ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ يُكَذِّبُونَ ﴿٢٢﴾

23. Аллах најдобро го знае она што го кријат! وَٱللَّهُ أَعْلَمُ بِمَا يُوعُونَ ﴿٢٣﴾

24. И зарадувај ги, тогаш, со казната болна! فَبَشِّرْهُم بِعَذَابٍ أَلِيمٍ ﴿٢٤﴾

25. Освен оние кои веруваат и кои добри дела работат - нив ги чека награда неминлива.

إِلَّا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ
لَهُمْ أَجْرٌ غَيْرُ مَمْنُونٍ ﴿٢٥﴾

ЕЛ-БУРУЏ (Ѕвезди) LXXXV

سُورَةُ ٱلْبُرُوجِ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Се колнам во небото со ѕвезди преполно,

وَٱلسَّمَآءِ ذَاتِ ٱلْبُرُوجِ ﴿١﴾

2. и во Денот ветен,

وَٱلْيَوْمِ ٱلْمَوْعُودِ ﴿٢﴾

3. и во сведокот и во посведоченото,

وَشَاهِدٍ وَمَشْهُودٍ ﴿٣﴾

4. проколнети нека бидат сопствениците на робови,

قُتِلَ أَصْحَٰبُ ٱلْأُخْدُودِ ﴿٤﴾

5. преполни со гориво на оган,

ٱلنَّارِ ذَاتِ ٱلْوَقُودِ ﴿٥﴾

6. кои, крај него, седеа,

إِذْ هُمْ عَلَيْهَا قُعُودٌ ﴿٦﴾

7. и кои, токму, беа сведоци на она што го правеа со верниците!

وَهُمْ عَلَىٰ مَا يَفْعَلُونَ بِٱلْمُؤْمِنِينَ شُهُودٌ ﴿٧﴾

8. Им се одмаздуваа затоа што веруваа во Аллах, Силниот и за благодарност Достојниот!

وَمَا نَقَمُوا۟ مِنْهُمْ إِلَّآ أَن يُؤْمِنُوا۟ بِٱللَّهِ
ٱلْعَزِيزِ ٱلْحَمِيدِ ﴿٨﴾

9. И власта и на небесата и на Земјата е - Негова! Аллах, секако, е Сведок за сè!

ٱلَّذِى لَهُۥ مُلْكُ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ ۚ
وَٱللَّهُ عَلَىٰ كُلِّ شَىْءٍ شَهِيدٌ ﴿٩﴾

10. Оние кои, навистина, ги мачеа верниците и верничките, потоа не се покајаа... за нив има казна џехеннемска, за нив има казна Харик!

إِنَّ ٱلَّذِينَ فَتَنُوا۟ ٱلْمُؤْمِنِينَ وَٱلْمُؤْمِنَٰتِ ثُمَّ لَمْ يَتُوبُوا۟
فَلَهُمْ عَذَابُ جَهَنَّمَ وَلَهُمْ عَذَابُ ٱلْحَرِيقِ ﴿١٠﴾

11. А оние, пак, кои веруваа и работеа добри дела, навистина!... за нив има бавчи ценнетски низ кои реки течат. Ете, тоа е победа голема!

إِنَّ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ لَهُمْ جَنَّٰتٌ تَجْرِى مِن تَحْتِهَا ٱلْأَنْهَٰرُ ۚ ذَٰلِكَ ٱلْفَوْزُ ٱلْكَبِيرُ ﴿١١﴾

12. Усвитено е, навистина, казнувањето на Господарот твој.

إِنَّ بَطْشَ رَبِّكَ لَشَدِيدٌ ﴿١٢﴾

13. Он, секако, создава и повторно создава!

إِنَّهُۥ هُوَ يُبْدِئُ وَيُعِيدُ ﴿١٣﴾

14. Он, секако, е Простувач и Срдечен!

وَهُوَ ٱلْغَفُورُ ٱلْوَدُودُ ﴿١٤﴾

15. Господарот на Аршот, Славниот!

ذُو ٱلْعَرْشِ ٱلْمَجِيدُ ﴿١٥﴾

16. Чинител на она што го посакува.

فَعَّالٌ لِّمَا يُرِيدُ ﴿١٦﴾

17. Ти дојде ли говорот за војската,

هَلْ أَتَىٰكَ حَدِيثُ ٱلْجُنُودِ ﴿١٧﴾

18. за фараонот и за Семуд?

فِرْعَوْنَ وَثَمُودَ ﴿١٨﴾

19. Но, оние кои не веруваат, постојано во лага си паѓаат,

بَلِ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ فِى تَكْذِيبٍ ﴿١٩﴾

20. а Аллах ќе ги опфати од сите страни!
